Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16) и член 27-а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.01.2018 година, донесе

ПРОГРАМА

за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година

Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година е подготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 124/08) и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ број 96/17).

Програмата за 2018 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2018 на Владата на Република Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година:

- Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
- Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија;
- Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата;
- Владеење на правото и изградба на независни институции;
- Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија;
- Реформи во правосудството;
- Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.

Содржината на Програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Македонија;
2) Акти и материјали по кои одлучува Владата;
3) Иницијативи кои се доставуваат во континуитет

I дел

Закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Македонија

ЈАНУАРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за пријавување и евиденција на обврски

Образложение:	Со Законот за пријавување и евиденција на обврски се уредува пријавувањето и евидентирањето на преземени, а недоспеани и доспеани, а неплатени обврски, со цел осигурување и одржување на транспарентноста и отчетноста и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства. Законот се однесува на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, установите и институциите кои вршат дејности од областа на културата, образованието, здравството, детската, социјалната заштита, како и во други дејности од јавен интерес основани од Република Македонија или единиците на локалната самоуправа, како и јавните претпријатија, заводите, агенциите, фондовите или др. правни лица формирани од Република Македонија или единиците на локалната самоуправа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти, како и зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот отворено општество.
НПАА - поглавје и подрачје	*/*
Очекувани влијанија:	Осигурување и одржување на транспарентноста и отчетноста и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства
Фискални импликации:	Има, средствата во износ од 10.000 евра се обезбедени од донација од Европската Унија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини

Образложение:	Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини е во насока на измена на одредени членови на законот кои се однесуваат на полагање стручен испит за добивање лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството односно допрецизирање на одредби кои се однесуваат на Комисијата за спроведување на стручниот испит за добивање лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет**

	на Владата на РМ: Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетна цел:** поттикнување и унапредување на преработката на минералните суровини
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Да се создаде законска можност лицата кои веќе доставиле барање и лицата кои се заинтересирани да добијат лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството да можат да си го остварат своето право односно да им се овозможи полагање на стручен испит за добивање на лиценцата.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност

Образложение:	Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност е во насока на измена на одредени членови на законот кои се однесуваат на условите за добивање лиценца за вршење на туристичка дејност, односно предвидување на категорија ТУР-ОПЕРАТОР – како и дефинирање на критериумите за добивање лиценца А и Б. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Поттикнувањето и унапредувањето на туристичката понуда и подобрување на условите за работа на туристичките агенции; Поквалитетна туристичка понуда, усогласени стандарди и намалување на сивата економија.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Намалување на нелојалната конкуренција, одвојување на Агенциите кои можат да даваат услуги како ТУР ОПЕРАТОР и агенциите кои работат како агенции со лиценца А и Б односно субагенти (агенции кои продаваат аранжмани од туристички агенции кои имаат лиценца А)
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност

Образложение:	Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност е во насока на измена на одредени членови на законот кои се однесуваат на условите за добивање на Категоризација на угостителските објекти за сметување и исхрана. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Поттикнувањето и унапредувањето на угостителската понуда и подобрување на условите за работа на угостителските објекти; Подобрување на квалитетот и условите за вршење угостителска дејност во објектите за сместување и објектите за исхрана
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Намалување на нелојалната конкуренција, подобрување на условите за добивање на категоризација во насока на воведување нови стандарди за квалитет како задолжителни критериуми.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за советодавни услуги во земјоделството и храна

Образложение:	Со донесувањето на овој Закон ќе се уреди воспоставувањето, организацијата, финансирањето и спроведувањето на советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија. Советодавниот систем е систем на дефинирани советодавни услуги, учесници и постапки финансирани или кофинансирани од јавни извори, кој треба да овозможи ефиксна советодавна поддршка на земјоделците и на населението во руралните средини за подобрување на земјоделските, другите економски и неекономски активности, како и општите услови на живот во руралните средини. Функционирањето на советодавниот систем е во согласност со постигнување на целите на Националната земјоделска политика во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Водење на силна и сериозна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година; Зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Да се формираат советодавни служби како поддршка за развојот на земјоделството и олеснување на процесот на апликација и примена на нови технологии во растителното и анималното производство
Фискални импликации:	Нема, носењето на предлог-законот нема фискални импликации
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

6. Предлог на закон за тутун, тутунски и сродни производи

Образложение:	Со предлогот на нов текст на Законот за тутун, тутунски и сродни производи ќе бидат регулирани односите во врска со видовите на тутун, тутунски производи, условите и начинот на производство и откуп со класификација на тутун и тутунски производи. Исто така, со предлог- законот ќе се усогласат одредбите за условите кои треба да ги исполнуваат откупувачите и другите средства за обезбедување кои се неопходни за спроведување на откупот на суровиот тутун во лист. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетни цели:** Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Водење на силна и сериозна меѓународна активност

	со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година; Зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП 2015.0800.7161, НПАА 2018**
Очекувани влијанија:	Со воспоставување на законските основи ќе се создаде порамномерна и рамноправна класификација на цената на тутунот и др., како и квалитетот и безбедноста на тутунските и другите производи
Фискални импликации:	Нема (Носењето на предлог-законот нема фискални импликации)
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

7. Предлог на закон за фитофармација

Образложение:	Со донесување на Законот за фитофармацевтски производи се регулира една голема област од ланецот на безбедноста на храна и храна за животни, а тоа е употребата на производите за заштита и превенција од штетни организми кај растенијата и растителните производи. Со Законот за фитофармација се врши усогласување со Регулативите: 1107/08 кој го уредува маркетингот на фитофармацевтските производи, како и начинот на нивно авторизирање и лиценцирање на територијата на ЕУ; 396/05 со која се уредува определувањето на резидуите од фитофармацевтски производи со процес на авторизација, како и определувањето на прифатливите дози на резидуи од фитофармацевтски производи; 1185/09 со која се уредува прибирањето на статистички податоци за употреба на фитофармацевтски производи. Со Законот се врши транспонирање и на следните директиви: 128/08 со која се регулира одржливата употреба на фитофармацевтски производи; 127/08 со која се уредува употребата на опремата за апликација на фитофармацевтските производи. Со Законот се предвидуваат и законски основи за носење подзаконски акти (правилници, уредби и упатства) кои произлегуваат од регулативите: 540/11 листа на активни супстанци авторизирани на ниво на ЕУ; 546/11 единствени начела за подобрување и оценување на фитофармацевтските производи; 547/11 за означување на фитофармацевтските производи; 788/12 мониторинг програми; 283/13 барања податоци за авторизација и евалуација на активни материи; 284/13 барања податоци за авторизација и евалуација на фитофармацевтски производи, како и со директивата 62/02 директива за земање примероци од производи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Водење на силна и сериозна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година; Зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност
НПАА - поглавје иподрачје	**ЕПП 2012.0800.6751**

Очекувани влијанија:	Регулирање и следење на фитофармацевтските производи, како и резидуите од фитофармацевтските производи во земјоделските производи од примарно производство
Фискални импликации:	Нема (Носењето на предлог-законот нема фискални импликации)
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

Образложение:	Со предложените измени на Законот се предвидува ослободување од плаќање учество при користење на здравствените услуги на лицата приматели на социјална парична помош поради нивната тешка финансиска состојба. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** Изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	***I***
Очекувани влијанија:	Примателите на социјална парична помош да се ослободат од учество при користење на здравствените услуги и подобрување на нивната социјална сигурност и здравствена заштита
Фискални импликации:	Има, средствата се предвидени во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за здравство**

9. Предлог на закон за заштита од пожари

Образложение:	Со предложената иницијатива за донесување закон за заштита од пожари, ќе се прошири и дорегулира мерката за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од Законот за заштита и спасување како одреден дел од одредбите во Законот за пожарникарството. Од истиот ќе произлезат ефикасни подзаконски акти кои се базираат на реална состојба во областа на заштитата од пожарите како реална потреба на субјектите кои се дел од областа, а со цел доведување до подобрување на превенцијата и подготвеноста на субјектите за справување со пожари, експлозии и опасни материи. Донесувањето на овој закон треба да создаде основа за ефикасна заштита на луѓето и материјалните добра и значително зголемување на нивото на истата, по углед на современите европски закони, да ги усогласи и дoуреди законските прописи во областа на заштитата и спасување и пожарникарството, да овозможи ефикасна примена на техничките прописи од областа на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи и овозможување на воведување на одговорноста на субјектите во погледот на заштитата од пожари. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Создавање на функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните; Развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на

	просторот; Зголемување на нивото на јавна безбедност; Непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 27-Животна средина и климатски промени**
Очекувани влијанија:	Со овој закон се предвидува субјектите, земјиштето и стопанските активности на сите правни субјекти во системот да се поделат во повеќе категории во зависност од загрозеноста од пожари: Од висок ризик; Со зголемен ризик и со намален ризик од избивање пожари, со што ќе се утврдат обврските на сите чинители на системот за заштита од пожари. Целта на овој закон е правилно и целосно дефинирање на системот за заштита од пожари, неговите субјекти и обврските на субјектите. Со донесувањето на овој закон се цели кон: Поедноставување на процесот на добивање потребни согласности од областа на заштитата од пожари; Намалување на ризикот од настанување пожари, експлозии и техничко-технолошки несреќи со што би се смалиле материјалните штети и бројот на повредени и загинати лица; Овозможување ефикасна работа при расветлување на причините за настанување на пожари и експлозии; Попрецизна и поефикасна работа на инспекцијата во која надлежност е заштитата од пожари, експлозии и опасни материи; Лиценцирање на правните субјекти кои ќе се занимаваат со поставување, изведба, испитување, одржување, сервисирање, чистење, контрола на сите инсталации, системи, уреди, средства, опрема и постојки, коишто се однесуваат на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи, а со самото тоа нашата држава ќе има комплетни досиеја, евиденција и регистар на сите правни субјекти и кадри кои ќе работат во оваа овласт, а во моментот не постојат. Исто така ќе се одредат и казнени одредби за лажни пријави за пожар, технолошки несреќи и други настани. Овој закон ќе се однесува на три категории на субјекти и тоа: Прва категорија-граѓани на Република Македонија, со зголемување на безбедноста на нивните животи и материјални добра; Втора категорија-сите правни субјекти и физички лица на кои ќе им се поедностават обврските согласно законот; Трета категорија-државни органи и организации на кои подобро ќе им се одредат меѓусебните односи и работа како поефикасен сервис на институциите кон граѓаните и правните субјекти. Овој закон ќе стимулира појава на нови правни субјекти кои ќе се занимаваат со областа на заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана** Дирекција за заштита и спасување

10. Предлог на закон за генерален инспектор за заштита и спасување

Образложение:	Предложената иницијатива за донесување закон за генерален инспектор за заштита и спасување произлегува како обврска од член 157 во преодните и завршни одредби на законот за заштита и спасување (,,Службен весник на Република Македонија“ број 93/12). Со предложениот закон ќе се уредат правата, обврските, овластувањата и надлежностите на овластените службени лица од областа на безбедноста, инспектори и заштита и

	спасување, вработени во Дирекцијата. Со овој закон ќе се решат претходните недостатоци во делот на: статусот, правата и обврските од работен однос на овластените службени лица од областа на безбедноста; Нивните надлежности и овластувања; Категоризација на работните места и регулирање на платите на овластените службени лица од областа на безбедноста; Надзорот врз субјектите од областа на заштитата и спасувањето и пожарникарството; Останати права и обврски на овластените службени лица од областа на безбедноста кои недостасуваа или беа недоречени во Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Создавање на функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните; Развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот; Зголемување на нивото на јавна безбедност; Непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите.
НПАА - поглавје иподрачје	**Поглавје 27-Животна средина и климатски промени**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на Законот за генерален инспектор за заштита и спасување ќе се доведе до зајакнување и подобрување на извршувањето на инспекцискиот надзор во примената на законските прописи на субјектите од системот за заштита и спасување и пожарникарството. Исто така преку донесување на законот ќе се создадат услови за извршување современ и квалитетен надзор преку кој ќе се овозможи задоволување на потребите и интересите на сите субјекти кои се предмет на надзор што учествуваат во системот за заштита и спасување со што ќе се обезбеди ефикасна превенција и подготвеност на субјектите
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за одбрана** Дирекција за заштита и спасување

Приоритет:
Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за извршување на санкциите

Образложение:	Причините за донесување на предлог-законот за извршување на санкциите произлегуваат од потребата на измена на законската регулатива во системот на извршување санкции. Потребата за донесување на нов закон произлезе од Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019), која е усвоена од Владата на Република Македонија и чија основна цел е да се понудат реални решенија за подобрување на состојбата во затворите. Во предлог-законот се внесени одредби во поглед на зајакнување на внатрешниот и надворешниот мониторинг на затворите, критериуми за избор, овластувања и обврски на директорот на УИС и директорите на КПУ и ВПУ, обезбедување на квалитет на здравствена заштита во КПУ и ВПУ. Исто така, се предвидува усогласување на овој закон со новиот Закон за пробација**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна

	ефикасна заштита; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Обезбедување и подобрување на затворскиот систем преку исполнување на највисоките европски стандарди за извршување на санкциите со почитување на човековите права и достоинството на лицата лишени од слобода во КПУ и ВПУ
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на Управата за извршување на санкциите
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за меѓународна привремена заштита

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност, ЕПП: 2012.0600.6837**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

2. Предлог на закон за енергетика

Образложение:	Донесувањето на Законот за енергетика е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика. Со Законот за енергетика на Република Македонија се уредуваат целите на енергетската политика и начинот на нејзина реализација, енергетските дејности и начинот на вршење на енергетските дејности, изградбата на енергетски објекти, надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика, пазарите на енергија, енергетската ефикасност и промоција и користење на обновливи извори на енергија и други прашања од значење за енергетиката. Во рамките на ИПА проектот за „Зајакнување на административните капацитети“ на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија изработен е нацрт-текст на предлог-Закон за енергетика во кој се транспонира Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската Унија и Директивата 2009/28 за промоција на обновливите извори на енергија. Целта на имплементацијата на Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската Унија е во насока на создавање поконкурентни услови на пазарите на електрична енергија и природен гас преку независност на операторите на преносните системи, зајакнување на позицијата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, заштита на потрошувачите како и доусогласување со

	Директивата 2009/28 во делот на обновливите извори на енергија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обезбедување сигурност во снадбувањето на потрошувачите со сите видови енергија и енергенси; Сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови енергија и енергенси- Создавање услови за стабилно и одржливо обезбедување со енергија и унапредување на енергетската ефикасност
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15 Енергетика, ЕПП 2014.0400.7141**
Очекувани влијанија:	Целта на имплементацијата на Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската Унија е во насока на создавање поконкурентни услови на пазарите на електрична енергија и природен гас преку независност на операторите на преносните системи, зајакнување на позицијата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, заштита на потрошувачите и друго. Сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови енергија и енергенси- Создавање услови за стабилно и одржливо обезбедување со енергија и унапредување на енергетската ефикасност
Фискални импликации:	Има, нацрт-текстот е изготвен во рамките на ИПА проектот за „Зајакнување на административните капацитети“ и со техничка помош од Секретаријатот на енергетската заедница и USAID
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог на закон за индустриски емисии

Образложение:	Иницијативата има за цел постигнување на заштита на животната средина како целина, односно подобрување на квалитетот на воздухот, водите и почвата. Исто така, преку транспонирање на Директивата за индустриски емисии (2010/75/EU), иницијативата има за цел зголемување на ефективноста на подготовките на земјата за пристап во ЕУ, како и да обезбеди ефикасност на ЕУ програмите во земјата. Законот за индустриски емисии, како и подзаконските акти коишто произлегуваат од него, подготвени сè во рамките на ИПА-Твининг проектот ,,Зајакнување на административните капацитети“ на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/EU”-IED/MK 11/IB/EN/01 R. Донесувањето на Законот за индустриски емисии е предвидена и во рамките на активностите на НППА. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: Заштита на животната средина, односно подобрување на квалитетот на воздухот, водите и почвата.
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП: (2010.0500.6102)**
Очекувани влијанија:	Донесувањето на законот во голема мера ќе го подобри квалитетот на животната средина како целина, ја зголемува ефикасноста и квалитетот на изведувањето на процедурата за ИСКЗ (издавање интегрирани еколошки дозволи). Со донесувањето како и самата имплементација на Законот за индустриски емисии, во голема мера ќе се постигне заштита на животната средина како целина и тоа преку подобрување на квалитетот на воздухот, водите и почвата

Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

4. Предлог на закон за инспекција во животната средина

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.27 Животна средина, ЕПП: 2014.0500.7116**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

ФЕВРУАРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.31 надворешна безбедносна и одбранбена политика; 3.31.2 заедничка надворешна безбедносна политика, ЕПП: 2016.1000.7321**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Предлог на закон за странци	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност, ЕПП: 2013.0600.6878**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

3. Предлог на закон за бесплатна правна помош	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.23.3 Фундаментални права, ЕПП: 2016.0100.7351**
Очекувани влијанија:	Согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.25 Наука и истражување, ЕПП:2017.1400.7440**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие ,,Македонска радиодифузија“

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општетсво и администрација** Министер без ресор

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно-медицински препарати

Образложение:	Интегрирање и обезбедување компатибилност со одредбите на Закон за безбедност на храна како рамковен закон. Обезбедување директно поврзување (каде легислативно и технички е возможно) со легислативните и административните механизми на ЕУ. Унапредување на јавното здравје, здравствена заштита и благосостојба на животните со промивирање на ветеринарно-здравствена дејност, како дејност од јавен интерес. Унапредување на механизмите и системите за заштита на јавното здравје и заштита на животната среддина со детализирање и засилување на обврските на носителите на дејност и правните лица во однос на прометот и употребата на ветеринарно-медицинските препарати и намалување на административните оптеретувања на бизнис заедницата. Со предлог-иницијативата ќе се намали ДДВ за ветеринарно-медицинските препарати на повластена даночна стапка како за лековите во хумана медицина. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 28-јавно здравје, подрачје лекови за хумана и ветеринарна употреба**

Очекувани влијанија:	Со предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринрно-медицински препарати се овозможува олеснување на постапката за одобрување и ставање во промет на ветеринарно-медицински препарати, со прифаќање на одобрение за ставање во промет на ВМП со централизирана постапка издадени од страна на Европската медицинска агенција, признавање на препаратите кои се одбрени од земјите членки на ЕУ. Со тоа се подобруваат условите за достапност на ветеринарно-медицинските препарати на сите вклучени страни и подобрување на ветеринарните услуги
Фискални импликации:	Нема, со предлог-иницијативата ќе се намали ДДВ за ветеринарно-медицинските препарати на повластена даночна стапка како за лековите во хумана медицина
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Образложение:	Потреба од дополнување и усогласување на законот со новата европска регулатива за ИПА 2 како и усогласување на законот за новите измени во националното законодавство и воведување измени по однос на можноста за поинакво регулирање на правата од работен однос на вработените во Агенцијата, со цел да се установи политика на задржување на веќе оспособени и остручени кадри, што подразбира можност за зголемување на платите на административните службеници во Агенцијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на средствата од инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансисрани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Остранување на недоследности во законот по однос на промените во европската регулатива за ИПА 2, задржување на постојниот стручен и способен кадар за понатамошно ефективно спроведување и импламетирање на ИПАРД програмата 2014-2020 година, зголемување на апсорпцијата на средствата од претпристапната помош
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за платежни услуги и платни системи

Образложение:	Со донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕУ) Директивата за електронски пари (2009/110/ЕК), Директивата за конечност на порамнувањата (9**8**/26/ЕК) и Директивата за платежни услуги (2015/2366/ЕК). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Задржување на стабилноста на финансискиот систем, создавање поволна деловна клима со политика на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. Задржување на стабилноста на финансискиот систем
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.04- Слободно движење на капитал, Подрачје 2 – Платен систем; ЕПП: 2013.0700.6862**
Очекувани влијанија:	Донесувањето на новиот Закон за платежни услуги, ќе придонесе за воспоставување ефикасен, сигурен и стабилен платен систем; ќе обезбеди повисоко ниво на заштита на правата на корисниците на платежни услуги, ќе ги намали трошоците за платежни услуги; ќе обезбеди либерализација на пазарот на платежни услуги и влез на небанкарските институции (институциите за пренос на пари, трговците на мало, даватели на телефонски услуги и институциите за електронски пари) и ќе ги зајакне правата на учесниците во платежните услуги. Со донесување на Законот за платежни услуги и платни системи ќе се воспостави правна основа за вклучување на Република Македонија во СЕПА (Единствената европска платежна област).
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија

Образложение:	Со измените на законот ќе се укине ограничувањето на времето за продажба на алкохолни пијалаци и ќе се овозможи продажбата на алкохолните пијалаци да се врши и во киосци. Со измените исто така ќе се уреди и извозот и увозот на необработени дијаманти и ќе се донесе основ за уредување на условите за увоз и извоз на необработени дијаманти, пропис кој ќе биде усогласен со Регулативата на ЕЗ 2368/02 и регулативата на ЕУ 1147/14. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетна цел:** Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите

НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Со донесување на законот ќе се овозможи продажба на алкохолни пијалаци да се врши преку целиот ден што ќе овозможи пораст на трговијата. Исто така со уредувањето на увозот и извозот на необработени дијаманти ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

МАРТ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за енергетска ефикасност

Образложение:	Подготовката произлегува од потребата да се транспонира Директивата за енергетска ефикасност 2012/27/ЕУ и соодветно доусогласување со Директивата за енергетско означување 2010/30/ЕУ и Директивата за енергетски карактеристики на зградите 2010/31/ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **со приоритетна цел:** Унапредување на енергетската ефикасност и овозможување услови за сите граѓани и претпријатија да користат мерки за заштеда на енергија, како и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија, со цел намалување на учеството на фосилни горива; намалување на употребата на енергија произведена од фосилни горива, мерки за енергетска ефикасност во енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15-Енергетика**
Очекувани влијанија:	Унапредување на енергетската ефикасност и намалување на потрошувачката на финална енергија во Република Македонија. Донесувањето на Законот за енергетска ефикаснсот не е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика, но при ревидирање на истата ќе биде разгледано
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за метрологијата

Образложение:	Предлог-иницијативата за донесување нов Закон за метрологијата се должи на потребата од воведување неопходни елементи како основа на транспонирање на Директивата за мерила 2014/32 и Директивата за неавтоматски ваги 2014/31 и соодветно примена на национално ниво на горенаведените директиви. Воедно, истото ќе овозможи подобра примена на европските практики во целост, односно усогласување во насока на осамостојување на Бирото за метрологија како национална метролошка институција. Последното се темели на европската практика согласно која ефективноста во функционирањето на Националната Метролошка

Институција е тесно поврзана со независноста во нејзиното функционирање. На тој начин ќе се овозможи поефикасно следење и измени во законската регулатива во област на работа, организација на работата, обезбедување следливост во мерењата, односно реализација на примарната функција на Бирото за метрологија. Исто така, на тој начин ќе се овозможи поголема флексибилност во обезбедување и поставување на нови приоритети во зависност од потребите на индустријата и економијата. Бирото за метрологија (БМ) е одговорна институција за вршење на работите од областа на научна, индустриска и законска метрологија. Улогата на Бирото за метрологија, како национален метролошки институт на Република Македонија е да обезбеди следливост на националните стандарди до меѓународните ниво, калибрирање на мерна опрема за акредитираните лаборатории за калибрација и други институции, на корисниците да им обезбеди соодветна техничка поддршка, да соработува со регионални и меѓународни институции за метрологија и да учествува во релевантните договори за заемно признавање на мерните можности (CIPM MRA). Бирото за метрологија е полноправна членка на ЕУРАМЕТ (Европска организација на национални метролошки институции). Примена на европските практики во поглед на независност на Национална Метролошка Институција воедно беше дадена и како препорака во рамки на Twinning Project MK10 IB OT 02 „Further strengthening of the organisational and institutional capacities for the EU integration process“ цитирам „Regarding the institutional capacities there are in total 46 employees. The BoM is still under the MoE. This institutional set up influences its independence in performing metrology function and may affect financial aspects for further investments in equipment for research and development of metrology“. Од друга страна како полноправна членка на ЕУРАМЕТ, организација чиишто приоритетни цели и активности сè во насока на развивање на соодветна метролошка инфраструктура за Европа, притоа водејќи сметка за потребите на крајните корисници во индустријата, обезбедување меѓународна конкурентност на Европската метролошка инфраструктура, поддршка на државите членки во исполнувањето на нивните национални барања, преку зајакнување на соработката и промоција и имплементација на Европската програма за истражување во област на метрологијата (EMPIR). Во врска со последното, со осамостојување на Бирото за метрологија и станување на Република Македонија членка на EMPIR, ќе се овозможи учество и пристап до фондовите за реализација на научно-истражувачки проекти во рамки на стратегијата на ЕУРАМЕТ 2020 чијашто рамка изнесува околу 1 милијарда евра. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетните цели:** Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; Континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ; Зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија

	на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**НППА 3.01 Слободно движење на стоки, Хоризонтални мерки, Метрологија**
Очекувани влијанија:	Очекуваните влијанија од донесување нов Закон за метрологијата главно сè во насока на зголемување на ефективноста во функционирањето на Бирото за метролгија како Национална Метролошка Институција. На тој начин ќе се овозможи поефикасно следење и измени во законската регулатива во област на работата, организација на работата, обезбедување следливост во мерењата, односно реализација на примарната функција на Бирото за метрологија. Исто така, на тој начин ќе се овозможи поголема флексибилност во обезбедување и поставување на нови приоритети во зависност од потребите на индустријата и економијата. Со осамостојување на Бирото за метрологија и стануање на Република Македонија членка на EMPIR, ќе се овозможи учество и пристап до фондовите за реализација на научно-истражувачки проекти во рамки на стратегијата на ЕУРАМЕТ 2020, што воедно претставува можност за докажување на нашите научно-истражувачки можности на меѓународно ниво, а сè со цел поддршка на индустријата и националната економија во целина.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија** -Биро за метрологија

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на земјоделски производи

Образложение:	Измената се однесува на укинување испит за контролори кои земаат мостри кои се однесуваат од делот за уредување на пазарот на млеко, дел 1 глава 9 од член 126-а до член 126-у. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Бенифит е функционирање на системот за земање проби и проверка на квалитетот на млекото од секое одгледувалиште. Измената и дополнувањето на законот за квалитет на земјоделски производи во делот на уредување на пазарот на млеко
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој

Образложение:	Согласно постоечките одредби во членот 15 од Законот за земјоделство и рурален развој, земјоделските задруги, како правно лице не можат да се запишат во единствениот регистар на земјоделски стопанства, со што не можат да го остварат правото на финансиска поддршка согласно одредбите од Законот за земјоделски задруги. Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделство и рурален развој се оди кон подобрување на

	законските решенија за спроведување на мерките за финансиска поддршка на земјоделските задруги согласно одредбите од Законот за земјоделски задруги. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделство и рурален развој ќе се олесни спроведувањето на членовите 15, 16 и 17 од Законот за земјоделски задруги каде се утврдува правото на финансиска поддршка за основање на нови и функционирање на веќе постоечките земјоделски задруги. Реструктурирање и модернизација на земјоделско -прехранбениот сектор со подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор и унапредување на квалитетот на земјоделски производи
Фискални импликации:	Нема, носењето на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој нема да создаде дополнителни фискални импликации за негово спроведување.
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги

Образложение:	За подобрување на структурата во земјоделскиот сектор, односно за подобрување на позицијата на пазарот на земјоделците и зголемување на нивната преговарачка моќ по однос на откупувачите, како и постигнување пониска цена за набавка на репроматеријали и механизација и средства за инвестиции, се јавува потребата за формирање земјоделски задруги како можност за развој на земјоделските стопанства, кои преку поттикнување на економско здружување во земјоделски задруги, со заеднички настап во производството, продажбата и пласманот на своите производи, ќе се постигне зајакнување на нивната пазарна улога, зголемување на конкурентноста и ефикасноста во работењето и зголемување на индивидуалниот приход на земјоделецот. Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделски задруги се оди кон подобрување на законските решенија за проширување на мерките за финансиска поддршка за воведување нови мерки на поддршка, воведување унифициран начин на земјоделско производство (стандарди за квалитет, заштитени ознаки на квалитет на земјоделски производ и географски производ), како и за остварување на правото на поддршка со доставување Оперативна програма за период од 5 години. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Реструктурирање и модернизација на земјоделско-прехранбениот сектор со подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор и унапредување на квалитетот на земјоделски производи. Со предлог- законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги, ќе се олесни спроведувањето на одредбите на постоечкиот закон и подобрување на процесот на формирање на нови и функционирање на веќе постоечките земјоделски задруги.

Фискални импликации:	Нема, носењето на предлог-законот нема фискални импликации
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија

Образложение:	Изменувањето и дополнувањето на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија се направени во делот на производство на семенски и саден материјал со вметнување на одредба, сортата која ќе се размножува мора да е запишана во национална сортна листа или Европскиот заеднички каталог на сорти и да има договор за негово понатамошно размножување. Во измената се менува рокот за доставување извештаи за произведен и увезен семенски и саден материјал, додека во делот на запишување на сортите се уредува висината на надоместокот за статистичка обработка на резултатите од испитување на сортата и запишувањето на автохтони сорти во националната сортна листа, како и средствата за чување и одржување семенски и саден материјал и доставување извештај со податоци за сортите кои се чуваат и одржуваат во ген банка. Во делот на запишување на сортите е продолжен рокот за доставување на различноста, хомогеноста и стабилноста DUS - тест за три години.. Исто така, се коригира бројот на членовите на Комисијата за национална сортна листа на земјоделски растенија додека важноста на овластување на лабораториите за испитување на квалитет на семето зависи од траењето на сертификатот за акредитација, а овластените лаборатории за чување и одржување семенски и саден материјал не треба да се акредитирани, бидејќи не постои акредитација за таа намена. Со измената на законот се регулира собирање, складирање и уништување на отпадот од семенски и саден материјал согласно прописите кои го уредуваат отпадот и се доуредуваат прекршочните одредби. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Изменувањето и дополнувањето на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија има за цел: Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава и Зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

7. Предлог на закон за централен електронски регистар на население

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со

	потребите на граѓаните; зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје3.10. Информатичко општество и медиуми** **Подрачје3.10.2. Услуги на информатичкото општество**
Очекувани влијанија:	Законот за централен електронски регистар на население произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година
Фискални импликации:	Има, Проектот ефинансиран од ИПА
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

8. Предлог на закон за електронски услуги

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје3.10. информатичко општество и медиуми** **Подрачје3.10.2. Услуги на информатичкото општество**
Очекувани влијанија:	Законот за електронски услуги произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година

Фискални импликации:	Има, Проектот ефинансиран од ИПА
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

9.Предлог на закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.10. Информатичко општество и медиуми;** **Подрачје 3.10.2. Услуги на информатичкото општество**
Очекувани влијанија:	Законот за централен електронски регистар на население произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

10. Предлог на закон за спречување и заштита од дискриминација

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентен воздух

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.27 Животна средина, ЕПП: 2012.0500.6734**

Очекувани влијанија:	Со иницијативата се транспонираат следните мерки 32008L0050, 3210L0075 и 32015L1480
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

12. Предлог на закон за субвенционирање здрав студентски оброк

Образложение:	Предлог-законот за субвенционирање здрав студентски оброк предвидува субвенционирање од страна на државата на дел од оброкот во текот на денот за редовен студент на додипломски студии на државен или приватен универзитет, државјанин на Република Македонија, во одредена временска рамка во текот на денот, во периодот од 8 до 20 часот во регистриран ресторан. Висината на субвенцијата ќе изнесува 50 денари. Притоа, ова право нема да има можност да го користи секој студент туку оној кој се регистрирал во системот, а плаќањето на разликата во цената од субвенционираниот износ до висината на целосната цена на оброкот ќе се плаќа преку мобилен телефон, од кој било тип модел и без ограничување на одреден мобилен оператор. Терминалите односно уредите преку кои ќе се врши плаќањето ги обезбедуваат самите мобилни оператори и тие нема да претставуваат никаков дополнителен трошок ниту на угостителските објекти ниту на државата. Оваа поволност нема да важи за време на летниот и зимскиот распуст. Делот од оброкот кој се подложи на субвенционирање ќе биде исклучиво здрава храна, која дополнително ќе се утврди со подзаконски акт. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на студенсткиот живот и стандард на младите и спроведување мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување со цел за нивно задржување во земјата и поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Законското регулирање на овој проект би значело сериозен исчекор кон подобрување на студенсткиот стандард и истакнување на уставната определба на Република Македонија како социјална држава. Тоа би придонело до подобрување на животниот стандард на студентите, развој на домашната економија и домашната бизнис-клима (зголемен приход на ресторани, производители на земјоделски производи итн.) зголемување на вработеноста во угостителските објекти, зголемена побарувачка на домашни земјоделски производи, зголемен обрт на средства во општините и сл.
Фискални импликации:	Има, обезбедени се финансиски средства
Предлагач:	**Министерство за образование и наука** Кабинетот на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика

Образложение:	Имплементација на препораките од спроведеното Партнерско оценување на националниот статистички систем во февруари 2017 година, со посебен акцент на Државниот завод за статистика, спроведено од експерти ангажирани од Евростат. Со предлог-законот се предвидува формирање Координативно тело на Националниот статистички систем, кое ќе биде составено од претставници на Државниот завод за статистика и овластените носители на статистички истражувања. Исто така се планира и усогласување на Законот по однос на структурата на Советот за статистика и на положбата и статусот на Државниот завод за статистика. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Пристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје иподрачје	**НППА-подрачје 18-статистика**
Очекувани влијанија:	Се очекува да се зајакне координативната улога на Државниот завод за статистика во рамките на националниот статистички систем на земјата, како и зајакнување на положбата од аспект на неговата професионална и стручна независност во рамките на системот на органите на државната управа
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за финансиски инструменти

Образложение:	Со донесувањето на овој Закон ќе се изврши усогласување на регулативата во областа на пазарот на капитал со Директивата 2014/65/EU за пазари на финансиски инструменти, Директивата 2014/57/EU за злоупотреба на пазарот и Директивата 2013/36/EU за адекватност на капиталот на инвестициските фирми и кредитните институции. Со имплементацијата на Директивите ќе бидат воведени одредби кои се однесуваат на следното: воспоставување на нови пазарни сегменти за тргување и тоа: МТФ (мултилатерална платформа за тргување) и ОТФ (организирани системи за тргување); воведување на дополнителни барања за брокерските куќи во постапката на нивно лиценцирање; воведување на нови принципи и правила кои инвестициските фирми треба да ги следат кога нудат инвестициски услуги на клиентите, вклучувајќи ги и барањата за чување на информации и известување на клиентите; воведување на капитални барања со што брокерските куќи издвојуваат соодветен износ на средства зависно од активностите кои ги преземаат; дефинирање на однесувањата на учесниците на пазарот на капитал кои ќе се сметаат за пазарна манипулација со цел

	откривање и спречување на злоупотреби. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Задржување на стабилноста на финансискиот систем, создавање на поволна деловна клима со политика на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. Задржување на стабилноста на финансискиот систем
НПАА - поглавје иподрачје	**Поглавје 9 - Финансиски услуги,** **Подрачје 4 - Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги**
Очекувани влијанија:	Ќе се обезбеди усогласеност на домашната регулатива со релевантните ЕУ директиви во областа на пазарот на капитал. Преку имплементација на директивите ќе се воспостави ефикасен, транспарентен и конкурентен пазар на капитал. Исто така, ќе се зајакне заштитата на инвеститорите во хартии од вредност, ќе се стимулира конкуренцијата помеѓу учесниците на пазарот, ќе се намалат трошоците за тргување и ќе се поттикне развојот на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите

Образложение:	Со донесувањето на овој закон ќе се изврши усогласување со Директивите 2004/109/ЕЗ за усогласување на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност, Директивата 2003/71/ЕЗ за проспектот што треба да се објави кога хартиите од вредност и се нудат на јавноста и Директива 2001/34/ЕЗ за прием на хартии од вредност на официјална котација на берзата и на информациите кои ќе бидат објавени за тие хартии од вредност. Законот ќе го регулира постапката за издавање и понуда на хартии од вредност и барањата за котација на хартии од вредност на регулираниот пазар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Задржување на стабилноста на финансискиот систем, создавање на поволна деловна клима со политика на соработка со бизнис секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. Задржување на стабилноста на финансискиот систем
НПАА - поглавје иподрачје	**Поглавје 9 - Финансиски услуги, Подрачје 4. Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги**
Очекувани влијанија:	Ќе се воспостави единствен систем на одобрување на проспектот, односно проспектот кој еднаш ќе биде одобрен пред објавување на јавна понуда, истиот ќе важи и при прием на хартиите од вредност за тргување на берзата. Ќе бидат имплементирани највисоките стандарди за заштита на инвеститорите во делот на обелоденување на информациите од издавачите при што ќе се користи идентичен систем за објавување на податоци од страна на издавачите, со оној во Европската Унија. Со донесувањето на Законот ќе се зголеми транспарентноста на пазарот, а со тоа ќе се поттикне довербата на инвеститорите и доброто корпоративно однесување на издавачите на хартии од вредност

Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри

Образложение:	Со измените и дополнувањата на Законот за игрите на среќа и за зававните игри, ќе се зајакнат условите за приредување на игрите на среќа, како и заштита на приредувачите и учесниците во игрите на среќа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Задржување на стабилноста на финансискиот систем, создавање на поволна деловна клима со политика на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје иподрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на условите за приредување на игрите на среќа; зајакнување на правната сигурност кај приредувачите на игри на среќа и учесниците во игрите на среќа и заштита на младата малолетна популација, преку зајакнување на казнените одредби
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за инспекциски надзор

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година. Законот за инспекциски надзор произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, како темелни реформи за владеење на правото и изградба на независни институции;

	поддршка на другите државни институции; зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот на отворена влада; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација; усогласување на работата на јавната администрација и стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 4.1. - Хоризонтални прашања - реформа на јавната администрација**
Очекувани влијанија:	Непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

АПРИЛ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за здравствената заштита

Образложение:	Законот за здравтсвена заштита е донесен во 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12). По донесувањето е менуван и дополнуван 13 пати (,,Службен весник на Република Македонија“ број 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16). Текстот на Законот е преобемен (голем дел од одредбите кои се пополнувани во Законот се предмет на уредување на Подзаконски акти), некозистентен и содржи одредби кои не се спроведени во пракса. Со предлог-законот ќе се уреди системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност**. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** Изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на системот и организацијата на здравствената заштита, достапна, континуирана, ефикасна и квалитетна здравствена заштита за пациентите
Фискални импликации:	Има, Буџет на Република Македонија и ФЗОМ
Предлагач:	**Министерство за здравство**

2. Предлог на закон за млади

Образложение:	Дваесет и пет години по етаблирањето на независна и самостојна држава која ги спроведува процесите на демократизација и европеизација, статусот

	на младите сè уште не е сеопфатно и конкретно уреден во Република Македонија. Категоријата млади како посебен општествен феномен како и политиката за млади претставуваат релативно нови флоскули кои се третираат во различните европски форуми и институции. Младите претставуваат мошне динамична категорија која има допирни точки со многу други области како образование, здравство, вработеност, правда, локална самоуправа, култура и многу други. На ниво на Европа, отсуствува единствена дефиниција за тоа што претставува младиот човек и на која возраст е, се разликуваат практиките за регулирање на статусот и делувањето на младите, опфатот на областите кои ги засегаат е различен и променлив и зависи од општите социјално-економски можности. Она што ги обединува европските практики е дека се преземаат напори за регулирање на областа на младите на ниво на Европска Унија и Совет на Европа, но и дека поодделните земји развиваат или веќе имаат добро развиени младински политики кои се регулирани со законски решенија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Постојната законска регулатива во многу мала мера го третира прашањето, положбата и улогата на младите во Република Македонија. Носењето на посебни законски решенија за младите како на пример одделен Закон за млади би придонел за уредување на статусот, начинот на организирање и регистрација, како и формите на делување на младите во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средства ќе бидат обезбедени од буџетот на Агенцијата за млади и спорт, од програмата за млади
Предлагач:	**Министерство за правда** Агенција за млади и спорт

Приоритет:

Реформи во правосудството

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

Образложение:	Редефинирање на постапката за дисциплинска одговорност на судиите, постапката за оценување на судиите и другите препораки од извештаите на Прибе, Венецијанска комисија и ГРЕКО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел праавдата да биде достапна до сите
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП 2014.0100.7080**
Очекувани влијанија:	Јакнење на независноста на судството преку зголемена доверба на граѓаните во судството и позитивни извештаи за напредокот на Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија	
Образложение:	Обезбедување и гарантирање на независност, професионалност и одговорност на членовите на Советот на јавни обвинители на Република Македонија и зголемување на транспарентноста на Советот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** Непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Независен, професионален и одговорен Совет со зголемена доверба на граѓаните во неговата работа и позитивни извештаи за напредокот на Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители	
Образложение:	Измени и дополнувања на Законот во делот на почетната и континуираната обука, како и подобрување на функционалноста на органите во Академијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел правдата да биде достапна до сите
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Утврдени законски критериуми за вршење, односно невршење избор на дипломци од Академијата, како и задолжително аргументирано и детално образложение на одлуката. Исто така, подобрени програми за обука и функционални органи на Академијата
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците	
Образложение:	Ќе се пропише утврдување на точен распон на висината на прекршочните глоби во Законот за прекршоците, со ограничена можност со материјални закони да се утврдуваат повисоки прекршочни глоби. Разграничување помеѓу административен престап и судски прекршок, утврдување законска граница

	за административни престапи во надлежност на прекршочни комисии и утврдување максимална казна глоба за судски прекршоци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Разграничување помеѓу административен престап и судски прекршок и намалување на максималната казна глоба за судски прекршоци
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Предлог на закон за компензација на жртви од кривични дела

Образложение:	Донесување на нов закон со цел уредување на постапката и надоместокот за компензација на жртви на кривични дела**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје иподрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Усогласено законодавство во казнена област и обештетување на жртвите на кривични дела
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:
Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за услуги

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.03 Право на основање и слобода на давање услуги, ЕПП: 2009.0400.5458**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата

Образложение:	Со предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на

	почвата, со фитофармација ќе се олесни имплементирањето на одредбите на постоечкиот закон и олеснување на работата на правните лица кои се занимаваат со производсто, увоз, пласирање на ѓубриња на пазарите на мало и големо, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи.
НПАА - поглавје иподрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на конкурентноста на македонските производи
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка

Образложение:	Вградување на најновите меѓународни стандарди во казненото законодавство, како и отстранување на лоцираните слабости воочени од досегашната примена**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел праавдата да биде достапна до сите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Да се надминат лоцираните слабости во текстот на Законот и во неговата примена, како и вградени меѓународни стандарди од оваа област
Фискални импликации:	Има, Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за управната инспекција

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година. Законот за управната инспекција произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020**. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** поддршка на другите државни институции; зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот на отворена влада; непристрасно и недискриминирачко спроведување на

	законите; создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 4.1. Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација**
Очекувани влијанија:	Непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

МАЈ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ
Приоритет: **Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

1. Предлог завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2017 година

Образложение:	Со Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2017 година, како и реализацијата на планираните политики. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти, како и зголемување на транспарентноста на ВРМ преку целосна имплементирање на концептот на отворено општество.
НПАА – поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија го отсликува степенот на реализацијата на планираните политики и проекти на ВРМ и ја зголемува отчетноста и транспарентноста на трошењето на јавните финансии
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог фискална стратегија на Република Македонија за среднорочен период 2019-2021 година

Образложение:	Со Фискалната стратегија на Република Македонија 2019-2021 година се дефинираат насоките и целите на фискалната, макроекономската и политиката на јавниот долг на среден рок и се утврдуваат износите на главните категории на приходите и расходите и буџетскиот дефицит за дадениот среднорочен период. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со Фискалната стратегија се обезбедува финансиска сигурност и стабилност на јавните финансии во нареден среднорочен период и се воспоставува појака врска меѓу дефинираните стратешки приоритети и расположливите

	извори на финансирање. Истата претставува основа за изготвување на предлог-буџетот за наредната година
Фискални импликации:	Со Фискалната стратегија се утврдуваат максималните износи на одобрените средства за наредните три години по буџетски корисници на централната власт и фондовите, односно фискалните ефекти се дефинирани и презентирани по извори на финансирање.
Предлагач:	**Министерство за финансии**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.25 Наука и истражување, ЕПП: 2017.1400.7441**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на Националната агенција за нуклеарни технологии

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.25 Наука и истражување, ЕПП: 2017.1400.7442**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Приоритет:

Реформи во правосудството

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет

Образложение:	Утврдување (унапредување) на објективни критериуми за изготвување на судскиот буџет и унапредување на начинот и постапката за распределба на

	средствата од судскиот буџет. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел правдата да биде достапна до сите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Самостоен и одржлив судски буџет, конзистентен на законската определба од бруто-националниот доход
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правосудниот испит	
Образложение:	Укинување на електронското полагање на стручниот испит и воведување на усно и писмено полагање на испитот пред стручна комисија, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на знаењата на кандидатите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Соодветно оценување на квалитетот на кандидатите кои го полагаат правосудниот испит, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на знаењата на кандидатите
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата	
Образложение:	Со измените и дополнувањата на Законот за адвокатура се предлага воведување законска обврска за континуирана обука на адвокатите, организирана преку Адвокатската комора, со законски утврден фонд на часови на годишно ниво**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел правдата да биде достапна до сите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Воведувањето задолжителна обука за адвокатите ќе придонесе за јакнењето на нивните професионални капацитети
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со студентскиот стандард во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на студентскиот стандард
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на студентскиот стандард
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедуваат од буџетот на Министерство за образование и наука за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема

Образложение:	Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со новата регулатива на Европската Унија во оваа област**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија– членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетна цел:** јакнење на позицијата на Република Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА – поглавје и подрачје	**Поглавје 3.31. Надворешна, безбедносна и одбранбена политика, ЕПП: 2016.0400.7320**
Очекувани влијанија:	Усогласување со Европската регулатива на оваа проблематика
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

Образложение:	Со изменување и дополнување на Законот за заштита на децата ќе се подигне стандардот со зголемување на износот на висините на посебниот додаток на корисниците на посебен додаток за деца со специфични потреби кои имаат пречки во телесниот, менталниот развој и комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Со изменување и дополнување на Законот за заштита на децата ќе се зголеми вклученоста, опфатот на децата со потешки попреченост (телесна попреченост, интелектуална попреченост, аутизам, комбинирана попреченост) за кои ќе бидат организирани посебни групи (интегрирани) во состав на објектите на градинките, со кои ќе работи специјален едукатор, а со цел унапредување на инклузивната пракса во установите за деца (детски градинки). Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата ќе се утврдат нормативите за состав на групите во кои има деца со попреченост, критериуми за број на деца и категоријата за вклученост на деца со попреченост во една група. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Ќе се подигне стандардот на родители/старатели и на деца со пречки во развојот, ќе се унапреди инклузивната пракса во установите за деца (детски градинки) и ќе се утврдат нормативи за состав на групите во кои има деца со попреченост, критериуми за број на деца и категоријата за вклученост на деца со попреченост во една група.
Фискални импликации:	Има финансиски импликации, но во моментов не можат да се утврдат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното

Образложение:	По барање на винарските визби и производителите на грозје, потребни се измени во дел од одредбите на Законот за виното кои се однесуваат на откупот на винско грозје за производство на вино. Предвиденото менување и дополнување на законот ќе се искористи за подобрување и на одредбите кои се однесуваат на географските ознаки за вина и системот за заштита на географското потекло на вината, како и за дефинирање на „органско вино“ и начинот на неговото производство и контрола. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; водење силна и сериозна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2018 година; зголемување на земјоделските површини, на приносот и квалитетот на земјоделските производи и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Со донесувањето на законот ќе се доуредат меѓусебните односи на производителите на винското грозје, трговците со винско грозје и производителите на вино од аспект на откупот на винско грозје за производство на вино. Покрај тоа, со предвидените подобрувања на законот во одредбите и системот за заштита на винаta со географско потекло, како и со воведувањето на „органското вино“ во рамките на законот, ќе се овозможи остварување на дополнителна зголемена вредност на виното во корист на винарските визби и производителите на грозје.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Приоритет:
Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медијација

Образложение:	Унапредување на концептот на медијација преку законски измени во делот на испитот за медијатори со цел ревизија на постојниот електронски испит за медијатори, при што ќе се земат предвид потребните компетенции и вештини кои тие треба да ги поседуваат; воведување и регулирање на електронската достава во медијацијата, усогласување на водењето на Регистарот за евиденција на постапките за медијација којшто го води Министерството за правда и евиденцијата на постапките за медијација од страна на медијаторите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Квалитетни испити за медијатори, забрзување на постапката пред медијаторите и унифициран регистар кој ќе овозможува лесно генерирање на извештаи
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

ЈУНИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

1. Предлог на закон за изменување и и дополнување на Законот за стечај

Образложение:	Причини за предлагање измени и дополнувања на наведените закони пред сè во врска со мерките за подобрување на деловното опкружување, подобрување на бизнис-климата и забрзувањето на процесите односно постапките согласно препораките на ИПА проектот„Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“. Предмет на уредување би било обезбедување поголема контрола над работењето на стечајните управници и Комората на стечајни управници, зголемување на стапката на поврат по завршувањето на стечајната постапка, поуспешно спроведување на изборот на стечаен управник по електронска метода, исто така во насока на дополнување на одредбите во Законот за стечај во делот на претходната постапка во однос на одредбите од Законот за вонсудско спогодување доколку истиот се укине. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и траспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**, (доколку се ангажираат надворешни консултанти може да се јават финансиски импликации. Потребните средства можат да бидат обезбедени од буџетот на МЕ или од други извори – ИПА фондови-проекти)
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, зголемување на конкурентноста на економијата и целосно почитување на правната држава.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вонсудско спогодување

Образложение:	Причини за предлагање измени и дополнувања на наведените закони пред сè во врска со мерките за подобрување на деловното опкружување, подобрување на бизнис-климата и забрзување на процесите односно постапките согласно препораките на ИПА проектот„Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“. Предмет на уредување би било во насока на дополнување на одредбите во Законот за вонсудско спогодување доколку истиот се укине. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и траспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**, (доколку се ангажираат надворешни консултанти може да се јават финансиски импликации. Потребните средства можат да бидат обезбедени од буџетот на МЕ или од други извори – ИПА фондови-проекти)
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, зголемување на конкурентноста на економијата и целосно почитување на правната држава.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување

Образложение:	Предлог-измените и дополнувањата на законот од областа на пензиското осигурување ќе содржи решенија за постигнување одржливост на пензискиот систем на краток и среден рок. Покрај одржливоста на пензискиот систем значаен предизвик е подобрување на материјалната состојба на осигурениците во двата пензиски столба и пензионерите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетницели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Решенијата ќе бидат насочени кон одржливост на пензискиот систем и намалување на средствата од Буџетот на Република Македонија кои се трансферираат по основ на тековен дефицит. Дополнително, предлог-мерките ќе имаат за цел да се намали јазот помеѓу сегашните и идните пензионери поради претходно донесените мерки кои резултираа со

	зголемување на тековните пензии, наспроти намалувањето на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и стапката на придонес за членовите во вториот пензиски столб
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации во моментов не можат да се определат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Образложение:	Предлог-измените и дополнувањата на законот од областа на пензиското осигурување ќе содржи решенија за постигнување одржливост на пензискиот систем на краток и среден рок. Покрај одржливоста на пензискиот систем значаен предизвик е подобрување на материјалната состојба на осигурениците во двата пензиски столба и пензионерите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Решенијата ќе бидат насочени кон одржливост на пензискиот систем и намалување на средствата од Буџетот на Република Македонија кои се трансферираат по основ на тековен дефицит. Дополнително, предлог-мерките ќе имаат за цел да се намали јазот помеѓу сегашните и идните пензионери поради претходно донесени мерки кои резултираа со зголемување на тековните пензии, наспроти намалувањето на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и стапката на придонес за членовите во вториот пензиски столб
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации во моментов не можат да се определат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

Образложение:	Предлог-измените и дополнувањата на законот од областа на пензиското осигурување ќе содржи решенија за постигнување одржливост на пензискиот систем на краток и среден рок. Покрај одржливоста на пензискиот систем значаен предизвик е подобрување на материјалната состојба на осигурениците во двата пензиски столба и пензионерите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Решенијата ќе бидат насочени кон одржливост на пензискиот систем и намалување на средствата од Буџетот на Република Македонија кои се трансферираат по основ на тековен дефицит. Дополнително, предлог-

	мерките ќе имаат за цел да се намали јазот помеѓу сегашните и идните пензионери поради претходно донесени мерки кои резултираа со зголемување на тековните пензии, наспроти намалувањето на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и стапката на придонес за членовите во вториот пензиски столб
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации во моментов не можат да се определат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.01 Слободно движење на стоки , ЕПП: 2017.0007.7415**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви

Образложение:	Измени во начинот на обновување на стоковните резерви со цел да се обезбеди навремено и квалитетно обновување на стоковните резерви, со минимални трошоци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** обезбедување на сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови енергија и енергенси
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Намалување на трошоците за обновување на стоковните резерви
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за стоковни резерви**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1.Предлог стратегија за надворешна политика

Образложение:	Стратегијата има за цел да ја афирмира нашата надворешна политика и да ги оствари интересите на Република Македонија на меѓународен план. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Република Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена

	и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот и безбедноста
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Унапредување и јакнење на соработката и односите со европските и воневропските држави на билатерален, регионален и мултилатерален план
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Предлог на закон за осигурување

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.09 Финансиски услуги, ЕПП: 2008.0700.4828**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за признавање на професионалните квалификации

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.03 Право на основање и слобода на давање услуги, ЕПП: 2017.1400.6839**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

4. Предлог на закон за високото образование

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, културамлади, ЕПП: 2017.1400.7394**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за педагошка служба	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7424**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за студентски стандард	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7426**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7430**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7431**

Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.07 Право на интелектуална сопственост, ЕПП: 2014.0300.7110**
Очекувани влијанија:	Хармонизација со легислативата на ЕУ.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за култура**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со работата на Фондот за иновации и технолошки развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на иновациската дејност
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Предлог на закон за математичко-информатичка гимназија

Образложение:	Со овој закон се уредуваат организацијата, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во математичко-информатичката гимназија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката

НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со формирањето на математичко-информатичката гимназија се очекува да се подигне нивото на математичко-информатичката наобразба во Република Македонија гледано во целост. Исто така, формирањето на еден таков едукативен центар ќе го зголеми интересот на учениците за математика. Очекувањата се да има голем интерес од потенцијалните средношколци за упис во оваа гимназија, а задача ќе биде да се подготват квалитетни инструменти со кои ќе се селектираат оние ученици кои навистина се надарени, талентирани и со најдобри знаења и вештини од областа на математиката
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

Образложение:	Целта на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е подобрување на воспитно-образовниот процес во основните училишта, подобрување на условите за работа на наставниот и друг кадар во училиштата, поедноставување на одредени административни процедури, подобрување на начинот на водењето на педагошката евиденција и документација, како и други реформи, а со цел на генерално зголемување на квалитетот на основното образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство за 2018 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура, млади** **ЕПП: 2017.1400.7395**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на основното образование.
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование

Образложение:	Целта на законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование е подобрување на воспитно-образовниот процес во средните училишта, подобрување на условите за работа на наставниот и друг кадар во училиштата, поедноставување на одредени административни процедури, подобрување на начинот на водењето на педагошката евиденција и документација, како и други реформи, а со цел на генерално зголемување на квалитетот на средното образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на квалитетот на

	образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура, млади** **ЕПП: 2017.1400.7396**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на средното образование.
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование

Образложение:	Целта на овој закон е суштински реформи во високото образование од аспект на автономијата за високообразовните установи, наставно-научниот кадар, квалитетот, финансирањето, студиските програми. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на образованието
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование

Образложение:	Целта на Законот за учебници за основно и средно образование е подобрување на квалитетот на учебниците, зголемување на бројот на одобрените учебници за еден наставен предмет, давање можност за осовременување на одобрените учебници за употреба во основните и средните училишта, како и подобрување на постапките за одобрување за употреба на учебниците. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7428**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува добивање на квалитетни учебници за основно и средно образование.
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за реконструкција и рехабилитација на државниот пат А2, делница Крива Паланка - граничен премин Деве Баир, кој ќе се склучи меѓу Европска банка за обнова и развој – ЕБОР и Јавното претпријатие за државни патишта

Образложение:	Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување Договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** изградба на инфраструктура што ќе значи иднина за македонската економија, а ќе ги стопира инвестициите во непродуктивни проекти
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Реализацијата на проектот ќе овозможи надградба и развој на патниот правец Крива Паланка – граница со Бугарија
Фискални импликации:	Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Европска банка за обнова и развој – ЕБОР
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај

Образложение:	Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај е со цел транспонирање на директивата на ЕУ бр.2006/0001 за изнајмување на возила. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 –Транспортна политика**
Очекувани влијанија:	Со потпишувањето на Договорот за транспортна заедница произлезе обврската на Република Македонија да започне со усогласување на националното законодавство со наведената директива
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за транспорт и врски**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи

Образложение:	Имајќи предвид дека се изминати повеќе од 3 години од воспоставувањето на системот на кариера за дипломатите во МНР, врз основа на досегашните практични искуства од неговото спроведување, увидени се неколку елементи кои треба да се унапредат. Истото би се постигнало преку измени и дополнувања на Законот за надворешни работи и соодветните подзаконски акти. Измените се во функција на унапредување на работењето на Министерството за надворешни работи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Значајно позитивно влијание во унапредувањето на дипломатската служба во Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за наставници

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со работењето на Академијата за наставници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7434**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на професијата наставник
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со надлежностите на Бирото за развој на образованието, како и други прашања од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување на стратегии и реформи во образованието и науката. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство –Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7423**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на работата на Бирото за развој на образованието, но и развој и унапредување на воспитанието и образованието во целост
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со работењето на високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7437**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на професијата наставник
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државниот испитен центар

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со надлежностите, управувањето, раководењето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на државниот испитен центар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година

НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7429**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на работата на државниот испитен центар.
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со условите и постапката за спроведување на основната и напредната обука и испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7438**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на квалитетот на управувањето со образовните институции
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со работењето, раководењето, управувањето, финансирањето и надзорот над работата на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката**.** Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство –Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7432**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на работата на Националната агенција
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

8. Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за наставници во основните и средните училишта

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со условите за вршење на професијата наставник во основните и средните училишта во Република Македонија, засновањето на работниот однос, категориите на наставници, работните задачи на наставникот, континуираното стручно усовршување (професионален развој), напредувањето во звања (кариерен развој) и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување на стратегии и реформи во образованието и науката**.** Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7435**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на професијата наставник
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со научно-истражувачката дејност во Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.25 Наука и истражување, ЕПП: 2017.1400.7439**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на статусот на научните работници во Македонија и поголемо инвестирање во научниот потенцијал во земјата
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со дејноста, управувањето, раководењето, финансирањето, надзорот и други прашања поврзани со работата на отворените граѓански универзитети за доживотно учење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката**.** Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство –Ревизија 2017 година

НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7422**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на квалитетот на отворените граѓански универзитети за доживотно учење.
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

11. Предлог на закон за педагошка служба

Образложение:	Целта на Законот за педагошка служба е подобрување на квалитетот на работењето на педагошката служба со крајна цел за унапредување на личниот, психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно-образовниот развој на децата и учениците, применувајќи современи научни и стручни методи**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредувањето на личниот, психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно-образовниот развој на децата и учениците
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со организацијата, надлежностите и овластувањата на просветната инспекција, што ја врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општината и на Градот Скопје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на работата на просветните инспектори. но и развој и унапредување на воспитанието и образованието во целост
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спортска академија

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со организацијата, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во Спортската академија. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7436**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на квалитетот на Спортската академија и училишниот спорт
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Приоритет:

Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција

1. Предлог Кривичен законик

Образложение:	Вградување на најновите меѓународни стандарди во казненото законодавство и зајакнување на казнената политика. Внесување на сите кривични дела од други вонкривични прописи во Кривичниот законик, вклучувајќи го и родовото базирано насилство, редефинирање на одредбите за одмерување на казните согласно насоките за престанување на важноста на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, вградување на принципот за неказнување на жртвите, согласно меѓународните стандарди, ревидирање на кривичните дела поврзани со тероризмот, воведување забрана за вршење на каква било правна професија, за судиите осудени со правосилна судска пресуда за кривично дело поврзано со злоупотреба на судиската функција. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** реформи во правосудствотои **приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП: 2016.0100.7371**
Очекувани влијанија:	Усогласување на Кривичниот законик со меѓународните стандарди и кодифицирање на кривичните дела и ревидирање на казните за одредени кривични дела
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

ЈУЛИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Реформи во правосудството**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда	
Образложение:	Ревидирање на системот за граѓанска одговорност за навреда и клевета**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	***I***
Очекувани влијанија:	Изречени пресуди за клевета и навреда со симболичен износ на штета
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство	
Образложение:	Усогласување на Законот за јавното обвинителство со Законот за кривична постапка**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, како темелни реформи за владеење на правото и изградба на независни институции
НПАА - поглавје и подрачје	**(АП НОВ 3121) ЕПП: 2011.0100.6588**
Очекувани влијанија:	Ефикасно Јавно обвинителство, зголемена доверба на граѓаните во неговата работа и позитивни извештаи за напредокот на Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија и ИПА 2014
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

1. Стратегиски одбранбен преглед	
Образложение:	Со изработката на СОП се очекува да се изработи нова функционална анализа на МО и ГШ на АРМ, да се дефинира структурата на силите односно утврдување на нова систематизација на МО и формација на АРМ, дефинирање на капацитетите и способностите на МО и АРМ и начин на решавање на недостатокот односно вишокот на капацитети.

	Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: реформа на одбранбениот систем и зголемување на способностите и капацитетите на АРМ. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Отстранување на воочените недостатоци и забрзување на спроведувањето на реформите на одбранениот систем и зголемување на способностите и капацитетите на АРМ
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

АВГУСТ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година

Образложение:	**Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти; макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со ревидирање на приходите и расходите со измена и дополна на Буџетот на Република Македонија за 2018 година се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, умерено ниво на буџетски дефицит и јавен долг и поддршка на економијата со значителни инвестиции во продуктивни проекти
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната

Образложение:	Усогласување на новото законодавство на ЕУ по однос на официјалните контроли на целокупниот ланец со храна, имено Регулативата на ЕУ 2017/625 за официјалните контроли и други официјални активности кои се вршат со цел да се обезбеди примената на законот за храна и храна за животни, правила од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните.

	Исто така со примената на законот во праксата се увиде потребата од поблиско уредување на одредени одредби на национално ниво со цел ефикасна и ефективна имплементација на терен на истиот. Предмет на уредување се основните начела за безбедност на храна и храна за животни, општите и посебните хигиенски барања за храната, организационите структури на системот за безбедност на храна и официјални контроли и храна за животни. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на Националната aquis и ревизија на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12—3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика; Подрачје-3.12.1. Општи принципи**
Очекувани влијанија:	Усогласувањето со пакетот мерки на ЕУ ќе овозможи зајакнување на примената на стандардите за здравствена заштита и безбедност во целокупниот ланец со храна. Безбедноста на храната е неминовна за да се обезбеди највисок степен на доверливост од страна на потрошувачите и заради одржливост на производството на храна. Придобивките за бизнис-заедницата ќе бидат: поедноставени правила, намалени административни пречки, поефикасни процеси и мерки за финансирање и зајакнување на контролата на храната. Потрошувачите ќе имаат корист од побезбедни производи и поефикасен, потранспарентен систем на контроли преку целиот ланец на храна
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

СЕПТЕМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

1. Предлог на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на присилно исчезнати лица	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност, ЕПП: 2007.0100.3781**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

2.Предлог на закон за надворешни работи	
Образложение:	Новиот закон за надворешни работи ќе даде одговор на среднорочните и долгорочни стратегиски интереси на Републикиа Македонија. Тој ќе подразбира јасни цели, дефинирана кординација и професионална дипломатска мрежа. Ќе се утврди нова надворешно политичка и финансиски оптимална, а пред се ефикасна дипломатска мрежа. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од 3 години од воспоставувањето на системот на кариера за дипломатите во МНР, врз основа на досегашните практични искуства од неговото спроведување, увидени се повеќе елементи кои треба да се унапредат. За таа цел, потребно е да се донесе нов Закон за надворешни работи и соодветни подзаконски акти. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор; Создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Значајно позитивно влијание во унапредувањето на дипломатската служба и воспоставување на професионална, оптимална и ефикасна дипломатска мрежа
Фискални импликации:	Има, средствата се во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

3. Предлог на закон за биогорива

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15 Енергетика, ЕПП 2013.0400.6936**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

4. Предлог на закон за лекови

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје, ЕПП: 2015.1300.7278**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

5. Предлог на закон за медицински средства

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.28 Заштита на потрошувачите и јавно здравје, ЕПП: 2015.1300.7279**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите

Образложение:	Со донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за водите ќе се изврши усогласување со ЕУ Рамковната директива за води (2000/60 /ЕЗ), ЕУ директивата за стандарди за квалитет (2008/105/ЕЗ) и ЕУ директивата за подземни води (2006/118/ЕЗ). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП број: 2015.0000.7249**

Очекувани влијанија:	Со донесувањето на Законот се очекува подобрување на националното законодавсто во областа на водите со цел негова полесна имплементација. Со законот ќе се намали износот на надоместокот за испуштање во водите со цел негово сведување во реални рамки и усогласување со Законот за утврдување цени на водни услуги
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

7. Предлог на закон за заштита на природата

Образложение:	Со донесувањето на Законот за заштита на природата ќе се изврши усогласување со ЕУ директивата за диви птици (2009/147/ЕЕЗ) и ЕУ директивата за живеалишта (92/43/ЕЕЗ). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП број: 2012.0500.6792**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на Законот ќе се воспостави правна рамка за заштита на националните и европските значајните видови птици и живеалишта. Со законот ќе се подобри досегашниот систем за заштита на природата, како и ќе се отстранат досегашните пречки кои беа идентификувани од чинителите. Воедно ќе се допрецизираат обврските на Јавните установи за заштита на природата кои управуваат со заштитените подрачја, како што се националните паркови
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за хемикалии

Образложение:	Законот за хемикалии кој е на сила, не е во потполност усогласен со Европската регулатива. Исто така, поради некои недореченост во законот, Секторот за хемикалии при Министерството за здравство наидува на потешкотии во секојдневното работење, а дополнување е потребно да се направи во делот на промет со хемикалии при што точно ќе се утврди надлежноста на Секторот за хемикалии. Исто така се потребни измени во Законот со што ќе се остави простор за донесување на Правилници за утврдување на поблиските услови за простор, опрема и кадар за вршење на дејности – промет со хемикалии, како и Правилник за изготвување на легитимација за инспекторите од одделението за инспекциски надзор. Изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки

	плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП 2017.1300.7403**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за хемикалии, истиот ќе се усогласи со Европската регулатива. Исто така ќе се отстранат потешкотиите во работењето на Секторот за хемикалии кои се последица на недореченоста на законот односно ќе се утврдат конкретните надлежности на Секторот за хемикалии
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард

Образложение:	Целтана измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со ученичкиот стандард во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на ученичкиот стандард. Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7421**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување научениччкиот стандард
Фискални импликации:	Има, Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Министерство за образование и наука за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Приоритет:

Реформи во правосудството

1. Предлог на закон за управни спорови

Образложение:	Законот за управните спорови, донесен во 2006 година, во изминатиот период покажа низа слабости во поглед на долготрајноста на управниот спор, неодлучувањето на судот во полна јурисдикција, неизвршување на одлуките донесени од страна на Управниот суд и други недоследности кои доведуваат до проблеми за граѓаните во остварувањето на нивните права во управниот спор**. Иницијативата има индикација на поврзаност со**

	стратешкиот приоритет на Владата на РМ: владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел праавдата да биде достапна за сите
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП: 2014.0100.7140**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на законот се очекува поголема ефикасност во управен спор, намалување на должина на управно-судската постапка, усогласување на Законот за управните спорови со Законот за општа управна постапка, мериторно одлучување од страна на Управниот суд, обезбедување извршност на одлуките на Управниот суд
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка за проектот ,,Подобрување на искористувањето на водата од сливот на реката Злетовица фаза 2 - Наводнување и фаза 3 – Производство на електрична енергија“

Образложение:	Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со реализација на фаза 2 од проектот, планирано е да се обезбеди наводнување на површина од 4.570 хектари во атарот на општините вклучени во проектот и ќе се овозможи производство на високо-продуктивни култури. Со фаза 3 е предвидена изградба на мали хидроцентрали со вкупна инсталирана моќност од 10,9 MW и планирано годишно производство на електрична енергија од 48 Gwh, што ќе придонесе за намалување на недостатокот од електрична енергија во Република Македонија и зголемување на енергетската ефикасност
Фискални импликации:	Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Европската инвестициона банка
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси

Образложение:	Со донесувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси согласно Програмата на Владата на РМ ќе помогне во развојот на домашните претпријатија, особено на микро и малите претпријатија. Намалувањето на фирмарината на претпијатијата со помалку од 5 вработени со што ќе се намалат трошоците на работењето и ќе поттикне започнувањето свој бизнис.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воведување на поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот Буџет.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва

Образложение:	Изменувањата и дополнувањата на Законот се во согласност со Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020 година во делот на поддршка на домашните претпријатија при што ќе се овозможи основање посебен вид трговско друштво со минимален износ на главнина од 1 евро. Овие трговски друштва ќе имаат видно обележана ознака, за секој што ќе соработува со ваков тип на деловен субјект да знае дека неговиот основачки капитал е 1 (едно) евро. Оваа иницијатива е во функција на остварување на приоритетната цел поддршка на домашните претпријатија преку создавање подобра деловна клима со цел еднакви можности за економски развојна сите учесници во економските процеси. Исто така со измените на овој закон ќе се воведе законка обврска за целосна сопственичка транспарентност, односно обврска јавно да с еобјавуваат акционерите со помалку од 5% учество во капиталот.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на деловното опкружување и поддршка на домашните претпријатија, зголемување на продуктивно вработување и овозможување подобар животен стандард за граѓаните.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

ОКТОМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог Буџет на Република Македонија за 2019 година

Образложение:	Со Буџетот на Република Македонија за 2019 година се планираат/утврдуваат износите на приходите и расходите и нивото на буџетскиот дефицит за следната фискална година по буџетски корисници на централната власт и фондовите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти и макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со Буџетот на Република Македонија за 2019 година се обезбедуваат средства за реализација на политиките и проектите планирани во Програмата на Владата на Република Македонија и се определува максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кој не можат да се преземат дополнителни обврски.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година

Образложение:	Со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 2019 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година се обезбедува дефинирање на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, а со цел рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства

Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за ловството

Образложение:	Законот за ловството е донесен во 2009 година и до сега е сменет 7 пати. Низ текот на имплементирањето увидени се многубројни недостатоци на законот, а истовремено се појавува потреба за воведување новини кои ги бара современото управување со дивечот, развојот и унапредувањето на ловството, заштитата на дивата фауна итн. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој и унапредување на ловството
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Ќе се донесе нов сеопфатен Закон за ловството, кој ќе биде поттик за унапредување на Националната политика во областа на ловството, во согласност со домашните економски и социјални текови, но и меѓународните заложби на Република Македонија, како во областа на ловството и заштитата на дивата фауна, така и во областа на животната средина, климатските промени, шумарството итн.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

4. Предлог за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште

Образложение:	Со измени и дополнувања на Законот за консолидација на земјоделско земјиште ќе се овозможи поефикасно и непречено спроведување на проектите за консолдација**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** заштита на земјоделското земјиште и развој на земјоделството и рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Намалување на расцепканоста на земјишните парцели, нивно групирање, подобрување на формата на парцелите заради примена на посовремените техники и технологии на производство, зголемување на просечната големина и обезбедување пристап на парцелите до новите или рехабилитирани системи за наводнување и до обновената или новоизградена патна инфраструктура. Успешно спроведување на проектите за консолдација
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

5. Предлог на закон за социјалната заштита

Образложение:	Со предлог-Законот за социјалната заштита се предалага реформирање на системот на социјална заштита, во насока на правилно таргетирање и насочување на социјалните бенефиции за лицата и семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Адекватноста и ефикасноста на паричните надоместоци за материјално најзагрозените семејства, ќе се спроведе преку воведување програма за минимален адекватен приход, со која ќе се овозможи семејствата во состојба на социјален ризик да добијат паричен надомест како надополнување на приходот до линијата на сиромаштија. Се предлага воведување на семејни пакети и групирање на правата од социјална и детска заштита. Дел од овие трансфери ќе треба да бидат условени со влез на пазарот на трудот за корисниците кои се работоспособни со цел да се зајакнат нивните работни капацитети. Паралелно со активностите за реформирање на системот на парични надоместоци во социјалната заштита, ќе се работи и на суштествено унапредување во делот на социјалните услуги, нивниот вид, опфат, начинот на обезбедување, вклучување на други провајдери итн. Ќе се преземат активности за редизајнирање на системот на услуги во социјалната заштита, во рамки на кои ќе се развие и посеопфатен модел на социјални договори кои ќе опфатат поширок спектар на социјални услуги. На тој начин ќе се поттикне плурализација на дејноста и ќе се отвори можноста за делегирање на социјалните услуги на надворешни обезбедувачи (граѓански организации, приватни компании, физички лица итн.). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Предложените одредби на новиот Закон за социјалната заштита ќе влијаат на подобрување на социјалната заштита за граѓаните кои се изложени на социјален ризик, ќе имаат директно влијание врз намалување на сиромаштијата и ќе овозможат подобра социјална инклузија на ранливите категории на граѓани.
Фискални импликации:	Има, финансиските импликации кои ќе произлезат од предлог-Законот за социјалната заштита ќе се обезбедат со Буџетот на Република Македонија за 2019 година.
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

6. Предлог на закон за спортот

Образложение:	Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) во изминатиот период е 17 пати менуван и дополнуван, при што, одредени решенија не кореспондираат со релноста и не придонесуваат за уредување на дејноста спорт, што ја отежнува неговата примена. Покрај ова, меѓународната регулатива во спортот има влијание и врз уредување на концептот на спортот во насока на дефинирање на потребата за воведување на лиценцен систем во сите сегменти на спортот, кадри, објекти, клубови, федерации и др. Потребна е рамка и за уредување на користењето, одржувањето и стопанисувањето на објектите за спорт во сопственост на државата,

	локланата самоуправа и приватните објекти за спорт. Дејноста спорт одредени решенија во постојниот закон ги надминала и затоа е потребно носење на современ закон за спорт со кои ќе се влијае на развојот на спорт во Република Македонија и ќе овозможи непречено функционирање на национално и европско рамниште. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешките приоритети на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија; Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија и **стратешка цел:** поддржување политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и средини, кои секојдневно го применуваат спортот и спортско-рекреативните активности
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Забрзан развој на спортот, уредување на одделни сегменти на спортот, а особено финансирање на спортот; развој на националниот спортски систем; спортот во ЕЛС; статусот на спортистите, тренерите и другите учесници во спортот; функција на клубови и национални спортски федерации; финансирање на дејноста спорт; меѓународна соработка и учество на поединци, екипи и репрезентации во меѓународниот спортски систем; планирање и водење на спортскиот и информатички спортски систем; примена на науката во спортот и др.
Фискални импликации:	Има, средствата се планирани во Буџетот на Република Македонија, а наменети за Агенцијата за млади и спорт
Предлагач:	**Министерство за правда** Агенција за млади и спорт

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 Правда , слобода и безбедност, ЕПП: 2012.0600.6823**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

2. Предлог на закон за системот на внатрешни контроли во јавниот сектор	
Образложение:	Донесувањето Закон за системот на внатрешни контроли во јавниот сектор произлегува од потребата за понатамошно подобрување на овој систем и доусогласување на овој систем со меѓународните стандарди за внатрешна

	контрола и внатрешна ревизија, со цел создавање услови за градење стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна администрација во јавниот сектор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација.
НПАА – поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Позитивни - со донесување на Законот за системот на внатрешни контроли во јавниот сектор ќе дојде до зајакнување на раководната одговорност и подобрување на ефикасноста во управувањето со јавните финансии преку зајакнати внатрешни контроли, зајакната внатрешна ревизија, односно подигање на административните капацитети во јавниот сектор
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за нуспроизводи од животинско потекло

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фотосанитарна политика, ЕПП: 2017.0800.7393**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Приоритет:

Реформи во правосудството

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со движењето на предметите во судовите

Образложение:	Преку измената на законот ќе се надминат можностите за злоупотребите на системот за електронско распределување на предметите преку формирање тело за евалуација на употребата на АКМИС, спроведување постапки за испитување на начините на негова употреба и со спроведување на редовна контрола и ревизија врз неговото функционирање со цел да се спречат секакви злоупотреби на системот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел праавдата да биде достапна за сите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Целосно функционирање на системот за распределба на судски предмети (АКМИС)

Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија

Образложение:	Од досегашната практика и детектираните недоследности во примената и опфатот на постојната правна регулатива констатирана е потреба од доуредување на правната материја со која се регулира остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои сепомалку од 20% од населението во Република Македонија, поради што Агенцијата за остварување на правата на заедниците предлага измени и дополнување на постоечкиот Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија“ број 92/08 и 42/14), а се со цел зајакнување на улогата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и зголемување на нејзините законски надлежности**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Основната цел на спроведување на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија“ број 92/08 и 42/14) е да овозможи негова ефикасна имплементација во обезбедувањето на следење на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија; заштита на правата на припадниците на заедницте кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија и надзор врз спроведување на законите кои ги уредуваат правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија
Фискални импликации:	Има, финансиските импликации кои дополнително ќе произлезат не се предвидени
Предлагач:	**Министерсво за правда** Агенција за остварување на правата на заедниците

НОЕМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за надзор на пазарот

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.01 Слободно движење на стоки, ЕПП:** 2015.0400.7281
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување

Образложение:	Во 2015 година, кон Извештајот за напредок на Република Македонија на Европската комисија, преземена е обврска за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување преку имплементација на Одлуката бр. 1313/2013/ЕУ на Европскиот парламент, од 17 декември 2013 година и Одлука за спроведување на Комисијата од 16 октомври 2014 година за утврдување на правилата за спроведување на Одлуката 2004/277/ЕЗ, Евроатом и 2007/606/ЕЗ, Евроатом (заведен како документ број С/2014/7489). Потребата од овие измени произлегува и од членството на Република Македонија во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ и Механизмот за цивилна заштита на заедницата кој е потпишан во јануари 2012 година и ратификуван во Собранието на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија број 10/12). Законските измени сè уште не се направени и се пренесуваат како обврска во 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** Република Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот на безбедноста.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30 – надворешни работи ; Поглавје 3.27 – животна средина ЕПП 2015.0000.7273**

Очекувани влијанија:	Зајакнување на административните капацитети на институцијата за ефикасно превенција и намалување на ризици од природните непогоди и другите несреќи, како и на оперативното дејствување во справувањето со последиците од истите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана** Дирекција за заштита и спасување

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за родово базирано насилство

Образложение:	Отпочнувањето процес на подготовка на Закон за родово базирано насилство и создавање единствена правна рамка што ќе ги уредува сите форми на родово базирано насилство произлегува од потребата во Република Македонија да се усвојат јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели**: Промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавјето 19 Социјална политика и вработување;** **Поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** **ЕПП 2018.0900.7510**
Очекувани влијанија:	Намалување на родово базираното насилство и заштита на жртвите од овој вид насилство, особено намалување на насилството врз жените како најчести жртви на насилство и усвојување на единствена правна рамка што ги уредува сите форми на родово базирано насилство со јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџет на Република Македонија, но во овој момент истите не можат да се утврдат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Образложение:	Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со предлог-регулативата на Европската Унија 2016/0295 за воспоставување

	режим за контрола на извоз, трансфер, брокеринг, техничка помош и транзит на стоки и технологии со двојна употреба. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30. Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за изградба, опремување, користење и одржување на објектите за спорт во Република Македонија

Образложение:	Во Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) скромно и со неколку члена направен е обид за уредување на законската рамка по однос на објектите за спорт во Република Македонија. Во изминатиот период направени се одредени обиди за уредување на овој сегмен на дејноста спорт, но по наши сознанија и искуство, без конкретни резултати. До денес не е уреден статусот на објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, а Јавното претпријатие за управување и стопасниување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, од 2000 до 2017 година придонесе за разнебитување на материјланата база за развој на спортот. Покрај ова, изградени се бројни објекти од страна на централна и локланата власт и приватни објекти за кои нема одредена рамка за нивна изградба, опремување, управување и користење од страна на спортистите и граѓаните. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешките приоритети на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија; Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија **и приоритетна цел**: поддржување политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и средини кои секојдневно го применуваат спортот и спортско-рекреативните активности
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Забрзан развој на спортот, уредување на рамката за изградба, опремување, користење и одржување на објектите за спорт во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата се планирани во Буџетот на Република Македонија, а наменети за Агенцијата за млади и спорт
Предлагач:	**Министерство за правда**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (,,Службен весник на Република Македонија“ број 36/92, 12/93, 43/00,66/07,51/11,152/15 и 55/16)

Образложение:	Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната практична примена на одредбите од законот, констатирани се одредени недореченост и недосленост, што предизвикува проблеми кои негативно се рефлекираат во делот на евиденциите што ги води Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои министерството ги доставува до другите субјекти, а се одразува и врз секојдневното живеење на граѓаните и остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Со предвидените измени и дополнувања во делот на регулирање на пријавување на живеалиштето на граѓаните и промената на адресата. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Надминување на недореченостите и проблемите кои произлегуваат од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, воспоставување точна и прецизна евиденција која меѓу другото ќе биде и вистинска основа за воспоставување на Регистарот на население на Република Македонија, како и целосно усогласување на законот со Законот за лична карта
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта („Службен весник на Република Македонија“ број 8/95, 38/02, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15 и 55/16)

Образложение:	Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната практична примена на одредбите од законот, констатирани се одредени недореченост и недоследности, што предизвикува проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува и врз секојдневното живеење на граѓаните и остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Текстот на законот ќе треба да биде подобрен во насока на овозможување на поголема ефикасност на постапување на Министерството за внатрешни работи, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Македонија, како и овозможување на подобар пристап кон граѓаните во насока остварување на нивните права и обврски. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Надминување на недореченостите и проблемите кои произлегуваат од Законот за личната карта, воспоставување точна и прецизна евиденција, олеснување на пристапот на граѓаните до личниот документ, подигање на нивото на ефикасност во работењето на Министерството за внатрешни работи, како и целосно усогласување на Законот за лична карта со Законот за пријавување на живеалиштето и престојувањето на граѓаните
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08,51/11, 135/11, 154/15 и 55/15)

Образложение:	Изменатата и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната практична примена на одредбите од законот, констатирани се одредени недореченост и недоследности, што предизвикуваат проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува и врз секојдневното живеење на граѓаните и остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Текстот на законот треба да биде подобрен во насока на овозможување на поголема ефикасност во постапувањето при издавање патни исправи, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Македонија, како и овозможување на подобар пристап кон граѓаните во насока на доследно остварување на нивните права и обврски. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Надминување на недореченостите и проблемите кои произлегуваат од Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија, воспоставување точна и прецизна евиденција, олеснување на пристапот на граѓаните до документот, подигање на нивото на ефикасност во работењето на Министерството за внатрешни работи
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

ДЕКЕМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

1. Предлог на закон за банките

Образложение:	Со донесување на новиот Закон за банките ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2013/36/EU за пристапот на активностите на кредитните институции и прудентната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (EU) бр.575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** задржување на стабилноста на финансискиот систем, создавање поволна деловна клима со политика на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 09-Финансиски услуги; Подрачје 1-Банки и финансиски конгломерати; ЕПП: 2014.0700.7074**
Очекувани влијанија:	Донесувањето на новиот Закон за банките ќе го зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Дополнително, имплементацијата на предложеното законско решение ќе го подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе ја зајакне супервизијата, во насока на зголемување на сигурноста на банкарскиот систем и заштита на депонентите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за закрепнување на банки со проблеми

Образложение:	Ќе се имплементира Директивата 2014/59/EU за формирање рамка за заздравување и решавање кредитни институции и инвестициски фирми (Directive 2014/59/EU - establishing a framework for the recovery and resolution of credit institutions and investment firms). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** задржување на стабилноста на финансискиот систем, создавање поволна деловна клима со политика на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 09 - Финансиски услуги; Подрачје 1-Банки и финансиски конгломерати; ЕПП: 2014.0700.7095**
Очекувани влијанија:	Со Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се пропише орган надлежен за решавање на банките со проблеми (resolution authority), институциите кои треба да имаат план за заздравување (recovery plan) и

	неговата содржина. Со законот исто така ќе се пропише процесот и инструментите за решавање на банка со проблеми како и воспоставувањето на банка-мост (bridge-bank). Со ова ќе се овозможи брза реакција на супервизорските органи во случај на ризици во работењето на банките. Основната цел на законот е да се одржи финансиската стабилност (преку обезбедување на пазарната дисциплина и довербата на јавноста во банкарскиот сектор), да се минимизира употребата на јавни средства како и да се заштитат депонентите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје иподрачје	**Поглавје 3.08 политика и конкуренција, ЕПП: 2015.0400.7165**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија** Комисија за заштита на конкуренцијата

4.Предлог на закон за научно-истражувачки центар за талентирани ученици

Образложение:	Цета на донесувањето на овој закон е формирање на Научно-истражувачки центар за талентирани ученици во којшто тие ќе можат да совладуваат дополнителни знаења, ќе се подготвуваат за државни и меѓународни натпревари и ќе започнат со посериозна истражувачка работа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување на стратегии и реформи во образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува дополнителна поддршка на талентираните ученици во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија (МОН)
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

5. Предлог на закон за управување со отпад

Образложение:	Со донесувањето на Законот за управување со отпад ќе се транспонира ЕУ директивата за отпад 2008/98/ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој

НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП број:2015.0000.7269**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на Законот ќе се подобри досегашниот систем за управување со отпад, ќе се прецизираат правата и обврските на поседувачите и на постапувачите со отпад. Воедно ќе се воспостави основа за донесување на Програма за намалување на отпадот. Со законот ќе се зголеми степенот на транспозиција со новата директива за отпад на Европската Унија.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Приоритет:
Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за буџети

Образложение:	Со Законот за буџети се уредува постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија и буџетите на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известување за извршување на истите. Со законот исто така се уредува среднорочното буџетско планирање, временската рамка за донесување на Буџетот и среднорочната буџетска рамка и се воведуваат фискалните правила. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.33 Финансиски и буџетски одредби**
Очекувани влијанија:	Со примената на Законот за буџети се очекува унапредување на управувањето со јавните финансии во согласност со европските станадарди
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси

Образложение:	Со донесувањето на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси согласно Програмата на Владата на Република Македонија и со намалување на фирмарината за претпријатијата со помалку од 5 вработени, ќе се помогне во развојот на домашните претпријатија, особено на микро и мали претпријатија, ќе се намалат трошоците на работењето и ќе се поттикне започнувањето сопствен бизнис **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото

	богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Намалување на трошоците за работење на претпријатијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните.
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот

Образложение:	Со донесување на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот ќе се воведе можност даночната стапка на данокот на имот за резидентен и нерезидентен недвижен имот со пазарна вредност повисока од 400.000 евра да се зголемува за 0,1 процентен поен. На овој начин ќе се воведе поправедно оданочување при поседување на повеќе имот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Поправедно оданочување при поседување повеќе имоти, подигнување на животниот стандард на граѓаните и зголемување на фискалната одржливост на општините.
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

Образложение:	Со донесување на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ќе се укине максималната горна граница за плаќање на придонесите на плати**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство и фискална одржливост на социјалните фондови.

Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка

Образложение:	Измени на законот согласно Програмата на Владата на Република Македонија за периодот 2018-2020 година во делот на даночните стапки и други измени. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните; воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.16 Даноци**
Очекувани влијанија:	Воведување поголема праведност во даночниот систем
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход

Образложение:	Измени на законот согласно Програмата на Владата на Република Македонија за периодот 2018-2020 година во делот на даночните стапки и други измени**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведена распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.16 Даноци**
Очекувани влијанија:	Воведување поголема праведност во даночниот систем
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност

Образложение:	Измени на законот согласно Програмата на Владата на Република Македонија за периодот 2018-2020 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на

	парите на граѓаните преку државниот буџет.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.16 Даноци**
Очекувани влијанија:	Воведување поголема праведност во даночниот систем и подигнување на животниот стандард на граѓаните
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

8. Предлог на закон за акцизите

Образложение:	Со донесувањето на предлог-Законот за акцизите се врши усогласување на акцизното законодавство во Република Македонија со европското законодавство и најдобрите практики од земјите членки на Европската Унија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стартешки приоритети и приоритетна цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивното на платите во економијата; воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 16 - Одданочување**
Очекувани влијанија:	Усогласување со европското законодавство и подобрување на системот за спроведување на Законот за акцизите
Фискални импликации:	Има, позитивни за Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Царински закон

Образложение:	Со донесувањето на предлог-законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон се врши усогласување на царинското законодавство во Република Македонија со европското законодавство и најдобрите практики од земјите членки на Европската Унија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетна цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведна распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување транспаретност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.29 – Царинска унија**
Очекувани влијанија:	Усогласување со европското законодавство и подобрување на системот за спроведување на Царинскиот закон
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство

Образложение:	Со оглед на тоа што на 26 февруари 2014 година беше донесена Директивата 2014/23/ЕУ на Европскиот парламент на Советот на Европската Унија, за доделување договори за концесија неопходно е нејзино транспонирање во правната рамка на Република Македонија. Имено недостатокот на јасни правила на ниво на Унијата, со кои би се уредувало доделувањето на договорите за концесија, ја наметнува потребата од оваа директива и нејзино транспонирање во законодавството на земјите членки, како и оние кои претендираат за членство во истата, а со цел да се обезбеди соодветна, балансирана и флексибилна правна рамка за доделување концесии. Аналогно на тоа ќе се обезбеди ефикасен и недискриминаторски пристап до пазарот, поголема правна сигурност на сите економски оператори од Унијата, а со самото тоа и дополнително отворање на меѓународните пазари и поттикнување на глобалната трговија. Доделувањето на концесиите за јавни работи моментално подлежи на основните правила од Директивата 2004/18/ЕЗ на ЕУ, додека доделувањето на концесиите за јавни услуги подлежи на начелата на Договорот за функционирање на ЕУ. Поради различното толкување на начелата во предметниот договор на ЕУ од страна на националните законодавства и големите разлики помеѓу законите на различни земји-членки постои ризик од правна несигурност, а оттаму и потреба од унифицирање и еднаква примена на начелата во постапките за доделување на договорите за концесиите, пред сè концесиите за јавна услуга. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на деловното окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП 2009.0400.54553.05 - Јавни набавки (концесии и јавно приватно партнерство)**
Очекувани влијанија:	Правна рамка која ќе биде во согласност со постојните директиви за концесии и јавно приватно партнерство, а аналогно на тоа подобрување на ефикасноста на системот во целина усогласен со правото на ЕУ, а се со цел обезбедување поекономични и поквалитетни јавни услуги.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

11. Предлог на закон за шумите

Образложение:	Законот за шумите е донесен во 2009 година и досега е сменет 12 пати. Преку текот на имплементирањето увидени се многубројни недостатоци на законот, а истовремено се појавува потреба за воведување новини кои ги бара современото управување со шумите, развојот и унапредувањето на шумарството, заштитата на шумите итн. Воедно, поради статусот на Македонија како земја кандидат за членка на ЕУ, потребно е апроксимација на законодавството на ЕУ со Законот за шумите во делот на заштитата на шумите од илегална сеча, спречување на увоз-извоз на илегално исечена дрвна маса, инвентаризација на емисиите на стаклени гасови и отстранувањата (напокривка/биомаса) од користењето на земјиштето, промената на користењето на земјиштето и шумарството (LULUCF), но и со Стратегијата за шумарство на ЕУ (незадолжително). **Иницијативата има**

	индикација на поврзаност со приоритетна цел: развој и унапредување на шумите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.27.5 заштита на природа и 3.27.10 шумарство (ЕУ мерки: EU/995/2010 и EC/2173/2005 како носители, но и 529/2013/EU во соработка со МЖСПП)**
Очекувани влијанија:	Ќе се донесе нов сеопфатен Закон за шумите, кој ќе биде поттик за унапредување на националната политика во областа на шумите, во согласност со домашните економски и социјални текови, но и меѓународните заложби на Република Македонија, како во областа на одржливото управување со шумите, нивна заштита, така и во областа на зачувување и унапредување на животната средина, намалување на ефектите од климатските промени, енергијата од биомаса од шума итн.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

12. Предлог на закон за прекинување на бременоста

Образложение:	Комитетот за човекови права и Комитетот за културни и социјални права на ОН имаат изразено загриженост во однос на ,,Условите воведени со законот за прекинување на бременоста“ од 2013 година со кои може кумулативно да се ограничи пристапот до легален абортус (Членови 3, 6, 7, 17). Поднесена е и иницијатива од неформалната мрежа на здруженијата на граѓани - Платформа за родова еднаквост за отпочнување постапка за стручна анализа и донесување нов закон. Со законот за прекинување на бременоста ќе се уредат условите под кои може да се врши прекинување на бременоста, постапката за одобрување на прекинување на бременоста, условите што треба да ги исполнуваат здравствените установи за вршење на постапката за прекинување на бременоста, да се укинат постојните административни процедури и остварување на правото за безбеден абортус. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање на хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита, унапредување на правата на жените и имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Остварување на правото на жената на безбеден абортус, укинување на постојните административни процедури/бариери за спроведување на постапката за безбеден абортус
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за здравство**

13. Предлог на закон за работните односи

Образложение:	Постоечкиот Закон за работните односи, иако од неговото донесување во 2005 год. до денес претрпе повеќе измени и дополнувања, сè уште има голем број на недореченост, непрецизни и нејасни одредби коишто

	создаваат проблеми при неговата примена. Дополнително, имајќи ја предвид динамиката на промените во трудовата област, постои потреба од уредување на досега неуредени односи и ситуации. Од овие причини, а во насока на воспоставување вистинска заштита на работничките права, се предлага донесување на нов Закон за работните односи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** **ЕПП 2018.0900.7509**
Очекувани влијанија:	Унапредени права за работникот и работодавачот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

14. Предлог на закон за социјално претприемништво

Образложение:	Со донесување на овој закон ќе се овозможи развој на социјалното претприемништво, кое ќе доведе до создавање работни места за оние што се најдалеку од пазарот на трудот, а исто така ќе ги промовира и системите за професионална рехабилитација и поддршка на лицата во ризик на самото работно место. Исто така, преку оваа мерка ќе се воведе нова вредност во водењето на бизнисите, односно покрај профитот на самите компании, ќе се мери и нивното социјално влијание. Социјалните претпријатија, ќе овозможат вработување на лицата кои се далеку од пазарот на трудот, а дел од истите ќе бидат и обезбедувачи на социјални услуги. Рокот на усвојување на законот за социјално претприемништво е 31.12.2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	За социјалните претпријатија ќе бидат креирани мерки и поволности во рамки на активните мерки за вработување, а со тоа ќе се помогнат и поддржат постојните граѓански организации, кои сега работат во полето на социјалната економија, да ги зголемат и зајакнат своите капацитети и можностите за нови вработувања на ранливи категории на граѓани и испорака на социјалните услуги, а ќе се обезбедат и услови за формирање на нови.
Фискални импликации:	Има, финансиските импликации кои ќе произлезат од предлог-Законот за социјалната заштита ќе се обезбедат со Буџетот на Република Македонија за 2019 година.
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

15. Предлог на закон за работа на студентите	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Приоритет:
Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог на закон за меѓународно приватно право	
Образложение:	Законот за меѓународно приватно право е донесен во 2007 година, а извршени се измени во согласност со европското законодавство во 2010 година, во однос на договорните односи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Имајќи ги предвид големиот број на измени што се случија од 2010 година до денес во законодавството на Европската Унија, како што се Брисел I, Брисел II, Рим I и II и други регулативи од меѓународно приватно право, се јавува потребата од донесување нов Закон за меѓународно приватно право, во кој ќе бидат имплементирани во целост одредбите од Европската Унија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја	
Образложение:	Законот за меѓународна соработка во кривичната материја е влезен во сила во 2010 година, а неговата примена започна од 1.12.2013 година и до денес не се извршени измени на овој закон. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, како темелни реформи за владеење на правото и изградба на независни институции
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Имајќи предвид дека измина подолг временски период од неговата примена, а од 2010 година до денес во законодавството на Европската Унија во кривичната област се донесени нови акти, се јавува потребата од изменување и дополнување на овој закон, во кој ќе бидат имплементирани одредбите од Европската Унија

Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата

1. Предлог на закон за оф-шор фирми	
Образложение:	Сите оф-шор фирми што ќе инвестираат во Република Македонија да бидат обврзани да ги соопштат вистинските сопственици и ќе им биде даден рок за доставување на целокупниот историјат на овие фирми.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Намалување на степенот на корупција и обезбедување на поголема сигурност и транспарентност при отварањето на фирми со странски капитал во Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

1. Предлог на закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко однесување или казнување	
Образложение:	Со овој закон ќе се уредат меѓународните обврски на Република Македонија врзани за заштита на човековите права. Уредувањето на националното законодавство по ова прашање ќе биде усогласено со законодавството на ЕУ - со Регулативата на Заедницата (ЕЗ) бр. 1236/05 и со Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр.775/14 за измена и дополна на Регулативата на Заедницата (ЕЗ) бр. 1236/05. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 - Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Со донесување на законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Македонија врзани за заштита на човековите права

Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за заштита на потрошувачите

Образложение:	Сообразување на законодавството и спроведување на законите, член 68 приспособување на законите на Република Македонија со правото на Европската Унија. Од ИПА – инструментот во рамките на „Повикот за аплицирање за средства од Механизмот за поддршка на Европските интеграции“, одобрен е проект за „Зајакнување на политиката за заштита на потрошувачите“ каде се предвидени две мерки и тоа првата за понатамаошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите и втората мерка изготвување на Стратегија за заштита на потрошувачите 2018 – 2021 година и Акциски план со активности, за да се реализира стратегијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетни цели:** Макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста и социјална заштита на најранливите категории, пред сè преку натамошно подобрување на деловно окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси; Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите.
НПАА - поглавје и подрачје	**НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавно здравје**
Очекувани влијанија:	Со новиот закон за заштита на потрошувачите ќе се доусогласува со новата директива за АДР – алтернативно решавење спорови и воедно законот ќе се ревидира согласно потребата за подобра имплементација на законот односно остварување на правата за заштита на потрошувачите со доусогласување на законот со директивите на ЕК.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја

Образложение:	Во НПАА 2017 за поглавје 3.12.6 фитосанитарна политика, предложено е да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја до 30 декември 2018 година, со цел да се постигне потполно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјали со Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување детални правила за давање заемна административна помош од страна на службените органи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; водење силна и сериозна меѓународна активност со цел

	Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година; Зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.12.6 Фитосанитарна политика; (ЕУ мерки: 31999L0105 и 32002R1598)**
Очекувани влијанија:	Да се постигне целосна усогласеност на Законот со законодавството на ЕУ во делот на маркетингот на шумскиот репродуктивен материјал и во утврдувањето на деталните правила за давање заемна административна помош од страна на службените органи.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Приоритет:
Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите

Образложение:	Основна цел на предлог-законот е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно Европското законодавство и обезбедување еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се стават во употреба во Република Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со предлог-законот се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите согласно Директивата за општа безбедност 2001/95/Е3 и Директивата за техничките стандарди и прописи 98/34 , Регулативите 764/08 и 765/08 и Одлуката 768/08 на Европскиот парламент и на Советот за општата безбедност на производите и вклучување на Република Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. Во месец март беше поднесено предлог – проект во рамките на ИПА фондот за законодавството од областа на безбедност и усогласување на правилниците согласно новите директиви. Проектот во јуни 2017 година првично се одобри од страна на делегацијата на ЕУ во Скопје и истиот се очекува да се евалуира на предлог-проектите во ноември 2017 година. По оваа фаза се очекува по известувањето од делегацијата на ЕУ во Скопје избраната консултанска куќа да започне со своте активности во јануари 2018 година. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки**

Очекувани влијанија:	Создавање внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедните производи кои се пуштаат на пазарот и ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој

Образложение:	Во функција на имплементација на Програмата на Владата на Република Македонија 2017-2020 година во која е предвидено да се обезбеди јакнење на административните и финансиските капацитети на Центрите за регионален развој (обезбедување статус на државни службеници на вработените во центрите и целосно покривање на оперативните трошоци од централниот буџет), потребно е да се изменат одредби од Законот за рамномерен регионален развој кои го регулираат статусот на вработените службеници во центрите за развој на планските региони, како и на изворот на финансирање на оперативните трошоци на наведените регионални институции. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Со донесување на наведениот акт ќе се создадат нормативни услови за трансформација на статусот на вработените службеници во центрите за развој на планските региони во државни службеници.
Фискални импликации:	Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

3. Предлог на закон за заштита на културното наследство

Образложение:	Од моментот на донесувањето на актуелниот Закон за заштита на културно наследство (2004), заради отсуство на доследно изведен систем, состојбата на културното наследство драстично е влошена. Имено, со десетиците амандмански измени во Законот направени само во последните десет години, токму културното наследство стана цел на партиски идентитетски инженеринг преку т.н. капитални проекти за „возобновување значајни археолошки локалитети“. Неефикасната законска регулатива по однос на ревалоризацијата и категоризацијата овозможи бришење на стотина поединечни споменици на културата во централното градско подрачје на Скопје и нивно барокно рефасадирање. Голем дел од ревалоризираните

	споменици се стекнаа со нереална вредносна категорија, а Охрид е пред закана од губење на статусот на интегрирано светско природно и културно наследство во УНЕСКО. Системските недоследности по однос на организационата поставеност и надлежностите по однос на предметот на работата директно се одразува на нивната ефикасност. Еден од суштинските проблеми за заштитата кој бара ургентно решавање е поставеноста на надлежностите на Управата за заштита на културно наследство преку која поминаа проектите со кои трајно се уништени археолошките локалитети Плаошник, Скопско Кале, Скупи. Новиот Закон за заштита кој се предлага да се донесе треба да обезбеди решавање на сите проблеми кои се појавија во изминатиот период преку доследно изведен систем особено по однос на предметот на работа на институциите за заштита (преку заработка на Листа на културно наследство од национално значење со утврдена категорија која ќе биде составен дел на Законот) доследно изведен систем на организационата поставеност и јасно дефинирани надлежности на Управата за заштита на културно наследство.**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетницели:** Афирмација на националната култура во земјите од регионот, од ЕУ и од светот; Усогласување на развојните културни политики со релевантните развојни политики од меѓународен карактер и континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со изработката на нов Закон за заштита на културното наследство, ќе се обезбедат услови за системска заштита на културното наследство на сите нивоа. Со изработката на Листата на културно наследство од национално значење, што ќе се регулира во законот, ќе се направи усогласување со стандардите на земјите членки од ЕУ во оваа област.
Фискални импликации:	Има, средствата за изработката на законот ќе бидат обезбедени од Годишната програма на Министерството за култура
Предлагач:	**Министерство за култура**

4. Предлог на закон за филмската дејност

Образложение:	Во 2013 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за филмската дејност со кој се утврдува дека филмската дејност е од јавен интерес за Република Македонија, заради што државата го поттикнува нејзиниот развој, го поддржува производството на филмови и презентирањето на филмското творештво во земјата и во странство. Со законот се утврдени мерки за поттикнување на реализирањето на филмски продукции со средства кои се обезбедедни од други извори на финансирање, а не се од Буџетот на Република Македонија. Анализите од примената на законот укажуваат на потребата од преиспитување на концептот на законот кој во многу сегменти се покажа дека не кореспондира со странските компаративни искуства ниту со воспоставените меѓународни стандарди за вршење филмската дејност. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Регулирање на спецификите од вршењето на дејноста по стандарди кои кореспондираат со европските искуства, со што ќе се придонесе кон зголемен развој на филмската продукција во Република Македонија, поттикнување на копродукцијата, привлекување странски инвестиции во оваа област.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за култура**

Приоритет:

Реформи во правосудството

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба

Образложение:	Законот за судска служба е донесен во февруари 2014 година, а отпочна да се применува од февруари 2015 година. Во изминатиот период на примена на Законот, се покажаа низа недостатоци, кои со предложените измени ќе се надминат, а воедно ќе придонесат за јакнење на капацитетите и професионалноста на судските службеници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетна цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел правдата да биде достапна до сите, создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унифициран систем на судската служба со системот на административни службеници и вработени во јавниот сектор
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба

Образложение:	Законот за јавнообвинителска служба е донесен во април 2015 година. Во изминатиот период на примена на законот, се покажаа низа недостатоци, кои со предложените измени ќе се надминат, а воедно ќе придонесат за јакнење на капацитетите и професионалноста на јавнообвинителските службеници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институциии **приоритетни цели:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство, а со цел праавдата да биде достапна до сите создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Унифициран систем на јавнообвинителската служба со системот на административни службеници и вработени во јавниот сектор
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за правда**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за националната рамка на квалификации

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања за поврзување на Националната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации и Квалификацискатa рамка на европскиот простор на високото образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** квалитетот на образованието е зголемен и изедначен преку примена на меѓународните и европските стандарди, акредитацијата и евалуацијата
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7433**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на Националната рамка на квалификации
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за признавање на професионалните квалификации

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со постапката за признавање на професионалните квалификации за регулираните професии**.**
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.03 Право на основање и слобода на давање услуги, ЕПП: 2017.1400.6839**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на системот на признавање на професионалните квалификации
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука

Образложение:	Целта на измените и дополнувањата на законот е допрецизирање на одредени прашања поврзани со средното стручно образование во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** знаењето на учениците е приближено до барањата на пазарот на трудот**.** Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.26 Образование, култура и млади, ЕПП: 2017.1400.7427**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на стручното образование
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

II дел

Акти и материјали по кои одлучува Владата

ЈАНУАРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма на економски реформи 2018 година

Образложение:	Програмата за економски реформи претставува кохерентен стратешки документ кој ја презентира националната економска политика на Република Македонија. Програмата се осврнува на остварените економски движења, ги претставува предвидувањата за наредниот тригодишен период, тригодишната фискална рамка и ги презентира клучните структурни реформи за поддршка на економскиот раст и конкурентноста на земјата. Преку изработка на оваа Програма, Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ ја применува праксата на интегрирано економско управување со цел, по зачленувањето, полесно да се премине во процесот на Европскиот семестар на ЕУ за водење на економските политики, како и да биде способна да се справи со конкурентските сили во Унијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.**
НПАА - поглавје и подрачје	**НППА II Економски критериуми, 3.17 Економска и монетарна унија**
Очекувани влијанија:	Со Програмата треба да се воспостави среднорочна макроекономска и фискална рамка, со агенда за структурни реформи, конзистентна со севкупните политики за обезбедување економски раст и конкурентност на земјата, како и подготовка за постепено интегрирање во мултилатералното фискално известување во контекст на ЕМУ (Европска монетарна унија).
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018-2024 година

Образложение:	Согласно член 53 став 6 од Закон за сточарството Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува седум годишна Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Одржливост и заштита на сите автохтони домашни животни во Република Македонија

Фискални импликации:	Има, средствата потребни за реализирање предвидени во Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година ќе се обезбедуваат од годишните Програми за финансиска поддршка во руралниот развој.
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

3. Предлог програма за проширена репродукција на шумите за 2018 година

Образложение:	Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/09, 24/11, 53/11, 25/13,79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија секоја година донесува Програма за проширена репродукција на шумите во која се дефинирани мерките и активностите што ќе се финансираат во тековната година од областа на шумарството, како што се: пошумувањето, негата на шуми и шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани дабови шуми, санирање опожарени шумски површини, заштита на шумите од биотски и абиотски фактори, обезбедување садници за пошумување на земјиште во приватна сопственост и др**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој и унапредување на шумарството
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на шумскиот фонд по површина и дрвна маса, подобрување на квалитетот на шумите, зголемување на отпорноста на шумите од негативни влијанија, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

4. Предлог програма за развој и унапредување на ловството и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2018 година

Образложение:	Врз основа на член 7 став (5) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија“ број 26/09, 82/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15 и 193/15), Владата на Република Македонија секоја година донесува Програма за развој и унапредување на ловството и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите, во која се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршители на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството и одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој и унапредување на ловството
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Ќе се овозможи изградба на простори за интензивно одгледување и застрел на дивечот, со што ќе се зголеми бројната состојба на дивечот, како и неговата квалитативна вредност. Исто така, од оградените простори, дивечот може да се населува и во отворениот дел на ловиштата
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

5. Предлог програма за семе и саден материјал во 2018година

Образложение:	Со Програмата за семе и саден материјал се овозможува запишување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, контрола над производството на сертифициран семенски и саден материјал, чување на семенски и саден материјал, имплементација на подзаконски акти од областа на семенски и саден материјал и нивно изготвување и усогласување со ЕУ законодавството.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со активностите ќе се воспостави контрола над произведениот сертифициран семенски и саден материјал од земјоделските растенија со единствена цел зголемување на приносот по единица површина, како и запишување на сорти кои се пуштаат во трговија. Целта на Програмата е зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи.
Фискални импликации:	Има, средствата за Програмата за семе и саден материјал ќе се обезбедат во Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

6. Предлог програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

Образложение:	Согласно член 7, став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува годишна Програма за финансиска поддршка во земјоделството заради спроведување на мерките и активностите согласно Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** Согласно индикативниот финансиски план за државна поддршка во земјоделството (2018-2022 година), за 2018 година планирана е државна поддршка која изнесува 100 милиони евра која ги опфаќа директните плаќања.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ниво на конкурентност преку развој на растителното и сточарското производство
Фискални импликации:	Има, предвидените средства со Програмата ќе се обезбедат согласно Буџетот на РМ за 2018 година.
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

7. Предлог програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

Образложение:	Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година се донесува согласно член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој, а во неа се опфатени инструменти, мерки и активности за спроведување на мерките, временски рок и финансиска рамка за нивно спроведување. Висината, мерките и активностите се програмирани со цел да бидат остварени

	политиките на рурален развој и државна помош во земјоделството, кои се насочени кон: поддршка на инвестиции во земјоделскиот сектор, во водостопанството и јавната инфраструктура и подобрување на животот во рурални средини; обезбедување стабилно производство на квалитетна храна; зголемување на конкурентната способност на земјоделството; обезбедување стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство; промовирање нови начини на организирање на локално ниво, преку основање јавни приватни партнерства (ЛАГ); поддршка на економско здружување на земјоделските производители во форма на земјоделски задруги; зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток; помош за вршење земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност; одржлив развој на руралните подрачја и кредитна политика и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Реструктурирање и модернизација на земјоделско-прехранбениот сектор со подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор и унапредување на квалитетот на земјоделски производи. Мерките од програмата за рурален развој се очекува да придонесат кон модернизација, специјализација и поголема пазарна ориентираност на производителите и преработувачите, намалување на производните трошоци, подобрување на продуктивноста на факторите за производство, зголемување на развојниот потенцијал во согласност со реалните компаративни предности и полесен пристап до финансиски средства за реализација на проектите поврзани со земјоделството и руралниот развој преку финансиските институции (банки и штедилници). Мерките треба да овозможат подобри инфраструктурни услови за живот и одвивање на економските активности во руралните средини, како и да помогнат во подобрување на структурата на секторот од аспект на концентрирање на понудата, намалување на старосната граница на учесниците во секторот, зголемување на просечната големина на земјоделското стопанство и намалување на фрагментираноста на земјишните парцели.
Фискални импликации:	Има, средствата за Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година ќе се обезбедат согласно, Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

8. Предлог програма за финансиска поддршка во рибарство и аквакултура за 2018 година

Образложение:	Согласно член 15 од Законот за рибарство и аквакултура и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува годишна Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата заради реализација на мерките предвидени во делот IX од законот и активностите утврдени Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 2012–2024 година. Согласно индикативниот финансиски план за државна

	поддршка во земјоделството за период 2018-2022 година, за 2018 година во рибарството е планирана државна поддршка која извесува 1,5 милиони евра или 0,1% од вкупната државна поддршка која ја опфаќа пазарно ценовната политика со мерки за директни плаќања и интервенции. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Трајно користење на рибите преку одржлив начин со реализација на мерките за финансиска поддршка во рибарството и зголемување на производство на риба во рибници преку овозможување на искористување на постоечки рибници и изградба на нови рибници, како и зголемување на прозводството по единица површина како и овозможување изградба на капацитети за преработка на риби.
Фискални импликации:	Има, предвидените средства со Програмата ќе се обезбедат согласно Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

9. Предлог уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

Образложение:	Согласно член 47, став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува годишна Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година заради спроведување на мерките и активностите согласно Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година. Согласно индикативниот финансиски план за државна поддршка во земјоделството (2018-2022 година), за 2018 година планирана е државна поддршка која изнесува 100 милиони евра која ги опфаќа директните плаќања. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ниво на конкурентност преку развој на растителното и сточарското производство
Фискални импликации:	Има, предвидените средства со Програмата ќе се обезбедат согласно Буџетот на Република Македонија за 2018 година.
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

10. Предлог методологија за изменување и дополнување Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите („Службен весник на Република Македонија“ број 156/11, 45/12, 19/13, 177/15 и 15/16)

Образложение:	Иницијативата што се предлага се базира на потребата за подобрување на постојното решение во насока на намалување на бројот на референтните земји за кои искуствата стекнати во досегашната примена покажаа дека во тие земји здравствените системи имаат утврдени повисоки цени на лековите.

	Со намалување на бројот на референтните земји би се постигнала поголема ефикасност во постапката на утврдување на максималните цени на лековите на големо. Истовремено, одделни решенија на постојниот пропис ја наметнаа неопходноста за надминување на одредени празнини забележани во практиката со примена на постоечката Методологија. Имено, со Методологијата не е пропишан начинот на утврдување на цената на големо на првиот нов генерички лек, односно на првиот нов биолошки сличен лек, коишто треба да бидат во одреден процентуален износ пониски по однос на соодветниот референтен лек, со кој се врши споредбата и пресметката на цената. Со предложеното ново решение би се постигнале пониски цени на првиот нов генерички и првиот нов биолошки сличен лек по однос на оригинаторот, по истекување на ексклузивноста во прометот на лекот на оригинаторот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети на Владата на РМ и приоритетна цел:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите промовирање на транспарентни реформи во медицинската сфера и создавање медиумски простор за непристрасно и објективно информирање на граѓаните создавање на стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Ефикасни и брзи постапки за утврдување максимални цени на лековите на големо, достапност до генеричките и биолошки сличните терапевтици до пациентите по разумни и прифатливи цени. Воведување транспарентна и интернационално потврдена методологија за утврдување на максималната цена на лековите на големо, со цел за натамошно формирање на цената на лекот на мало.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

11. Предлог оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година

Образложение:	Во Оперативниот план ќе се предвидат различни видови програми и мерки за вработување кои треба да поттикнат и поддржат вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, вклучувајќи ги и младите невработени лица. Покрај тоа ќе се предвидат и различни видови услуги кои треба да им се обезбедат на невработените лица од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија. При креирање на програмите и мерките ќе се има и регионалниот пристап, врз основа на претходна анализа за потребите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување**

Очекувани влијанија:	Намалување на стапката на невработеност кај повеќе целни групи на невработени лица (млади 15-29 години, лица со ниски квалификации, инвалидни лица, повозрасните и сл.) и подобрување на нивните вештини на пазарот на трудот.
Фискални импликации:	Има, за финансиските импликации планирани се 1.353.000.000 (една милијарда и 353 милиони денари). Средствата ќе се обезбедат од буџетот на МТСП и Агенцијата завработување на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

12. Предлог програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за 2018 година

Образложение:	Програмата е законска обврска на Агенцијата, согласно Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 77/09, 24/11 и 43/14) и е услов за користење на средства од Буџетот, согласно законот за извршување на Буџетот на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови енергија и енергенси
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Со реализација на Програмата за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви ќе се овозможи редовно обновување на стоковните резерви, со што Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со квалитетни стоки за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи, како и поголемо нарушување на пазарот
Фискални импликации:	Има, финансиските средства се делумно обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 и дел од средствата се обезбедени од сметката за самофинансирачки активности на Агенцијата за стоковни резерви
Предлагач:	**Агенција за стоковни резерви**

13. Предлог програма за едукација и превенција од детски бракови, наменета за социјални, здравствени, правни и образовни стручни лица/практичари, НВО и различни етнички заедници за 2018 година

Образложение:	Детските бракови се општествен феномен кој штетно влијае на животите на младите индивидуи. Притоа, се создава круг од повреди на правата дефинирани во меѓународната и националната законска регулатива. Појавата се забележува и меѓу момчињата, но особено се одразува врз девојчињата со што детските бракови добиваат и родова димензија. Потребно е да се води отворена дискусија за овој феномен за кој досега општеството стравуваше да говори заради потенцијалната етничка стигматизација, а со тоа и дискриминација на веќе маргинилизираните граѓани. Прашањето е поврзано со децата кои не се доволно зрели самостојно да носат одлуки и во таа смисла државата преку законските одредби и постапувања на институциите треба да ги заштити нивните права и најдобар интерес. Согласно Стратегијата за подобрување на сосјтобата на Роми во Република Македонија **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите во Македонија

НПАА - поглавје и подрачје	**3.23 Правосудство и фундаментални права** **3.19.5 Социјална вклученост**
Очекувани влијанија:	Подобрен процес на образование, општествена интеграција, здравствена заштита, вклучување на пазарот на трудот и родова еднаквост на младите индивидуи што ќе се рефлектира со намалена сиромаштија, семејно насилство и рана бременост. Овозможување еднаквост за состојбата односно надминување на етнички стереотипи во контекст на човековите права од сите засегнати страни, меѓу кои државата, граѓанскиот сектор и меѓународните организации.
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

Б) Материјали

1. Информација за одбележување на 25-годишнината од воспоставување дипломатски односи со Република Албанија, Босна и Херцеговина и Република Бугарија

Образложение:	Одбележувањето на 25-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Република Албанија, Босна и Херцеговина и Република Бугарија ќе претставува уште една потврда на одличните билатерални односи, како и презентација на нашата земја како фактор на мирот и стабилноста во Регионот, кооперативност, толеранција и дијалог**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Очекуваме позитивни ефекти од земјите од Регионот, земјите членки на НАТО, ЕУ и САД
Фискални импликации:	Има, во рамки на Буџетот на МНР и Владата на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Информација за одржување на Трета заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија

Образложение:	Со одржувањето на претходните две заеднички седници на владите на двете земји е демонстрирана определбата за градење добрососедство, унапредување на соработката преку реализација на конкретни проекти и динамизирање на дијалогот на сите нивоа во функција на обезбедување стабилен развој на двете земји. Одржувањето на Третата меѓувладина седница ќе ги потврди таквите заложби на двете земји како и нивната

	европска агенда. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Очекуваме позитивни ефекти во насока на унапредување на севкупната соработка, особено во областа на економијата, енергетиката и инфраструктурното поврзување
Фискални импликации:	Има,во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

3. Информација за одржување на Прва заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово

Образложение:	Одржувањето на заеднички седници на владите на две земји претставува позитивна форма и ефикасен инструмент за интензивирање и подобрување на билатералните односи и соработка со други држави. Со одржувањето на меѓувладината седница на Владите на Република Македонија и на Република Косово, ќе бидат демонстрирани заложбите за унапредување на соработката преку реализација на конкретни проекти и динамизирање на дијалогот на сите нивоа во функција на натамошно градење на добрососедските односи и спроведување на европската агенда на регионот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Очекуваме позитивни ефекти во насока на унапредување на севкупната соработка, особено во областа на економијата, енергетиката и инфраструктурното поврзување
Фискални импликации:	Има,во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

4. Информација за спроведените активности за промоција на концептот на општествена одговорност на претпријатијата преку доделување на награда за најдобри општествено одговорни практики во 2017 година

Образложение:	Националната награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија е воспоставена во 2007 година и се додели десетта година по ред. Целта на наградата е да промовираат позитивни практики на општествено одговорно делување и да се даде инспирација за воведување и натамошно унапредување на општествената одговорност кај претпријатијата во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките на општествена одговорност, недискриминација, зголемена

	ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**НППА 20: Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Со доделување на наградата се промовираат позитивни практики на општествено одговорно делување. Вооедно сите претпријатија чии апликации се добитници на награди имаат право на користење на знакот на Координативното тело за ООП, што може да го употребуваат на своите печатени материјали и да го објават на своите веб-страници. Нивните имиња и проекти понатаму се промовираат при различни едукативни и промотивни активности на националното Координативно тело за ООП и на Министерството за економија, во нашата земја и надвор од неа. Со тоа, се унапредува концептот на општествена одговорност и истиот станува составен дел на работењето на деловните субјекти во Република Македонија, по примерот на европските земји. Со него тие директно ја подобруваат сопствената конкурентност на глобалниот пазар, ја зголемуваат додадената вредност на нивните производи и услуги, го подобруваат угледот и имиџот на претпријатијата, односите со добавувачите, потрошувачите и потенцијалните инвеститори, ги мотивираат своите вработени и работат на долгорочен успех во бизнисот.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

5. Информација за финансирање на проектот за воспоставување систем за интегрирано управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион кој треба да се финансира од ИПА 2014-2020

Образложение:	Информацијата се предлага за да се запознае Владата на Република Македонија за проектот кој треба да се финансира од ИПА 2014-2020 во областа управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој**. Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и клима 2014-2020**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со реализацијата на проектот се очекуваат позитивни влијанија со тоа што сегашните проблеми со управувањето со отпадот во двата региони ќе се решат
Фискални импликации:	Има финансиски импликации за Буџетот на Република Македонија заради националното кофинансирање на проектот согласно правилата за искористување на ИПА средства.
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

6. Информација во врска со изработка на систем на квалитетни статистички информации за интеграцијата на Ромите во Република Македонија

Образложение:	Во моментов не постои официјален и усогласен мониторинг метод врз основа на кој ќе се генерираат индикатори по сите области опфатени со Стратегијата за Роми, што ја оневозможува евалуацијата, а со тоа и имплементацијата на предвидените активности/програми. Истото е препорачано и забележано од сите европски агенции и фондации, меѓу кои најзначајни се Агенцијата за фундаментални права (Европска комисија) и Интеграција на Роми 2020, (Иницијатива е кофинансирана од Европска Унија и Фондацијата „Отворено Општество"). Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23Правосудство и фундаментални права** **3.19.5 Социјална вклученост**
Очекувани влијанија:	Редовно известување како пред домашните така и пред меѓународните фактори за состојбата со ромската заедница во Република Македонија – пристап базиран на докази и координирана институционална отчетност за прогресот; Овозможени услови за доследна и транспарентна ревизија на државните заложби/политики насочени кон постигнување еднаквост и позитивна дискриминација кон најмаргинализираната и ранлива категорија на граѓани
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата за 2018 година

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесување на оваа Програма се воспоставува законска рамка за начинот на земање примероци, утврдување на лабораториските анализи, утврдување на количината на хранливите елементи во ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата
Фискални импликации:	Има, потребните финансиски средства за реализација на оваа Програма се дефинирани со Буџетот на Република Македонија за 2017 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

2. Предлог програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство за 2017 година

Образложение:	Врз основа на член 42-а, став (5) од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13, 10/15, 129/15 и 39/16), фитосанитарната управа доставува извештај за реализација на Програма за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство до Владата на Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со програмата за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство за 2017 година се обезбедува висок степен на заштита на потрошувачите по однос на квалитетот на примарните земјоделски производи.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

3. Предлог програма за фитосанитарна политика за 2018 година

Образложение:	Врз основа на член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15 и 39/16). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Врз основа на член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15 и 39/16)
Фискални импликации:	Има, потребните финансиски средства за реализација на оваа Програма се дефинирани со Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

4. Предлог програма за рамномерен регионален развој за 2018 година

Образложение:	Документот се донесува од Владата на Република Македонија во согласност со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Во Програмата за рамномерен регионален развој вкупните средства за поттикнување рамномерен регионален развој се распределуваат по намени, во согласност со одредбите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/07,187/13, 43/14 и 215/15). Во таа смисла, во програмата се определуваат износи на средства за тековната година наменети за финансирање на задачите и активностите на центрите за развој на планските региони, за проекти за регионален развој како и средства за имплементирање на проекти врз основа на склучени договори со регионалните институции и донатори од меѓународната донаторска заедница во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, активностите поврзани со имплементација на Акциониот план се реализираат во рамки на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

5. Предлог програма за инвестирање во животната средина за 2018 година

Образложение:	Програмата за инвестирање во животната средина ја реализира Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 172 од Законот за животна средина. Со Програмата се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за тековната година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на нивото на инвестиции во животната средина
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со Програмата се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина и тоа за: заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите; поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата; реализирање на обуки на ЕЛС за спроведување на законите од областа на животната средина; средства за едукација и обука на државните службеници; изработка на проектна документација за интегрирано управување со отпад (селектирање, собирни центри, преработување на отпадот и отстранување на отпадот и др); Поддршка на подготовка и/или имплементација на проекти за собирање, селектирање и преработување на отпадот; реализирање проекти за санирање депонии за комунален отпад; заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите (изработка на техничка документација); реализација на проекти за водоснабдување и третман на отпадни води и др
Фискални импликации:	Има, средствата за реализирање на Програмата се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животна средина, во износ од 122.000.000,00 денари за 2015 година
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

6. Предлог програма за мониторинг на безбедноста на храната за животни за 2018 година

Образложение:	Со програмата за мониторинг на безбедноста на храната за животни се врши мониторинг на безбедноста на храната за животни заради откривање присуство на резидуи, контаминенти и недозволени или непожелни супстанции, суровини и производи во храната за животни. Оваа програма се применува во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, освен на примарното производство наменето за сопствени потреби во домаќинството и има за цел утврдување на одредени несообразности по однос на прописите за безбедност на храната за животни. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика**
Очекувани влијанија:	Со донесување на програмата за безбедност на храната за животни се обезбедува следење и континуиран надзор над безбедноста на храната за животни
Фискални импликации:	Има, Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а ќе се користат преку Програмата за користење средства за ветеринарно јавно здравство за тековната година
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Б) Материјали

1. Информација за продолжување на процесот за Мерките за градење доверба (МГД) помеѓу Република Македонија и Грција

Образложение:	Иницијативата е во контекст на севкупните заложби за градење добрососедска политика. Се очекува имплементацијата на МГД да доведе до создавање поволна клима, како предуслов за натамошна дискусија по историски прашања (прашањето околу името), што би водело кон нормализирање на политичките односи со Грција, како и отворање на европските и евро-атлантските перспективи на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Со оглед на актуелната состојба, иницијативата може да биде придонес во насока на унапредувањето на односите со Грција, без негативни влијанија.
Фискални импликации:	Има, во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма за научно-истражувачката дејност за 2018 година	
Образложение:	Програмата ќе претставува основа за финансирање на активностите од научно-истражувачката дејност во Република Македонија. Активности кои ќе се финансираат: програмите на јавните научни установи и единици насочени кон науката при државните универзитети, научно-истражувачки проекти (национални и билатерални), организирање научни собири, учество на научни работници од Република Македонија на научни собири во странство, студиски престои на научни работници од Македонија во странство, објавување научни трудови во странски научни списанија со импакт фактор, стипендирање на млади научно-истражувачки кадри-магистерски и докторски студии во земјата и странство,техничка култура и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на квалитетот на научно-истражувачката дејност во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Интензивирање и унапредување на научно-истражувачката дејност на Република Македонија, подигање на квалитетот во високото образование и науката, што ќе допринесе за зголемување на економскиот развој на земјата.
Фискални импликации:	Има, предлог-буџетот од Министерството за образование и наука за 2018 година, Програмата е 95.000.000 денари
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Предлог програма за унапредување на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година	
Образложение:	Преку Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на ученичкиот стандард на учениците кои користат сместување и исхрана во ученичките домови во Република Македонија, како и унапредување на системот на стипендирање на учениците во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешка цел:** подобрување на ученичкиот стандард
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на ученичкиот стандард
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2018 година во програма 50
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог програма за унапредување на дејноста на студентскиот стандард за 2018 година

Образложение:	Преку програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2018 година ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на студентскиот стандард на студентите кои користат сместување и исхрана во студентските домови во Република Македонија, како и на студентите кои се стипендирани од Министерството за образование и наука. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: подобрување на студентскиот стандард
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на студентскиот стандард
Фискални импликации:	Има,средствата се обезбедуваат од Буџетот на Министерство за образование и наука за 2018 година, Програма 60
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

4. Предлог програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2018 година

Образложение:	Преку програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2018 година, се очекува подобрување на просторните услови во кои учат учениците во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на ученичкиот стандард
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрен ученички стандард во основното образование
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

5. Предлог програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018 година

Образложение:	Преку програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018 година, се очекува подобрување на просторните услови во кои учат учениците во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на ученичкиот стандард
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрен ученички стандард во средното образование
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог годишна програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2018 година

Образложение:	Обврската за доставување на Годишната програма за реализација на СП на АКН за 2018 година произлегува од членот 4 став 3 од Законот за катастар на недвижности според кои „Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува Агенцијата на која согласност дава Владата на Република Македонија“.Годишната програма за реализација на СП на на АКН содржи податоци за видот и обемот на работите, средствата потребни за нивна реализација, како и изворите на средства на следните активности: подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности; одржување современа геодетска референтна инфраструктура; воспоставување и ставање во примена ETRS89 координатен систем; изработка на среднoразмерни и ситноразмерни топографски карти и наменски карти; ласерско скенирање на целата територија на Република Македонија (LIDAR); премер на инфраструктурни објекти во сопственост на Република Македонија и нивно запишување во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности; НИПП-активности во Република Македонија; воспоставување графички регистар за улици и куќни броеви (адресен регистар); воведување регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и повеќе **приоритетни цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава и други.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Возобновување на професионалноста и законитоста при просторното, урбаното планирање и геодетската дејност низ транспарентно и хумано планирање на просторот и развојот на градовите, дополнителни финансиски стимулации во тарифите на Агенцијата за катастар, имплементирање на трите основни електронски регистри: регистарот на граѓани, адресниот регистар и регистарот на просторни податоци, запишување на државното земјиште кое останало со незапишани права заради давање на користење на неикористени парцели, државно земјиште на фирмите што ќе инвестираат, годишно зголемување за 10% на бројот на институции коишто ги следат препораките на пристап за отворени податоци (Open Data Approach). Очекувани влијанија се следниве: 1. Подобрување на квалитетот на податоците во ГКИС ќе се изврши усогласување на податоците за катастарските парцели и носителите на правата на недвижностите преку систематско излагање на податоците за

недвижностите кои биле пописен катастар-ажурирање по службена должност, поединечно излагање на податоците по барање на странка и унифицирање на податоците во катастарот на недвижности. Со програмата за унифицирање на податоците во катастарот на недвижности треба да се подобри квалитетот на податоците во семантички аспект што треба да опфати стандардизација на записите во катастарот на недвижности во делот на лични и адресни податоци; 2. АКН ќе продолжи со реализација на активности поврзани со надградба на геодетската референтна инфраструктура и нејзино усогласување со современите меѓународни стандарди. АКН ќе работи на создавање предуслови за воведување во официјална употреба на европскиот ETRS89 координатен систем во Република Македонија којшто нашата земја е должна да го имлементира, како кандидат за членство во ЕУ; 3. АКН ќе ја комплетира изработката на дигитални средноразмерни и ситноразмерни топографски карти, во размер 1:100000, 1:200000, 1:500000 и 1:1000000, со што ќе се заокружи сетот на топографски карти за територијата на Република Македонија во сите основни размери; 4. Целта на ортофото снимање и ласерско скенирање на целата територија на Република Македонија е да се изготват нови прецизни дигитални ортофото карти и висински модел на теренот коишто ќе најдат широка примена во геодезијата, катастарот, урбанизмот, земјоделството, заштитата на животната средина, кризниот менаџмент, одбраната и во др. области каде што се користат геопросторни податоци. Се очекува проектот да започне во текот на 2018 година; 5. По воспоставување на системот за запишување на инфраструктурните објекти создадени се правни и технички услови за запишување/одржување на сите типови инфраструктурни објекти од областа на: сообраќајна инфраструктура, водоводна (примарна и секундарна мрежа) канализациска, енергетска, електронско – комуникациск и друг вид инфраструктура. Со запишувањето на наведената инфраструктура, ќе се добие јасна слика за целокупната инфраструктура во сопственост на Република Македонија со што ќе се олесни планирањето на идните инфраструктури; 6. Националната инфраструктура на просторни податоци овозможува подобрено планирање и донесување одлуки, подобрено управување на национално и локално ниво, поддршка на концептот на е-влада, развој на веб-услуги наменети за граѓаните, побрз одговор на итни ситуации; 7. Воведувањето на графички регистар за улици и куќни броеви (Адресен регистар) ќе овозможи воведување на стандарди поврзани со адресите и куќните броеви, нивен графички приказ, можност за пребарување и идентификација на улиците, зградите и становите во просторот; 8. Врз основа на изработена студија АКН во иднина планира да воспостави скен центар во кој ќе се врши скенирање на сите архивски документи од трајна вредност кои се во хартиена форма, со што ќе го забрза процесот на решавње предмети во АКН; 9. Формирањето регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба би бил тесно поврзан со регистерот на цени и закупнини и графичкиот регистар на улици и куќни броеви, како дел од ГКИС, од причина што дел од недвижнотсите од регистарот на преземен недвижен имот ќе бидат предмет на обработка во Регистарот на цени и закупнини. Почетното воспоставување на регистарот би значело доставување на сет на податоци со кои располагаат банките, штедилниците, УЈП, Агенцијата за управување со одземен имот и др. финансиски субјекти. Сетот на податоци ќе биде потребно со единствен идентификатор да се поврзе со соодветните податоци од ГКИС, дефиниран со протокол за воспоставување почетна состојба

Фискални импликации: Има, средствата за реализација на активностите од Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за

	2018 година ќе се обезбедат од Буџетот на АКН, а дел ќе се финансираат преку средства од достапните фондови на ЕУ и други финансиски меѓународни организации
Предлагач:	**Агенција за катастар на недвижности**

Б) Материјали

1. Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет

Образложение:	Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на Република Македонија за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет за изминатата година. Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на Буџетот не можеле да бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не може да надмине 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосна имплементирање на концептот отворено општество
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел да се утврдат намените за кои се користат средствата од резервите и да се изнајдат начини како би се подобрило буџетското планирање, со што во иднина би се избегнало нивно користење за секакви намени кои не се непредвидливи и можат да бидат опфатени со иницијалниот Буџет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Информацијата за реализирани активности во 2017 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година

Образложение:	Информацијата произлегува од член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15 и 152/15), според кој министерот за економија еднаш годишно ја известува Владата на Република Македонија за спроведувањето на Програмата за заштита на потрошувачите**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста и социјална заштита на најранливите категории, пред сè преку натамошно подобрување на деловно окружување и креирање еднакви

	можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси.
НПАА - поглавје и подрачје	**НПАА 3.28 – Поглавје Заштита на потрошувачите и јавно здравје**
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информира за реализираните активности во 2017 година од Програмата за заштита на потрошувачите.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Информација за активностите за изработка на среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија

Образложение:	Стратегијата ќе обезбеди континуитет на националната политика во оваа сфера која беше воспоставена во 2008 година и формулирана во Националната агенда за ООП 2008–2012 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките на општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**НППА 20: Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Со изработка на Стратегијата ќе се овозможи промовирање на одржлив деловен раст, кој поттикнува социјална инклузија и спречува деградација на животната средина, преку унапредување на свесноста за значењето на општествената одговорност, континуирано развивање на капацитетите и одржување на поволен амбиент за развој на општествената одговорност. Покрај тоа, ќе се овозможи да се следат и применат ЕУ политиките во оваа област
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

4. Информација за имплементација на Стратегијата за вработување 2016-2020 година

Образложение:	Во изминатиот период во соработка со Меѓународната организација на трудот, Светска Банка, УНДП и Европската комисија се изработи Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020, документ во кој се содржани среднорочните и долгорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот кои се однесуваат на периодот од 2016 до 2020 година, од аспект на макроекономските политики, микроекономските политики и политиките за вработување на пазарот на трудот. Согласно планираната динамика за реализација на поставените цели, предвидено е да се направи прв меѓупериодски извештај на Стратегијата за да се констатира динамиката на реализација на предвидените цели, потребата од исклучување на некои активности и цели или воведување нови активности и цели. Извештајот е планирано да се подготви до крајот на 2017 година. По подготовка на

	извештајот ќе се почнат активности за подготовка на нов Акциски план за вработување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија **и повеќе приоритетни цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите на економијата; ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување достапност на ИПА средства за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување; зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Евроспката Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ;
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд и Ц3 Ефикасна и ефективна имплементација на претпристапната помош (IPA) во секторот „Вработување, образование и социјална политика“ и евалуација на политиките за вработување.**
Очекувани влијанија:	Со Информацијата за имплементација на Стратегијата за вработување 2016-2020 година ќе се констатира динамиката на реализација на предвидените цели, потребата од исклучување на некои активности и цели или воведување нови активности и цели за остварување раст и креирање на работни места.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

5. Информација за прогресот на активностите во врска со проектот – Изградба и проширување на канализациона мрежа во Куманово

Образложение:	Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој. Информацијата е поврзана со ИПА Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 година
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија со тоа што ќе се запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активнистите за спроведувањето на проектот.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

6. Информација за прогресот на активностите во врска со проектот – Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Радовиш

Образложение:	Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија за прогерсот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина во функција на исполнување на принципите на неодржливиот развој. Информацијата е поврзана со ИПА Оперативната програма за регионален развој 2007-2013година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија со тоа што ќе се запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активностите на спроведувањето на проектот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

7. Информација за прогресот на активностите во врска со проектот – Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Кичево

Образложение:	Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија за прогерсот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина во функција на исполнување на принципите на неодржливиот развој. Информацијата е поврзана со ИПА Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија со тоа што ќе се запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активностите на спроведувањето на проектот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

8. Информација за прогресот на активностите во врска со проектот – Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Струмица

Образложение:	Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија за прогерсот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина во функција на исполнување на принципите на неодржливиот развој. Информацијата е поврзана со ИПА Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија со тоа што ќе се запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активностите на спроведувањето на проектот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

9. Информација за прогресот на активностите во врска со проектот – Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Берово

Образложение:	Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија за прогерсот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување на квалитетна животна средина во функција на исполнување на принципите на неодржливиот развој. Информацијата е поврзана со ИПА Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија со тоа што ќе се запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активностите на спроведувањето на проектот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

10. Годишен извештај за степенот на реализација на Националната стратегија за млади 2016-2025 година

Образложение:	Националната стратегија за млади 2016-2025 година беше усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 2.2.2016 година, во која се опфатени следниве приоритетни области: образование, вработување и поддршка пред вработување, квалитет на живеење, здравство и превенција, партиципација на младите, младинско информирање, култура, спорт и локална младинска работа. Во согласност со задолжувањето на Владата сите министерства и сите органи на управа имаат обврска на секои шест месеци доставуваат извештај за реализираните активности од стратегијата до Агенција за млади и спорт, а Агенцијата за млади и спорт за секоја календарска година да доставува интегриран извештај до Владата на Република Македонија за степенот на реализација на НСМ. По однос на фискалните импликации во Буџетот на Република Македонија, согласно мислењето и препораките на Министерство за финансии, Националната стратегија за млади (2016-2025) не предвидува дополнителни зафати во буџетот на Република Македонија, покрај средствата кои веќе се предвидени во рамки на постојните буџети на Министерствата и Агенцијата за млади и спорт.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Ефикасно користење на државните ресурси во реализација на програми за млади, преку нивна координација и обезбедување на неопходниот меѓусекторски пристап и соработка
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма и приоритети на Претседавањето на Бугарија со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија	
Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за Бугарското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Информирање на Владата на Република Македонија за неформалните министерски состаноци на ЕУ за време на Бугарското претседателство со Советот на ЕУ. Негативно влијание нема.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

Б) Материјали

1. Информација за Финансиски спогодба за ИПА 2017 година	
Образложение:	Обезбедување на овластување од Владата на Република Македонија за склучување на Финансиските спогодби**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите; Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

2. Информација за одржување конференција на тема: „Практични искуства од досегашната имплементација на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи и донесување на иницијатива за негова измена и дополнување“

Образложение:	При донесувањето на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи во 2007 година, Венецијанската комисија како највисоко законодавно тело при Советот на Европа ги даде своите забелешки за неговата усогласеност со Европската конвенција за човекови права во поглед на исполнувањето на голем дел од меѓународните барања за заштита на слободата на религијата или уверувањата и обезбедувањето на позитивна рамка за нејзино вршење и практикување. Сепак, Венецијанската комисија констатираше дека поголемиот дел од прашањата и понатаму остануваат отворени. За таа цел неопходно е да се отвори дискусија на една поширока основа на која ќе бидат разгледувани прашањата поврзани со досегашната имплементација на Законот за правната положба на цркви, верски заедници и религиозни групи, ќе бидат разменувани различни искуства од актуелните проблеми со кои се соочуваат верските заедници и ќе бидат изнесени нови предлози и сугестии во насока на негово подобрување. На конференцијата која е планирана да се одржи во хотел „Сириус“, Струмица и да трае три дена, ќе бидат поканети претставници од црквите, верски заедници и религиозни групи во Република Македонија, домашни и странски експерти за човекови права, како и претставници од соодветните органи на државната управа. Конференцијата зад себе ќе остави записници, заклучоци, анализи, препораки кои понатаму во една демократска атмосфера би послужиле како основа со која ќе се иницира покренување постапка за измена и дополнување на одделни одредби од Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи во насока на негово подобрување и во согласност со европските регулативи. Исто така неопходно е да се нагласи одредбата според која Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ќе има поголеми ингеренции во следењето на дејствувањето на црквите, верските заедници и религиозни групи и нивните односи со државните органи. На пример добро би било да се одредат критериуми (врз основа на претходно направениот попис) според кој ќе се регулира бројот на верски објекти во населените места.да се разгледа можноста пред да се даде одобрение за изградба на нов верски објект, задолжително да се побара претходна согласност од Комисијата за односи со верските заедниции религиозни групи **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** преземање мерки во согласност со сите цивилизациски придобивки на меѓународен и регионален план, да не се дозволи на кој било граѓанин на Република Македонија да му се оспорува неговата религиозна, јазична, културна, етничка, родова или друга определба
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.23 Правосудство и фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Создавање соодветна рамка за сегашното и идното практицирање на релевантните права во согласност со меѓународните стандарди како што се интерпретирани од Европскиот суд за човекови права; Хармонизација на домашното законодавство со европската и меѓународната легислатива во областа на верските права и слободи

Фискални импликации:	Има, средствата кои се потребни на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за организирање и одржување на Конференцијата не се обезбедени и истите е потребно да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2018 година

Образложение:	Согласно член 70-в од Законот за културата, Владата на Република Македонија дава согласност на годишната програма на Министерството за култура за изгрдаба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Реализација на Програмата со цел за подобрување на инфраструктурните услови на установите од областа на културата
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за култура**

Б) Материјали

1. Информација за изградба на културно-образовен центар со нов театар и библиотека во Тетово

Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за начинот и текот на постапките за изградба на објектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Изградба на објектот

Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за култура**

2. Информација за реконструкција на објектот на НУ Албански театар во Скопје

Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за начинот и текот на постапките за реконструкција на објектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Реконструкција на објектот
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за култура**

3. Информација за изградба на „Стар театар“ во Струмица

Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за начинот и текот на постапките за изградба на објектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Изградба на објектот
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за култура**

4. Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година (полугодишен извештај за периодот јуни-декември 2017 година)

Образложение:	Врз основа на член 57, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и заклучок по точка 45 од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 6.7.2016 година, заменик министерот за информатичко општество и администрација донесе Решение за формирање работна група со сите чинители за спроведување на Третиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018

	година. Согласно решението Министерството за информатичко општество и администрација изготвува полугодишен извештај за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и истиот го доставува до Владата на Република Македонија на разгледување и утврдување и истиот се објавува на порталот е-демократија (www.e-demokratija.mk). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Работата на отворена Влада е континуирана заложба и имплементацијата на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отвореното владино партнерство, Владата на Република Македонија се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста. Следење на процесот на реализација на Третиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година во кој се дефинирани 100 достигнувања, 34 заложби разработени во осум приоритетни теми: партиципативно креирање политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување на корупција и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност), отвореност на локално ниво, јавни услуги и климатски промени и презентација на резултатите од заедничката соработка помеѓу институциите и граѓанските организации во спроведување на мерките со препораки со кои можат да се подобрат целите зацртани во Акцискиот план произлезени од Декларацијата за отворено владино партнерство
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма за унапредување на животната средина во 2018 година

Образложение:	Со оваа Програма се утврдува намената на средствата утврдени на Раздел 121.01-Министерство за животна средина и просторно планирање, Потпрограма С1-Унапредување на животна средина и тоа средства од донации. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Исполнување на обврска согласно член 52 од Законот за извршување на Буџет
Фискални импликации:	Има, потребните средства за оваа Програма се обезбедени преку разни донации, за кои министерството има отворено посебни донаторски сметки за секој проект поединечно
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Предлог програма за инвестиции во животната средина за 2018 година

Образложение:	Со оваа Програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, Потпрограма 21-Инвестиции во животна средина**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Исполнување на обврска согласно член 26 од Законот за извршување на Буџет
Фискални импликации:	Има, потребните средства за оваа Програма се обезбедени во Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Б) Материјали

1. Информација за „Отстранување на техничките и економските бариери за започнување на ремедијацијата на локациите контаминирани со α- HCH, β-HCH и линдан во ОХИС“

Образложение:	Иницијативата се однесува на активностите поврзани со имплементацијата на проектот „Отстранување на техничките и економските бариери за започнување на ремедијацијата на локациите контаминирани со α- HCH, β-HCH и линдан во ОХИС“.**Финансиски импликации:** вкупната вредност на проектот изнесува 15.500.000 УСД, од кои 3.100.000 се обезбедени од Глобалниот фонд за животна средина (GEF), а 12.400.000 УСД (6.125.000 УСД in-kind контрибуција и 6.125.000 УСД cash) се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија согласно Заклучокот донесен на 125-та седница на Влада на Република Македонија одржана на 12.3.2013 година. Средствата во висина од 11.000.000 МКД се побарани во предлог-буџетот на Република Македонија за 2018 година како локална контрибуција одобрена со горенаведениот заклучок. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** натамошно зголемување на инвестиции во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско јаглероден раст и развој
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Редукција на влијанијата врз животната средина преку елиминација на 10.000 отпад што содржи HCH
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Информација во врска со иницијативата за подготвување на нов просторен план на Република Македонија

Образложение:	Просторниот план на Република Македонија претставува устав во планирањето на просторот. Планот кој е сè уште во сила е со важност до 2020. За да се изработи нов просторен план потребно е да се отпочне со негова изработка од наредната 2018 год. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** усвојување плански решенија и нивното усогласување со определбите на новиот просторен план на Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Следење на состојбата со спроведување на просторниот план на Република Македонија и спроведување на Законот за спроведување на просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 39/04)
Фискални импликации:	Има, средствата за изработка на новиот просторен план на Република Македонија ќе се обезбедуваат преку Буџетот на МЖСПП, Годишна програма за изработка на просторни планови
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

ФЕВРУАРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Информација за потреба од зголемување на бројот на државните правобранители и донесување одлука за изменување на Одлука за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија

Образложение:	Заради зголемениот обем на работа на Државното правобранителство на Република Македонија, а имајќи ја предвид и структурата на именуваните државни правобранители со истовремена примена на принципот со соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РМ**: целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и **приоритетна цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, како темелни реформи за владеење на правото и изградба на независни институции.
НПАА – поглавје и подрачје	**Работната група 23-Правосудство и фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна и пред сè ефикасна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, исполнување на Уставните определби за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, а со тоа имплементирање на усвоената Стратегија за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата не се обезбедени и треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Државно правобранителство на Република Македонија**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог уредба за измена и дополнување на Уредбата за начинот и постапката за користење финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020 година

Образложение:	Поради потребата од номотехничко подобрување на текстот на Уредбата како и потребата од внесување одредени одредби согласно наоди од страна на ревизори на Европската комисија и усогласување со најавените измени на ИПАРД Програмата 2014-2020 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетна цел:** обезбедување повисоко ниво на апсорпција на средствата од инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансисрани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Попрегледен и поразбилив текст на Уредбата како целина, како и отстранување одредени слабости и недоследности во правните решенија забележани од страна на ревизорите на Европската комисија и усоглагласување со измени на ИПАРД Програмата
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

2. Предлог одлука за утврдување на видот и количината на лекови и медицински помагала во стоковнит ерезерви

Образложение:	Обврската за донесување на Одлуката за утврдување на видот и количината на лекови и медицински погала во стоковните резерви произлегува од член 8 став 6 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 77/09, 24/11 и 43/14). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Агенцијата за стоковни резерви да располага со лекови и медицински помагала по структура и количини соодветни за современиот начин на живеење, со кои може да се интервенира во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за стоковни резерви**

Б) Материјали

1. Информација за потребата од одржување и зголемување на борбената готовност на Армијата на Република Македонија

Образложение:	Борбената готовност на АРМ е базирана на состојбата на персоналот, обуката и опремата и истата мора да се одржува на рамниште кое ќе гарантира успешно извршување на мисиите на единиците. На борбената готовност влијае пополнетост со персонал, квалитет на обуката и пополнетост со опремата на командите и единиците на АРМ. АРМ има развиено посебен систем кој овозможува одржување и зголемување на борбената готовност, односно изработени се и ставени во функција соодветни упатства со кои се дефинирани постапки и е равиена соодветна методологија за следење,

	анализа, контрола, проверка и оценување на борбената готовност. Во изминатиов период одржувањето на средствата, опремата, борбените и неборбените возила со кои се пополнети единиците на АРМ не се вршеше соодветно поради недостиг на финансиски средства и истото негативно влијаеше на мобилноста на единиците на АРМ и на нивната ефикасност за извршување на задачите. Со стратешките документи на Република Македонија беше определен соодветен процент на буџетски средства за одбраната, а истото не е почитувано, односно спротивно на тоа вршено е континуирано намалување на буџетските средства за одбраната и истото во изминатиот период негативно влијаеше на борбената готовност на АРМ во сите области (персонал, опрема, обука). **Иницијативата има финансиски импликации:** иако редовно се планираат финансиските средства за одржување на борбената готовност истите континуирано се намалуваат што има негативно влијание на борбената готовност. За да се обезбеди соодветен статус на борбената готовност на АРМ мора да се обезбедат механизми со кои ќе се реши финансирањето на АРМ, односно истото треба да биде определено со стратешките документи на Република Македонија и со законите, така што ќе се определи соодветен процент на буџетските средства за одбраната во согласност со преземените обврски на Република Македонија за членство во НАТО. Определениот процент на буџетските средства за одбраната мора да се почитува при донесувањето на Буџетот на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** одобрување на буџетски средства од програмата 2 на АРМ ќе се овозможи одржување на борбената готовност на АРМ и реализација на Планот за опремување и модернизација со што ќе се создадат услови за зголемување на борбената готовност на АРМ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со воспоставување на систем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната АРМ ќе може да се одржува и зголемува борбената готовност на своите капацитети со што ќе се остварат стратешките приоритети на Република Макеоднија за членство во НАТО и ЕУ, а Владата на Република Македонија ќе располага со соодветни капацитети на АРМ опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање како сили за асистенција на државните институции во случај на кризна и вонредна состојба во Република Македонија
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Информација за подготовка на програма за десегрегација во основните училишта

Образложение:	Учениците Роми сè уште искусуваат сегрегација во образованието во различни форми: 1. учениците кои не припаѓаат на ромската популација се запишуваат во училишта надвор од планот за реонизација бидејќи не сакаат да посетуваат училиште каде има значителна ромска ученичка популација; 2. учеството на ромките ученици во специјално образование е 30%, а од нив 73% се деца со лесна попреченост, најчесто едукативно запоставени. Кабинетот на министерот без ресор нè располага со информации за тоа колку деца се рекатегоризирани од 2014 година досега и колку се успешно вклучени во

	редовно образование. (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година) **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23 Правосудство и фундаментални права; 3.19.7 Антидискриминација и еднакви можности**
Очекувани влијанија:	Подобрување на стандардот и положбата во општеството на Ромите; инклузивно образование со што ќе се овозможи интеграција на ученици од специјално образование во редовно, од сите етнички заедници, не само Роми
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

3. Информација за одбележување на светскиот ден на Ромите 8 Април

Образложение:	На 8 Април се одбележува светскиот ден на Ромите во чест на првиот Светски конгрес на Ромите, одржан од 8-12 април 1971 година во Лондон и тоа е еден од најважните датуми во историјата на Ромите. На четвртиот светски конгрес на Ромите одржан 1990 година во Полска, решено е 8 април, денот кога е отворен првиот конгрес во Лондон, да се прогласи за Светски ден на Ромите кој секоја година ќе се одбележува во целиот свет (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** градење унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живееат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

4. Информација за отворање Ромска катедра на Педагошки Факултет во Скопје

Образложение:	Ромската заедница во основното и во средното образование наставата ја следи на македонски наставен јазик. Ромите, пред 2008 година, ромскиот јазик го изучуваа факултативно, а од учебната 2008/09 како изборен предмет, односно, јазик и култура на Ромите и тоа од трето одделение со по 1 час неделен фонд и до деветто одделение со по 2 часа неделен фонд. За изборниот предмет јазик и култура на Ромите, се изработени наставни

	програми од 3-то до 6-то одделение, а во тек на изготвување се програмите за 7-мо, 8-мо и 9-то одделение. Изготвени се учебници од 3-то до 5-то одделение, во моментов тече процедура за обезбедување учебници за останатите одделенија. Ромскиот јазик од академската 2012/13 година е воведен како изборен предмет на Филолошкиот факултет во Скопје, па потоа прекинат. Додипломски студии по ромски јазик и студии за наставници-Роми како нова катедра на Педагошкиот и Филолошкиот факултет сè повеќе од потребни, согласно процентот на ученици Роми во основните и средните образовни институции, како и дефицитот на Ромки од образовен кадар-наставници е евидентен. (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година) **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зголемување на ромскиот кадар во образованието; зголемен број на наставници Роми
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог Национална стратегија за борба против тероризмот со акциски план	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017 година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Донесена Национална стратегија за борба против тероризмот со Акциски план
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

2. Предлог Национална стратегија за спречување на насилниот екстремизам со Акциски план	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017 година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Донесена Национална стратегија за спречување на насилниот екстремизам со Акциски план
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

3. Предлог стратегија за информатичко комуникациска технологија во правосудството

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017 година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општетсво и администрација**

4. Предлог стратегија за реформа на јавната администтарција 2018-2022 со Акциски план

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017 година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општетсво и администрација**

5. Предлог Национална стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот со Акциски план

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

6. Предлог програма за изменување и дополнување на Програмата за контрола и сузбивање на бруцелозата кај овците и козите 2017-2021 година

Образложение:	Агенцијата за храна и ветеринарство со години наназад како еден од врвните приоритети ја има контролата и сузбивањето на ендемските болести како што е бруцелозата кај овците/козите и говедата и туберколозата кај говедата. Заради природата на болеста, бруцелозата претставува една од најзначајните зоонози (болести кои по директен или индиректен пат се пренесуваат од животните на луѓето) и è од особена важност, поради што е неопходно да се заштити здравјето на луѓето и на животните. Со донесувањето на програмата се променуваат мерки за нејзина контрола и сузбивање, со цел постигнување и одржување на статус официјално слободни одгледувалишта и региони. Покрај примената на одредени мерки за заштита од болеста бруцелоза АХВ спроведува постојан надзор во текот на годината при што постојат одредени услови кои треба да се исполнат за да се прогласи одредено одгледувалиште или регион од територијата на Република Македонија за официјално слободно од бруцелоза. За таа цел во текот на наредните години прогресивно ќе се подготвуваат одгледувалиштата на овци и кози за воведување на овие статуси со можност мерките да се прошират и на останатите региони односно општини. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на индустриско-производствените капацитети со цел овозможување основни предуслови за ставање во промет и извоз на живи овци и кози, говеда и нивни производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Заштита на здравјето на луѓето и животните и обезбедување основни предуслови за промет на живи животни и нивни производи
Фискални импликации:	Има, финансиските средства за реализација на оваа активност се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а ќе се користат преку програмата за користење средства за здравствена заштита на животните за тековната година
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Б) Материјали

1. Информација за потребата од поддршка на другите државни институции (во случај) на природни и други катастрофи

Образложение:	Врз основа на мисијата на Армијата на Република Македонија, во последните 3 години АРМ ангажираше одредени капацитетите со кои активно учествуваше во операции за поддршка: на силите на МВРМ во справување со закани, ризици и опасности по безбедноста на Република Македонија, а со кои ги надминуваат нивните способности и капацитети, како и справување со кризната состојба со мигранти на јужната и северната граница на Република Македонија; на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во справување со поплави и пожари на цела територија на Република Макеоднија. Во извршувањето на сите поставени задачи за време на ангажирање на АРМ во кризна состојба се потрошени огромни финансиски средства од Буџетот на МО/АРМ при што во голема мерка е нарушено редовното функционирање на АРМ. Со цел обезбедување на услови за брзо и ефикасно ангажирање на АРМ на извршување задачи во кризна состојба мора да се воспостават механизми со кои ќе се реши

	финансирањето на АРМ (дополнително) односно истото треба да се определи со соодветен процент на буџетските дополнителни средства за АРМ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** да се определат дополнителни буџетски средства од Владата со што ќе се создадат услови за навремено и целосно ангажирање на АРМ во прогласена кризна состојба
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Систем кој ќе гарантира реално и сигурно буџетирање на одбраната, каде АРМ ќе може да извршува операции за поддршка на државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на кризна состојба, а притоа редовното функционирање на АРМ да не биде доведено во прашање, додека Владата на Република Македонија ќе располага со соодветни капацитети на АРМ опремени и оспособени за брза реакција и ангажирање како сили за асистенција на државните институции во случај на кризна и вонредна состојба во Република Македонија. Ангажирање одредени капацитети на АРМ за активно учество во операции за поддршка на МВР, државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти
Фискални импликации:	Има, планираните финансиски средства од Програма 2 за АРМ (Потпрограма 20 „Функционирање на АРМ“ ни малку не се покриваат трошоците кои се направени во однос на ангажирањето на АРМ во услови на кризна состојба)
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Информација за четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Македонија одржан на 23 ноември, 2017 година во Брисел

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за главните укажувања и преземени обврски од четиринаесеттиот состанок на **Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување одржан на** одржи на 23 ноември 2017 година во Брисел**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремено информирање на членовите на Владата за укажувањата и преземените обврски
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

3. Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу ЕУ и Република Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Брисел во март 2018 година

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, што ќе се одржи во Брисел

	во март 2018 година, на кој ќе бидат разгледани следните области: Животна средина и климатски промени; Цивилна заштита; Енергетика; Транспортна политика; Транс европски мрежи; Регионална политика. Информацијата дава преглед на моменталната состојба на напредокот по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија
Фискални импликации:	Има, трошоци за авионски карти и сместување за учесниците на поткомитетот
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

4. Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, помеѓу ЕУ и Република Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи во април 2018 година, во Скопје

Образложение:	Оваа Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, кој ќе се одржи во април 2018 година во Скопје, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот. Со цел успешна подготовка на македонската делегација, која ќе ги покрива точките од дневниот ред и организирање на претходни подготвителни состаноци, Информацијата ги презентира главните укажувања и преземени обврски од претходниот Поткомитет, констатациите изнесени на Комитетот за стабилизација и асоцијација, проблематичните подрачја во кои се доцни со имплементацијата на обврските, областите во кои треба да се истакне напредокот, како и оценките и препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

5. Информација за четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско – финансиски прашања и статистика кој се одржа на 17 октомври 2017 година во Скопје

Образложение:	Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско – финансиски прашања и статистика кој се одржа на 17 октомври 2017 година

	во Скопје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

6. Меморандум за соработка, потпишан помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за здравство

Образложение:	Со меморандумот за соработка потпишан помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за здравство се уредува начинот на соработка и координација помеѓу двете страна за прашања од интерес за обезбедување висок степен на заштита на јавното здравје и обезбедување на систем за брзо реагирање при алиментарни интоскикации, размена на податоци за соодветно заедничко планирање, спроведување активности и заемно известување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Потпишувањето на Меморандумот за соработка помеѓу двете институции и пред сè неговото соодветно спроведување, ќе обезбеди поставување на соодветен и ефективен процес на одговорности и комуникација со кој ќе се воспостават редовни непосредни контакти помеѓу двете страни и промовирање на меѓусебната соработка и координација во врска со прашања од заеднички интерес.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог Акциски план 2018-2019 година за реализација на Националната стратегија за млади 2016-2025 година

Образложение:	Со оглед на изменетите состојби во младинскиот сектор, а и со оглед на тоа дека претходниот Акциски план е за 2016-2017 година, потребно е изготвување на нов Акциски план кој би ги опфатил активностите за натамошниот период. Националната стратегија за млади е насочена кон систематско и сеопфатно

	делување на актерите во младинската сфера, во насока на разрешување на проблемите на младите луѓе и прифаќање на предизвиците со кои тие се соочуваат. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Иницијативата е важна за планирање на активностите во младинскиот сектор особено во делот на младинското учество, младинско информирање, здравство и превенција, спорт, култура, образование, вработување, локална младинска работа, партиципација на младите и самовработување на младите
Фискални импликации:	Има, финансиските средства ќе бидат обезбедени од буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма Млади.
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Б) Материјали

1. Информација за позиции на Република Македонија по однос на одредени прашања на новата предлог-структура на ЦЕФТА	
Образложение:	Со информацијата се предлагаат позициите на Република Македонија по однос на одредени прашања на новата предлог-структура на ЦЕФТА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија - членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетни цели:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Имплементација на годишните приоритети на Програмата на ЦЕФТА за 2018 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2017 година и на надлежните органи за надзор на пазарот	
Образложение:	Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2017 година и на надлежните органи за надзор на пазарот е подготвена согласно член 8 од Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10 и 79/13), со кое се задолжува Координативното тело да достави до Владата на Република Македонија, Извештај за својата работа за претходната календарска година. Активностите кои се преземени од страна на надзорните органи е согласно Националната програма за координација и преземање ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ број

	81/17). **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија - членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста и социјална заштита на најранливите категории, пред сè преку натамошно подобрување на деловно окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки**
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информира за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2017 година и на надлежните органи за надзор на пазарот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Информација за состојбата на шумската полиција со можност за нејзино преминување во Министерството за внатрешни работи

Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за статусот, надлежностите, организацијата и работата на Секторот за шумска полиција, проблемите кои се јавуваат во извршувањето на обврските со предлог-мерки за нивно надминување**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешки приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија - членка на НАТО и ЕУ **и приоритетни цели:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; водење силна и сериозна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година; зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Префрлување на ингеренциите на шумската полиција на Министерството за внатрешни работи
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Годишен извештај за спроведувањето и унапредувањето на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР)

Образложение:	Согласно Методологијата за ПВР, МИОА во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт-извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на МИОА во соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија се подготвуваат извештаи и Годишен извештај за Владата на Република Македонија во однос на спроведување и унапредување на процесот на ПВР**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** следење на спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР; следење на процесот на консултација преку Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) како важна алатка за подобрување на спроведувањето на фазата на консултации; унапредување на процесот на ПВР
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Препораките од годишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на ПВР кој треба да обезбеди почитување на основните начела за добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на предлог-законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Македонија.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

2. Предлог за основање Ревизорски комитет, како стручно тело на Владата на Република Македонија

Образложение:	Предлогот за основање на ова стручно тело произлегува како обврска утврдена во членот 42 – а, од Деловник за работа на Владата. Целта на основањето е зајакнување на механизмите за мониторинг на трошењето на буџетските средства од страна на органите на државната управа, буџетски корисници и единки корисници. Ревизорскиот комитет ќе има за цел да ги разгледува ревизорските извештаи за Буџетот на Република Македонија, за министерствата и другите органи на државната управа, за буџетите на фондовите, за јавните претпријатија основани со закон и за јавните установи основани од Владата и извештаите на министерствата и другите органи на државната управа за преземените мерки за надминување на утврдените неправилности во ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија. Истиот согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија е предвидено да се состои од претседател и шест членови именувани од

	Владата, од кои претседателот е министерот за финансии, два члена се од редот на членовите на Владата, еден од раководните државни службеници од Генералниот секретаријат, еден раководен државен службеник од Канцеларијата на претседателот на Владата, еден раководен државен службеник од министерството за финансии и еден член од редот на научните работници. На седниците на Ревизорскиот комитет се предидува да присуствуваат главниот државен ревизор, овластениот државен ревизор кој го составил и потпишал конечниот извештај и законскиот застапник на субјектот кај кој е извршена ревизијата. Ревизорскиот комитет на Владата ќе и поднесува писмени извештаи, со мислења и предлози за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи. Генералниот секретар се предвидува да го известува Државниот завод за ревизија за заклучоците на Владата за преземените мерки од субјектите кај кои е извршена ревизијата во врска со наодите во ревизорските извештаи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот на отворена влада
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со воспоставувањето ќе се воспостави механизам на заштита за законито трошење на буџетските средства.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

Приоритет:
Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог стратегија за благосостојба на животните 2018-2020 година

Образложение:	По процесот на апроксимација на националното законодавство од областа на благосостојба на животните, со законодавството на ЕУ, треба да се унапреди негова соодветна имплементација во пракса. За таа цел потребно е да се усвои Стратегија за благосостојба на животните во која со акциски план ќе бидат опфатени сите активности кои ќе се преземат за соодветна имплементација на законодавството. Предмет на уредување: во стратегијата се уредуваат одредени прашања од интерес од областа на благосостојбата на животните, како што се: благосостојба на домашните животни, благосостојба за време на транспортот, благосостојба во времето на убивање, благосостојба на животните кои се користат во експериментите и благосостојбата на животните скитници, со главен акцент на кучињата скитници, за кои општоправниот пристап е усогласен со препораките на ОИЕ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување и поддршка на развојот на идустриско – преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентитрани и ќе создавааат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на извозот
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12-3.12.безбедност на храна, ветеринарна и фиросанитарна политика** **Подрачје 3.12.2 –ветеринарна политика**

Очекувани влијанија:	Стратегијата предизвикува насоки за развој на политиката на благосостојба на животните, врз основа на соодветно инволвирање со сите заинтересирани страни и придружување кон високите стандарди за благосостојба на животните. Соодветната имплементација на одредбите со кои се уредува благосостојба на животните бара значителни напори од сите вклучени страни. За да се подобри нејзината ефикасност и ефективност, Агенцијата за храна и ветеринарство предлага усвојување на тригодишна стратегија за благосостојба на животните со јасно дефинирани приоритети и временска рамка за преземање активности
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Б) Материјали

1. Информација за напредокот во реализација на мерките за климатски промени од Повелбата за одржливост	
Образложение:	Обврската произлегува од членството на Република Македонија во Енергетската заедница, каде се вметнува поглавје за климатски промени во кое главен акцент ќе биде ставен на Регулативата за механизмот за мониторинг на ЕУ бр. 525/13. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Република Македонија членка на ЕУ преку апроксимирање на законодавството во областа климатски промени
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со изградба на условите за воведување и идно спроведување на одредбите од регулативата за механизмот за мониторинг ќе се овозможи транспарентност во известувањето и верификацијата на напредокот на државата во справувањето со климатските промени на регулиран начин преку известувања за националните инвентари на стаклени гасови и на политиките, мерките и акциите за намалување и адаптирање на најранливите сектори кон климатските промени
Фискални импликации:	Има, воведувањето и спроведувањето на регулативата бара создавање и зајакнување на административниот и стручен капацитет кој повлекува фискални импликации
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Б) Материјали

1. Предлог листа на дејности од пошироко значење и интерес за кои може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка за периодот 2018-2020 година	
Образложение:	Врз основа на Одлуката за определување на дејностите од пошироко значење и интерес за коишто ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 71/10), Министерството за локална самоуправа има надлежност да предлага Листа на дејности од пошироко значење и интерес за

	кои може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка од Буџетот на Република Македонија за период од три години, која е составен дел на Одлуката. Поради истек на периодот за кој е донесена претходната Листа на дејности, се предлага нова Листа на дејности за периодот 2018-2020 година. Со предлог-листата на дејности се утврдуваат пет дејности од пошироко значење и интерес за коишто ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка во периодот 2018-2020 година. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Поттикнување и поддржување на воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу две или повеќе општини во области кои се од пошироко значење и интерес за вршење на дејностите во тие области.
Фискални импликации:	Има, средствата во Буџетот на Република Македонија за 2018 година не се обезбедени
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

2. Информација во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на државниот правобранител на Република Македонија со донесување Одлука за утврдување коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство	
Образложение:	Имајќи го предвид Законот за платите на јавните обвинители и законот за платите на судиите и начинот на определување на истите, сметаме дека на државниот правобранител на Република Макеоднија основано му следува коефициент од 3,7, а на државните правобранители коефициент од 3,4. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Имајќи ја предвид одговорната улога на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители, нивното постапување пред надлежни управни органи, сеопфатноста на материјата по која постапуваат, сметаме дека за независно остварување на државно-правобранителската функција неопходно е да се утврди поголем коефициент за пресметување на платата на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство во Република Македонија, поради што произлегува основаноста на поднесување на оваа Информација и донесување на Одлуката од страна на Владата на Република Македонија.
Фискални импликации:	Има, средствата не се обезбедени и треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Државно правобранителство на Република Македонија**

МАРТ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог стратегија за женско претприемништво за периодот 2018-2022 година

Образложение:	Стратегија за женско претприемништво за периодот 2018-2022 година ќе претставува рамка за развоји поддршка на женското претпреимништвото преку конкретни мерки. Воедно стратегијата е во согласност со принципите на ЕУ кои имаат за цел поддршка и економско јакнење на жените и поттикнување на претприемнички дух. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешките цели на Владата на РМ**: поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Развивање на претприемништвото
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Стратегијата за женско претприемништво ќе овозможува креирање на потребните политики за развој на женското претприемништвото, а со овој документ ќе се канализираат, односно ќе се одреди кој точно би предвидел конкретни активности, рокови, буџет за поддршка на женското претприемништво, како и систематско следење односно мониторинг на нивната реализација
Фискални импликации:	Нема, за изработка на Стратегијата за женско претприемништво, обезбедена е помош од GTF –Gender task Force- Innitiative for sustainable growth
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог уредба за начинот и постапката за користење финансиска поддршка за мерката Јавна рурална инфраструктура финансирана од Програмата ИПАРД 2014-2020 година

Образложение:	Агенцијата е во финална фаза пред поднесување на акредитацискиот пакет за Јавна рурална инфраструктура до Европска комисија, согласно наодите од Ревизијата за ИПА, потребно е предлог-уредбата да се внесе во владина процедура и истата да се усвои како конечен текст од страна на Владата на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетна цел:** обезбедување повисоко ниво на апсорпција на средствата од инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансисрани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Обезбедување повисоко ниво на апсорпција на средствата од инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансисрани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

3. Предлог Акциски план за вработување 2020 година

Образложение:	Во изминатиот период во соработка со Меѓународната организација на трудот, Светска банка, УНДП и Европската комисија се изработи Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020 година, документ во кој се содржани среднорочните и долгорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот кои се однесуваат на периодот од 2016 до 2020 година, од аспект на макроекономските политики, микроекономските политики и политиките за вработување на пазарот на трудот. Согласно планираната динамика за реализација на поставените цели, предвидено е да се направи прв меѓуперiодски извештај на Стратегијата за вработување 2020 година, по што ќе се подготви новиот Акциски план за вработување 2020 година. Подготовката ќе биде во првата половина од 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија и повеќе **приоритетна цели:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите на економијата; ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување на достапност на ИПА средства за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување изајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Евроспката Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ;
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд и Ц3 Ефикасна и ефективна имплементација на претпристапната помош (IPA) во секторот „Вработување, образование и социјална политика“ и евалуација на политиките за вработување.**
Очекувани влијанија:	Акцискиот план за вработување треба да ја операционализира Стратегијата за вработување во насока на остварување на приоритетната цел - Зголемување на вработеноста, квалитетот на работните места и продуктивноста, со посебен фокус кон ранливите групи на население
Фискални импликации:	Има (финансиските импликации ќе се утврдат кога ќе се предвидат активностите и изворите, ќе се обезбедат од институции кои ќе бидат надлежни за имплементација)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Предлог за Оперативен план 2018 за имлементација на Национална стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост 2010-2020 година

Образложение:	Определувањето на политиката на социјално вклучување во Република Македонија тргнува од национално дефинираните цели и потреби, како и меѓународните индикатори и индикаторите на ЕУ за мерење на социјалната исклученост. Во насока на преземање конкретни мерки и активности во областа на борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, преку процес во кој учествуваат сите релевантни министерства и институции одговорни за реализација на предвидените активности, се донесуваат годишни оперативни планови за имплементација на донесената Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 со обезбедени финансиски средства во рамки на буџетот на секое од вклучените министерства. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** развивање на преприемништвото; воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; подобрување на системот за заштита на лицата со посебни потреби, по широки консултации со невладините и професионални организации; зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување на процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носење на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија; воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19- социјална инклузија**
Очекувани влијанија:	Успешна имплементација на предвидените активности во Оперативен план 2018 на Ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост за 2010-2020 година, ќе придонесе за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија. Со истиот ќе се подобри користењето на расположливите човечки и материјални ресурси, ќе се подобрат условите за живот, за работа и на општествените услови на сите граѓани. Со предвидените активности во Оперативниот план се очекува да се постигне системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развиток на механизми за социјално вклучување на ранливите категории граѓани во локален контекст
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации ќе зависат од можностите утврдени според средствата во рамките на Буџетот на релевантните министерства, како и обезбедени странски донации.
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

5. Предлог програма за здравствена заштита на лица без документи и без државјанство

Образложение:	Сериозни пречки во остварувањето на правото на здравствено осигурување и правото на здравствена заштита претставува недостатокот на лични

	документи, постоењето на лица без државјанство и нерегистриран граѓански статус. Со оглед на тоа што здравственото осигурување на товар на Буџетот на Република Македонија е достапен само за државјаните на Република Македонија и за лицата кои може да го докажат статусот, Ромите кои не се евидентирани во системот за евиденција и немаат пристап до правото на здравствена заштита. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите во Македонија. Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија2014-2020 година
НПАА - поглавје и подрачје	**3.19.5 Социјална вклученост** **3.23.3 Фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Лесно остварливо право на здравствена заштита
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

Б) Материјали

1. Извештај за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017година	
Образложение:	Извештајот се подготвува согласно дел IV од Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, согласно кој Министерството за економија за реализацијата на оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија, заклучно со 31 Март 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на деловното опкружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси **АП-Краткорочни приоритети, Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика:** Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП;
НПАА - поглавје и подрачје	**НПАА-Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Имплеменација на индустриската политика за зголемена конкурентност на македонската економија која води кон економски раст, развој и иновации, понатамошен раст и развој на малите и средни претпријатија.
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Информација за потребата од изземање од регулирање на правата од работен однос за вработените од областа на културата со Законот за вработените во јавниот сектор

Образложение:	Донесувањето на Законот за вработените во јавниот сектор наметна потреба од измени и усогласување во Законот за културата во делот на одредбите во кои се регулираат правата од работен однос за вработените од областа на културата. Заради хетерогеноста и суптилноста на културата, правата од работен однос во културата не можат да се унифицираат по примерот на административните службеници и другите вработени во јавниот сектор. Поради нужната потреба од усогласување со Законот за вработените во јавниот сектор, направените измени во Законот за културата во 2014 година не кореспондираат и не ги изразуваат спецификите на правата од работен однос во културата. Од наведените причини е потребно овие одредби од Законот за вработените во јавниот сектор да немаат натамошна примена во областа на културата. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на условите за работа на вработените од областа на културата и унапредување на нивните права од работен однос
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за култура**

3. Информација за состојбата со склучување на нов колективен договор од областа на културата

Образложение:	Со потпишувањето на Колективниот договор за култура во Република Македонија во 2005 година меѓу Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија и Министерството за култура се напушти системот на плати финансирани по условно неквалификуван работник (УНР) или по степен на образование, а се воведе систем на плати по утврдени коефициенти на сложеност по работни места. Со Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за култура се утврди дека сложеноста на работите за одредено работно место се определува во поединечен колективен договор на ниво на установа, со приемена на коефициент 1:5. Со потпишување колективен договор на ниво на установа се создаде состојба во која вработените во јавните установи од областа на културата за исто работно место, во различна установа имаат различни плати. Дел од установите и воопшто не склучија колективни договори. Парцијално по претходна согласност на Владата на Република Македонија во установите од сценско-уметничка дејност масата за плати се зголеми за 50-60%. Со тоа се создаде дисбаланс и огромни разлики во платите на вработените во уметничките дејности и вработените во заштитата на културното наследство. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Со склучувањето на Колективниот договор од областа на културата ќе се изврши соодветна валоризација на трудот на вработените од областа на културата и ќе се регулираат сите специфики кои произлегуваат од правата на работен однос на вработените од областа на културата.
Фискални импликации:	**Има,** потпишувањето на Колективниот договор од областа на културата ќе предизвика фискални импликации кои е потребно да се обезбедат во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за култура**

4. Информација за запазување на правичната застапеност на Ромите во администрација

Образложение:	Преземање активности за реализација на наодите на Европската комисија за правична застапеност на немнозинските заедници во администрација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23 Правосудство и фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Правична застапеност на Ромите во администрација
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

5. Информација за подготовка на Национален акциски план за култура

Образложение:	Актуелните Национални акциски планови (НАП) за Ромите беа усвоени во 2016 година. Областите опфатени со НАП се образование, вработување, здравство, домување, и вклучување на жената Ромка. Иако со Националната стратегија за Роми е опфатена и областа култура, Национален акциски план за оваа област не е подготвен. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23 Правосудство и фунадменатални права**
Очекувани влијанија:	Преку планиран и системски развој и промоцијата на ромската култура, се остварува и се поголема партиципација и интеграција на Ромите во главните текови на македонското општество
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

6. Информација за отварање на Ромски културен центар

Образложение:	Ромската култура е богата и полна со интересни историски факти. Република Македонија како мултикултурна држава каде Роми има 2,6 % според последниот попис на граѓани од 2002 година, со цел да покаже интерес за ромскиот народ и култура поддржува отварање на Ромски културен центар. Културата е битен и основен сегмент на еден етникум и поддршката за отварање на Ромски културен центар во Скопје ќе придонесе до промовирање на ромската култура како и прифаќање на културата од страна на мнозинските заедници во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** подобрување на состојбата на Ромите; градење унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живееат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

7. Информација за одбележување на денот на Геноцидот врз Ромите од Втората светска војна на 5 август

Образложение:	Одбележување на денот на Геноцидот врз Ромите од Втората светска војна на 5 август во насока на оддавање почит кон загинатите семејства во текот на Втората светска војна. Точна и официјална статистика за колку Роми биле жртви во македоските простори во текот на Втората светска војна нема, одбележувањето на светскиот ден на геноцидот врз Ромите во Република Македонија ќе придонесе кон истражување на оваа тема како и откривање на историски факти. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** градење унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живееат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

8. Информација за ревидирање на Националната стратегија за Роми 2014-2020 година

Образложение:	Организационата поставеност за имплементација на Стратегијата е конфузна и има преклопување на ингеренции помеѓу Министерство за труд и социјална политика и Кабинет на министерот без ресор (некои се дуплираат, што доведува до забуна како во државните институции така и со надворешни партнери кои даваат поддршка). Исто така е потребна анализа за процент на реализираност на овој стратешки документ. (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Пречистен тескт со политички коректна формулација на напорите на државата во врска со подобрување на состојбата на Ромите во земјава. Јасно поделени ингеренции и улога на секој од вклучените чинители
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог Акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, за 2018-2020 година

Образложение:	Конкретната операционализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 година, ќе се врши преку тригодишни акциски планови. Во првата половина на 2015 година е усвоен Акциски план за реализација на Програмата за периодот до крајот на 2017 година. Вториот Акциски план за реализација на Програмата ќе се подготви за периодот 2018-2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Позитивни влијанија: Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, за 2018-2020 година ќе биде составен од интегрирани

	проектни концепти кои ќе се однесуваат на одредена надлежност на општините или дел од таа надлежност, дизајнирани на начин кој ќе ги опфаќаат основните аспекти за нејзино одржливо имплементирање од страна на општините (политичките, финансиските и административните). Во утврдување на проектните концепти, покрај претставници на надлежните органи на државната управа, ќе бидат вклучени и претставници на локалната самоуправа и другите засегнати страни. Негативни влијанија: Нема
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

2. Предлог стратегија за отворени податоци

Образложение:	Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 4.7.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Донесена стратегија за отворени податоци
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

3. Меморандум за соработка, помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за одбрана

Образложение:	Со меморандумот за соработка потпишан помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за одбрана се уредува начинот на соработка и координација помеѓу двете страна за прашања од областа на заштита на здравјето и безбедноста на населението,заштита на здравјето на животните, со осврт на мерки кои се преземаат при сузбивање и искоренување заразни болести кај животните, соодветно ниво на заштита и благосостојба на животните**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на ефикасноста во управување на системите за заштита на здравјето на животните и контрола и ерадикација на болестите кај животните
НПАА – поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Потпишувањето на Меморандумот за соработка помеѓу двете институции и пред сѐ неговото соодветно спроведување, ќе обезбеди поставување на соодветен и ефективен процес на одговорности и комуникација со кој ќе се воспостават редовни непосредни контакти помеѓу двете страни и промовирање на меѓусебната соработка и координација во врска со прашања од заеднички интерес
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

4. Предлог стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2020 година

Образложение:	Иницијативата има за цел промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заедничката соработка. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот на отворена влада
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Очекуваните влијанија од предлог-иницијативата се зајакнување на довербата и унапредување на соработката помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанските организации.
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени преку Twinning light проектот „Понатамошно институционализирање на структурираните механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество“
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

Б) Материјали

1. Информација за организирање конференција, во соработка на ИГИНП со Италијански Институт за меѓународно односи(IAI) и Меѓународниот центар за европско образование од Берлин Centre international de formation européenne, Nice/Berlin насловена “Reflection Forum on Follow up of the Summit of Trieste on Western Balkans”

Образложение:	Активен придонес во процесот на евроатлански интеграции во контекст на Берлинскиот процес; Вклучување на Република Македонија во макрорегионалните стратегии на ЕУ; Придонес кон заокружување на реформските процеси (Извештајот на Прибе); Подобрување на имиџот на Република Македонија**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на имиџот на Република Македонија и отворање дискусија за европските перспективи на земјите од Западен Балкан
Фискални импликации:	Има,во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Информација за потребата од подготовка на анализа на потребите и можностите за пренесување нови надлежности на општините

Образложение:	Потреба за една ваква анализа произлегува од Програмата за работа на Владата 2017-2020 година во којашто е нотирана определба на Владата за водење политики на пренесување нови надлежности и многу повеќе финансиски средства на општините за успешно извршување на доверените надлежности со крајна цел за обезбедување поквалитетни услуги за

	граѓаните**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Наодите од оваа анализа се очекува да дадат конкретен показател за потребите и можностите за пренесување на евентуални нови надлежности како и финснсиските средства потребни за нивно спроведување, а воедно и проекција на временска рамка за имплементирање на целиот тој процес за пренос на нови надлежности
Фискални импликации:	Има, потребните средства може да се обезбедат од донаторски извори.
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

3. Извештај за реализација на Акцискиот план за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, за 2015 -2017 година

Образложение:	Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 година е основен плански документ на Владата за натамошен развој на локалната самоуправа во Република Македонија во наредните пет години. Конкретната операционализација на Програмата се врши преку тригодишен Акциски план. Со овој извештај ќе се утврди состојбата со реализација на Акциски план за периодот 2015-2017 година, за активностите планирани за 2015-2017 година. Податоците за изготвување на извештаите се прибираат преку комплексен повеќе слоен механизам составен од повеќе органи, институции и тела, утврдени од Владата**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Позитивни влијанија: со извештајот ќе се обезбедат информации за реализација на активности за реализација на Програмата за 2015-2017 година, ќе се идентификуваат евентуалините „тесни грла“ и ќе се обезбеди основа за утврдување на идните политики за надминување на проблемите во реализација на утврдени политики во Програмата. Истовремено ќе се овозможи информирање на пошироката јавност, вклучително и на соодветните структури на ЕУ, за состојбата со спроведувањето на развојот на

	локалната самоуправа и процесот на децентралоизација. Негативни влијанија: Нема
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

Приоритет:

Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување

Б) Материјали

1. Предлог иницијатива за преведување на веб-страниците на сите Министерства и други органи на државната управа на албански јазик

Образложение:	Целта на иницијативата е информирање на јавноста, посебно на граѓаните кои го зборуваат албанскиот јазик за работата на органите на државната управа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на имплементацијата на Рамковниот договор
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Поефикасни мерки за натамошно спроведување на Рамковниот договор
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Информација за потребата за преземање активности за натамошна децентрализација на националните установи од областа на културата

Образложение:	Институционалната децентрализација во Република Македонија започна во 2003 година со поделбата на мрежата на институциите на национални и локални. Оваа прва фаза на децентрализација требаше да продолжи со натамошна институционална децентрализација односно зголемување на бројот на локалните институции и ингеренциите на локалните заедници во културата. Една од основните претпоставки за темелна реформа во културата е спроведувањето на децентрализација во културата. Процесите на децентрализација на културата треба и во наредниот период етапно да продолжат со динамика која е условена од создавањето изворни буџети на општините. Мрежата на национални установи од областа на културата е обемна и истата брои 61 национална установа. Врз основа на направени анализи потребно е мрежата на националните установи да се редефинира

	преку децентрализирање на дел од националните установи на локално ниво. Во рамки на оваа активност ќе се преиспита и решавањето на статусот на театрите во состав на центрите за култура и евентуалната потреба од нивно преминување на локално ниво. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Децентрализацијата на националните установи од областа на културата ќе придонесе институционалното остварување на културата во Република Македонијада да кореспондира со културните потреби на граѓаните и ќе го актуелизира и поттикне локалниот развој на културата што ќе генерира и за економски развој на општината.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за култура**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

Образложение:	Одлуката се носи врз основа на член 30 од Законот за трговија. Со Одлуката како времена мерка на правни и физички лица кои вршат промет на нафтени деривати се забранува да вршат промет на маслото за горење екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m) на бензинските станици за временскиот период од 15 април 2018 година до 15 октомври 2018 година, од причина што грејната сезона завршува на 15 април, а маслото за горење екстра лесно е наменето само за греење и не смее да се користи како погонско гориво. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Регулирање и контрола на употребата на маслото за горење
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

Б) Материјали

1. Унапредување на економските активности на ДКП-та на Република Македонија во странство во 2018година	
Образложение:	Во согласност зо Законот за надворешни работи, член 26, ДКП-ата на Република Македонија помеѓу останатите дипломатски функции, ја промовираат Република Македонија во државата на приемот и ги презентираат можностите и предностите за инвестирање во Република Македонија и можностите за извоз од Република Македонија, во координација и соработка со ЗПВРМ задолжен за економски прашања, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и со министрите задолжени за странски инвестиции. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** активна и транспарентна политика на привлекување странски инвестиции преку стимулирање на привлекувањето инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија; развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Интензивирање на активностите на дипломатско-конзуларните претставништва во функција на привлекување странски инвестиции, промоција на извозот, туристичките и културните потенцијали
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи** Директорат за економска дипломатија

2. Информацијата за прогрес за реализација на консолидација на земјоделското земјиште	
Образложение:	Поради потребата за надминување на неповолната земјишната структура во Република Македонија што директно влијае на слабата конкурентна способност на македонските земјоделци, во 2012 година Владата на Република Македонија ја **донесе Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште за период од 2012 до 2020 година**, согласно која се започна со воведување активни политики на консолидирање на обработливото земјиште и имплементирање на проекти за косолидација на земјоделско земјиште. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Запознавање на Владата на Република Македонија со прогрес за реализација на консолидација на земјоделското земјиште.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

3. Информација за воспоставување на модел за Преглед за занимања (OccupationOutlook)

Образложение:	Моделот за Преглед на занимања на пазарот на трудот произлегува како Исход 1.1.1 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година и е поврзана со Економско социјална реформска програма 2020 година и Стратегијата за вработување 2016-2020 година. Прегледот на занимања е заснован врз база на податоци од Анкетата на работна сила, Анкета за побарувани занимања на АВРМ, анкетни истражувања на работодавачите и слободните работни места, податоци за образованието, проекции за вработеноста и секторски студии. Целта е да се обезбеди поверодостојни информации за побарувачката на работна сила, како и подобрување на усогласеноста на понудата на занимањата со барањата на пазарот на трудот. За десиминација на информациите ќе се подготви интернет страната на која ќе можат да се добијат информации за: опис на работно место; образование; обука и работно искуство; услови за работа (плата, работно време, работна средина, професионални заболувања и повреди) и слични занимања. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста;
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд; Ц3 Ефикасна и ефективна имплементација на претпристапната помош (IPA) во секторот „Вработување, образование и социјална политика“ и евалуација на политиките за вработување**
Очекувани влијанија:	Моделот за Преглед на занимања ќе овозможи зголемување на информираноста за пазарот на трудот за целата популација. Се очекува да влијае врз понудата на работна сила преку подобрување на понудата согласно со потребите на работодавачите, а со тоа и на конкурентноста. Влијанието на краток рок ќе биде преку адекватни обуки во активните мерки и преку кариерно насочување на младите лица на среден и долг рок
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Подзаконски акти

1. Предлог програмска рамка за техничка соработка меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) за периодот 2018-2023 година (Country Programme Framework 2018-2023)

Образложение:	Програмската рамка за техничка соработка претставува документ со кој се овозможува продолжување на долгогодишната успешна соработка со МААЕ, базирана на заеднички дефинираните приоритети кои се однесуваат на

	непречен трансфер на технологии и знаења во сите области на мирновременско користење на нуклеарни апликации**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** засилено учество и афирмирање на ставовите и интересите на Република Македонија во меѓународните организации, како на глобално така и на регионално ниво
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унапредување на радијационата заштита во институции кои користат извори на јонизирачко зрачење
Фискални импликации:	Има, програмската рамка не предизвикува финансиски импликации, но проектната соработка која е во согласност со неа има финансиски импликации за кои средства се обезбедуваат од Буџетот на МОН
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Б) Материјали

1. Предлог протокол за имплементација на соработката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за организирање на отоманско-труско образование и обука на иструктори	
Образложение:	Протоколот е со цел познавање на отоманскиот турски јазик кој е потребен за читање и користење на печатени материјали и ракописи на отоманскиот турски јазик во сопственост на архивите, поединци и институции во земјите каде била Отоманската култура и цивилизација, а кои се од интерес на Република Македонија. **Индикација за поврзаност со определена стратешка цел:** зајакнување и продлабочување на меѓународната соработката во областа на образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воспоставување соработка за изучување отоманско-турски јазик
Фискални импликации:	Има, во рамките на одобрениот Буџет на МОН
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Предлог договор за соработка на полето за образованието, истражувањето, иновациите меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија	
Образложение:	Протокол ќе се придонесе во понатамошното продлабочување и унапредување на веќе воспоставената соработка во областите кои ги опфаќа Протоколот, особено на полето на високото образование, истражувањето и иновациите, како и: разни форми на соработка на полето на образованието, истражувањето и иновациите врз основа на заемна почит и партнертво, во согласност со законодавството на секој од страните; размена и стипендирање ученици и студенти; размена на универзитетски професори; воспоставување директна соработка на образовни и научниинституции; заеднички настап во билатерални, регионални, европски и светски програми на разни нивоа, учество на меѓународни собири и сл. **Иницијативата има индикција на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување и продлабочување на меѓународната соработката во областа на образованието и науката

НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воспоставување соработка во сите сегменти во образованието, науката и иновациите преку заеднички билатерални проекти, рамена на студенти и сл.
Фискални импликации:	Има, во рамките на одобрениот Буџет на МОН
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог проект „Млади поети“

Образложение:	Проектот има за цел да го поддржи творештвото на младите поети. Средношколците и студентите кои пишуваат поезија ќе имаат можност да ги пријават своите творби на конкурс каде комисија од истакнати писатели ќе ги одбере најдобрите творби. Одбраните творби ќе бидат објавени во збирка поезија. На овој начин покажуваме поддршка за младите автори и за унапредување на македонската литература. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Конкурс за избор на најдобар Млад поет, како и објава на збирка поезија од најдобрите пристигнати авторски дела.
Фискални импликации:	Има, средства ќе бидат обезбедени од буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма „Млади“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

4. Предлог проект „Млади уметници“

Образложение:	Поголем развој и унапредување на младите уметници со тоа што ќе им се даде поддршка на млади уметници по сликарство, вајарство, фотографија, графички дизајн и графика**. Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Избор на 5 уметнички дела од најдобри млади уметници во категориите: фотографија, сликарство, скулптура, графика и графички дизајн од пријавените на Јавен повик објавен од страна на АМС. По изборот на најдобрите се организира изложба од сите пристигнати дела.
Фискални импликации:	Има, средства ќе бидат обезбедени од буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма „Млади“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Информација за постапување по предметите за помилување во 2017 година

Образложение:	Информацијата за постапување по предметите за помилување содржи податоци за поднесените индивидуални молби-поединечни молби за помилување во текот на 2017 година, постапување по молбите, донесени решенија од Претседателот на Република Македонија, со податоци за одбиени молби и молби за помилување кои се уважени, со прегледи според кривичните дела и изречените казни и постапување по одлуките на Претседателот на Република Македонија за помилување осудени лица по повод 2-ри Август 2017 година - Националниот празник на Република Македонија и по повод Новата 2018 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Очекувани позитивни влијанија во процесот на ресоцијализација на осудените лица со цел со помилувањето да се мотивираат осудените лица во казнено-поправните установи за примерно поведение.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Информација за постапување по предметите за надомест на штета на лица неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода за 2017 година

Образложение:	Информацијата треба да содржи податоци за бројот на поднесени барања за надомест на штета на овие лица за 2017 година и видот и висината на штетата која се побарува да се надомести како и постапувањето по истите; бројот на барања за кои по тужба за надомест на штета е поведена или е во тек судска постапка пред надлежен суд или е донесена судска пресуда против која е вложена жалба или е правосилно завршена постапката или пак е во тек односно е завршена постапка по ревизија; како и број на барања за надомест на штета за кои врз основа на правосилна судска пресуда е извршена доброволна исплата на досудена штета и нејзинатависина односно износ на исплатени парични средства**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Согледување на општата состојба со предметите за надомест на штета на лицата неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода во 2017 година, висината на паричните средства кои се исплатени по основ на правосилни судски пресуди за надомест на штета со акцент на доброволното исполнување на обврските по пресудите донесени во предметите за надомест на штета на овие лица во 2017 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

3. Информација за учество на делегација на Република Македонија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2018 година

Образложение:	Република Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот чијшто главен орган е Меѓународната конференција на трудот која се одржува во месец јуни секоја година. На оваа конференција учествуваат голем број делегати и набљудувачи и è можност за широка размена на мислења и идеи за активностите на МОТ и за стекнување на сознанија за достигнатите резултати во областа на трудовите стандарди. Делегацијата треба да биде трипартитна, со претставници од Министерството за труд, претставници од репрезентативните здруженија на работодавачи и синдикати. Водач на делегацијата е министерот за труд и социјална политика. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унапредување на трудови стандарди
Фискални импликации:	Има финансиски импликации во износ од 600.000 денари, средствата се обезбедени од буџетот на МТСП
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Предлог насоки за добро управување за избрани и именувани лица во извршната власт

Образложение:	Пакетот реформи неопходни за членство во ЕУ и НАТО може да се реализира само во услови на одговорна власт која работи транспарентно и отчетно, без злоупотреба на државните ресурси за лични или партиски потреби. Овој документ има за цел да ги утврди правилата на однесување на избраните и именуваните лица на извршната власт со што нивната отчетност кон институциите со кои раководат, но и кон граѓаните ќе биде на повисоко ниво. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со усвојување на Насоките за добро управување за избрани и именувани лица во извршната власт ќе се зајакнат капацитетите за добро управување на членовите на Владата и на носителите на јавни функции на извршната власт
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општетсво и администрација**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

Б) Материјали

1. Информација за потребата од ослободување на безперспективни воздухоплови на Армијата на Република Македонија

Образложение:	Министерството за одбрана, АРМ е корисник на четири борбени авиони Су-25 кои беа набавени во 2001 година. Овие воздухоплови се повлечени во употреба во 2005 година и се наоѓаат во касарната „Страшо Пинџур“, Петровец. Имајќи предвид дека истите не се опфатени во Стратегискиот одбранбен преглед и формацијата на АРМ, истите се безперспективни воздухопловни средства. За таа цел потребно е да се преземат активности за ослободување/продажба на овие средства. Исто така потребно е да продолжат активностите за продажба на авионот Lear Jet 2B кој порано се користеше од СОЗР кој со Одлука на Владата на Република Македонија му е предаден на МО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подготовки за интеграција на Република Македонија во НАТО-одбранбени воени прашања
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Реформи во одбранбениот систем и зголемување на способностите и капацитетите на Армијата на Република Македонија за учество во меѓународни мисии предводени од НАТО, ЕУ и ООН. Со ослободувањето на овие воздухоплови, Министерството за одбрана и воздухопловната бригада ќе се ослободат од товарот и обврската за нивно обезбедување и материјална евиденција, како и од натамошни трошоци за нивно обезбедување
Фискални импликации:	Има, МО со овие активности треба да има приход од продажбата во износ 8.500.000 денари за Lear Jet 2B согласно проценатa и дополнителните средства за авионите Су-25.
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Информација за доделување годишни награди и признанија за достигнувања во заштитата и унапредувањето на животната средина за изминатата година

Образложение:	Доделување годишни награди и признанија за достигнувања во заштитата и унапредувањето на животната средина за изминатата година на Друштва и Здруженија на граѓани за вложувања и активности за поквалитетна животна средина**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	подигање на свеста во бизнис-секторот за значењето на вложувањата во животната средина како општествената одговорност
Фискални импликации:	Има, средствата во износ од 280.000,00 ден се предвидени како кампања во предлог-буџетот
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

АПРИЛ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

1. Предлог Акциски план за Стратегијата за дроги 2018-2020 година	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

2. Предлог одлука за доделување средства за финансирање проекти за развој на планските региони во 2018 година	
Образложение:	Во член 41 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15), утврдено е дека Владата на Република Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за регионален развој, донесува одлука за финансирање на проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Со донесување на наведената одлука, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на планските региони
Фискални импликации:	Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

3. Предлог одлука за доделување средства за финансирање проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2018 година

Образложение:	Во член 41, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15), утврдено е дека Владата на Република Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за рамномерен регионален развој, донесува одлука за финансирање проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Со донесување на наведената одлука, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби.
Фискални импликации:	Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

4. Предлог одлука за доделување средства за финансирање проекти за развој на селата во 2018 година

Образложение:	Во член 41, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15), утврдено е дека Владата на Република Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за рамномерен регионален развој, донесува одлука за финансирање проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Со донесување на наведената одлука, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на селата.
Фискални импликации:	Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

5. Предлог одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година

Образложение:	Согласно член 15, став 1 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16) и член 27-а, став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/2007,129/2007, 157/2007, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16 и 153/16), Владата носи одлука со која ги утврдува стратешките приоритети и истите ги вградува во својата Годишна програма и Буџетот на Република Македонија. Појдовна основа за утврдување на стратешките приоритети е Програмата за работа на Владата за периодот 2017-2020 година, препораките содржани во Извештајот на Прибе и проценката на актуелните општествено-економски и социјални состојби со кои се соочува Владата на Република Македонија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Предлог-одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година се доставува до Влада на Република Македонија со барање за нејзино разгледување и усвојување. Со донесување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2019 година започнува буџетскиот процес
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

6. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 124/06) како резултат од измената и дополнувањето на Законот за заштита и спасување

Образложение:	Согласно измените во Законот за заштита и спасување кои ќе произлезат од имплементација на наведените одлуки на ЕУ, ќе се направи измена и дополнување на соодветните подзаконски акти, кои ќе бидат засегнати со соодветните измени. Овој подзаконски акт треба да се измени бидејќи бројот на припадниците во штабовите кои се формираат се многу големи, има дефицит на кадри кои треба да членуваат во овие штабови, премногу формирани единици по специјалности, премал број на припадници и немање можност за сменско работење и пополнување на единиците за заштита и спасување со персонал. Во делот на личната заштитна опрема (по специјалности) во овој подзаконски акт не се разработени, материјално-техничките средства се застарени, не се произведуваат, ограничување на користење нова опрема ако не е пропишана со оваа Одлука. Опремата која е пропишана за локалните самоуправи и другите учесници во системот за заштита и спасување не соодветствува со реалните потреби при извршување на акциите за заштита и спасување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на

	Прибе и итните препораки на ЕУ, како препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ. **Иницијативата предизвикува финансиски импликации:** за набавка на опремата и за обуката на припадниците во наредниот период.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со измена на овие подзаконски акти и изработка на нови кои ќе бидат за потребите на Република Македонија, но и компатибилни со механизмот на цивилната заштита на ЕУ ќе се зголеми ефикасноста на силите за заштита и спасување. Со употреба на нова опрема која сега ќе биде пропишана на начин каде ќе има флексибилноста, ќе се зголеми можноста на реагирање на силите за заштита и спасување согласно потребите. Со дефинирањето на личната заштитна опрема ќе се зголеми сигурноста на припадникот на силите за заштита и спасување и ќе можат ефективно да работат на теренот
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

7. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор („Службен весник на Република Македонија“ број 51/06) како резултат од измената и дополнувањето на Законот за заштита и спасување

Образложение:	Измената и дополнувањето на Одлуката за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор произлегуваа од дефицитот на кадри кои треба да членуваат во овие тимови, премногу формирани единици по специјалности, премал број на припадници и немање можност за сменско работење и пополнување на единиците за заштита и спасување со персонал. Во делот на личната заштитна опрема (по специјалности во овој подзаконски акт не се разработени, материјално-техничките средства се застарени, не се произведуваат, ограничено користење на новата опрема, ако не е пропишана со оваа „Одлука“. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ. **Иницијативата предизвикува финансиски импликации:** за набавка на опремата и за обуката на припадниците во наредниот период.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со измена на овие подзаконски акти и изработка на нови кои ќе бидат за потребите на Република Македонија, но и компатибилни со механизмот на цивилната заштита на ЕУ ќе се зголеми ефикасноста на силите за заштита и спасување. Со употреба на нова опрема која сега ќе биде пропишана на начин каде ќе има флексибилност, ќе се зголеми можноста на реагирање на силите за заштита и спасување согласно потребите. Со дефинирањето на личната заштитна опрема ќе се зголеми сигурноста на припадникот на силите за заштита и спасување и ќе можат ефективно да работат на теренот
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

Б) Материјали

1. Информација за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање сметководствени податоци од земјоделски стопанства	
Образложение:	Согласно член 15 од Деловникот за работа на Националниот комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Националниот комитет за сметководствени податоци од земјоделски стопанства за преземените мерки и активности ја информира Владата на Република Македонија најмалку еднаш годишно**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Информација за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање сметководствени податоци од земјоделски стопанства има за цел да ја информира Владата на Република Македонија за реализација на предвидените активности за функционирање на мрежата за прибирање сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Македонски ФАДН)
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

2. Информација за реализација на фитосанитарниот мониторинг кој е дел од Програма за фитосанитарна политика за 2017 година	
Образложение:	Врз основа на член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15 и 39/16)**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи;
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Информирање на Владата на Република Македонија по однос на реализација и добиените резултати за фитосанитарниот мониторинг за 2017 година кај стратешките земјоделски култури (семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинараски производи на отворено и во заштитени простории и тутун).
Фискални импликации:	Има, потребните финансиски средства за реализација на оваа Програма се дефинирани со Буџетот на Република Македонија за 2017 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

3. Информација за степенот на имплементација на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија со предлог-акциски план 2018-2020 година	
Образложение:	Националната шумарска политика во Република Македонија се остварува преку Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република

	Македонија. Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија со предлог-акциски план 2007-2009 година беше изработена со финансиска и техничка поддршка на ФАО и во 2006 година беше усвоена од Владата на Република Македонија. Дополнително со донесување на Законот за шумите во 2009 година, со член 23 стратегијата стана и дел од законодавството. Во изминатата деценија предвидувањата со стратегијата и акцискиот план од 2006/2007 година воопшто не се имплементирани. Исто така, воопшто не се донесени нови тригодишни акциски планови со кои би се предвиделе мерки и активности за нејзино имплементирање. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој и унапредување на шумарството и ловството
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Ќе се изврши анализа на досега спроведеното и ќе донесе нов Акциски план 2018-2020 година кој ќе биде поттик за унапредување на националната шумарска политика во согласност со домашните економски и социјални текови, но и меѓународните заложби на Република Македонија, како во областа на животната средина, климатските промени, шумарството, итн.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

4. Извештај за реализација на Програма за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство за 2017 година

Образложение:	Врз основа на член 42-а став (5) од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13, 10/15, 129/15 и 39/16), фитосанитарната управа доставува извештај за реализација на Програма за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарноземјоделско производство до Владата на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија се информира со степенот на реализација и добиените резултати при спроведување на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство за 2017 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

5. Извештај за реализација на Програма за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата за 2017 година

Образложение:	Фитосанитарната управа доставува извештај за реализација на Програма за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производи за заштита на растенијата, како и нивните резидуи во производите од примарно земјоделско производство до Владата на Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Владата на Република на Македонија се информира со степенот на реализација и добиените резултати при спроведување на Програмата за спроведување мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

6. Информација за реализација на фитосанитарниот мониторинг кој е дел од Програмата за фитосанитарна политика за 2017 година

Образложение:	Врз основа на член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/2013, 43/14, 158/14, 149/15 и 39/16). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи;
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Информирање на Владата на Република Македонија по однос на реализација и добиените резултати фитосанитарниот мониторинг за 2017 година кај стратешки земјоделски култури (семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинарски производи на отворено и во заштитени простории и тутун).
Фискални импликации:	Има, потребните финансиски средства за реализација на оваа Програма се дефинирани со Буџетот на Република Македонија за 2017 година.
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

7. Информација за одржување на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Република Македонија и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во 2018 година во Брисел

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за исходот од тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност кој ќе се одржи на 24 март 2018 година во Брисел и да се задолжат

	институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

8. Информација за подготвка на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Република Македонија и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во мај 2018 година во Скопје

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на одржување на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција кој ќе се одржи во Брисел, на кој ќе бидат разгледани следните области: Право на основање и слобода на давање услуги; Јавни набавки; Право на трговски друштва; Право на интелектуална сопственост; Политика на конкуренција; Финансиски услуги; Заштита на потрошувачи и јавно здравство. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и дадените оцени од страна на ЕК по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

Б) Материјали

1. Информација за организирање на „5-ти тинк-тенк Симпозиум на високо ниво за соработката помеѓу НР Кина и земјите на ЦИЕ“

Образложение:	Симпозиумот е во заедничка организација на Секретаријатот за соработка меѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа и Министерството за надворешни работи на Република Македонија / ИГИНП, во соработка со Кинеската академија за општествени науки (CASS) - Институтот за европски

	студии (IES), Кина институтот за меѓународни студии (CIIS) и Македонската академија на науките и уметностите. Покрената е идејата за унапредување на натамошната соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа, со цел да се направи посебен придонес на развој на соработката во тој амбиент. На Симпозиумот ќе бидат поканети околу 150 гости, меѓу кои и претставници на институтите и тинк-тенковите на Кина и земјите од Централна и Источна Европа, поранешни политичари, експерти, научници и претставници од претпријатија и медиуми. Од кинеската и македонската страна ќе има од 20 до 30 гости. Десеттина гости ќе бидат поканети исклучително од институтите и тинк-тенкови на земјите на ЕУ. Симпозиумот ќе биде отворен за сите амбасади во Македонија, македонски тинк-тенкови и истражувачки институции, кинески претпријатија во Македонија и универзитети и други избрани групи на студенти. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Отворање дискусија за 16 + 1 платформа - која претставува нов важен мотор за зајакнување на соработка меѓу ЕУ и Кина, како и иницијативите на „Новиот пат на свилата“ и можностите кои се нудат во рамките на 16 + 1
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија (МНР)
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи** Институт за геостратешки истражувања и надворешна политика (ИГИНП)

2. Информација со предлог акциски план за реализација на можноста на донирање на вишок на храна

Образложение:	Со предлог иницијативата се дава преглед на повеќе модели на регулирање на донирање на вишок на храна како и давање на предлог на законска иницијатива и измени и дополнувања на законите за регулирање на даночните олеснувања како и на други поволности за економски оператори кои ќе се вклучат во системот на донирање на храна**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Водење на силна и сериозна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воспоставување на систем на донирање на храна преку продавници со храна пред завршување на рок на употреба „употребливо до“. Како и можности за користење на храната од народните кујни на Министерството за труд и социјална политика. Исто така даночни очеснувања за донаторите со храна.
Фискални импликации:	Нема, носењето на предлогот на закон нема фискални импликации
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии и Агенција за храна и ветеринарство

3. Иницијатива за проширување на генералните и деталните урбанистички планови

Образложение:	Голем дел од ромските населби не се вклучени во генералните и детални урбанистички планови на градовите. Поради ова нема законска основа за изградба на водоводна и канализациона мрежа, како и поврзаност до електрична енергија со што овие населби се во супстандардни улови за живот. Ова состојба придонесува до намалување на квалитетот на животот на населението населено во овие области, како и до нивна поголема социјалната исклученост. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите во Македонија. Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година
НПАА - поглавје и подрачје	**3.19.5 Социјална вклученост**
Очекувани влијанија:	Намалување на јазот во квалитетот на домување помеѓу ромската и неромските заедници во Република Македонија.
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

4. Информација за ревидирање на Националните акциски планови за домување, образование, здравство, вработување и зајакнување на положбата на ромската жена во општеството

Образложение:	Актуелните Национални акциски планови (НАП) за Ромите беа усвоени во 2016 година. Областите опфатени со НАП се образование, вработување, здравство, домување и вклучување на жената Ромка. Имплементацијата на Националните акциски планови од 2015 – 2016 година откако се усвоени сè уште тешко се спроведува. Воглавно тоа се должи на предвидените финансиски средства т.е. немање средства за имплементација на предвидените активности според НАП-овите, целокупната реализација на истите зависи од донаторски средства. Имено, усогласувањето на предвидените програмите на задолжените министерства со НАП-овите, односно усогласување на НАП-овите со програмите на министерствата е една од клучните предуслови за нивна имплементација. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Пречистен тескт со политички коректна формулација на напорите на државата во врска со подобрување на состојбата на Ромите во земјава; Јасно поделени ингеренции и улога на секој од вклучените чинители.
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за Седумнаесеттата емисија на обврзници за денационализација

Образложение:	Владата на Република Македонија со одлука го утврдува годишниот износ на обврзниците за денационализација што ќе се издаваат. Со предлог-одлуката ќе се утврди износот на Седумнаесетата емисија на обврзници за денационализација. Со Одлуката ќе се изврши обештетување на граѓаните во рамки на процесот на денационализација преку обврзници кои ќе се даваат како надомест за имотот одземен во корист на државата. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Поправедна распределба на доходот и општественото богатство и обезбедување на социјална заштита и праведност на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со Седумнаесетата емисија на обврзници за денационализација се очекува да се збогати понудата на хартии од вредност со кои ќе се тргува на пазарот на капитал во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2019 година

Образложение:	Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2019 година, ја донесува Владата на Република Македонија,во согласност со одредбите на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, на предлог на Министерството за труд и социјална политика, по претходна согласност на Министерството за финансии и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините. Министерството за труд и социјална политика ја изготвува методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2019 година, која се базира на формула со користење на соодветни показатели за методологијата за распределба на блок дотации.Со Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2019 година, се пропишува методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блокдотациите за јавните установи, за деца - детски градинки по општини за 2019 година. **Иницијативата има индикација на**

	поврзаност со приоритетна цел: промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Реализација на Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2019 година
Фискални импликации:	Има финансиски импликации, средствата ќе се обезбедат во рамки на Буџетот за 2019 година
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Б) Материјали

1. Информација за формирање на Работна група за натамошно усогласување на одредбите од Договорот за слободна трговија со Украина	
Образложение:	Работната група се формира со цел натамошно усогласување на одредбите од Договорот за слободна трговија со Украина и тоа: Усогласување на правилата за потекло на стоките во Договорот со ПЕМ конвенцијата; усогласување на договорот со ХС 2017 и можност за повисока либерализација во трговијата. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Зголемување на трговијата со Украина
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Извештај за работењето на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз-увоз,транзит,брокерски услуги и офсет	
Образложение:	Извештајот се поднесува врз основа на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел: ј**акнење на позицијата на Република Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30. Надворешни односи**

Очекувани влијанија:	Со материјалот се информира Владата на Република Македонија за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење на извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Информација со акциски план за спроведување на децентрализација на надлежностите во областа на земјоделство, шумарство и водостопанство

Образложение:	Со спроведување на процесот на децентрализација ќе треба да се предадат ингеренциите кои се во надлежност на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на единиците на локалната самоуправа пред сè во процесот на аплицирање на земјоделците преку единиците на локалната самоуправа за директни плажања во земјоделството и руралниот развој како и ставањето во владение на земјоделското земјиште и прибирањето на закупнините кај закупувачите.**Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешки приоритети на Владата на РМ:** Република Македонија - членка на НАТО и ЕУ и **приоритетни цели:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; водење силна и сериозна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ до крајот на 2017 година; зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи и зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Да се има поголема достапност до земјоделците за апликација на директните плаќања како и учество на единиците на локална самоуправа во постапката на доделување на земјоделско земјиште во државна сопственост со процедура на ставање во владение и прибирање на закупнина
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

4. Информација за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2017 година

Образложение:	Целта на оваа информација е да ја прикаже општата здравствена состојба на шумите во Република Македонија во 2017 година. Центарот за извештајно-дијагнозно-прогнозната (ИДП) служба при Шумарскиот факултет-Скопје, во соработка со правните субјекти кои стопанисуваат, вршат одгледување и заштита на шумите, ја следи здравствената состојба на шумите, а добиените податоци од терен ги систематизира, обединува, дава прогноза и предлага мерки за сузбивање на болестите и штетните шумски инсекти, доколку се јават во поголем обем**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој и унапредување на шумарството
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија: превентивна заштита на шумите, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

5. Информација со предлог-законски решенија за воведување професионална рехабилитација за лица со инвалидност

Образложение:	Професионалната рехабилитација во системот на вработувањето на лицата со инвалидност не е опфатена со Законот за вработување на инвалидни лица. Во текот на 2017 година се преземаат активности за определување на формата за воведување на професионалната рехабилитација, преку вклучување на работодавачи, заедница на заштитни трговски друштва и др**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на системот на заштита на лицата со посебни потреби, по широки консултации со невладините и професионални организации
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со воведување на можноста за професионална рехабилитација ќе се олесни пристапот на лицата со инвалидност кон отворениот пазар на труд и нивно полесно вработување. Истовремено, работодавачите ќе бидат вклучени во процесот на рехабилитација со што ќе можат да учествуваат во креирање на работни места за лица со инвалидност
Фискални импликации:	Има, во моментот фискалните импликации од воведување на професионалата рехабилитација не може да се определат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

6. Информација за спроведување на мерката за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Образложение:	Владата на Република Македонија да се информира за мерките и активностите што ги презема Дирекцијата за постигнатите резултати во спроведувањето на заштитата на населението и материјалните добра од заостанати неексподирани убојни и други експлозивни средства на теритоијата на Република Македонија. Како и остварување додаток на плата за посебните услови за работа изложен ана висок ризик по здравјето и животот на пиротехничарите во ДЗС. Потреба од едукација и прием на професионален кадар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита; зголемување на нивото на јавна безбедност; обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој; создавање функционален систем за заштита на животот и имот
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Со преземените мерки и активности во заштитата од неексплодираните убојни и други експлозивни средства како и отстранувањето и уништувањето на истите од страна на Дирекцијата за заштита и спасување, се намалува можноста за настанување на несреќни случаи и последици по луѓето и материјалните добра
Фискални импликации:	Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на КПУ и ВПУ во РМ за 2017 година

Образложение:	Се информира Владата на Република Македонија за реализираните активности на Управата за извршување на санкциите како и за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на отчетноста и транспарентоста на работењето на Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните и воспитно-поправните установи
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Информациија за преземени мерки и активности за 2017 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година и Оперативен план за 2018 година

Образложение:	Во функција на успешно спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, Министерството за труд и социјална политика како претседавач со Националното Координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната старатегија за стари лица 2010-2020 година, во соработка со сите претставници на Координативното тело, од владини и невладини организации коишто работат на полето на заштитата на старите лица, ќе подготват Извештај за преземени мерки и активности за 2017 година и Оперативен план за 2018 година, за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година. Оперативниот план за 2018 година, претставува план на многубројни активности коишто треба да се спроведат од страна на релевантни министерства, институции и НВО во наредниот период **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните;
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Подобрување на квалитетот на животот на старите лица во Република Македонија, односно подобрување на нивниот социо-економски статус, достапност на ресурсите во животната средина и интеграција во општествената средина, независно од пол, возраст, место на живеење и етничка припадност, почитувајќи го при тоа правото на индивидуален избор.
Фискални импликации:	Има, (За реализација на Оперативниот план 2018 година, планираните финансиски средства се обезбедени во буџетите за фискалната година за која се донесува Оперативниот план, со детално и јасно разработени и потврдени фискални импликации во рамките на Буџетите на министерствата, институциите и НВО коишто работат на полето на заштитата на старите лица и/или со поддршка од домашни или меѓународни институции и организации)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Информација за процесот на деинституционализација на лица со попреченост во менталниот развој

Образложение:	Имплементацијата на Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита (2008-2018година) досега се реализираше со ограничени ресурси и се фокусираше на лицата со попреченост во менталниот развој, сместени во ЈУ Специјалниот Завод Демир Капија. Во овој период се воспоставија и нови форми на вонинституционална заштита - организирано живеење со поддршка во посебни станбени единици во заедницата и мали групни домови, се зајакна и мрежата на дневни центри за деца и возрасни лица со попреченост, а се преземаа и мерки за зајакнување на капацитетите на згрижувачките семејства. При спроведување на процесот на деинституционализација за лицата со попреченост во менталниот развој, една од формите на вонинституционална заштита е организирано живеење со поддршка во посебни станбени единици воспоставени во локалната заедница. Почнувајќи од 2008 година, воспоставени се 17 станбени единици за организирано живеење со поддршка за лица со попреченост во менталниот развој, 9 во Неготино и 8 станбени единици во Град Скопје, во кои се сместени вкупно 81 корисник. Во наредниот период активностите ќе се одвиваат во насока на трансформација на установите од социјална заштита и воспоставување вонинституционални форми на заштита на ликално ниво, заради транзиција на корисниците од институционална во вонинституционална заштита. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање, штитење на хуманата популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и подобрување на системот на заштита на лицата со посебни потреби по широки консултации со невладините и професионални организации.
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Утврдување на клучните предизвици и потребните реформи во согласност со насокитена ЕУ; Ревидирана Националната стратегија за деинсти-туционализација во системот на социјалната заштита; Реализација на Акцискиот план кој ќе произлезе од ревидираната Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита; Поддршка на ефективна транзиција од институционална грижа кон социјална поддршка во заедницата од сите релевантни фактори; Обезбедена одржливост на постоечките вонинституционални форми на заштита во заедницата, односно

	на 17 станбени единици за организирано живеење со поддршка за најмногу 81 корисник постоечките; Проширување на мрежата на вонинституционалните форми на заштита во заедницата и воспоставување нови форми на заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби; Во соработка со локалните власти и граѓанскиот сектор утврдени се 8 локации, во кои ќе се воспостават нови услуги за вонинституционална заштита; Препораки за адаптација и модернизација/реновирање на потенцијалните локации, која понатаму би се финансирала со грант поддршка од ИПА програмата; Подобрување на квалитетот на социјалната грижа за лицата со попреченост во заедницата
Фискални импликации:	Има, (Иницијативата предизвикува фискални импликации: за постоечките станбени единици за организирано живеење со поддршка за лицата со попреченост во менталниот развој, за 2018 година од буџетот на МТСП треба да се обезбедат 17 496 000 денари; за отворање на три нови станбени единици за организирано живеење со поддршка од април до крајот на 2018 година, за 2018 година од буџетот на МТСП треба да се обезбедат 2 430 000 денари; за Активностите поврзани со ревидирање на Националната стартегија за деинституционализација, средствата се обезбедени од грант од ИПА програмата)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог правилник за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана	
Образложение:	Правилникот се усогласува со ново усвоеното законодавство на Европската Унија во врска со посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана, начинот на означување, дополнителните задолжителни информации поврзани со особеностите на додатоците на исхрана, количеството, формата и видот на витамини и минерали и одредени други супстанции. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 -безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика, ЕПП 2015.0886.7183**
Очекувани влијанија:	Воспоставување современи параметри за контрола на безбедноста на додатоците на исхрана, согласно европските стандарди
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

2. Предлог правилник за посебните барања за безбедност на храната во која се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции

Образложение:	Правилникот се усогласува со ново усвоеното законодавство на Европската Унија во врска со безбедност на храната во која се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции со цел да се обезбеди ефикасно функционирање на внатрешниот пазар, а при тоа да се обезбеди високо ниво на заштита на потрошувачите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 - безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика, ЕПП 2015.0886.7184**
Очекувани влијанија:	Воспоставување современи параметри за контрола на безбедност на храната во која се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции, согласно европските стандарди
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

3. Предлог методологија за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија

Образложение:	Со Методологија за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија се унапредува функционалниот процес на стратешко планирање преку воведување на обврска на министерствата и другите органи на државна управа за подготвување на годишни оперативни планови како и поефикасно следење, евалуација на обврските што произлегуваат од стратешките планови. Иницијативата е предвидена во Планот 3-6-9, усвоен на седница на Влада од 04.07.2017година и Планот 3-6-9+, усвоен на седница на Влада од 15.11.2017 година **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија
НПАА - поглавје и подрачје	**НПАА: 1 Политички критериуми** **Поглавје 4. Административни капацитети; 4.1.Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација; Ц10 Унапредување и координирање на функионалниот процес на стратешко планирање**
Очекувани влијанија:	Унапредување на функционалниот процес на стратешко планирање, воведување на обврска на министерствата и другите органи на државна управа за подготвување на годишни оперативни планови како и поефикасно следење, евалуација на обврските што произлегуваат од стратешките планови.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

Б) Материјали

1. Извештај за реализација на Програма за инвестирање во животната средина за 2017 година

Образложение:	Согласно Законот за животна средина член 172 став (7), Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата на Република Македонија поднесува годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање за претходната година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на нивото на инвестиции во животната средина
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информира со степенот на реализација на програмата за инвестирање во животната средина за 2017 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Информација за воспоставување национален систем за управување со нус - производите од животинско потекло

Образложение:	Националниот систем треба да обезбеди институционален и оперативен капацитет за управување и нештетно отстранување на нус – производите од животинско потекло (отпадот од животинско потекло генериран во сите фази од прехранбениот сектор) и во исто време, заштита на јавното здравство, здравјето на животните и на животната средина. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот; натамошно зголемување на инвестиции во животната средина и преземање активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско-јаглероден раст и развој;
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавјето 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосантирана политика**
Очекувани влијанија:	Основна цел на предвидениот национален систем за собирање, преработка, нештетно отстранување и искористување на нус – производите од животинско потекло е да обезбеди правила за ракување и преработка на нус – производите од животинско потекло, нивен промет, нештетно отстранување и искористување, како и задоволителен степен на заштита на јавното здравство, здравствената заштита на животните, безбедноста на храната и добиточната храна и заштитата на животната средина. Без постоењето на ваков систем, акумулацијата на непреработени и нештетно неотстранети нус – производи од животинско потекло претставуваат сериозна потенцијална опасност за здравјето на луѓето и животните и делуваат како лимитирачки фактор на развојот на прехранбениот сектор во Р. Македонија; Поддршка на развојот и воведување нови чисти (зелени) технологии за индустрискиот сектор; Обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните

	горива; водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење на клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ; Обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој;
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

3. Информација за категоризација на одгледувалишта на свињи по однос на биосигурносни мерки

Образложение:	Една од главните стратешки цели на Агенцијата за храна и ветеринарство е промена на стратегијата по однос на болеста класична чума кај свињите. Согласно годишната наредба за здравствена заштита на животните против класична чума кај свињите задолжително се врши превентивна вакцинација на свињите на целата територија на Република Македонија. За да се овозможи извоз на свињи и производи од свињи на пазарите во земјите на ЕУ или трети земји потребно е спроведување на национална политика/стратегија која одговара на критериумите кои ЕУ ги спроведува по однос на болеста класична чума кај свињите. Еден од првите чекори кон промена на националната стратегијата односно спроведување на невакцинална политика против класична чума кај свињите е категоризација на одгледувалиштата со свињи (комерцијални) во однос на биосигурносните мерки на одгледувалиштата. Спроведувањето на биосигурносни мерки на одгледувалиштата е одговорност на сопствениците и одгледувачите на свињи, а со воведување и одржување на овие мерки на одгледувалиштата со свињи се влијае на контрола на ризикот од внес на патогени микроорганизми што е директно поврзано со ефикасното и ефективно справување со евентуална појава на класична чума кај свињите. Категоризација на одгледувалиштата треба да се спроведува од страна на комисија од Агенцијата за храна и ветеринарство согласно претходно утврдени и донесени критериуми и упатства за биосигурносни мерки и категоризација **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на индустриско-производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на свињи и производи од свињи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Заштита на здравјето на луѓето и животните и обезбедување основни предуслови за промет на живи животни и нивни производи
Фискални импликации:	Има, финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а ќе се користат преку Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните за тековната година
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

4. Информација за отворање на канцеларии за дијаспората

Образложение:	Пилот проект во соработка со неколку општини во Република Македонија, при што во рамките на самите општини би се отвориле канцеларии за дијаспората кои би имале за цел решавање на административно-технички проблеми со кои се соочува дијаспората во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот и промоција и заштита на македонскиот национален идентитет во услови на глобален диверзитет на нациите и културите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Поефикасно решавање на административно-технички проблеми на дијаспората
Фискални импликации:	Има, дел се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Програма за иселеништво, а дел во план да се обезбедат од општините и меѓународни организации
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за дијаспора**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Б) Материјали

1. Годишен извештај за спроведување на Просторен план на Република Македонија за 2017

Образложение:	Извештајот се подготвува врз основа на годишни извештаи добиени од органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, јавните служби, организациите, претпријатијата, установите, институциите, и другите правни лица, доставени до Министерството надлежно за работите на просторното планирање во функција на координатор, а го изготвува Агенцијата за планирање на простор. Се презентира пред Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** континуирано следење на состојбите во просторот и настанатите промени во периодот по усвојување на Планот
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Следење на состојбата со спроведување на Просторниот план на Република Македонија и спроведување на Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 39/04). Проверка и преиспитување на зацртаните и усвоени плански решенија и нивно усогласување со определбите на Просторниот план на Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата за изработка на годишниот Извештај за спроведување на просторниот план на Република Македонија се обезбедуваат преку Буџетот на МЖСПП, Годишна Програма за изработка на просторни планови
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Иницијатива за акредитација на лабораторија за животна средина

Образложение:	Акредитација на лабораторија за животна средина е од особена важност за Следење на квалитетот на животната средина, како алатка за развој на политики, Поддршка на Државниот инспекторат за животна средина во неговата улога на спроведување на законите. Самомониторингот на инсталациите треба да биде контролиран од инспекторатот периодично. Мерењата спроведени од Централната лабораторија за животна средина ќе ги проверат податоците добиени од самомониторингот и ќе делуваат превентивно во точно презентирање на резултатите добиени од инсталациите. Следење на инциденти, вклучително хемиска и биолошка контаминација, во животната средина како и следењето на нивна деконтаминација и ремедијација Акредитација на лабораторија за животна средина е од особена важност за спроведување на стратешките цели.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Исполнување на работините задачи на одделението и исполнување на обврската за контрола на испустите потикнати од инспекторатот за животна средина
Фискални импликации:	Има, потребно е да се обезбедат околу 2 000 000,00 денари
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

3. Иницијатива за потребата од изготвување на стратешки карти за бучава за железница и патишта

Образложение:	Имплементирање на Законот за заштита од бучава во животната средина **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Исполнување на обврска која произлегува од Законот за заштита од бучава во животната средина; исполнување на законската обврска за бучава
Фискални импликации:	Има, потребно е да се обезбедат околу 200.000,00 евра
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

МАЈ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

Б) Материјали

1. Информација за прифаќање на нов пакет Партнерски цели за 2018 година

Образложение:	PARP („Planning and Review Process“) е двогодишен процес во рамките на кој во парните години Република Македонија прифаќа нов пакет Партнерски цели и подготвува детален PARP Преглед, а во непарните години НАТО подготвува PARP Проценка на Република Македонија (PARPAssesstment for The Republic of Macedonia). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** интеграција кај политичките и воените структури на НАТО
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Унапредување на способностите и капацитетите на Армијата на Република Македонија во согласност со барањата на НАТО
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Предлог политики за јавната внатрешна финансиска контрола во перодот од 2018 до 2020 година

Образложение:	Донесувањето на Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија од 2014 до 2016 година е во согласност со барањата на aquisna Европската Унија за зајакнување на финансиската контрола кое подразбира донесување и примена на конзистентно законодавство за целата област на внатрешната контрола дефинирана како: одговорност на раководството, независна внатрешна ревизија, усогласување на централно ниво и спречување на измами. Со цел зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија ќе бидат преземени мерки за зголемување на капацитетите на единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија и капацитетите на Централната единица за хармонизација во Министертсвото за финании. Зајакнувањето на внатрешната контрола, меѓу другото, ќе се реализира и преку работата на Комитетот за финансиско управување и контрола и Ревизорски комитет во Министерството за финансии, а исто така ќе бидат преземени мерки за спречување неправилности, сомнежи за измами или корупција. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продолжување со реформата на јавната администрација; зајакнување на внатрешната финансиска контрола во субјектите од јавниот сектор; зголемување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администрација; јакнење на административните капацитети на централно и локално ниво; јакнење на административните капацитети и координативните

	структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	**ЕПП- 2008.0700.4737**
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија. Воспоставување и зајакнување на системот на внатрешна финансиска контрола кој обезбедува трошењето на јавните средства да се врши транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3.Информација за кофинансирање за организирање на специјализирани - длабински и детални технолошки обуки во индустриските сектори: текстилен, автомобилски, прехранбен и металопреработувачки сектор

Образложение:	Согласно дел IV од Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година на МЕ**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на деловното опкружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси
НПАА - поглавје и подрачје	**НППА- Поглавје 20, Претпријатија и индустриска политика; АП - Краткорочни приоритети, Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.**
Очекувани влијанија:	Имплеменација на индустриската политика за зголемена конкурентност на македонската економија која води кон економски раст, развој и иновации, понатамошен раст и развој на малите и средни претпријатија.
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за економија**

4. Информација за остварени резултати од проектот за Ромски здравствени медијатори во Република Македонија за 2017 година

Образложение:	Проектот за Ромските здравствени медијатои започна да се имплементира од 2012 година со цел надминување на бариерите во комуникацијата помеѓу ромската популација и здравствените работници, идентификување на лицата и семејствата кои немаат пристап до здравствена заштита преку посети на терен и нивно информирање за достапност на бесплатни здравствени услуги предвидени во превентивните и куративните програми на МЗ со цел унапредување на здравствениот статус на Ромите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на

	поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на здравствениот статус на Ромите преку подобрен пристап до здравствените услуги
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени во Буџетот на МЗ
Предлагач:	**Министерство за здравство**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

Б) Материјали

1. Информација за спроведеното завршно оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година	
Образложение:	Во согласност со член 50 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15), во 2018 година ќе се спроведе завршно оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година**.** Со спроведуведување на наведената активност се прави оценка на степенот на реализација на планскиот документ за периодот 2009-2019 година, исполнувањето на утврдените приоритети и цели и за постигнатите ефекти за поттикнување рамномерен регионален развој. Исто така, во член 51 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој е утврдено дека за спроведеното оценување се подготвува извештај, кој е основа за изменување и дополнување на планските документи. Во таа смисла, за наодите од спроведеното завршно оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019, Министерството за локална самоуправа соодветно ќе ја информира Владата на Република Македонија, пред да пристапи кон подготвување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за наредниот десетгодишен период. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Оценување на ефектот од спроведувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година, се спроведува со цел подготвување на нов десетгодишен плански документ, заснован врз реални прогнози и остварливи цели, во функција на натамошно намалување на разликите во степенот на развиеност на планските региони и во рамки на планските региони во нашата држава.
Фискални импликации:	Има, потребните средства се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година и од донација на Владата на Швајцарија
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

2. Предлог проект за имплементација на Планот за сливот на река Струмица

Образложение:	Имплемнтација на дел од мерките предложени во План за управување со сливот на река Струмица е со цел подобрување на состојбата на водите во сливот на река Струмица, а со тоа и подобрување на туризмот. Временската рамка за спроведување на мерките согласно прокетната задача и договорот за соработка за спроведување на проектот. Плански документ согласно барањата од законот за водите и согласно барањата на рамковната Директива за води. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** интегрирано управување со речните сливови во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**АП/НППА 3.27.04. Квалитет на водата Ц6**
Очекувани влијанија:	Подобрување на статусот на водните тела на сливот на река Струмица, а со тоа и подобрување на социо-економскиот развој на регионот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

3. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во 2018 година во Брисел

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на петнаесеттиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во 2018 година во Скопје. Преку Комитетот за стабилизација и асоцијација и неговите помошни тела Европската комисија ја креира оценката за напредокот кој Македонија го постигнува во насока на исполнувањето на критериумите за членство и коректноста во имплементацијата на договорните обврски преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	***I***
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија
Фискални импликации:	Има, потребно е да се обезбедат средства за сместување и пат
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

4. Информација за одржан четиринаесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, помеѓу ЕУ и Република Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, март 2018 година, во Брисел

Образложение:	Оваа Информација има за цел да ја информира Владата за одржаниот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој меѓу Република Македонија и Европската Унија, кој ќе се одржи во март 2018 година во Брисел и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. **Иницијативата има**

	индикација на поврзаност со приоритетна цел: исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

5. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во 2018 година во Брисел

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на петнаесеттиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во 2018 година во Скопје. Преку Комитетот за стабилизација и асоцијација и неговите помошни тела Европската комисија ја креира оценката за напредокот кој Македонија го постигнува во насока на исполнувањето на критериумите за членство и коректноста во имплементацијата на договорните обврски преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.
Фискални импликации:	Има, финансиски средства за сместување и пат
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, за академската 2018/2019 година

Образложение:	Согласно член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавните високообразовни установи чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија на предлог на јавните универзитети, ја донесува Владата на Република Македонија. Министерството за образование и наука доставува до Владата на Република Македонија

	предлог-одлука врз основа на предлогите доставени до министерството од страна на јавните високообразовни установи во Република Македонија. **Индикација за поврзаност со определена стратешка цел:** зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Утврдување на бројот на слободни места во сите јавни високо образовни установи во насока на поголема транспарентност на идните студенти во нивниот избор
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Б) Материјали

1. Информација за активностите, состојбите и проблемите на центарот за обука и Дирекцијата за заштита и спасување

Образложение:	Со оваа информација Владата на Република Македонија ќе се запознае со потребата од обезбедување објект кој ќе има намена за Центар за оспособување и обука за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување. Дирекцијата за заштита и спасување согласно член 29 од Законот за заштита и спасување, има формирано Центар за оспособување и обука, кој треба да врши основна, дополнителна и специјална обука на Републичките сили за заштита и спасување и командниот и раководен кадар за превентивно и оперативно справување со природните непогоди и другите несреќи. До пред три (3) години ДЗС во своја сопственост имаше свој објект кој се користеше за оваа намена и истиот беше одземен од Влада на Република Македонија и даден за потребите на Ѓорче Петров. Со Законот за пожарникарство, овој Центар треба да врши и стручно оспособување на пожарникарите во Република Македонија и да продуцира кадри. Согласно Законот услов за едно лице да работи како професионален пожарникар е да има минимум средно образование и уверение за стручно оспособување – пожарникар кое е издадено од Центарот за оспособување и обука. Во моментов Република Македонија нема соодветен Центар за обука за потребите на заштитата и спасувањето од природните непогоди и други несреќи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот; поддршка на другите државни институции. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** висината на потребните средства во моментов е неопределена и ќе зависи од можните предлози и решенија. Во таа насока потребна ни е помош од Владата на Република Македонија, а можно е аплицирање и пред Фондовите на ЕУ за оваа намена
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воспоставувањето на Центарот за оспособување и обука е неопходна потреба во Република Македонија. Истиот ќе го овозможи потребното ниво на едукација за потребите на системот за заштита и спасување како активно спроведување на утврдените мерки за заштита и спасување и потребниот раководен и команден кадар. Дополнително со ова ќе се овозможи систем на континуирано оспособување и кондицирање на потребните вештини, знаења и

	способности на потребниот кадар. Предлогот се дава со цел надминување на сегашната состојба и обезбедување на модерен и функционален Центар за обука согласно стандарди на ЕУ и НАТО за кои меѓународните субјекти придаваат големо значење и постојано укажуваат на потребата од остварување на овој приоритет
Фискални импликации:	Има, средствата требада бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог платформа за Осмата седница на Мешовитата македонско – кинеска комисија по Договорот за трговска и стопанска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина

Образложение:	Согласно Договорот, Мешовитата комисија одржува состаноци наизменично во Република Македонија и во Народна Република Кина. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Платформата има за цел да ги интегрира темите за разговор предложени од страна на ресорните институции, добивање мандат за разговори од Владата на Република Македонија, за коишто подоцна се разговара со другата страна на самата седница
Фискални импликации:	Има, потребните средства се обезбедени со буџетот на Министерството за економија
Предлагач:	**Министерство за економија**

Б) Материјали

1. Информација за следење на спроведувањето на активностите за подобрување на деловната клима, согласно препораките на извештајот „Doing Business 2018“ на Светска банка

Образложение:	Извештајот на Светска банка „DoingBusiness“ ги анализира и мери состојбите поврзани со условите за водење бизнис во различните светски економии. Со цел подобрување на деловната клима и условите за водење бизнис во земјата, како и подобрување на рангот на Република Македонија, Владата на Република Македонија утврдува мерки и активности за подобрување на бизнис-климата. Оваа Информација има за цел следење на спроведувањето на активностите за подобрување на деловната клима, согласно препораките на извештајот „Doing Business 2018“ на Светска банка. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел:**

	создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на условите за водење бизнис во земјата.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Информација за промена на начинот на управување со пензионерските домови со кои управува ФПИОМ со акциски план за подобрување на условите во пензионерските домови

Образложение:	Информацијата ќе ги содржи постојните форми на домување на пензионери и стари лица, предлози за подобрување на управувањето со овие домови, подобрување на условите за сместување во истите и нивна максимална искористеност. Во тек е подготовка на физибилити студија на 15 пензионерски домови со кои управува Фондот на ПИОМ. По завршување на студијата ќе се презентираат можните решенија со цел планирање и преземање на потребните активности за подобрување на условите во пензионерските домови, воспоставување пензионерска зедници, со организирано домување на стари лица во населбите во кои домувањето ќе биде обезбедено по поволни цени, со достапни медицински и други служби и понуда на прехранбени продукти**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на животниот стандард на пензионерите и старите лица
Фискални импликации:	Има, но во моментот фискалните импликации не може да се определат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Информација за работата на Советот за социјална сигурност

Образложение:	Со Информацијата за работата на Советот за социјална сигурност се запознава Владата на Република Македонија со сите заклучоци, одлуки и активности на Советот за социјална сигурност, а кои се во насока на подобрување и унапредување на социјалната сигурност и на животниот стандард на корисниците на пензија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Основна цел на Советот е да предложи мерки и предлог-проекти за подобрување, унапредување на социјалната сигурност, животниот стандард на

	корисниците на пензија, кои би биле овозможени во соработка и помош на надлежните институции. Овие предлог – проекти и мерки произлегуваат од барањата и потребите на корисниците на пензија во секојдневниот живот. Целта на предлог – проектите е да се обезбеди сигурна пензија и подобрување на животниот стандард на пензионерите, што е во корелација со стратешката цел-намалување на сиромаштијата под 16% до 2020 година во Програмата за работа 2017-2020 година на Владата на Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Информација за потребата од редефинирање на начинот и критериумите за наменските и блок дотации за општините

Образложение:	Владата на Република Македонија на седницата 38-та седица одржана на 10.10.2017 година донесе заклучок Министерството за локална самоуправа да формира работна група за подготовка на детална анализа на состојбите со утврдување на наменските и блок дотации за општините со предлог за редефинирање на начинот и утврдувањето на критериумите за наменски и блок дотациите за општините и најдоцна до јуни 2018 година да достави Информација за направената анализа до Владата на Република Македонија **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрена финансиска стабилност на општините преку правична, транспарентна и предвидлива распределба на средствата од централниот буџет за наменските и блок дотации.
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени со донаторска подршка
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

5. Анализа на финансирање на спортот во Република Македонија

Образложение:	Аналаза на финансиарње на спортот во периодот 2000-2017 година, со предлог-мерки за континуиорано и стабилно финасирање нна дејноста спорт во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешките приоритети на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија; Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија **и приоритетна цел:** поддржување на политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и средини, кои секојдневно го применуваат спортот и спортско-рекретивните активности
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Забрзан развој на спортот и обезбедување стабилни извори за финсирање на спортот во Република Македонија.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош

Образложение:	Годишна обврска произлегува од член 35 од Законот за бесплатна правна помош**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; промовирање на хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.23.3 Фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Информирање на Владата на Република Македонија за примена на одредбите од Законот за бесплатна правна помош во 2017 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2017 година

Образложение:	Се презентираат постигнатите резултати од работата на извршителите, примени барања за извршување и реализирани извршни предмети, извршени надзори над работењето на извршителите и поднесени предлози за поведување дисциплински постапки против извршители. Воедно со Информацијата ќе се предлагаат и мерки за унапредување и обезбедување на ефикасно и законито спроведување на извршувањето **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Запознавање на Владата и општата јавност со ефектите на системот на извршувањетона извршните исправи и остварување на правата на доверителите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

3. Информација за отворање на Дневен центар за стари лица во општина Велес

Образложение:	Забрзаниот интензитет на демографско стареење на населението ги зафаќа сите земји во светот, па и Република Македонија. Во последните години, во Република Македонија, интезивно се работи на развивање на воништитуционални форми за грижа и помош за старите лица и тоа во законски предвидените форми: услуги за дневно и привремено згрижување за старите лица, домашна нега на старите лица, обезбедување финансиска помош и помош во натура што се реализира преку центрите за социјална

	работа и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и создавање функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зголемен број на дневни центри за опфат на стари лица и зголемена и подобрена социјализацијата на повозрасните лица преку нивна секојдневна комуникација и дружење.
Фискални импликации:	Има. (Иницијативата предизвикува фискални импликации. Средствата за реконструкција и опремување со потребната опрема и инвентар ќе бидат обезбедени од буџетот на МТСП во висина од 1 500 000,00 ден. и тоа: 1 000 000 ден. за реконструкција и 500 000 ден. за опремување.)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог-правилник за ароми и одредени состојки на храна со ароматизирачки својства за употреба во и на храна	
Образложение:	Правилникот се усогласува со новоусвоеното законодавство на Европската Унија од обалста за ароми и одредени состојки на храна со ароматизирачки својства за употреба во и на храна. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 - безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика**
Очекувани влијанија:	Воспоставување современи параметри за контрола на безбедноста на аромите, согласно европските стандарди
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Б) Материјали

1. Информација за функционалноста на постојните и обезбедување услови за воспоставување Центри за услуги во сите општини	
Образложение:	Приоритет во Програмата на Владата во делот на локалната самоуправа е воспоставување Центри на услуги во кои граѓаните ќе можат на едно место да ги добијат сите услуги, брзо, квалитетно и евтино. Сервис центри или Центри за услуги, во рамките на различни проекти финансирани од страна на УСАИД

	и од ЕУ се воспоставени во некои општини, но сите функционираат на различен начин и со различен капацитет и опфат. Со подготовка на Анализа ќе се направи проценка на состојбата на постојните, како и на потребните услови за воспоставување Центри за услуги во сите општини. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен регионален развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Создавање на основни претпоставки за воспоставување Центри за услуги во сите општини.
Фискални импликации:	Има, средствата потребни за изработка на Анализа се обезбедени и ќе се имплементираат во соработка со УНДП
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

2 .Извештај за работа на Дражавниот завод за статистика за 2017 година

Образложение:	Во согласност со законот за дражавната статистика, Државниот завод за статистика да подготви извештај до Владата на Република Македонија за својата работа за претходната година. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**НПАА подрачје 18-статистика**
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информира за работата на Државниот завод за статистика за претходната година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Државен завод за статистика**

3. Меморандум за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија и Агенцијата за радијациона заштита и нуклеарна сигурност на Република Косово за соработка во полето на радијационата заштита

Образложение:	Со потпишувањето на горенаведениот Меморандум за разбирање ќе придонесе во зајакнувањето на регионалната соработка во областа на радијационата и нуклеарната сигурност и радијационата заштита помеѓу Република Македонија и Косово, а со тоа и размена на технички информации и искуства помеѓу двете регулаторни тела. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информира за меморандумот за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија и Агенцијата за радијациона заштита и нуклеарна сигурност на Република Косово за соработка во полето на радијационата заштита
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Дирекција за радијациона сигурност**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Б) Материјали

1. Информација за потребата од модернизација и надградба на Системот за тревожење во Република Македонија

Образложение:	Владата на Република Македонија да се информира за потребата од модернизација и надградба на системот за тревожење во Република макеоднија. Воспоставувањето на современ единствен систем за тревожење на Република Македонија кој ќе овозможи доверлив и безбеден начин на тревожење на населението, поголема безбедност во спасување на животи и материјални добра. Постоењето на јавното тревожење во Република Македонија е регулирано со членовите 38 и 39 од Законот за управување со кризи. По конституирањето на ЦУК, опремата за тревожење со која располагаше Министерството за одбрана премина во надлежност на ЦУК. Системите за тревожење на Република Македонија се концентрирани и поставени уште во седумдесеттите и осумдесеттите години на минатиот век. Уредите за тревожење се многу стари, во голема мера се нефункционални со застарен и неефикасен начин на командување и без алтернативен извор на напојување. Итно е потребно воспоставување на современ систем за тревожење на територијата на Република Македонија со можност за активирање на која било сирена во државата од една централна позиција, далечинско праќање на препораки и соопштенија за постапување и слично. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста на раното предупредување, навремено известување и спасување на животи и материјални добра на територијата на Република Македонија. Подобрување на ефикасноста во навремено и брзо известување на населението за настанати опасности од поголем обем кои може да се нанесат и предизвикаат поголеми последици и штети, а со цел навремено извлекување и евакуирање на населението и згрижување на материјално техничките средства. Брзо и ефикасно доставување препораки за постапување по далечински пат, преку електронски сирени
Фискални импликации:	Има, средствата не се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а поради итноста за воспоставување современ систем за тревожење на територијата на Република Македонија, нема можност за понатамошно одлагање
Предлагач:	**Центар за управување со кризи**

2. Информација за потребата од модернизација и надградба на радиосистемите во Република Македонија

Образложение:	Постоењето на единствен систем за радиоврски е наследено од МО кога овој сегмент бил и од нивна надлежност, а од 2005 година со формирањето на ЦУК преминува во надлежност на ЦУК и претставува ена од главните функции. Во далечните 80-ти е изграден овој систем кој до овој момент е согласно тогашната организација и функционирање. Овој организациски сегмент е целосно изменет во моментов и е потребна изградба на нов помодерен систем на радиоврски со сите субјекти во системот како и резервна варијанта на комуникација која од друга страна ќе биде самостојна, независна и сигурна, особено во случаи на настанување на големи несреќи, катастрофи и опасности. Со модернизацијата и надградбата на радиосистемите во Република Македонија ќе се зголеми ефикасноста на ЦУК во брзото и навремено, сигурни известување до сите и од сите субјекти во системот за управување сокризи во Република Македонија. Со сопствен радиосистем како резервна варијанта на комуникација во кризни состојби и големи ризици и опасности. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со одредена приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Воспоставување современ единствен систем за радиоврски за потребите на системот за управување со кризи. Подобрување на ефикасноста во справувањето со настанати ризици и опасности
Фискални импликации:	Има, средствата не се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а поради итноста за воспоставување на современ единствен систем за радиоврски за потребите на системот за управување со кризи, нема можност за понатамошно одлагање
Предлагач:	**Центар за управување со кризи**

3. Годишен извештај за работа на Агенцијата за стоковни резерви за 2017 година

Образложение:	Обврската за поднесување на Извештај за работа на Агенцијата за стоковни резерви произлегува од член 16, став 4 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 77/09,24/11 и 43/14). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информирмира за сработеното во претходната година на Агенцијата за стоковни резерви на Република Македонија во форма на Годишен извештај
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за стоковни резерви**

ЈУНИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконскиакти

1. Предлог уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2019 година

Образложение:	Се врши распределба на дотации од ДДВ кои се познати и сигурни приходи за општините и Градот Скопје од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, кои се распределуваат согласно утврдени и транспарентни критериуми. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетот на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учетсво при носење одлуки, рамномерен регионален развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воспоставување стабилна финансиска состојба на општините и развивање на локалната самоуправа врз основа на принципите на Европската повелба за локална самоуправа
Фискални импликации:	Има, средства во износ од 4,5% од проценетите приходи од данокот на додадена вредност во претходната фискална година
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог уредба за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија

Образложение:	Владата донесува Уредба за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија во која особено се пропишува: видовите технологии за кои се доделува премија, односно повластена тарифа, посебните услови што треба да ги исполни електроцентралата за да се стекне со статус на повластен производител, горната граница на инсталираната моќност на електроцентралата што може да се стекне со статус на повластен производител, износот и периодот на користење на повластените тарифи, начинот на определување на износот и исплатата на премии, како и периодот на нивно користење, содржината на одлуката и јавниот оглас за спроведување тендерска постапка за доделување премии, начинот и формата на спроведување на тендерската постапка и јавната аукција за доделување премии, задолжителните елементи на договорот со право на користење премија и договорот за користење премија, документите кои се доставуваат во постапката за склучување на договорот помеѓу Агенцијата за енергетика и повластениот производител кој користи

	премија и содржината, формата и начинот на водење евиденција на повластени производители кои користат премија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: о**безбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15 Енергетика**
Очекувани влијанија:	Република Македонија има обврска да транспонира повеќе директиви меѓу кои и Директива 2009/28/ЕС за промоција на користењето на енергија од обновливи извори што значи воведување мекри за поддршка за искористувањето на обновливите извори на енергија
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени со техничка помош од страна на УСАИД
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители

Образложение:	Владата донесува одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители, при чие определување се зема предвид индикативната траекторија за исполнување на целите предвидена во Акцискиот план за обновливи извори на енергија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15 Енергетика**
Очекувани влијанија:	Република Македонија има обврска да транспонира повеќе директиви меѓу кои и Директива 2009/28/ЕС за промоција на користењето енергија од обновливи извори што значи воведување мекри за поддршка за искористувањето на обновливите извори на енергија.
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени со техничка помош од страна на УСАИД
Предлагач:	**Министерство за економија**

4. Предлог програма за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2018-2022

Образложение:	Во Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) утврдена е обврска да се донесе програмски документ за развој на спортот во Република Македонија за пет години. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешките приоритети на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија; Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија **и приоритетна цел:** поддржување политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални

	групи и средини, кои секојдневно го применуваат спортот и спортско-рекретивните активности
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Забрзан развој на спортот, уредување одделни сегменти на спортот, а особено утврдување на стратешките приоритети за финасирање на спортот; развој на националниот спортски систем; спортот во ЕЛС; статусот на спортистите, тренерите и другите учесмци во спортот; функција на клубови и национални спортски федерации; финасирање на дејноста спорт; меѓународната соработка и учество на поединци, екипи и репрезентации во меѓународниот спортски систем; планирање и водење на спортскиот и информатички спортски систем; примена на науката во спортот и др.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

5. Предлог стратегија за намалување на ризици од катастрофи

Образложение:	На Светската конференција за намалување на катастрофите (World Conference od Disaster Reduction – WCDR) кој се одржа во Кобе, Хјого, Јапонија од 18 до 22 јануари 2005 година и е донесена Рамката за акција од Хјого за периодот 2005-2015 –„Градење на отпорноста од катастрофи на нациите и заедниците“ (Hyogo Framework for Action: Building the Resilience of Nations and Communities to Disaster – HFA). Рамката за акција е поддржана од 168 држави меѓу кои и Република Македонија со што се преземени и одредени обврски за постигнување на поставените цели од областа на намалувањето на ризиците од катастрофи. Со заклучоци од 140-та седница одржана на 11.6.2013 година Владата на Република Македонија го задолжи ЦУК да отпочне со изработка на активностите за изработка на Стратегијата за намалување на ризици од катастрофи и за национална контакт точка со катастрофи (UN ISD) и институција која ќе координира и известува за напредокот во имплементацијата на обврските кои произлегуваат од Хјого Рамката за активности (HFA) 2005-2015. Во досегашниот период тематската меѓуресорска работна група за изработка на Стратегија за намалување на ризици од катастрофи, преку одржување на работилници изработи Нацрт-верзија на Стратегијата за НРК, која беше доставена до надлежните институции за разгледување. Надлежните институции доставија свои мислења до тематската работна група и истите беа вградени во финалната верзија на Стратегијата за НРК, како и насоките од Светската конференција за намалување на катастрофите во Сендаи–Јапонија. Материјал со слична содржина, Владата на Република Македонија добива и преку Националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи поради што е потребно усогласување на овие два материјали. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Донесувањето и имплементацијата на Стратегијата за намалување на ризици од катастрофи (НРК) ќе придонесе во зајакнувањето на меѓуресорската соработка и координација во делот на намалувањето на ризизци од големи катастрофи, нивното превентирање и обезбедување на рано предупредување

	за нивнта веројатност од настанување. Позитивни влијанија од имплементацијата: Стратегијата ја претставува можноста за преземање на координирани меѓуресорски активности заради намалување на воочените ризици кои често ја загрозуваат општата безбедност на државата и предизвикуваат големи материјални штети и други последици и ќе претставува добра основа за обезбедување соработка и поддршка на Република Македонија од страна на меѓународните организации и институции во нивното имплементирање. Негтивни влијанија нема
Фискални импликации:	Има, финансиските средства се обезбедени од Програмата заразвој на Обединетте Нации (УНДП) во рамките на досегашната соработка на проектот „Намалување на ризиците од катастрофи и климатските ризици“
Предлагач:	**Центар за управување со кризи**

Б) Материјали

1. Информација за потребата од вработување на референт за ромски прашања во единиците на локалната самоуправа	
Образложение:	Преземање активности за подобар пристап на услуги. На овој начин ќе се овозможи подобра социјална вклученост на оваа заедница во општеството, како и полесно остварување на човековите права. (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020година). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23 Правосудство и фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Полесно остварување на правата
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

2. Информација за социјално мапирање на супстандардни населби во Република Македонија	
Образложение:	Нотификација на неформални и суп-стандардни населби на територијата на Република Македонија и нивна класификација. Неформалните населби не се мапирани и нема податоци за степенот на ризик по безбедноста и здравјето на граѓаните кои живеат во нив (депонии, маала изградени на карпи, покрај река, и сл.). Потребата од мапирање на супстандардни населби е од огромно значење за Република Македонија, со цел за вклученост и учество на локалните ромски заедници во процесите на социјалната инклузија во домувањето и одржлив урбан развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија2014-2020година)
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23 Правосудство и фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Подобрување на стандардот и положбата во општеството на Ромите. Урбанизација на ромски населби или населби во кои живее мнозинско ромско

	население (пристапни патишта, водоводна и канализациона мрежа, приклучок кон електрична енергија, улично осветлување итн.)
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за упатување на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ“ во Либан	
Образложение:	Придонесот на Република Македонија во мисиите предводени од Организацијата на Обединетите нации претставува конкретна потврда за ефективното членство на Република Македонија во организацијата како и потврда на нејзините стратегиски определби. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Стратегиско партнерство со Организацијата на Обединетите Нации
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Презентирање на Република Македонија како стратегиски партнер во рамките на Организацијата на Обединетите Мации што се залага за зачувување ма заедничките вредности и споделување на обврските, како и промовирање на заложбите за воспоставување на мир и безбедност на глобално ниво
Фискални импликации:	Има, финансиските импликации кои произлегуваат за Министерството за одбрана се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Предлог правилник за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжувањена на нивната важност, начинот на водење евиденција за издадени, поништени и отповикани визи и обрасците за визи	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност, ЕПП: 2013.1200.6990**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за внатрешни работи**

3. Предлог план за интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција, поддржан од ГЕФ и УНДП-Спроведување на мерки од Планот за управување со подрачје на речен слив со Преспанско Езеро

Образложение:	Изработка на План за интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро и спроведување мерки од Планот за управување со подрачје на речен слив со Преспанско Езеро. Во рамките на прокетот ќе се обезбеди зајакнување на административните капацитети на локално и централно ниво. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** интегрирано управување со речните сливови во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**АП/НППА 3.27.04. Квалитет на водата Ц6**
Очекувани влијанија:	Подобрување на статусот на водните тела на сливот на река Струмица, а со тоа и подобрување на социо-економскиот развој на регионот
Фискални импликации:	Има, средствата за проектот се обезбедени од ГЕФ и УНДП
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Б) Материјали

1. Информација за подготовките за учество на делегација на Република Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во Обединетото Кралство, 10 јули 2018 година, со предлог-платформа за настап на делегацијата

Образложение:	Информацијата има за цел информирање на Владата на Република Македонија за подготовките и за учеството на делегацијата на Република Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во месец јули 2018 година, во Обединетото Кралство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Негативно влијание нема
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Предлог проект за имплемантација на Планот за управување со Преспанско Езеро

Образложение:	Имплемнтација на дел од мерките предложени во План за управување со сливот на Преспанско Езеро и спроведување на добра земјоделска практика на територијата на општина Ресен со цел подобрување на состојбата на еко системот на Преспанското Езеро, а со тоа и подобрување на туризмот. Временската рамка за спроведување на мерките согласно прокетната задача и

	договорот за соработка. Плански документ согласно барањата од законот за водите и согласно барањата на рамковната Директива за води **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** интегрирано управување со речните сливови во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**АП/НППА 3.27.04. Квалитет на водата Ц6**
Очекувани влијанија:	Подобрување на статусот на водните тела на сливот на Преспанското Езеро, а со тоа и подобрување на социо економскиот развој на регионот.
Фискални импликации:	Има, проектот е финансиран од Швајцарската Влада, а се имплементира од страна на УНДП
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог Национална стратегија за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија

Образложение:	За програмскиот период 2014-2020 година, Република Македонија склучи Рамковна спогодба помеѓу Република Македонија застапувана од страна на Владата на Република Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (IPA II). Рамковната спогодба вклучува одредби за заштита на финансиските интереси на Европската Унија. Овие одредби ја утврдуваат обврската за спречување, откривање и решавање на сите случаи на неправилности и финансиска измама. Република Македонија треба да обезбеди истрага и ефективен третман на сомнителните случаи на финансиска измама, судир на интереси и неправилности и да обезбеди функционирање на механизам за контрола и известување на секое сомневање за финансиски измами и други неправилности кои биле предмет на првичен административен и судски наод. Република Македонија треба да ги презема сите соодветни мерки за спречување и борба против сите активни или пасивни пракси на корупција во која било фаза од постапката за набавка или постапка за доделување грант или во текот на спроведувањето на соодветните договори. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување достапност на ИПА средствата и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачи, невработени, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување
НПАА - поглавје и подрачје	**Во рамките на поглавје 3.32 - финансиска контрола; Во рамки на подрачјето 3.32.2 - заштита на финансиските интереси на Европската Унија**

Очекувани влијанија:	Ефективно користење на средствата од инструментот за претпристапна помош (ИПА); обезбедување ефикасен систем за превенција, откривање и пријавување на неправилности, измами и конфликт на интереси, како и преземање соодветни корективни мерки за сузбивање на истите по однос на средствата од ИПА I и ИПА II; осигурување дека сите направени трошоци се во согласност со релевантните правила од ЕУ и националната легислатива
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Предлог платформа за одржување на Првата седница на Мешовитата комисија согласно Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговска и економска соработка

Образложение:	Согласно Спогодбата, двете страни ќе се договорат да се одржи Првата седница на Мешовитата комисија. Мешовитата комисија претставува тело кое е надлежно за развојот на билатералните економски односи меѓу двете земји, како и за имплементација на Договорот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Платформата има за цел да ги интегрира темите за разговор предложени од страна на ресорните институции, добивање мандат за разговори од Владата на Република Македонија, за коишто подоцна се разговара со другата страна на самата седница
Фискални импликации:	Има, потребните средства се обезбедени со буџетот на Министерството за економија
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог програма за ревалоризација на споменици на култура-Листа на културно наследство од национално значење

Образложение:	Македонија е една од ретките земји во Европа и во регионот која сè уште не располага со податоци за вкупниот фонд на споменици на култура класифицирани според категорија по вредност, преточени во Листа на културно наследство од национално значење. Отсуството на еден ваков исклучително значаен стратешки документ штетно се одразува на вкупниот процес на програмирање на активностите во дејноста, појава на злоупотреба и манипулација со категоријата на спомениците, волунтаризам и несоодветен конзерваторско-реставраторски третман. Во постојната законска регулатива Програмата за ревалоризација ја донесува Министерството за култура (став 4 од член 175 од Законот за заштита на културно наследство). Со програмата за ревалоризација планирана за 2018 година, ќе бидат опфатени сите евидентирани недвижни споменици на културата и ќе биде изработена предлог-Листа на културно наследство од национално значење која во иднина согласно измените на законот ќе треба да биде донесена од Собранието на Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со**

	приоритетни цели: афирмација на националната култура во земјите од регионот, од ЕУ и од светот; усогласување на развојните културни политики со релевантните развојни политики од меѓународен карактер и Континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Подобрување на законската регулатива и унапредување на дејноста заштита на културното наследство; усогласување со легислативата на земјите членки на ЕУ; со Програмата за ревалоризација од која ќе произлезе Листата на културно наследство од национално значење, се очекува системско подобрување на заштитата на културното наследство во делот на програмирањето и финансирањето на конзерваторско-реставраторските активности. Листата на културно наследство од национално значење, претставува стратешки документ кој ќе биде утврден согласно новиот Закон за заштита на културно наследство; Со донесувањето на Листата на културното наследство од национално значење се гарантира грижата на државата за културното наследство и се обезбедува поголема транспарентност и достапност на националните вредности пред домашната и светска јавност
Фискални импликации:	Има, средствата се планирани со годишната програма во МК
Предлагач:	**Министерство за култура**

Б) Материјали

1. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2017 година	
Образложение:	Изготвувањето на Годишниот извештај за управувањето со јавниот долг има за цел поблиску и на редовна основа да ги информира Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на вкупниот јавен долг на Република Македонија, како и со чекорите кои се преземени во текот на минатата година за ефикасно управување со должничкото портфолио на Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување на одржливо ниво на јавен долг преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит кое нема да придонесуваза пораст на нивото на јавниот долг над долгорочно одржливо ниво.
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Целта на извештајот за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2017 година е информирање на јавноста со стратешките цели за управувањето со јавниот долг и гаранциите, презентирање на детални информации за состојбата и карактеристиките на јавниот долг, ризиците на кои е изложено портфолиото, како и активностите преземени во насока на негово подобрување
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите

Образложение:	Обезбедување континуиран развој, приод кој се заснова на промоција, обезбедување еднакви можности на жените и мажите и принцип на недискриминација со цел остварување на човековите права. Презентирање на активностите кои ќе бидат насочени во инкорпорирање на концептот на еднакви можности и недискриминација во сите области од општественото живеење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институции и **приоритетни цели:** унапредување на правата на жените и зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот и имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите и непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 19 Социјална политика и вработување**
Очекувани влијанија:	Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството и да се обезбеди континуитет во остварувањето на еднаквоста и недискриминацијата и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, внесување на родовата перспектива во сите сфери на општественото живеење и обезбедување еднаков пристап до добрата и услугите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Информација за активностите за рамномерен културен развој

Образложение:	Рамномерен културен развој и перманентна поддршка на проекти и содржини во сите општини во Република Македонија, преку подвижноста на установите и достапноста на културните содржини од поголеми урбани средини, пред сè од главниот град во помалите населени места и обратно. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Рамномерен културен развој во функција на дисперзија на културата и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста на локално ниво со цел достапност на културните вредности до граѓаните и нивно масовно користење во општините во Република Македонија, со што ќе се придонесе за поттикнување и економскиот развој на самата општина.
Фискални импликации:	Има, финансиските средства се планирани во рамките на буџетот на Министерството за култура
Предлагач:	**Министерство за култура**

4. Информација за развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните

Образложение:	Министерството за култура преку главните носители на културниот живот - институциите и организациите од културата, уметниците и сите луѓе со креативна визија - да овозможи поддршка на проекти со цел создавање услови за достапност на културните содржини од сите дејности од областа на културата за сите граѓани во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата натворештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста преку реализација на содржини од сите дејности од областа на културата достапни за сите граѓани во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, финансиските средства се планирани во рамките на буџетот на Министерството за култура
Предлагач:	**Министерство за култура**

5. Информација за дигитализирање и заштита на музичкото, драмското, танцовото и ликовното творештво, како и на пропагандните материјали од реализираните проекти, со овластување субјекти со надлежност да формираат бази на податоци

Образложение:	Овој значаен стратешки процес предвидува дигитализирање и заштита на музичкото, драмското, танцовото и ликовното творештво, како и на пропагандните материјали од реализираните проекти со овластување субјекти со надлежност да формираат бази на податоци кои ќе бидат дел од базата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Преку дигитализираниот фонд на установите во културата за македонско творештво, истото ќе биде достапно за научни и компаративни културолошки истражувања, ќе се сочуваат записите за творештвото и ќе се оформат бази на податоци со кои ќе се овозможи обезбедување научни анализи за сите сегменти од областа на културата и планирање на развојот на културата заснован на соодветна методологија.
Фискални импликации:	Има, истите ќе се обезбедат во годишниот програмски буџет на Министерството за култура
Предлагач:	**Министерство за култура**

6. Предлог проект за изградба на систем за третман на отпадни води во Кочани

Образложение:	Изградба на дел од канализациона мрежа, главен собирен колектор и станица за третман на отпадни води во Кочани. Вкупната вредност на проектот

	изнесува 23.069.000,00 CHF, од кои од Швајцарската Влада преку SECO се обезбедени 20.985.000 CHF, кофинансиран од Владата на Република Македонија преку МЖСПП со финансиски средства во висина од 1.785.000,000 CHF и општина Кочани со ЈП Водовод Кочани во висина од 299.000,00 CHF. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина
НПАА - поглавје и подрачје	**Ц47 Изградба на системза третман на отпадни води**
Очекувани влијанија:	Со изградбата на систем за третман на отпадни води во Кочани се пристапува кон директна имплементација на Законот за води во делот на третман на отпадни води
Фискални импликации:	Има, за реализација на проектот се предвидени 37.500.000 денариод Буџет на Република Македонија за 2018 година.
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

7. Информација за развој на училишниот спорт во Република Македонија

Образложение:	Информација за состојбите во училишниот спорт на Македонија ќе даде одоговр на моменталната состојба и индикаторите за следење на активностите во овој сегмент на дејноста спорт. Воедно ќе се дадат и предлог-мерки за унапредување на развојот на училишниот спорт и зголемување на опфатот на ученици во основно и средно образование кои се активно тренираат и се натреварuваат во најмасовниот спортски систем во Република Македоија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешјите приоритети на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија; Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија **и приоритетна цел:** поддржување политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и средини, кои секојдневно го применуваат спортот и спортско-рекретивните активности
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Забрзан развој на училишниот спорт во Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба

Образложение:	Согласно член 5 точка 1 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и предлага на Владата на Република Македонија донесување на Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба. Листата на стоки и технологии со двојна употреба ќе се усогласи со најновите

	измени на Листата на стоки и технологии со двојна употреба на ЕУ кои се направени во 2017 година, а која се очекува ЕУ да ја донесе до крајот на 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30. Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на листата ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите. Оваа листа ја имаат прифатено сите земји кои го поддржуваат меѓународниот режим за контрола на извозот и имаат донесено национална легислатива по однос на контролата на извозот, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

Б) Материјали

1. Извештај за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2017 година, како и за имплементацијата на Националниот акционен план за спроведување на Резолуцијата 1540 на Советот на безбедност на ОН за периодот 2014-2017 година	
Образложение:	Информацијата има за цел запознавање на Владата со активностите на ХБРН телото и имплементацијата на резолуцијата на СБ на ОН 1540. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Република Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот и безбедност
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Функционирањето на Телото овозможува зајакнување на националниот систем за превенција, намалување на ризиците и заштита од ХБРН оружја и материјали, како и подобра координација на активностите и процесите кои произлегуваат од предметната област меѓу надлежните органи на Владата на Република Македонија. Истото придонесува и за зајакната соработка со главните партнери во сферата на ХБРН заканите – ЕУ и САД
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Информација за актуелните состојби и поважни политики на Европската Унија во 2017 година

Образложение:	Информацијата има за цел запознавање на Владата на Република Македонијасо актуелните состојби и поважни политики на Европската Унија во 2017 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Информирање на Владата на Република Македонија за актуелните внатрешни состојби во ЕУ во 2017 година. Негативно влијание нема.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

3. Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка, за периодот Јануари – Јуни 2018 година

Образложение:	Инфорамцијата се доставува со цел да се информира Владата на Република Македонија за статусот на ИПА програмата за прекугранична соработка**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 22**
Очекувани влијанија:	Унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план; Ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување на достапност на ИПА средствата и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организација, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување. Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на Република Македонија за напредокот по однос на ИПА програмата за прекугранична соработка
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

4. Предлог правилник за безбедност и квалитет на водата за пиење

Образложение:	Правилникот се усогласува со ново усвоеното законодавство на Европската Унија во врска со безбедноста и квалитетот на водата за пиење со цел заштита на здравјето на луѓето од несакани ефекти од контаминација на водата со обезбедување истата да биде здрава и чиста **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти

НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 - безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика** **ЕПП 2016.0886.7289**
Очекувани влијанија:	Воспоставување современи параметри за контрола на безбедност и квалитетот на водата за пиење, согласно европските стандарди
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

5. Предлог правилник за максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло

Образложение:	Правилникот се усогласува со ново усвоеното законодавство на Европската Унија и со него се определуваат максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни, од растително и од животинско потекло, заради висок степен на заштита на потрошувачите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 - безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика** **ЕПП 2016.0886.7315**
Очекувани влијанија:	Воспоставување современи параметри за контрола на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни, од растително и од животинско потекло.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Подзаконски акти

1. Предлог уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2019 година

Образложение:	Распределба на средствата за блок дотации за основното образование по општини за 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката; Осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на труд и развој на економијата
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Финансирање на дејноста основното образование
Фискални импликации:	Има, средствата за блок дотации ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година на; Програма А - Децентрализација
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Предлог уредба за методологија за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2019 година

Образложение:	Распределба на средствата за блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката; осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на труд и развој на економијата
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Финансирање на дејноста средно образование
Фискални импликации:	Има, средствата за блок дотации ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година на; Програма А - Децентрализација
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог уредба за методологија за утврдување критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2019 година

Образложение:	Распределба на средствата за наменски дотации за основното образование по општини за 2019 година (наменска дотација за општина Пласница која е во прва фаза на децентрализација). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување стратегии и реформи во образованието и науката; осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на труд и развој на економијата
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Обезбедување средства за стоки и услуги за општина Пласница
Фискални импликации:	Има, средствата за блок дотации ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година на; Програма А - Децентрализација
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Б) Материјали

1. Предлог протокол за соработката на полето на науката и технологијата меѓу Министертвото за образование и наука на Република Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (ТУБИТАК)

Образложение:	Протокол ќе се придонесе во понатамошното продлабочување и унапредување на веќе воспоставената соработка во областите кои ги опфаќа Протоколот, особено на полето на високото науката и како што е: зајакнување и развивање на научната и технолошката соработка за основана на рамноправност и заеднички интерес; размена на универзитетски професори; воспоставување директна соработка на образовни и научниинституции; заеднички настап во билатерални, регионални, европски и светски програми на разни нивоа; учество на меѓународни собири и сл. **Индикација за поврзаност со определена стратешка цел:** зајакнување и продлабочување на меѓународната соработката во областа на образованието и науката
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Воспоставување соработка во сите сегменти во науката преку заеднички билатерални проекти
Фискални импликации:	Има, во рамки на одобрениот буџет на Министерство за образование и наука за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

2. Информација за спроведување на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012-2020година, период јануари-јуни 2018 година и јули-декември 2018 година

Образложение:	Подобрена организациона структура за креирање на политиките во областа на науката, иновациите и технолошкиот развој. **Индикација за поврзаност со определена стратешка цел:** подобрена организациона структура за креирање на политиките во областа на иновациите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Јакнење на иновативниот капацитет на претпријатијата и соработка со истражувачки организации ќе го подобри системот на поддршка за иновации и истражување, нивна комерцијализација и ќе го стимулира капацитетот за иновации и технолошко надградување на македонските фирми и истражувачки организации
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

3. Предлог проект „Стоп на пороците кај младата популација“

Образложение:	Имајќи го предвид се поголемиот број на зависници кај младата популација Во изминатиот период се одржаа едукативни предавања во дел од скопските општини и општините во Република Македонија, од страна на стручни лица. Во наредниот период ќе се организираат предавања од страна на лица од Црвен Крст, на принцип врсничка едукација, со цел полесен пристап до младите луѓе (учениците во основните училишта). **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритетна Владата на РМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Подигање на свеста кај учениците за заштита и превенција од пороците, едукација и информирање на младите луѓе за негативните последици од пороците, подигнување на степенот на знаење и способности кај младите луѓе за правилно да ги препознаат вистинските знаци и симптоми на негативните појави (дрога, алкохол, цигари) и запознавање на младите со корисните и здрави навики и стилови на живеење
Фискални импликации:	Има, средства ќе бидат обезбедени од буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма „Млад“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

А) Подзаконски акти

1. Предлог за основање на Правен Совет, како постојано, стручно, консултативно тело на Владата на Република Македонија

Образложение:	Предлогот за основање на Правниот совет како стручно, консултативно тело произлегува како обврска утврдена во членот 39, од Деловник за работа на Владата. Целта на основањето е зајакнување на консултативниот процес пред Владата да одлучува за одделни прашања. Правниот совет како постојано консултативно тело ќе разгледува прашања во врска со остварувањето на начелото на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок; значајни прашања за изградба на правниот систем и за неговата компатибилност со законодавството на Европската Унија, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, правна заштита на сопственоста; како и други прашања од значење за функционирањето на уставниот, политичкиот и правниот систем. Стручните совет (правен) на барање на Владата или по сопствена иницијатива, ќе разгледува и даваат стручни мислења за определени правни и други прашања. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот на отворена Влада
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со воспоставувањето ќе се зајакне консултативниот процес пред Владата на Република Македонијада донесе Одлука за одделни прашања.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

Б) Материјали

1. Информација за воведување Програма за лична асистенција на лица со телесна попреченост

Образложение:	Законот за ратификација на Конвенцијата и Факултативниот протокол беше едногласно донесен од страна на Собранието на Република Македонија на 5-ти декември 2011 година, при што откако изминаа 8 дена од објавувањето на Законот за ратификација на ОН Конвенцијата за правата на лица со

	инвалидност и нејзиниот Факултативен протокол, тие и официјално стапија на сила на 22-ри декември 2011 година. Со донесувањето на Законот за ратификација на ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, Република Македонија презеде обврска за спроведување на оваа Конвенција. Членот 19 од Конвенцијата предвидува државите потписнички, да овозможат услови за независно живеење и вклученост во заедницата на лицата со попреченост, што воедно значи креирање услуги и мерки на индивидуализирана поддршка за лицата со попреченост за нивно потполно вклучување во личниот, семејниот, образовниот и професионалниот живот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и подобрување на системот на заштита на лицата со посебни потреби, по широки консултации со невладините и професионални организации
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со воведување на програмата за лична асистенција на лица со телесна попреченост ќе се создадат услови за независно живеење и вклученост во заедницата на лицата со попреченост, поддршка на лицето со телесна попреченост во осамостојување, а од друга страна овозможување на членовите на семејството да партиципираат во општеството, на поквалитетен начин да го организираат животот, во и надвор од семејството и да се обезбедува врз основа на само-проценка, во зависност од животната ситуација на секоја индивидуа.
Фискални импликации:	Има, (Иницијативата предизвикува фискални импликации. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на МТСП за 100 персонални асистенти по 80 часа месечно Х 12 месеци во годината потребно е да се предвидат во буџетот 11.616.000,00 ден)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

2. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2017 година

Образложение:	Се презентираат податоци за спроведување на Законот за нотаријатот од аспект на редовна нотарска дејност, надлежноста на нотарите да ја потврдуваат задолжницата согласно Законот за задолжница, надлежноста на нотарите да донесуваат решенија за издавање нотарски платен налог и надлежноста на нотарите да спроведуваат оставински постапки како повереници на судот. Едновремено Владата ќе биде запознаена со бројот и ефектите од извршени надзори над нотарите и поднесените предлози за поведување дисциплински постапки против нотари, а во правец на обезбедување законитост во работењето на нотарите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Унапредување на нотаријатот и обезбедување на законито и ефикасно давање на нотарските услуги на граѓаните и правните лица преку извршениот надзор над работата на нотарите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за правда**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

А) Подзаконски акти

1. Прелог Национална програма за мониторинг и закрепнување на балканскиот рис во Република Македонија	
Образложение:	Целта е развој на национален систем за мониторинг и зголемување на популацијата на Балканскиот рис во Република Македонија. Проектот е согласно нацрт-национална статегијата за заштита на природата со Акциски план каде се предвидени посебни акции за мониторинг на крупните месојадни sверови, вклучително и Балканскиот рис, во период 2017-2027 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на заштитата на природното наследство во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Базата на податоци за природното наследство и ефикасноста за негова заштита и зачувување; зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за имплементација на законодавството за заштита на природата, особено барањата на ЕУ Директивата за живеалишта, Бернската конвенција при Советот на Европа, како и пренесување на најдобри знаења и практики за предметната област од земји членки на ЕУ и земјите од регионот
Фискални импликации:	Има, побарани средства од Буџет на МЖСПП за 2018 година во износ од 615.000 МКД
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

ЈУЛИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ
Приоритет: **Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	
Предлагач:	

Б) Материјали

1. Извештај за реализација на Програмата за реализација на Стратегија за развој на енергетиката за 2017 година

Образложение:	Извештајот за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката се изготвува врз основа на член 11 став (3) од Законот за врз основа на кој Министерството за економија секоја година изготвува извештај за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во претходната година и најдоцна до 31 јули извештајот го доставува до Владата на Република Македонија за информирање. Во предметниот Извештај е прикажан степенот на реализација на активностите кои се предвидени во Програмата за реализација на Стратегијата за период од претходната година како и последователните активности кои се реализирале заклучно до јули тековната година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15 Енергетика; Подрачје 3.15.1 Сигурност во снабдувањето**- (Донесувањето на Извештајот е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија)
Очекувани влијанија:	Со реализација на предложената иницијатива ќе се дефинираат долгориочните цели за развој на одделни енергетски дејности, долгорочно планирање, извори и начини за обезбедување на потребите количества енергија, стимуалтивни мерки и други елементи за развој на енергетскиот сектор

Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Информација со предлог-платформа за настап на Четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ

Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за подготвителните активности околу одржувањето на Четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација Република Македонија- ЕУ и усвојување на ставови кои делегацијата на Република Македонија ќе ги презентира на состанокот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Усвојувањето на предлог-платформата за состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација ќе и овозможи на Македонската делегација која ќе учествува на состанокот да ги презентира усвоените ставови во име на Владата на Република Македонија и исто така ќе овозможи координиран настап на целата делегација.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Предлог Национална стратегија за соработка со дијаспората (2018-2023) година

Образложение:	Имајќи предвид дека Република Македонија располага со голема дијаспора, самото назначување на министер без ресор задолжен за дијаспора го крева прашањето на дијаспората на едно повисоко политичко ниво. Со огледа на тоа дека на дијаспората не и се посветувало вниманието кое го заслужува, практично сè започнува од нула. Дијаспората е многу важен ресурс за државата затоа што во дијаспората постои огромен потенцијал кој може да придонесе во различни аспекти и области. Главниот приоритет на министерот во Владата на Република Македонија задолжен за дијаспора и Кабинетот на министерот за 2018 год. е утврдување на Национална стратегија за соработка со дијаспората, која ќе претставува документ со кој ќе се утврди моменталната состојба и чекорите кои треба да се преземат, а со цел зајакнување на односите на Република Македонија со дијаспората. Таа ќе претставува патоказ за плодна соработка со дијаспората. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот и промоција и заштита на

	македонскиот национален идентитет во услови на глобален диверзитет на нациите и културите. Затоа е потребно усвојување на Национална стратегија за соработка со дијаспората од страна на Владата на Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Институционализирање и продлабочување на соработката со дијаспората во рамките на следниве области: политички и административни прашања, економија и инвестиции од дијаспора, култура и образование, наука и млади
Фискални импликации:	Има, обезбедени од Буџетот на Република Македонија, Програма за иселеништво
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за дијаспора**

Б) Материјали

1. Информација за реорганизирање на Институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика во насока на негово поефикасно функционирање и меѓународно етаблирање

Образложение:	Изработување на концепт за работа на Институтот согласно разменетите искуства со сродните Институти во регионот на Европа. Имајќи предвид дека Институтот е формиран со заклучок на Влада на Република Македонија, предлогот за негово реорганизирање треба да се достави до Владата на Република Македонија. Постоењето на ваков вид институт е тренд и потреба со кои располагаат повеќето земји во Европа и Светот, кои функционираат како посебни единици во рамките на МНР и тоа по принципот на објективниот пристап на академската слобода на изразување и истражување на теми од геостратешки и геополитички интерес преку почитување на правилата на Тинк-Тенк заедницата како Чатем Хаус (Chetham House); Досегашното искуство на Институтот преку воспоставување соработка со повеќе меѓународни сродни институти како и вмрежување во Тинк-Тенк мрежи претставува своевиден капацитет на институционална меморија, која треба да се стави во функција на негово натамошно усовршување и уште поефикасно функционирање во насока на следење на геостратешките и геополитичките текови; Институтот е членка на 16+1 процесот на Берлинскиот процес, а воедно одржува редовна комуникација, воспоставува партнерства и соработува со голем број на сродни реномирани Институти, невладини организации и think-tank-ови. ИГИНП до денес има воспоставено соработка со над 40 сродни национални, регионални и меѓународни институти/институции. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Република Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионална водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот на безбедноста; водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност за започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките на пристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани	Зајакнување на капацитетите на Република Македонија преку продлабочување

влијанија:	и развивање на меѓу институционалната соработка во насока на промовирање и заштита на вредностите и националните интереси на државата
Фискални импликации:	Има, Буџет на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Информација за организирање на конференција, во соработка на ИГИНП со МАНУ, на тема: Мултикултурализмот, граѓанскиот концепт во Република Македонија „Иднина која ветува“

Образложение:	Промовирање на мултикултурните вредности во Република Македонија во насока на градење на функционално демократско граѓанско општество; На Конференцијата активно ќе бидат вклучени, Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ, Институт за национална историја, Институтот за културно и духовно наследство на Албанците во Македонија, Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија и граѓанскиот сектор во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** преземање мерки, во согласност со сите цивилизациски придобивки на меѓународен и регионален план и да не се дозволи на кој било граѓанин на Република Македонија да му се оспорува неговата етничка, културна, јазична, религиозна, родова или друга определба
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на институционалната соработка и враќање на позитивниот имиџ на земјата преку промовирање на мултикултурните вредности во Р Македонија кои се битни во градењето и развојот на функционално граѓанско општество
Фискални импликации:	Има,во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи** Институт за геостратешки истражувања и надворешна политика

3. Информација за спроведувањето на активностите за поддршка на приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони-Регионални бизнис-центри

Образложение:	Реализираните активности во рамки на проектот треба да придонесат кон натамошно зголемување на конкурентноста на планските региони. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на Република Македонија за конкретните активности на бизнис-центрите формирани во рамки на центрите за развој на планските региони за период од

	шест месеци
Фискални импликации:	Има, Буџетот на Република Македонија за 2018 година и со донација обезбедена од Швајцарија.
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

4. Информација за одржан четиринаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, помеѓу ЕУ и Република Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, април 2018 година, во Скопје	
Образложение:	Оваа Информацијата има за цел да ја информира Владата за одржаниот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, одржан во април 2018 година во Скопје и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: Исполнување на ССА**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**
НПАА - поглавје и подрачје	
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	
Предлагач:	

Б) Материјали

1. Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Македонија	
Образложение:	Обврската за изготвување на Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Македонија произлегува од Законот за буџетите. Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Македонија се изготвува со цел поефикасно искористување на буџетските ресурси преку

	поефикасно извршување на Буџетот. За таа цел, во Министерството за финансии се изготвуваат и дневни, неделни и месечни извештаи кои се основа за изготвување на полугодишниот извештај. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Влада на Република Македонија преку целосна имплементирање на концептот отворено општество
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Овој извештај се користи за утврдување на отстапувањата од нормалната динамика на извршувањето на Буџетот, со цел навремено преземање на активни мерки за негово подобрување, како на приходната така и на расходната страна во директна комуникација со буџетските корисници. Овој извештај исто така, преставува и основа за утврдување на реалноста на иницијалната проекција на Буџетот и потребата за негова ревизија преку изготвување на Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Информација со предлог-решенија за реформа во делот на бенефицираниот стаж

Образложение:	Со поддршка на Светска банка обебзбедени се експерти кои ќе го ревидираат постојниот систем на бенефициран стаж во Република Македонија и ќе предложат решенија за реформа и усогласување со европкисте стандарди. Можните решенија ќе бидат презентирани пред Економско социјалниот совет и стопанските комори, по што ќе се предложат законски решенија и активности за натамошна имплементација**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Дефинирање критериуми за кои работи (функции) се опасни и штетни по здравјето и животот на работникот и преземање на сите заштитни мерки; дефинирање нов концепт на предвремено пензионирање за работници кои работат на работни места кои се опасни и штетни по здравјето, како и за специфичните професии со дефинирање на возраста за пензионирање комбинирано со утврдени години поминати на бенефицирани работни места
Фискални импликации:	Има, фискалните импликации во моментов не можат да се определат
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Годишен извештај на интер-ресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите

Образложение:	Согласно член 10, став 7 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Владата формира интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, составена од функционери/раководни државни службеници, претставници на граѓански организации, здруженија на работодавци, експерти, претставници на

	локалната самоуправа, синдикатите и други субјекти. Интер-ресорската група согласно член 10, став 8 на овој Закон е должна да го промовира концептот на вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции како и: да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди, во областа на родовите прашања; да учествува во подготовката и да дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост и да ги следи периодичните извештаи од институциите. Работата на интер-ресорската група ја координира Министерството за труд и социјална политика. Согласно Деловникот за работа на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите во Владата на Република Македонија се доставува Годишен извештај. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со статешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институции и со **повеќе приоритетни цели:** унапредување на правата на жените и зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот и имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите и непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 19 Социјална политика и вработување**
Очекувани влијанија:	Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите не е само прашање на остварување на слободите и правата на граѓаните без разлика на полот, туку почитувањето на овој принцип придонесува и кон намалување на сиромаштијата и промовирање на концептот на родова рамноправност и вклучување на родовите перспективи во општествените текови.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено 2016-2018 година (полугодишен извештај за периодот јануари-јуни 2017 година)

Образложение:	Врз основа на член 57, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и заклучок по точка 45 од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 6.7.2016 година, заменик-министерот за информатичко општество и администрација донесе Решение за формирање работна група со сите чинители за спроведување на третиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година. Согласно решението Министерството за информатичко општество и администрација изготвува полугодишен извештај за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и истиот го доставува до Владата на Република Македонија на разгледување и утврдување и истиот се објавува на порталот е-демократија (www.e-demokratija.mk). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** следење на процесот на реализација на третиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година во кој се дефинирани 100 достигнувања, 34 заложби разработени во осум

	приоритетни теми: партиципативно креирање политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување корупција и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност), отвореност на локално ниво, јавни услуги и климатски промени и презентација на резултатите од заедничката соработка помеѓу институциите и граѓанските организации во спроведување на мерките со препораки со кои можат да се подобрат целите зацртани во Акцискиот план произлезени од Декларацијата за отворено владино партнерство.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отвореното владино партнерство, Владата на Република Македонија се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното Владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма и приоритети на претседавањето на Австрија со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија	
Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за Австриското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Информирање на Владата на Република Македонија за неформалните министерски состаноци на ЕУ за време на Австриското претседателство со Советот на ЕУ. Негативно влијание нема
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

Б) Материјали

1. Информација за одржан ИПА Мониторинг комитет	
Образложение:	Информација за текот на расправата и заклучоците од ИПА Мониторинг комитетот, со специфични заклучоци за понатамошно унапредување на процесот на користење на ИПА средствата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите; Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1.Информација за реорганизација на Дневните центри за лица со пречки во развојот	
Образложение:	Со реорганизацијата на Дневните центри за лица со пречки во развојот и нивно кадровско доекипирање ќе се подобрат условите за работа во дневните центри. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика; унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита во Република Македонија; Подобрување на системот на заштита на лицата со посебни потреби по широки консултации со невладините и професионални организации
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на условите за работа во дневните центри за деца и лица со попреченост во менталниот или телесниот развој**:** утврдена потребата од екипирање или доекипирање на ДЦ преку нови вработувања ; реализација на нови вработувања во Дневните центри согласно констатираната потреба
Фискални импликации:	Има, (средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на МТСП за 25 лица со ВСС и 5 лица со ССС: 625.000+75.000= 700.000 ден. (потребни средства за плати за еден месец без придонеси за 30лица), 700 000 х 6месеци = 4 200 000 ден.)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Приоритет:

Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување

Б) Материјали

1. Предлог иницијатива за одбележување на годишнината на Охридскиот рамковен договор	
Образложение:	Владата на Република Македонија да се информира за активностите околу одбележувањето на годишнината на Рамковниот договор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на имплементацијата на Рамковниот договор
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Поефикасни мерки за натамошно спроведување на Рамковниот договор
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор**

АВГУСТ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за потпишување на 6-от дополнителен протокол кон Спогодбата за Мултинационалните Мировни Сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ)	
Образложение:	Имајќи предвид дека во јули 2015 година, Република Италија истапи од Спогодбата за ММСЈИЕ, а на 22 октомври 2015 година Република Бугарија се изјасни дека не е во можност да биде домаќин на Командата на Бригадата (2017-2023) година како и новите предизвици и промени во безбедносното опкружување, укажана е потреба за измени и дополни на постојна Спогодба за Мултинационалните Мировни Сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ) земјите потписнички на Спогодбата се согласија, измените и дополните на спогодбата да се имплементираат преку 6-от дополнителен протокол кон Спогодбата за Мултинационалните Мировни Сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** продлабочување и интензивирање на соработката помеѓу земјите во регионот на ЈИЕ
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Усогласување на Спогодбата на Мултинационалните Мировни Сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ) согласно промената во структурата на ММСЈИЕ и новите предизвици и промени во безбедносното опкружување
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Предлог платформа за учество на делегацијата на Република Македонија на 73-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите Нации	
Образложение:	Платформата ги содржи општите податоци за 73-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите Нации и ги определува приоритетите, активностите и работата на делегацијата на Република Македонија на редовното заседание. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Република Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување напредизвиците и заканите по развојот и безбедноста
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Натамошна афирмација на надворешната политика и остварување на интересите на Република Македонија на меѓународен план
Фискални импликации:	Нема, не се предвидени фискални импликации од Платформата, освен оние поврзани со учеството на делегациите на ПРМ и МНР, што ќе бидат покриени од буџетите на односните институции
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

Б) Материјали

1. Извештај со резултати од Четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација Република Македонија – ЕУ	
Образложение:	Извештајот има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија со резултатите од одржаниот Четиринаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација Република Македонија – ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Запознавањето со резултатите ќе и овозможи увид на Република Македонија во истите и соодветно постапување со цел остануање на патот кон ЕУ
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Годишен извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2016-2018, за 2017 година	
Образложение:	Документот се донесува од Владата на Република Македонија во согласност со член 18, став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (,,Службен весник на Република Македонија“ број 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15). Во Годишниот извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2016-2018, за 2017 година, ќе се информира Владата на Република Македонија за степенот на имплементација на приоритетните мерки од надлежните институции за поттикнување рамномерен регионален развој, утврдени во наведениот документ, за 2017 година. Извештајот ќе биде доставен до Владата на Република Македонија најдоцна до 30 август 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен

	развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија.
Фискални импликации:	Има, активностите се реализирани во рамки на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

3. Информација за одбележување на меѓународен ден на Ромскиот јазик 7-ми ноември

Образложение:	Првиот конгрес на Ромите во Лондон резултираше со прогласување на официјален ромски јазик (romani chiba). 7-ми ноември се одбележува меѓународниот ден на Ромскиот јазик, кој за првпат се одбележува во Република Македонија дури во 2017 година. Целта на одбележувањето на меѓународниот ден на ромскиот јазик е да се воспостави традиција на одбележување на овој ден и поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. (Согласно Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година)**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите; градење унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живееат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување.
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување
Фискални импликации:	Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

Б) Материјали

1. Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет

Образложение:	Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетот не можеле да

	бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосна имплементирање на концептот отворено општество
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел да се утврдат намените за кои се користат средствата од резервите и да се изнајдат начини како би се подобрило буџетското планирање, со што во иднина би се избегнало нивно користење за секакви намени кои не се непредвидливи и можат да бидат опфатени со иницијалниот буџет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

Б) Материјали

1. Информација за имплементација на активностите предвидени со Повеќегодишниот акциски план за Регионалната економска област на Западен Балкан, усвоен во рамките на Берлинскиот процес	
Образложение:	Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Македонија со преземените мерки од страна на институциите на Република Македонија, околу спроведување на активностите од Акцискиот план за Регионална економска област на Западен Балкан, во рамките на Берлинскиот процес. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Негативно влијание нема
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2017 година	
Образложение:	Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2017 година претставува обединет извештај за функционирањето на системот за финансиско управување и контрола и

	внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија за 2017 година. Тој се изготвува согласно член 48, алинеа 11 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ број 90/09,188/13 и 192/15) и Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли од годишниот финансиски извештај. Целта на Годишниот извештај е обединето прикажување на состојбата на внатрешните контроли кај буџетските корисници од централно и локално ниво, како и утврдување идни мерки кои ќе бидат преземени за унапредување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје: 3.32 Финансиска контрола; Подрачје: 3.32.1 Јавна внатрешна финансиска контрола**
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија, воспоставување и зајакнување на системот на внатрешна финансиска контрола кој обезбедува трошењето на јавните средства да се врши транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Информација за Национален инвестициски комитет и можности на инструментот на Инвестициска рамка за Западен Балкан

Образложение:	Информација за номинација на нови членови на Националниот инвестициски комитет и презентирање на можностите на инструментот на Инвестициска рамка за Западен Балкан. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

4. Информација за предлог-решение за задржување на кадарот во ИПА структурата

Образложение:	Информацијата има за цел да ја информира Владата на Република Македонија за актуелната состојба во ИПА структурата и за развивање на политика за задржување на кадрите во оваа структура. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

5. Информација за предлог-Програмата за работа на Центарот за обука (ЦО) на Секретаријатот за европски прашања за 2018 година и предлог-одлука за формирање на телото на обучувачи на ЦО на СЕП

Образложение:	Спроведување на Програмата за работа на Центарот за обука на СЕП во текот на 2018 година, користење на достапните буџетски средства за работа на Центарот, како и ангажирање на внатрешните ресурси на Владата на Република Македонија односно обучувачите во реализација на Програмата за работа на Центарот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел**: јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите
Фискални импликации:	Има, буџетски средства се утврдени во раздел 04009 на СЕП, потпрограма 60-Центар за обуки за 2018 година
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Материјали

1. Предлог проект „Најдобар млад програмер“

Образложение:	Организирање натпревар на државно ниво за избор на „Најдобар млад програмер“. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритетна Владата на РМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Одржувањето ваков тип натпревар е важно за да се поттикнат младите да се запишуваат на техничките науки, а истовремено се поттикнува и претприемачкиот дух кај младите. На најдобрите покрај наградата во техничка опрема ќе им се доделат и стипендии за школување на ФИНКИ.
Фискални импликации:	Има, средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма „Млади“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување

Б) Материјали

1. Информација за распоредување на државните службеници вработени по К-5 програмата за правична застапеност од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во институциите во јавниот сектор	
Образложение:	Владата на Република Македонија да се информира со степенот на распоредените државни службеници, односно нивно преземање од страна на органите на државната управа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** следење на правична застапеност
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Поефикасни мерки за натамошно и целосно спроведување на уставното начело на соодветната и правичната застапеност
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор**

СЕПТЕМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог ревидирана индустриска политика за 2018 година

Образложение:	Новата Ревидирана индустриска политика како документ е подготвена со поддршка на Проект од ЕУД. Таа се базира на анализата на имплементацијата на индустриската политика 2009-2020, научените лекции и добри пракси. Со овој документ се става фокус на поддршка и развој на преработувачката индустрија како столб за понатамошен раст и развој, нови вработувања, диверзифицирано производство и зголемен извоз, носител на иновациите и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на деловното опкружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси **АП-Краткорочни приоритети, Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика**: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП.
НПАА - поглавје и подрачје	**НПАА- Поглавје 20, Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Имплеменација на индустриската политика ќе придонесе кон зголемена конкурентност на македонската економија која води кон економски раст, развој и иновации, понатамошен раст и развој на малите и средни претпријатија.
Фискални импликации:	Има, мерките од индустриската политика ќе се имплементираат преку програмите на Министерството или донаторски и ИПА проекти
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог уредба за критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод

Образложение:	Со нацрт-текстот на предлогот за донесување на Законот за енергетика, се уредува дека Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за економија со уредба утврдува објективни, транспарентни и недискриминаторни критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод на територијата на Република Македонија. Овластувањето за изградба на директни водови може да се издаде за снабдување со електрична енергија и за снабдување со природен гас на секој потрошувач кој може да се снабдува директно од производител или снабдувач. При тоа, согласно Директивите, директните водови можат да бидат изградени само во случаи кога краен потрошувач на електрична енергија или природен гас или производител на електрична енергија не

	можел да обезбеди право на приклучок или пристап до постоен систем за пренос или дистрибуција на електрична енергија или природен гас или е отворена постапка за решавање спорови**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање објективни, транспарентни и недискриминаторни критериуми за изградба на директни водови; обезбедување сигурност во снадбувањето на потрошувачите со сите видови енергија и енергенси
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.15 Енергетика**
Очекувани влијанија:	Донесувањето на Уредбата не е уредено Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика, но при ревидирањето на истата ќе биде разгледано. Целта на имплементацијата на Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската Унија меѓу другото е и во насока на создавање поконкурентни услови на пазарите на електрична енергија и природен гас со изградба на директни водови преку кои производителите или големите потрошувачи можат да се снабдуваат со електрична енергија, односно природен гас во зависност од условите
Фискални импликации:	Има, средствата потребни за изработка ќе бидат обезбедени со техничка помош од USAID
Предлагач:	**Министерство за економија**

Б) Материјали

1. Информација за реализација на проектот „Промоција на младинска гаранција“	
Образложение:	Промоција на Младинската гаранција, како дел од Владината програма, во соработка со надлежните институции за реализација на проектот „Младинска гаранција“. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Намалување на невработеноста кај младите луѓе во Република Македонија
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма „Млади“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

Б) Материјали

1. Предлог проект за изработка на национален катастар за подземни води	
Образложение:	Катастарот е согласно барањата од законот за водите и претставува планирачка дата база која ќе претставува обнова во управувањето со водите во Република Македонија. Исто така со документот ќе се обезбеди интегрално од едно место да се прикажаат најзначајните податоци за подземните води кое пак ќе обезбеди рационално употребување на водните тела во нашата држава. Активностите се предвидени да сè реализираат во рамки на проект

	кој е финансиски поддржан од страна на Швајцарската Влада. Плански документ со содржана база на податоци за состојбата со кванитетот и квалитетот на подземните водни тела во Р Македонија согласно барањата од законот за водите и согласно барањата на рамковната Директива за води и Директивата за подземни води. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** интегрирано управување со речните сливови во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**АП/НППА 3.27.04. Квалитет на водата Ц6**
Очекувани влијанија:	Подобрување на статусот на водните тела на сливот на река Струмица, а со тоа и подобрување на социо-економскиот развој на регионот.
Фискални импликации:	Има, проектот е финансиран од Швајцарската Влада, а ќе се спроведува со помош на УНДП
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Информација за изработката, донесувањето и имплементацијата на „Процена на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности“

Образложение:	Изработката, донесувањето и имплементацијата на Проценатa на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија е во функција на планско, навремено, целесообразно и координирано донесување на одлуки, насоки и препораки за преземање мерки за превенција и оптимално справување со кризна состојба и ризиците и опасностите на територијата на Република Македонија, како и јакнење на позицијата на Република Македонија во рамките на меѓународната заедница и подобрување на условите со побрз економски и социјален развој. Една од основните законски обврски и надлежности на ЦУК се однесува на изработка и ажурирањето на процена на загрозеноста на Република Македонија и подрачјата на општините и Градот Скопје, од сите ризици и опасности. ЦУК ги изврши сите неопходни подготовки за примена на Уредбата (организирана и реализирана обука и дадени се насоки) и отпочна со активности за изработка на проценатa на загрозеноста на подрачјата општините и на Градот Скопје, од сите ризици и опасности и до сега процесот е завршен (усвоении донесени од страна на Советите на соодветните општини) во сите единици на локалната самоуправа и редовно се врши ажурирање на истите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Се очекуваат позитивни влијанија со донесувањето на проценатa на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, како документ во кој се интегрирани проценитe на државните субјекти за ризици и опасности во рамките на нивната надлежност и со тоа ќе се придонесе кон планско, навремено, целесообразно и координиран за донесување одлуки, насоки и препораки за преземање на потрените мерки и активности на субјектите на Системот за управување со кризи на национални и локално ниво. Негативни влијанија нема
Фискални импликации:	Нема, финансиските средства за планираните активности се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а дополнителна финансиска поддршка е обезбедена од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во

	рамките на досегашната соработка на проектот „Намалување на ризиците од катастрофи и климатски ризици“
Предлагач:	**Центар за управување со кризи**

3. Информација за подготовка на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Република Македонија и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во 2018 година во Брисел

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на одржување на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност кој ќе се одржи во Брисел, на кој ќе бидат разгледани следните области: Реформа на правосудство; Анти-корупциска политика; Човекови права; Визна политика и гранично управување; Азил, миграција и реадмисија; Реформа на полиција; Борба против организиран криминал; Перење пари, економски и финансиски криминал; Трговија со луѓе; Борба против тероризам; Превенција од дроги; Судска соработка во кривична и граѓанска материја. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и дадените оцени од страна на ЕК по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија
Фискални импликации:	Има, треба да се обезбедат средствата за патни трошоци и хотелско сместување
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

4. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика кој ќе се одржи во октомври 2018 година во Брисел

Образложение:	Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата на Република Македонија за подготовките за одржување на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика кој ќе се одржи во октомври 2018 година во Брисел, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.
Фискални импликации:	Има, треба да се обезбедат средствата за патни трошоци и хотелско сместување
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

5. Информација за одржување на осмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи во 2018 година во Скопје

Образложение:	Информацијата има за цел да ја информира Владата на Република Македонија за одржаниот осми состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Макеодниј а и Европската Унија кој ќе се одржи во 2018 година во Скопје и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од состанокот**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

6. Информација за подготовка на осмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи во 2018 година во Скопје

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата на Република Македонија за подготовките за одржување на осмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи во 2018 година во Скопје, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот. Со цел успешна подготовка на македонската делегација, која ќе ги покрива точките од дневниот ред и организирање на претходни подготвителни состаноци, Информацијата ги презентира главните укажувања и преземени обврски од претходниот состанок на Специјалната група, констатациите изнесени на Комитетот за стабилизација и асоцијација, проблематичните подрачја во кои се доцни со имплементацијата на обврските, областите во кои треба да се истакне напредокот, како и оценките и препораките содржани во Извештајот за Република Македонија за 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.
Фискални импликации:	Има, финансиски средства за сместување и пат
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

Б) Материјали

1. Иницијатива за развој на национален портал за е-услуги за граѓани

Образложение:	Статус: Еден од главните приоритети на Владата на Република Македонија е зголемувањето на квалитетот на административните услуги и во таа насока се направени измени на Законот за општата управна постапка (ЗОУП) („Службен весник на Република Македонија“ број124/15) со цел подобрување на давањето јавни услуги преку комплетно координирани и интегрирани активности на јавната администрација. Причини: Моментално не постои единствен централен портал за пристап до владините е-услуги со повисоко ниво на софистицираност, а корисниците на владини е-услуги (граѓани и бизниси) пристапуваат кон е-услугите на неунифициран начин. Порталот за е-услуги www.uslugi.gov.mk е застарен и обезбедува услуги само на информативно ниво. Од друга страна, голем број на институции ги нудат нивните услуги по електронски пат преку нивни засебни портали, каде електронската идентификација и плаќањето на е-услугите не се конзистентни за сите е-услуги, што создава збунетост и ја обесхрабрува употребата на е-услуги. Според препораките наведени во извештајот на СИГМА за 2015 година, Министерството за информатичко општество и администрација треба да го модернизира порталот за јавни услуги. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Иницијативата предвидува активности за развој и воспоставување на создавање динамичен веб-портал за е-услуги односно национален портал за е-услуги, како единствена точка на контакт со државните тела според едношалтерскиот принцип и користење стандардизирани кориснички интерфејси. Порталот ќе биде достапен преку интернет на различни веб-ориентирани платформи. Визуелниот дизајн на порталот, леснотијата на користење, лесната навигација и користењето W3CG стандарди се особено значајни. На порталот ќе може да се добијат информации за голем број на услуги, а целосно по електронски пат, вклучително со плаќање на административни такси и надоместоци, ќе може да се добијат околу 50 услуги. Порталот е-услуги е тесно поврзан и со постојните резултати и тековните активностите за: интероперабилност, односно безбедна електронска размена на податоци помеѓу државните институции во согласност со нивните овластувања; Централниот електронски регистар на население; Каталогот на услуги; трансформацијата на интернет клубовите во сали; Една точка за услуги (Single point of services), Обезбедување побрзи и поедноставни услуги за граѓаните; Зголемување на ефикасноста на државните институции; Воспоставување единствена точка на контакт помеѓу граѓаните и институциите даватели на услуги.
Фискални импликации:	Има, Иницијативата е дел од компонентата 1 на ИПА проектот „Дигитално – Поддршка во реформа на јавна администрација и јакнење на капацитетите на МИОА“ (ориг: „Go Digital - Public Administration reforms assistance and

	strengthening the capacities of MISA“) финансиран преку ИПА2012 програмата за услуги, која се води под број EuropeAid/137521/IH/SER/MK, каде краен корисник е Министерството за информатичко општество и администрација
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

Б) Материјали

1. Информација за воспоставување владина облак-инфраструктура (G-Cloud)

Образложение:	Облак-компјутерската технологија (Cloud computing) е решение за испорака на информатичката технологија како услуга. Со правилна примена на облак-компјутерската технологија може да се оствари заштеда на материјални средства за обезбедување инфраструктура, систем сали, резервни систем сали во случај на елементарни непогоди, трошоци за одржување на хардвер, трошоци за набавка на антивирусни решенија, трошоци за заштита од хакерски упади и слични проблеми, непотребно дуплирање на хардверски решенија и експертски човечки ресурси во секоја институција посебно и други реални трошоци. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**поглавје 3.10 Информатичко општество и медиуми;** **подрачје 3.10.2 Услуги на информатичкото општество.**
Очекувани влијанија:	Рационализација на ресурсите, ефикасна испорака на услугите од државните институции, како и обезбедување услуги кои се соодветни на потребите на граѓаните и на бизнисите.
Фискални импликации:	Има, дел од средствата за МИОА ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а дел е планирано да бидат обезбедени од други извори
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

2. Информација за воспоставување информациски систем за поддршка на операции за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

Образложение:	Во моментов Република Македонија не поседува ваков информациски систем. Истиот е потребен затоа што ќе обезбеди поефикасно дејствување на терен, а со тоа на долг рок заштеда на ресурси и поголема безбедност на граѓаните и материјалните добра од природните непогоди и другите несреќи. Дополнително воспоставувањето на ваквиот информациски систем на ДЗС е предуслов за наше целосно интегрирање во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ каде сме рамноправна членка од 2012 година. Ваквите системи функционираат во сите држави на ЕУ и членки на Механизмот за цивилна заштита. Истите се користат пред сè за поддршка на операции, но и во делот на превенцијата преку мапирање на критички точки, разработка на можни сценарија, рано предупредување на граѓаните итн. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цели:** усогласување на работата

	на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор; развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот; Поддршка на другите државни институции. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** средствата не се обезбедени од Буџетот. ДЗС веќе работи на на формулирање идејно решение за структурата на еден ваков информациски систем. До крајот на годината студијата за изгледот и карактеристиките на системот ќе биде готова по што ќе се продолжи со изработка на проектна документација. Самото идејно решение за воспоставување на системот ќе даде попрецизни информации за висината на средствата потребни за негова реализација. Планот е проектот да се реализира со средства од фондовите на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Воспоставениот инфомациски систем ќе овозможи целосна дигитализација на процесот на одлучување при водењето на операции за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На локално ниво тоа ќе обезбеди побрза и поефикасна реакција на силите за заштита и спасување на централно ниво ќе помогне во формирањето на целосен увид во ситуацијата, носење стартешки одлуки базирани на знаење и со тоа ефикасен одговор на државата. Во таа насока ДЗС како оперативно –стручно тело на Владата на Република Македонија преку овој систем во целост ќе може да ја оправда својата функција. Дополнително воспоставувањето на овој информациски систем во ДЗС би предизвикал и организациски промени што ќе отвори простор за поголема искористеност на лица со соодветна стручна наобразба на информатичките технологии, за што во моментов е тој дефицитарен кадар.
Фискални импликации:	Има, средствата требада бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2018/2019 година

Образложение:	Програмата за условен паричен надоместок за средно образование има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на образованието на ученици во средно образование од домаќинства кои се корисници на право на социјална парична помош, согласно стратешките приоритети на Владата на Република Македонија. Програмата ги утврдува корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата за воведување условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2018/2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните

НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 19**
Очекувани влијанија:	Се проценува дека со Програмата за условен паричен надоместок за средно образование, ќе бидат опфатени околу 5.000 ученици од домаќинствата кои се корисници на социјална парична помош. Освен тоа, Програмата за условен паричен надоместок за средно образование, ќе овозможи полесно спроведување на обврската за задолжително средно образование во Македонија, преку насочување на финансиската помош кон одредени домаќинства, кои се со ограничени ресурси за да го испратат своето дете, односно деца на училиште
Фискални импликации:	Има (Годишниот износ на надоместокот за условениот паричен надоместок за средно образование за секое дете/адолесцент кое ќе ги исполни условите изнесува 12.000 денари. Средствата за условени парични надоместоци за средно образование се обезбедени преку Договорот за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за проектот за условени парични надоместоци во износ од 19.300.000 евра. Потребните годишни средства за реализирање на оваа програма се 6.000.000 денари)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

2. Предлог програми за поддршка и менторство за самостојно домување на бездомни лица

Образложение:	Со цел унапредување на механизмите за обезбедување долготрајно домување на лицата/семејства од категоријата бездомници, согледана е потребата од обезбедување услови за стекнување на основните вештини за самостојно домување и менаџирање на својот буџет во насока на избегнување на ризикот од повторно бездомништво. Имено, голем дел од бездомните лица поради сплет на животни околности имаат воспоставено начин на функционирање кој не гарантира услови за одржливо домување, како иинтегрирање во систем на колективно домување, што е од огромна важност во насока на трајно решавање на проблемот со бездомништво. Во овој процес неопходно е продлабочување на соработката со надлежните министерства и институции надлежни во делот на обезбедување станбени единици за домување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита, блиска до граѓаните;
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19- социјална инклузија**
Очекувани влијанија:	Преку развивањето и имплементацијата на програмите за поддршка и менторство за самостојно домување ќе се обезбедат услови за стекнување на потребните животни вештини за одржување на домот, менаџирање на сопствениот буџет во насока на избегнување на ризикот од повторно бездомништво, а со тоа и одржливост на политиките за социјално домување
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Предлог одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во октомври 2018 година

Образложение:	Одлуката се предлага во согласност со одрдедбите во Законот за заштита на децата и со истата Владата го утврдува начинот на наплата на износот на средства кои се наплаќаат во време на траењето на „Детската недела“. „Детската недела“ се установува заради развивање на општествената активност за афирмација на заштитата на децата. „Детска недела“ почнува во првата полна недела во месецот октомври секоја година и трае седум дена, а посебниот износ за „Детсканедела“ се плаќа во текот на траењето на „Детска недела“. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита;
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Средствата кои ќе се остварат со наплата на посебниот износ на „Детсканедела“, ќе се користат за помош на деца од ранливи категории. Програмските активности за време на „Детската недела“, ќе се реализираат преку разни изложби, манифестации, акции, натпревари, литературни средби и средби на децата, награди за конкурси за детски творештва, приредби и друго)
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

Б) Материјали

1. Анализа на резултатите од 10-годишната имплементација на Програмата за превенција на оралното здравје на деца до 14 годишна возраст преку воспоставен систем на Јавна стоматолошка здравствена заштита во Здравствените домови согласно Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај децата до 14 години во Република Македонија 2008-2018 година

Образложение:	Иницијативата се однесува на анализа на резултатите од 10 годишната имплементација на Програмата за превенција на оралното здравје на деца до 14 годишна возраст преку воспоставен систем на Јавна стоматолошка здравствена заштита во Здравствените домови согласно Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај децата до 14 години во Република Македонија 2008-2018 година и донесениот Акциски план. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 1:** Слободно движење на стоки; **Поглавје 28:** Заштита на потрошувачи и јавно здравје

Очекувани влијанија:	Спроведувањето на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца до 14 години во Република Македонија 2008-2018 година и донесениот Акциски план согласно Стратегијата го изведуваат над 150 превентивни тимови, поделени во 8 региони преку кои се покрива целата територија на Република Македонија. Десетгодишната анализа ќе даде подетален опис на преземените превентивни активности и мерки, како приказ на актуелната состојба преку компарација на резултатите пред и потоа. По само 5 години од имплементацијата на превентивните активности од Националната стратегија за превентивни орални заболувања кај децата, намалувањето на вредностите на КЕП индексот кај 12-годишни деца се намали за 40%. Оваа Анализа ќе ги даде мерливите индикатори после целокупната 10-годишна имплементација на Програмата и резиме со предлози за идните дејствија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

2. Информација за одржани преговори за склучување Договор за социјално осигурување со Француска Република

Образложение:	Република Македонија има интерес од склучување договори за социјално осигурување со цел обезбедување на права од социјално осигурување на граѓани кои работеле во повеќе држави. Со Француската Република започнувањето на преговори за склучување на нов договор за социјално осигурување е од посебна важност, бидејќи се применува конвенција од 1950 година која не е усогласена со новите состојби во сферата на социјалното осигурување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Преку завршување на преговорите и усогласување на текстот на Договорот ќе се овозможи постапка на ратификација и имплементација на истите, а исто така и остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Француската Република.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Информација за одржани преговори за склучување Административна спогодба за спроведување Договор за социјално осигурување со Руската Федерација

Образложение:	Република Македонија има интерес од склучување договори за социјално осигурување со цел обезбедување на права од социјално осигурување на граѓани кои работеле во повеќе држави. Со склучување Административна спогодба за спроведување Договор за социјално осигурување со Руската Федерација ќе се операционализира имплементацијата на Договорот. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Преку завршување на преговорите и усогласување на текстот на Административната спогодба ќе се овозможи постапка на ратификација и имплементација на истите, а со тоа и остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Руската Федерација
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост	
Образложение:	Воспоставување ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост, преку функционални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика, градење култура на еднакви можности, промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол. **Иницијативата е во функција на остварување на стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** владеење на правото и изградба на независни институции **и приоритетни цели:** унапредување на правата на жените и зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот и имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите и непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството и да се обезбеди континуитет во остварувањето на еднаквоста и недискриминацијата. Унапредувањето на еднаквите можности на жените и мажите не е само прашање на остварување на слободите и правата на граѓаните без разлика на полот, туку почитувањето на овој принцип придонесува и кон намалување на сиромаштијата
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

5. Информација за проектот „Водоснабдување на Делчево“	
Образложение:	Во првата фаза на проектот ќе се изгради дел од системот за водоснабдување на Делчево и изградба на пречистителна станица за вода, како и зајакнување на капацитетите за управување со ЈПКД „Брегалница“ од Делчево. Проектот ќе се реализира во периодот 2017-2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина
НПАА - поглавје и подрачје	**Ц47 Изградба на системи за третман на отпадни води**
Очекувани влијанија:	Со реализација на Проектот се овозможува изградба на систем за водоснабдување и на систем за третман на отпадни води во општина Берово и се пристапува кон директна имплементација на Законот за води во делот на третман на отпадни води.

Фискални импликации:	Има, вкупната вредност е 7.304.000 CHF од кои 6.050.000 CHF ги обезбедува Швајцарската кофедерација преку SEKO, 1.224.000 CHF ги обезбедува Владата на Република Македонија преку МЖСПП и 30.000 CHF општина Делчево.
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

Б) Материјали

1. Информација за реализацијата на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“, во рамките на Договорот за споделување на трошоци меѓу Владата на Република Македонија и УНДП, потпишан на 27.12.2016 година

Образложение:	Согласно Договорот меѓу УНДП и Владата на Република Македонија за споделување трошоци и соработка во имплементацијата на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“, потпишан од страна на министер за локална самоуправа и постојаниот претставник на УНДП во Република Македонија, на 27.12.2016 година, УНДП преку Министерството за локална самоупрва, ја известува Владата за реализацијата на проектот, како што стои во член 8, „кога сите активности поврзани со финансиските средства ќе завршат“. Во Прилог на Информацијата се доставува и финалниот Извештај од УНДП. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен регионален развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Позитивни влијанија: со извештајот ќе се обезбедат информации за реализацијата на Договорот и на предвидените активности и средства во рамките на Проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“. Негативни влијанија: нема
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

2. Анализа на институционалната поставеност на секторот води

Образложение:	Анализа на институционалната поставеност на секторот води е со цел за воспоставување интегрирано управување на секторот води во Република Македонија, при што ќе биде анализирана регулативата во предметното подрачје и одговорностите на институциите во нејзиното спроведување. Согласно тоа ќе треба да се утврдаи функционалната поставеност на институциите во спроведување на политиката за управување со водите и

	согласно тоа да се предложи соодветна институционална рамка за управување со водите во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** интегрирано управување со секторот води во Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**АП/НППА 3.27.04. Квалитет на водата Ц6**
Очекувани влијанија:	Интегрирано управувањето со водите во Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Приоритет:

Целосно спроведување на начелата на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување

Б) Материјали

1. Информација за спроведување на законските измени од сферата на употребата на службените јазици

Образложение:	Владата на Република Македонија да се информира за реалните состојби со имплементацијата на Законот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** вклучување на граѓанскиот сектор во спроведување на политиките кои произлегуваат од Рамковниот договор
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Преземање поефикасни мерки за реализација на законските одредби
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Среднорочен извештај за самооценка за Акцискиот план за отворено владино партнерство за 2016-2018 година

Образложение:	Во 2015 година од земјите членки на Отвореното владино партнерство беше побарано да изработуваат и достават Среднорочен и Финален извештај за самооценка за Акциските планови за отворено владино партнерство. Самооценката ќе биде објавена на порталот е-демократија и доставена на англиски јазик до интернационалата на Отвореното владино партнерство во Вашингтон со цел нејзина објава на opengovparnetrship.org. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**

НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отвореното владино партнерство, Владата на Република Македонија се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста. Презентација на процесот на подготовка на национален Акциски план: презентација на препораките на ОВП независниот механизам за известување: презентација на збирни резултати од едно годишната имплементација на третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Б) Материјали

1. Информација за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух

Образложение: Во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање е управувањето со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Македонија кој се состои од 17 автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух. Мониторинг станиците се поставени на следните мерни места: 5 станици во Скопје (Лисиче, Гази Баба, Ректорат, Карпош, Центар); 2 станици во Битола; 2 станици во Велес; 2 станици во општина Илинден и по една станица во Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци и с. Лазарополе. Дополнително до крајот на 2017 година во функција ќе биде ставена и една мобилна автоматска мониторинг станица. Во рамките на ДАМСКВ постојат и 10 уреди за земање примероци за следење на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и калибрациона лабораторија. Воспоставувањето на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Македонија е во согласност со барањата на ЕУ регулативите. За редовната работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот се подготвува Оперативна програма за работа во која се определени сите потребни средства кои треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Континуирано следење на квалитетот на сите медиуми на животната средина (воздух, вода, почва, вибрации) и негово унапредување и развој согласно препораките и методологиите на ЕУ и УНЕЦЕ; Следење мониторинг и примена на мерки за унапредување на медиумите на животната средина, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства;
НППА 2018 Ц4 Одржување и надоградба на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух

НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	2.4 План за спроведување на Програма Мониторинг-заштита и унапредување на животната средина преку имплементација на стратегии, програми и планови; Постигнување на стандардите на ЕУ за квалитет на животна средина, природата и одржлив развој преку спроведување на законодавството; Развивање на институционалните и административните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот. Редовното континуирано работење на овој систем овозможува идентификација на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на Република Македонија, со цел информирање на јавноста, научни и стручни институции, известување согласно барањата на меѓународните договори и институции и подготвување планови и програми за подобрување на квалитетот на воздухот.
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

ОКТОМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Владеење на правото и изградба на независни институции**

А) Подзаконски акти

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	
Предлагач:	

Б) Материјали

1. Информација за потреба од донесување Закон за државно-правобранителска служба	
Образложение:	Имајќи ја предвид одговорната улога на Државното правобранителство на Република Македонија, постапување на органот во сите инстанци пред сите судови во Република Македонија и постапување пред надлежните управни органи исто така во сите инстанци, сеопфатност на материјата по која се постапува, сметаме дека за независно остварување на државно-правобранителската функција неопходно е да се основа независна државно-правобранителска служба. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, како темелни реформи за владеење на правото и изградба на независни институции.
НПАА - поглавје и подрачје	**Работна група 23-Правосудство и фундаментални права**
Очекувани влијанија:	Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна и пред сè ефикасна државно-правобранителска служба
Фискални импликации:	Има, средствата не се обезбедени и треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Државно правобранителство на Република Македонија**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за упатување на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната мисија „Одлучна поддршка во Авганистан“	
Образложение:	Придонесот на Република Македонија во меѓународните операции предводени од НАТО претставува конкретна потврда за успешноста на реформите во одбраната, подготвеноста за преземање на обврските како полноправен член, како потврда за цврстите стратегиски определби на Република Македонија за членство во Алијансата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** добивање полноправно членство во НАТО
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Презентирање на Република Македонија како партнер во рамките на НАТО и меѓународната заедница, која се залага за споделување на обврските, зачувување на заедничките вредности и воспоставување глобален мир и безбедност
Фискални импликации:	Има, финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

Б) Материјали

1. Информација за Реализација на активности во рамки на Европска недела на движење и Ден без автомобили , 22 –ри септември	
Образложение:	Активности за промоција на одржлив начин на транспорт и намалување на аерозагадувањето од сообраќајот преку одбележување на Европска недела на движење и меѓународниот Ден без автомобили, 22-ри септември**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подигнување на јавната свест
Фискални импликации:	Има, средствата во износ од во износ од 355.000,00 се предвидени во предлог Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Иницијатива за Климатска рехабилитација за деца од загадените подрачја во Република Македонија	
Образложение:	Обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на загадувањето и какви последици може да има
Фискални импликации:	Има, средствата во износ од 2.000.000,00 ден се предвидени во Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

3. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и одаточување помеѓу Европската Унија и Република Македонија кој ќе се одржи кон крај на 2018 година во Скопје

Образложение:	Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките на петнаесеттиот состанок на **Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и одаточување** кој ќе се одржи кон крај на 2018 година во Скопје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** исполнување на ССА
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремено информирање на членовите на Владата за подготовките за одржување на состанокот
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

4. Информација за организација на Регионален самит на министри за дијаспора

Образложение:	Организација на Регионален самит на министри за дијаспора со цел размена на искуства и развивање проекти кои би биле од заеднички интерес. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот и промоција и заштита на македонскиот национален идентитет во услови на глобален диверзитет на нациите и културите
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Добивање искуства во насока на попродуктивно решавање на проблемите на дијаспората и начини за поефикасно интегрирање на дијаспората во општествено-економскиот развој на државата од која истата потекнува
Фискални импликации:	Има, Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Кабинетот на министерот без ресор задолжен за дијаспора**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**
НПАА - поглавје и подрачје	
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	
Предлагач:	

Б) Материјали

1.Информација за проширување на мрежата на детски градинки/центри за ран детски развој во Република Македонија

Образложение:	За да се зголеми стапката на опфат во предучилишно воспитание неопходно е проширување на мрежата на јавни предучилишни установи во руралните и урбаните средини, проширување на постојните капацитети како и изградба на нови капацитети, посебно во општините во кои нема пристап до формите на згрижување и воспитание на деца. Зголемување на опфатот на деца и обезбедување на поголема правичност во пристапот на сите деца до установи за предучилишно воспитание. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Промовирање на хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Кои се очекуваните позитивни и негативни влијанија од активностите опфатени со иницијативата: Подобрување на опфатот на децата од предучилишна возраст во Република Македонија; Постепено приближување до опфатот на деца во детски градинки на земјите во ЕУ; Создавање услови за згрижување на децата од предучилишна возраст и во општините кои сега немаат детски градинки/центри за ран детски развој преку изградба на нови објекти, со адаптација на други објекти; Подобрување на условите за згрижување и воспитание на деца во постојната мрежа на јавни установи за деца- детски градинки/центри за ран детски развој
Фискални импликации:	Има, Буџет на Република Македонија и од други извори
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

2. Информација за ревидирање на мултидисциплинарен протокол за постапување со деца на улица во Република Македонија

Образложение:	Во Република Македонија како резултат на транзицијата и неповолната економска состојба се поактуелен е проблемот со децата на улица. Секојдневно сме сведоци на големиот број деца на улица кои се присутни на улиците и во најнеповолните временски услови притоа нудејќи услуги. Најчесто тие ги бришат ветробранските стакла на автомобилите, продаваат ситни предмети, просат на булеварите и улиците каде што има голема фрекфенција на сообраќај, при што го доведуваат својот живот и животот на другите учесници во сообраќајот во опасност. Тие не ретко вршат и други работи, како што е собирање старо железо, храна или стара облека од контејнерите за отпад или пак безделничат и скитаат. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.19- социјална инклузија**
Очекувани влијанија:	Со овој протокол ќе им се укаже помош на самите деца. Исто така, овој протокол е оправдано да постои и заради потребата од широка лепеза на постапки и мерки кои ќе им се понудат на стручните лица од различни сектори, а кои се во допир со целната група и на кои им е потребен унифициран, стандардизиран и единствен начин на постапување со овие деца. Оправданоста се огледува и во неодложната потреба Република Македонија да ги усогласи своите активности во социјалната заштита на децата со оние на европските земји, а како уште еден чекор во доближувањето на земјава кон европските текови.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Информација за стимулативните мерки за поддршка на домашното уметничко творештво

Образложение:	Поддршката на домашното уметничкото творештво во сите негови форми преку законски, финансиски и други стимулативни мерки и механизми е еден од врвните приоритети на Министерството за култура. Министерството за култура нема да имплементира мерки и механизми што значат директно мешање во творечките процеси и резултатите од истите, ќе ги напушти директните стимулативни мерки за поттикнување на домашното уметничко творештво сметајќи ги за непримерно мешање и можен инструмент на политички притисок. Во оваа насока, идните мерки за стимулирање на домашното уметничко творештво изразено низ откупи на уметнички дела, откупи на драмски текстови, на музички композиции и слично, ќе биде имплементирано преку соодветните надлежни установи за култура. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување културна политика во која клучните вредности сè слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважни движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Со стимулативните мерки за поддршка на домашното уметничко творештво се придонесува за збогатување на фондот на национални уметнички дела, а од друга страна поширокатa публика има можност да се запознае со актуелниот македонски творечки опус
Фискални импликации:	Има, финансиски средства се планирани о Буџетот на Министерството за култура
Предлагач:	**Министерство за култура**

4. Информација за формирање Локални младински совети

Образложение:	Формирањето и функционирањето на Локалните младински совети во голема мера придонесуваат за здружување на младите, поголемо вклучување во општествените процеси и во процесите на донесување одлуки. Агенцијата за млади и спорт во текот на годината ќе се насочи кон јакнење на капацитетите на Локалните младински совети преку обуки или изработка на Локални младински стратегии. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Формирањето на локалните младински совети овозможува за: поттикнување на младите активно да се вклучат во општеството; отстранување на сите пречки за активна партиципација на младите во јавниот живот во земјата; воспоставување канали за партиципација на младите и изразување и усвојување на нивното мислење во административните органи на државата и локалната самоуправа; промоција на правото на младите да се здружуваат; учество на младите во работата на државните органи и тела. Во таа насока, локалните младински совети во голема мера придонесуваат за здружување на младите, поголемо вклучување во општествените процеси и во процесите на донесување одлуки на локално ниво.
Фискални импликации:	Има, средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Агенцијата за млади и спорт, програма „Млади“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

А) Подзаконски акти

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог за изменување и дополнување на правилникот за адитивите кои се употребиваат во производство на храна

Образложение:	Измените на правилникот се усогласува со новоусвоеното законодавство на Европската Унија од обаласта на прехранбени адитиви. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на националната верзија на acquis и ревизија на правните акти
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 12 - Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика**

Очекувани влијанија:	Воспоставување современи параметри за контрола на безбедноста на адитиви, согласно европските стандарди
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Б) Материјали

1. Информација за подготвениот шести Извештај за имплементација на ревидираната Европска социјална повелба на Советот на Европа и шестиот Извештај	
Образложение:	Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП) претставува еден од основните документи на Советот на Европа кој ги штити социјалните и економски човекови права и слободи. Со ратификувањето на РЕСП Република Македонија се обврза на почитување и имплементирање на правата содржани во неа. Поради тоа, секоја година Министерството за труд и социјална политика во координација со други министерства и институции, подготвува извештаи кон имплементацијата на РЕСП, кои по усвојувањето од страна на Владата на Република Македонија се доставуваат до генералниот секретар на Советот на Европа**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Имањето увид во имплементирање на правата од ревидираната Европска социјална повелба, како еден од најважните документи на Советот на Европа кои ги регулираат и унапредуваат економските и социјалните човекови права на граѓаните, особено придонесува кон спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

2. Информација за потпишување Договор за економска и техничка соработка со НР Кина	
Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија за текот на реализација на проектите, како и обезбедување на овластување од Владата на Република Македонија за потпишување на новиот Договор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Навремено и насочено искористување на средствата од билатерални партнери; Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

А) Подзаконски акти

1. Предлог уредба за определување на трговски друштва и јавни установи и служби од посебно значење за одбраната

Образложение:	Уредбата се донесува согласно членот 90 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08 и 51/11) и е составен дел на документите од Планот за одбрана на Република Македонија. Уредбата е дел од документите од Планот за одбрана на Република Македонија. Се ажурира еднаш годишно или по потреба доколку настанат значителни измени во податоците содржани во Уредбата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел на МО:** одржување и зголемување на борбената готовност на АРМ (одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија)
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Ажурирање на планот за одбрана во делот на подготовки за одбрана во субјектите кои согласно Законот за одбрана имаат обврска за продолжување на функциите во војна
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

Б) Материјали

1. Информација за преземање и распоредување професионални војници со навршени 45 години возраст во органите на државната и локалната власт и во други државни органи

Образложение:	Иницијативата е од Програмата за Влада на Република Македонија 2017-2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел на МО:** организирано, навремено и ефикасно преземање и распоредување на професионалните војници кои ќе наврша 45 години возраст во органите на државната и локалната власт и во други државни органи (65 професионални војници во 2019 година, а 920 војници во периодот 2019-2024 година). Информацијата има за цел да ја информира Владата на Република Македонија за предизвиците со кои се соочува Министерството за одбрана во реализацијата на обврската произлезена од член 40-а од законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија од 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ број 29 од 6.2.2014 година). При распределбата на професионалните војници од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт во 2014 и 2015 година, Министерството за одбрана се соочи со низа проблеми и потешкотии, при што 14 поранешни професионални војници и по скоро две години од донесувањето на заклучокот на Владата сè уште не се преземени и распоредени во Министерството за правда-Судската полиција. Во насока на надминување на проблемите со кои Министерството за одбрана се соочуваше во изминатиов период, како и предизвиците кои престојат во иднина, а со цел воспоставување на брз и ефикасен систем за преземање и распоредување на професионалните војници во иднина, како и избегнување на недореченостите

	во надлежностите и одговорностите на институциите во процесот на преземање и распоредување на професионалните војници во иднина, како и избегнување на недореченостите во надлежностите и одговорностите на институциите во процесот на преземање и распоредување, Министерството за одбрана во Информацијата ќе предложи заклучоци со кои досега непреземените професионални војници, овој процес во потполност ќе се уреди и преземањето и рспоредувањето успешно ќе се реализира во 2019 година, како и во идните години. **Иницијативата предизвикува финансиски импликации:** финансиски средства за плати за преземање на 65 професионални војници кои навршуваат 45 години возраст во 2019 година, во органите на државната и локалната власт со предложени 2 варијанти: 1 варијанта-каде финансиските средства ќе терба да се обезбедат од Буџетот во 2019 година и 2 варијанта е преземање и распоредување на професионалните војници во органите на државната и локалната власт со пренесување на финансиски средства за плати.
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Потполна имплементација на членот 40-а од Законот за служба во Армијата и брзо и ефикасно преземање и распоредување на 65 професионални војници кои ќе навршат 45 години старост во 2019 година)
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

НОЕМВРИ

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ	
Приоритет:	**Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

1. Предлог уредба за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ	
Образложение:	Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство – Ревизија 2017 година
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.01 Слободно движење на стоки, ЕПП: 2014.0400.7056**
Очекувани влијанија:	
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Предлог одлука за изменување на одлуката за формирање Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделското стопанство	
Образложение:	Согласно член 6, став 1 од Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија„ број 110/07 и 53/2011), Владата на Република Македонија донесува Одлука за формирање Национален комитет за мрежа на сметководствени податоци од земјоделско стопанство. Согласно член 7, став 4 од Деловникот за работа на Националниот комитет за мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, за членот кој од оправдани или неоправдани причини подолго од три месеци не присуствува на работата на седниците на Националниот комитет, претседателот е должен да ја извести Владата на Република Македонија и да побара разрешување на членот и именување на нов член. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи;
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Изменета на одлуката за формирање Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделско стопанство
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

3. Предлог програма за мониторинг на зоонози за 2019 година

Образложение:	Детално регилирање на постапката за мониторинг на зоонози и причинители на зоонози. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на капацитетите за координација и подготвување на Нацинаналната верзија на aquis и ревизија на поправните акти; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на ЕУ заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот адмнистративен простор
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на програмата за мониторинг на зоонози се овозможува откривање на зоонози и предизвикувачи на зоонози, идентификување и карактеризирање на опасностите, процена на изложеноста и утврдување на ризикот поврзан со зоонози и причинители на зоонози, со цел заштита на здравјето на луѓето и обезбедување услови за непречен промет со производи од животинско потекло
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија-планирани во Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство за 2019 година
Предлагач:	**Агенција за храна и ветеринарство**

Б) Материјали

1. Информација за Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2018-2019 година во рамки на 19-тиот циклус на Акцискиот план за членство

Образложение:	Информирање на Владата на Република Македонија во врска со активностите за Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2018 – 2019 година (Активности на Владата на Република Македонија за подготовка на ГНП согласно Акцискиот план за членство на Република Македонија во НАТО). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Република Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот и безбедноста
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Полноправно членство на Република Македонија во НАТО
Фискални импликации:	Има, средствата се планирани во рамки на Буџетот на МНР
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Информација за имплементација на заедничкиот информациски систем во случај на катастрофи ЦЕЦИС (Common Emergency Communication and Information System CECIS)

Образложение:	Комуникацијата STESTA (secure Trans European Service for telematics between administrations) воспоставена е помеѓу Европската комисија и Република

	Македонија, преку Министерството за траснпорт и врски, која овозможува Република македонија да биде поврзана со заедничкиот комуникациски и информациски систем за вонредни состојби ЦЕЦИС. Согласно насоките од Генералниот директорат за информатика (DIGIT) при Европската комисија, обврска на Владата е да креира национална мрежа преку која пристап до STESTA ќе имаат институциите кои треба да ја користат оваа конекција. Дирекцијата за заштита и спасување и покрај барањата до МТВ, сè уште нема пристап до истата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30 – надворешни работи; Поглавје 3.77 – животна средина**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на административните капацитети на институцијата за ефикасна превенција и намалување на ризици од природните непогоди и другите несреќи, како и на оперативното дејствување во справувањето со последиците од истите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

3. Информација за потпишување билатерални договори за соработка во сферата на цивилната заштита со Република Бугарија, Република Србија и Република Албанија

Образложение:	Текстовите на билатералните договори се дадени на последно мислење во Министерството за надворешни работи на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30 – надворешни работи; Поглавје 3.77 – животна средина**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на административните капацитети на институцијата за ефикасна превенција и намалување на ризици од природните непогоди и другите несреќи, како и на оперативното дејствување во справувањето со последиците од истите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

4. Информација за ажурирање на извршената проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

Образложение:	Во 2015 година кон Извештајот за напредок на Република Македонија на Европската комисија, преземена е обврска за ажурирање на проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, што се направи согласно

	новите искуства, научените лекции, потенцијалните ризици и потребата од усогласување со европското законодавство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на НПАА како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30 – надворешни работи; Поглавје 3.77 – животна средина**
Очекувани влијанија:	Зајакнување на административните капацитети на институцијата за ефикасна превенција и намалување на ризици од природните непогоди и другите несреќи, како и на оперативното дејствување во справувањето со последиците од истите
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Дирекција за заштита и спасување**

5. Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, помеѓу ЕУ и Република Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, ноември 2018 година во Брисел

Образложение:	Оваа Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, кој ќе се одржи во ноември 2018 година во Брисел, вклучително и приказ на напредокот по точките од дневниот ред усогласен со Европската комисија постигнат во периодот помеѓу состаноците. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и дадените оцени од страна на ЕК по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот по однос на постигнатиот напредок. Информацијата ги опфаќа следните области: 3.02 Слободно движење на работници; 3.10 Информатичко општество и медиуми; 3.25 Наука и истражување; 3.26 Образование и култура; 3.19 Социјална политика и вработување. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.
Фискални импликации:	Има
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Подзаконски акти

1. Предлог проект „Проширување и осовременување на капацитетите на ИКТ инфраструктурата и замена на застарените компоненти на постоечката ИКТ инфраструктура“

Образложение:	Целта на проектот „Проширување и осовременување на капацитетите на ИКТ инфраструктурата и замена на застарените компоненти на постоечката ИКТ инфраструктура“ ќе обезбеди повисоко ниво на безбедност на податоците и повисока достапност на ИКТ сервисите што ги обезбедува Генералниот секретаријат. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** проширување и осовременување на капацитетите на ИКТ инфраструктурата и замена на застарените компоненти на постоечката ИКТ инфраструктура
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје: 3.10: Информациско општество и медиуми** **Подрачје: 3.10.2: Услуги на информатичко општество**
Очекувани влијанија:	Со предлог-проектот ќе се обезбеди потребно ниво на безбедност на податоците, како и висока достапност на ИКТ сервисите што ги обезбедува Генералниот секретаријат
Фискални импликации:	Има, финансиски импликации треба да се обезбедат од Буџетот на Владата на Република Македонија
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

А) Подзаконски акти

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

1. Предлог деловник за работа на Влада

Образложение:	Целта на донесување нов Деловник за работа на Влада е усогласување со новиот електронски систем за водење на седниците на Владата на Република Македонија, како и практичното функционирање на Владата на Република Македонија во целина. Од една страна стариот Деловник за работата на Владата на Република Македонија од првиот момент од кога е донесен, односно 18.1.2001 година, па до ден денес претрпе огромен број измени и дополнувања кои по својата природа се доста комплицирани и конфузни и го прават Деловникот тежок за снаоѓање во пракса, а од друга страна воведен е нов Мултиплатформски ситем за колаборација на е – седници на Влада кој треба да се усогласи со Деловникот за работа на Влада. При правење анализа дали да се врши изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија или пак да се донесе нов Деловник, се одлучивме за нов Деловник од причина што постојниот Деловник и онака ќе претрпи голем број измени при усогласувањето што во пракса ќе ја усложни уште повеќе неговата примена. Со новиот Деловник ќе се воведат новините

	од Мултиплатформскиот систем за колаборација на е- седници на Влада, како и новините коишто до сега се преминуваа во пракса, а не беа инкорпорирани во Деловникот. Деловникот за работа на Владата на Република Македонија по својата природа е подзаконски акт на Законот за Владата на Република Македонија, како основ за донесување на Деловникот е членот 5 од Законот за Владата на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** зголемување на транспарентноста на Владата на Република Македонија преку целосно имплементирање на концептот на отворена влада
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Со донесувањето на новиот Деловник ќе се подобри функционалноста на работните тела, раководење со седниците на работните тела и Владата во целина
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

2. Предлог Национална стратегија за заштита и спасување на Република Македонија 2019-2024 година

Образложение:	Основ за донесување на Националната стратегија за заштита и спасување е членот 8 од Уставот на Република Македонија во кои се утврдени темелните вредности на Република Македонија, Националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија и членот 8 од Законот за заштита и спасување во кој е дефинирана обврска на Собранието на Република Македонија да донесе: Национална стратегија за заштита и спасување. Целта на овој документ е креирање единствен систем за заштита и спасување без преклопување на надлежности и субјекти кои ќе ги организираат, спроведуваат и контролираат активностите и мерките во заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** создавање функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните; поддршка на другите државни институции; промовирање на хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита; Зголемување на нивото на јавна безбедност; обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржлив развој
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Оптимална безбедност на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи, штитејќи ги трајните интереси кои произлегуваат од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Македонија, како и учество и давање помош во заштитата и спасувањето на други земји, создавање единечен систем за заштита и спасување. Изработената Национална стратегија за заштита и спасување во најголема мерка ќе ја следи структурата на цивилната заштита во ЕУ, ставајќи целосен акцент на националното законодавство и тргнувајќи исклучиво од него, но со имплементација и одразување на механизмот за Цивилна заштита на ЕУ аспектот, следејќи ја политиката и принципите на Европската Унија во делот

	на цивилната заштита. Националната стратегија за заштита и спасување ќе дефинира јасна насока за развојот на политиката за заштитата и спасувањето во државата при тоа превентивно делувајќи и намалувајќи ги ризиците од катастрофи кои често предизвикуваат големи материјални и други последици
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија
Очекувани влијанија:	Дејноста за заштита на децата е од јавен интерес и ќе се остварува преку обезбедување определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична за новороденче, родителски додаток за дете и партиципација), средства и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца и други облици за заштита на децата) преку установи за деца (јавни и приватни детски градинки/центри за ран детски развој, детски одморалишта и преку вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од правни и физички лица). Ќе се опфатат поголем број на деца на возраст од 0 до 6 години со проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки, како и на други објекти и просторни услови. Со програмата се предвидува доближување на детските градинки и центри за ран детски развој до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини, а со тоа ќе се создадат услови за нови вработувања. Со програмата е предвидено поддршка на семејството за покривање на дел од трошоците во подигање и развој на детето преку обезбедување права од заштитата на децата.
Фискални импликации:	Има, (Фискалните импликации кои се поврзани со програмираните активности во Програмата се во рамките на планираните средства со Буџетот на Република Македонија за 2019 година)
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Предлог проект „Преку спортски игри до меѓуетничка кохезија меѓу младите“

Образложение:	Организирање спортски манифестации заедно со младинските организации и спортските федерации, при што млади од различни етнички заедници би биле споени во тимови и би се натпреварувале заеднички против другите тимови. Ваквите настани би се одржувале во општини со мешани етнички структури и би го зголемило меѓуетничкото разбирање помеѓу младите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Одржувањето ваков тип натпревари имаат за цел да ја подигнат меѓуетничката кохезија меѓу младите во општини со мешани етнички структури
Фискални импликации:	Има, финансиските средства ќе бида обезбедени од Буџетот на АМС, програма „Млади“
Предлагач:	**Агенција за млади и спорт**

Б) Материјал

1. Информација со предлог-мерки за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка

Образложение:	Извештајот на Светска банка „DoingBusiness“ ги анализира и мери состојбите поврзани со условите за водење бизнис во различните светски економии, со цел обезбедување компаративна анализа и рангирање на условите за водење бизнис, кои на креаторите на политиките треба да им помогнат во одредувањето на насоките на дејствување и преземање реформи за подобрување на условите. Со цел подобрување на деловната клима и условите за водење бизнис во земјата, како и подобрување на рангот на Република Македонија, се подготвува Информација до Владата на Република Македонија со предлог-мерки за подобрување на бизнис-климата согласно препораките на овој извештај. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на условите за водење бизнис во земјата
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

2. Информација за текот на спроведувањето на проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ со Одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит

Образложение:	Преку Информацијата, Владата на Република Македонијасе информира за текот на спроведувањето на проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“, за бројот на одобрени субвенции според намената, локацијата и моделот на субвенција и тоа: субвенционирање на дел од месечниот ануитет (главница и камата) и субвенционирање на дел или целосниот износ на учеството потребно за добивање кредит за купување нов стан/куќа. Со одлуката, Владата на Република Македонија го утврдува времетраењето и бројот на јавните повици за пријавување на граѓаните за добивање на субвенциониран станбен кредит за 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на животниот стандард и квалитетот на живеење на населението, како и интензивирање на економската активност во градежништвото
Фискални импликации:	Има, Буџет на Република Македонија за 2018 година
Предлагач:	**Министерство за финансии**

3. Информација за продолжување на преговорите за усогласување на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Јордан

Образложение:	Неопходно е целосното усогласување на горенаведениот Договор, со цел негово понатамошно парафирање и потпишување на Договорот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество на регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 - Надворешни односи**, **Подрачје - 3.30.2 Билатерални договори со трети земји**
Очекувани влијанија:	Стапувањето во сила на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Јордан се очекува позитивно да влијае врз привлекување инвеститори од Јордан кои би инвестирале во Република Македонија, имајќи предвид дека истиот претставува правна рамка која ги штити странските инвеститори во смисла на обезбедување соодветен третман на инвестицијата, загарантиран трансфер на приходите од инвестицијата, начин на решавање евентуални меѓусебни судски спорови и друго
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

4. Информација за продолжување на преговорите за усогласување на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Канада

Образложение:	Неопходно е целосното усогласување на горенаведениот Договор, со цел негово понатамошно парафирање и потпишување на Договорот**.** **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество на регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 - Надворешни односи**, **Подрачје - 3.30.2 Билатерални договори со трети земји**
Очекувани влијанија:	Стапување во сила на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Канада се очекува позитивно да влијае врз привлекување инвеститори од Канада кои би инвестирале во Република Македонија, имајќи предвид дека истиот претставува правна рамка која ги штити странските инвеститори во смисла на обезбедување соодветен третман на инвестицијата, загарантиран трансфер на приходите од инвестицијата, начин на решавање евентуални меѓусебни судски спорови и друго
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

5. Информација за продолжување на преговорите за усогласување и парафирање на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Индија

Образложение:	Отпочнување преговори за потпишување нов Договор со Индија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество на регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА – поглавје и подрачје	**Поглавје 30 - Надворешни односи**, **Подрачје - 3.30.2 Билатерални договори со трети земји**
Очекувани влијанија:	Со стапување во сила на горенаведениот Договор се очекува истиот позитивно да влијае врз привлекување инвеститори од Индија во Република Македонија, имајќи предвид дека истиот претставува правна рамка која ги штити странските инвеститори во смисла на обезбедување соодветен третман на инвестицијата, загарантиран трансфер на приходите од инвестицијата, уредување на начинот на решавање евентуални меѓусебни судски спорови и друго
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

6. Информација за отпочнување на преговорите за усогласување и парафирање на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Естонија

Образложение:	Со отпочнување на преговорите ќе се започне постапката на усогласување на Договорот, по што ќе следи негово парафирање и потпишување**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество на регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 - Надворешни односи**, **Подрачје - 3.30.2 Билатерални договори со трети земји**
Очекувани влијанија:	Со стапување во сила на горенаведениот Договор се очекува истиот позитивно да влијае врз привлекување инвеститори од Естонија во Република Македонија, имајќи предвид дека истиот претставува правна рамка која ги штити странските инвеститори во смисла на обезбедување соодветен третман на инвестицијата, загарантиран трансфер на приходите од инвестицијата, уредување на начинот на решавање евентуални меѓусебни судски спорови и друго
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за финансии**

7. Извештај за состанокот на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА земјите

Образложение:	Извештајот се однесува на прашањата кои ќе се разгледуваат како и на одлуките кои ќе се усвојат на мешовитиот комитет на ЦЕФТА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стреташкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетните цели:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 30 Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Имплементација на годишните приоритети на Програмата на ЦЕФТА за 2018 година
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

8. Информација за набавка на медицинска опрема и медицински и немедицински инвентар за потребите на Националниот кардиоваскуларен центар

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со новата медицинска опрема се овозможува олеснето спроведување на дијагностичките и терапевтските процедури, подобрување на условите за работа во јавните здравствени установи со краен бенефит на граѓаните на Република Македонија, како и подобрување на нивото на здравствената заштита
Фискални импликации:	Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџетот на МЗ
Предлагач:	**Министерство за здравство**

9. Информација за имплементација на семејната медицина

Образложение:	Спроведувањето на специјализацијата по семејна медицина, произлезе од потребата да се направи усогласување со европската директива по која секој што работи самостојно и донесува одлуки во ПЗЗ мора да има најмалку 3 години последипломска настава. Согласно истото, сите лекари кои работат во

	ПЗЗ мора до 2020 година да завршат специјализација или доедукација по семејна медицина. со воведувањето на специјализацијата по семејната медицина се задоволува овој критериум т.е. ќе се усогласиме со ЕУ директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, ќе се зголеми квалитетот на здравствената заштита на истото и подобро ќе се искористуваат здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Иницијативата е всушност материјал од информативен карактер кој ќе има за цел да ја информира Владата за степенот на реализација на спроведените специјализации по семејна медицина
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

10. Информација за патронажни визити во домашни услови

Образложение:	Започнува седмиот бран на патронажни визити за стари лица во домашни услови, во кои се посетуваат пензионерите започнувајќи од најстарите лица. При посетата која ја спроведуваат патронажните сестри од здравствените домови низ цела територија на Република Македонија, се мери притисок, шеќер, се даваат совети и насоки за одржување на добра здравствена состојба, упатување до матичен лекар и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на квалитетот на здравствена заштита и подобра опфатеност на повозрасното население населено во рурални места и достапност до елементарната здравствена заштита.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за здравство**

11. Информација за набавка на медицинска опрема и медицински и немедицински инвентар за потребите на Центарот за навремена дијагноза и третман на полово преносливи болести

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со новата медицинска опрема се овозможува олеснето спроведување на дијагностичките и терапевтските процедури, подобрување на условите за работа во јавните здравствени установи со краен бенефит на граѓаните на Република Македонија, како и подобрување на нивото на здравствената заштита.
Фискални импликации:	Има финансиски импликции, предвидено е средствата да се обезбедат од буџетот на Министерството за здравство
Предлагач:	**Министерство за здравство**

12. Информација за набавка на медицинска опрема и медицински и немедицински инвентар за потребите на Ургентен центар во детска општа болница во Скопје

Образложение:	**Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со новата медицинска опрема се овозможува олеснето спроведување на дијагностичките и терапевтските процедури, подобрување на условите за работа во јавните здравствени установи со краен бенефит на граѓаните на Република Македонија, како и подобрување на нивото на здравствената заштита
Фискални импликации:	Има финансиски импликции, предвидено е средствата да се обезбедат од буџетот на Министерството за здравство
Предлагач:	**Министерство за здравство**

13. Годишен извештај за имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година

Образложение:	Координативното тело за утврдување на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година ќе спроведе евалуацијата со цел: увид во реализацијата на предвидените стратешки правци; идентификација на спорни стратешки прашања во имплементацијатаи ревидирање на Програмата, согласно со утврдените потреби и состојби. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Координативното тело врз основа на спроведена евалуација, ќе ја информира Владата на Република Македонија за постигнатите стратешки активности и остварените резултати во спроведувањето на Програмата.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика** Координативно тело за следење на имплементацијата на Националната Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година

14. Информации за Спогодби за финансирање за прекугранична соработка

Образложение:	Обезбедување на овластување од Владата на Република Македонија за склучување Спогодби за финансирање прекугранична соработка. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите; Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма за работа на Владата за 2019 година

Образложение:	Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10,51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), а

	согласно член 27 -а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11,170/11, 67/13, 145/14, 62/15/ 41/16, 153/16 и 113/17) и Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија, Владата на Република Македонија донесува годишна Програма за работа. Доставените предлог-иницијативи од страна на министерствата и другите органи на државната управа, треба да бидат во согласност и со Одлуката за утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Македонија и НППА
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со донесување на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија, временски се операционализира Програмата која мандатарот ја предлага во Собранието при изборот на новата Влада. Во годишната Програма и Буџетот на Република Македонија, Владата на Република Македонија ги вградува стратешките приоритети и фискалната политика
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

2. Предлог одлука за доделување средства за стипендии „Габриела Коневска-Трајковска“ за академски универзитетски студии од втор циклус од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство за 2019/2020 година

Образложение:	Активноста за доделување стипендии се одвива од 2003 година и се покажа како значајна мерка за јакнење на капацитетот на македонската администрација во процесот на европска интеграција и во идниот процес на преговарање. Досега се доделени 87 стипендии и најголем дел од стипендистите станаа дел од државната администрација. Конкурсот за доделување стипендии кој се распишува врз основа на оваа предлог-одлука, вообичаено се објавува во првиот квартал од календарската година. Предлог-одлуката ги содржи сите детали околу активноста, конкурсот, доделувањето и обврските за договорните страни. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на капацитетите на администрацијата
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Јакнење на капацитетите на администрацијата.
Фискални импликации:	Има, износот кој е редовно доделуван на СЕП за стипендирање е 4.470.000,00 денари
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Б) Материјали

1. Извештај за работа на комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Образложение:	Извештајот се поднесува врз основа на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.30. Надворешни односи**
Очекувани влијанија:	Со материјалот се информира Владата на Република Македонија за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за економија**

2. Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка, за периодот Јули – Декември 2018 година

Образложение:	Инфорамцијата се доставува со цел да се информира Владата на Република Македонија за статусот на ИПА програмата за прекугранична соработка. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 22**
Очекувани влијанија:	Унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план; ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување на достапност на ИПА средствата и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување. Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на Република Македонија за напредокот во однос на ИПА програмата за прекугранична соработка
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

3. Информација за користењето на претпристапните инструменти на ЕУ: Програмите на унијата, твининг	
Образложение:	Согледување на успешноста во користењето на претпристапните инструменти на ЕУ и донесување одлуки/заклучоци во насока на нејзино унапредување **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ЕУ инструментите за поддршка; Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Секретаријат за европски прашања**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

А) Подзаконски акти

1. Предлог уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи	
Образложение:	Со донесувањето на уредбата за финансирањето на дејноста во високото образование ќе се подобри начинот за фиансирање и наменско трошење на буџетските средства**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** променет е системот на финансирање на високо-образовните установи
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување на начинот за финансирање на дејноста во високото образование
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за образование и наука**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

А) Подзаконски акти

1. Предлог програма за финансирање изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено- поправните и воспитно - поправните установи за 2018 година	
Образложение:	Согласно член 70, став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ број 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 и 11/16), предвидено е Владата на Република Македонија да донесува програма со определена висина на средства за изградба, реконструкција, одржување објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи и да ја утврдува нивата поблиска намена**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на условите за престој на осудените лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи
Фискални импликации:	Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Управата за извршување на санкциите и тоа расходи на основен буџет, расходи од самофинансирачки активности и расходи од заем
Предлагач:	**Министерство за правда**

Б) Материјали

1. Информација за имплементацијата на Законот за пробација	
Образложение:	Се информира Владата на Република Македонија за преземените активности за воспоставување и развивање пробациска служба во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со воспоставувањето на пробациската служба и практичната имплементација на алтернативните мерки и другите активности за кои е надлежна пробациската служба како што е надзор над спроведувањето на условниот отпуст се очекува да се намали затворската популација и преполнетоста во затворите. Освен оваа придобивка ќе се постигнат и низа други придобивки како што се хуманизирање на казнувањето и ресоцијализација на сторителите на слобода во заедницата со што ќе им овозможуваат на осудените лица да ги одржат врските со нивното семејството и заедницата, односно ќе се избегне криминалната инфекција. Понатаму, ќе се намали притисокот врз затворите, овозможувајќи им на вработените во установите да се концентрираат на процесот на ресоцијализација и рехабилицијата на затворениците со што пак ќе се овозможи намалување на повторот
Фискални импликации:	Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија и од други извори

Предлагач:	**Министерство за правда**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

А) Подзаконски акти

1. Предлог студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Охридско Езеро

Образложение:	Обврска од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14), Конвенција за заштита на биолошката разновидност, Националниот еколошки план (НЕАП2) и др. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на базата на податоци за природното наследство и ефикасноста за негова заштита и зачувување
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со изготвувањето на студијата ќе се добијат податоци за состојбата со природните вредности на Охридското Езеро и ќе се предложат мерки и активности за нивна заштита. Исто така, ќе се утврдат: предлог-категоријата на заштитеното подрачје; предлог-надворешните граници; видовите зони и предлог-внатрешни граници на зоните на заштитено подрачје. Со изработката на Студијата за ревалоризација ќе се исполнат условите МЖСПП во согласност со Законот за заштита на природата, да отпочне постапка пред Владата на Република Македонија за повторно прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје
Фискални импликации:	Има, средствата во износ од **1.500 000 МКД** за изработка на Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Охридско Езеро не се оебезбедени и истите е потребно да се обезбедат од Буџет на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Б) Материјали

1. Информација за степен на реализација на Програмата за води за 2018 година

Образложение:	Со програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кој имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготовка и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување,

	преземање мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Подобрување со управувањето со водите во Република Македонија
Фискални импликации:	Нема
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

2. Информација за остварена билатерална соработка од областа на животната средина

Образложение:	Редовно информирање на Владата на Република Македонија за статусот на спроведување на билатералните договори кои Република Македонија ги има потпишано или пак планира да ги потпише во текот на 2018 година, кои се однесуваат на животната средина и просторното планирање. Реализацијата на билатералните договори предизвикува фискални импликации во делот на учество на Република Македонија– МЖСПП на билатерални средби во Република Македонија. Со оглед на фактот дека Република Македонија е земја кандидат за членство во ЕУ, трошоците за учеството на редовните состаноци не се обезбедени. Потребно е да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. По однос на билатералните договори, востановена е пракса така што земјата домаќин ги понесува трошоците. Оттука, се јавува потребата за билатералните средби на кои Република Македонијаќе се јави како земја домаќин, да се обезбедат од домашниот буџет
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Спроведување на одредбите од потпишаните билатерални договори; зајакнување на билатералната соработка со земјите од регионот и со земји членки на ЕУ; унапредување на меѓународната соработка преку промовирање на интересите на Република Македонија од областа на животната средина на меѓународен план
Фискални импликации:	Има, средствата е потребно е да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

3. Информација за остварена меѓународна соработка од областа на животната средина

Образложение:	Редовно информирање на Владата на Република Македонија за статусот на спроведување на мултилатералните договори каде Република Македонија е страна или пак планира да пристапи во текот на 2018 година, кои се однесуваат на животната средина и просторното планирање. Реализацијата на меѓународните договори предизвикува фискални импликации во делот на обврските, како и учество на Република Македонија–МЖСПП на редовните состаноци на земјите со меѓународните договори. Со оглед на фактот дека

	Република Македонија е земја кандидат за членство во ЕУ, трошоците за учеството на редовните состаноци и сесии по меѓународните договори на кои Република Македонија е страна, не ретко не се обезбедени и е потребно е да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Спроведување на одредбите од потпишаните меѓународни договори; можност за зајакнување на позицијата на Република Македонија со земјите од регионот и со земји членки на ЕУ; унапредување на меѓународната соработка преку промовирање на интересите на Република Македонија од областа на животната средина на меѓународен план, заеднички настап пред меѓународни фондови и донатори
Фискални импликации:	Има, средствата е потребно е да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

4. Годишен извештај за спроведување на мерките/проекциите за редукција на емисиите со финансиски импликации за спроведување на планот за модернизација/десулфуризација на РЕК Битола и РЕК Осломеј

Образложение:	Следење на спроведувањето на усвоениот Национален план за намалување на емисиите во воздухот од големите согорувачки инсталации во Република Македонија**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Намалување на емисиите на сулфур диоксид (SO_2), азот оксиди (NOx)и прашина во воздухот од големите согорувачки инсталации
Фискални импликации:	Има, Иницијативата предизвикува финансиски импликации, кои треба да се предвидат и обезбедат од АД ЕЛЕМ во соработка со Министерството за финансии.
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

5. Информација за изработка на прирачник за имплементација на конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови (CITES)

Образложение:	Обврска од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14) и Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови (CITES). Во 1999 година Република Македонија ја ратификува Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви растителни и животински видови, а истата стапи во сила за нашата држава 2000 година. Во изминатиот период Министерството за животна средина и просторно планирање пристапи кон спроведување на одредбите на CITES, но притоа беа идентифкувани одредени тешкотии и предизвици во поглед на институционалното следење на оваа конвенција. Со цел поефикасно имплементирање на CITES како приоритетна активност е изготвувањето на национален прирачник/водич и негово дистрибуирање до засегнатите страни (Министерство за внатрешни работи, Царинска Управа-Царинските терминали

	и граничните премини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Агенција за безбедност на храна, научни и стручни институции, субјекти вклучени во промет со диви растителни и животински видови, нивни делови и деривати и др.). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** интеграција на заштита на природата во другите сектори
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унапредување на ефикасноста во спроведување на мерките за заштита на биодиверзитетот во Република Македонија; изработка на национален прирачник/водич за CITES. Запознавање на засегнатите страни со: процедурите на CITES, начинот на издавањето на дозволата/сертификатот за регулирање на меѓународната трговија со загрозените диви растенија и животни, нивни делови и деривати
Фискални импликации:	Има, Во Буџетот на МЖСПП за **2018** година потребно е да се обезбедат **300.000 МКД**
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

6. Информација за мониторинг на состојбата со природата во Република Македонија

Образложение:	Обврска од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14). Во рамките на мониторингот ќе бидат реализирани активности, преку кои ќе се овозможи поефикасно спроведување на Законот за заштита на природата. Во таа насока ќе се посетат локалитети со исклучително природно наследство (ендемични, ретки и загрозени видови, поединечни дрвенести видови со значајни хабитуелни карактеристики и старост, геоморфолошки форми и геолошки појави, хидролошки објекти на природата и сл.). Мониторингот ќе опфати следење на состојбата со природното наследство во границите на заштитените подрачја, особено националните паркови и надвор од нив. Исто така, во рамките на мониторингот ќе бидат посетени објекти/магацини на субјекти/фирми кои собираат и вршат меѓународен промет со диви растенија, габи и животи. Во рамките на мониторингот ќе се посетат локалитети за кои се бараат мислења за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, изградба на инфраструктурни објекти, регулиарње на бесправните градби и др. активности. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** мониторинг на состојбата со природа
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унапредување на ефикасноста во спроведување на мерките за интегрална заштита на природата во Република Македонија; Добивање релевантни податоци за состојбата со природата во заштитени подрачја и надвор од нив; збогатување на базата на податоци за природното наследство и ажурирање на Националниот информативен систем за биодиверзитет; Добивање податоци за состојбата со природата, со што ќе се придонесе за полесно спроведување на управната постапка, согласно Законот за заштита на природата.
Фискални импликации:	Има, во Буџетот на МЖСПП **/2018** година потребно е да се обезбедат **300.000 МКД**
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

7. Предлог проект за воспоставување евиденција за заштитата на природата преку воведување катастар на заштитени подрачја и регистар на природно наследство	
Образложение:	Обврска од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14 и 146/15). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** база на податоци за природното наследство и ефикасноста за негова заштита и зачувување
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унапредување на заштитата на природното наследство во Република Македонија; Целта на проектот е заштитените подрачја, привремено заштитените делови од природата за кои се води постапка за прогласување за заштитени подрачја, природното наследство и природните реткости, да се запишат во Евиденцијата за заштита на природата, која се состои од Катастар на заштитени подрачја и Регистар на природно наследство.
Фискални импликации:	Има, побарани средства од Буџет на МЖСПП за 2018 година во износ од 615.000 МКД
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

III дел

Иницијативи кои се доставуваат во континуитет

ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за испраќање припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА

Образложение:	Со продолжувањето на учеството на Република Македонија во мировната операција „Алтеа“, Република Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската Унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Потврда на цврстата определба на Република Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата, како потврда на севкупните напори на Република Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување безбедност и мир на глобално и регионално ниво
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (мај, април, октомври во 2018 година)
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Предлог програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени печки на пелети во домаќинствата за 2018 година

Образложение:	Со цел да се стимулираат домаќинствата за користење обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, на жителите кои ќе купат печки на пелети со кои ќе се заменат старите печки на јаглен, дрва, нафта или мазут. Министерството за економија ќе им обезбеди поврат на средства во висина од 50%, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност, сè до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Македонија за оваа намена. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, финансиските средства се предложени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година во износ од 20.000.000
НПАА - поглавје и подрачје	**Програмата е поврзана со националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството**

	на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика, во подрачје 3.15.4 Обновливи извори на енергија
Очекувани влијанија:	Подигање на јавната свест за позитивните ефекти од спроведување на мерките за енергетска ефикасност во своите домови
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за економија**

3. Предлог програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2018 година

Образложение:	Оваа Програма се предлага на купувачите на соларни колектори кои ги имаат вградено во своите домови им се обезбедува поврат на дел од средствата кои ги потрошиле за обезбедување сончеви термални колекторски системи до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противредност по домаќинство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** финансиските средства се предложени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година во износ од 6.000.000 **НППА-**Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика, во подрачје 3.15.4 Обновливи извори на енергија
НПАА - поглавје и подрачје	
Очекувани влијанија:	Подигање на јавната свест за позитивните ефекти од искористување на сончевата енергија во домаќинствата и заштита на животната средина
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за економија**

4. Предлог програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозори во домаќинствата за 2018 година

Образложение:	Програмата е поврзана со ациналната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика, во подрачје 3.15.4 Обновливи извори на енергија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетна цел:** обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива. **Иницијативата**

	предизвикува фискални импликации: Има, финансиските средства се предложени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година во износ од 20.000.000
НПАА - поглавје и подрачје	**Програмата е поврзана со ационалната програма за усогласување на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската Унија во поглавје 3.15 Енергетика, во подрачје 3.15.4 Обновливи извори на енергија**
Очекувани влијанија:	Подигање на јавната свест за позитивните ефекти од спроведувањето мерки за енергетска ефикасност во своите домови
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за економија**

5. Предлог одлуки за прогласување културно наследство од особено значење

Образложение:	Согласно член 41 од Законот за заштита на културното наследство, Владата на РМ е надлежна за донесување Одлуки за прогласување на културното наследство од особено значење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** воспоставување заштита на културното наследство и утврдување на категорија и заштитен режим на заштитеното културно наследство. **Иницијативата нема фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Правно регулирање и прогласување на културното наследство од особено значење во Република Македонија со утврдување категорија и соодветен режим
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (јуни и декември)
Предлагач:	**Министерство за култура** Управа за заштита на културното наследство

6. Предлог програма за изгрдаба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република македонија за 2018 година

Образложение:	Согласно член 99 став 7 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/09, 57/10/ 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16) утврдено е дека Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија, ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите од станбено – комуналната област, а ја реализира АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Република Македонија, Скопје. Изградба на социјални станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи-Проект за домување на социјално ранливите групи Ф/П 1674 (2009), намалување на сиромаштијата што претставува есенцијална претпоставка за обезбедување хумани услови за живот, реафирмација на семејството, како и постигнување на одржлив економски и социјален развој. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел: интензивирање на стопанската активност со

	проектирани инвестициски активности во градежништвото, изградба на станови за социјално ранливи групи и контролирано одржување и намалување на цената на станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, самохрани родители, инвалидни лица, самци и др.) како и релаксирање на условите за продажба со цел поголема достапност на становите, односно одржување на станбените згради и станови кои се во сопственост на Република Македонија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, средствата се обезбедени од следните извори: Заем од банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ); Буџет на Република Македонија; Средства остварени од работењето на АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Република Македонија, Скопје
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Имплементација на политиките за социјален развој, засилување на развојот на социјалната политика преку борбата со сиромаштијата и социјалната исклученост на лицата во социјален ризик и ранливите групи кои се со ниски приходи и станбено необезбедени, како и зголемување на квалитетот на живот на лицата во социјален ризик и ранливи групи на граѓани и со обезбедување на нивно соодветно домување
Рок на доставување:	
Предлагач:	**Министерство за транспорт и врски** АД за станбен и деловен простор од значење за Република Македонија

7. Предлог план за економски раст

Образложение:	Заклучно со март 2018 година, Владата на Република Македонија ќе донесе посебно законско решение за спроведување на мерки на индустриска политика за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економсија, кое ќе се однесува на Планот за економски раст. Планот за економски раст е резултат на сеопфатни анализи на моменталната состојба како и на спроведените активности во минатото. Исто така во него се имплементирани препораки од документите на Светската банка, Виенскиот институт за меѓународни односи, Македонската академија на науки и уметности, но и барањата од стопанските комори и бизнис-секторот. Планот за економски раст предвидува сеопфатен систем на мерки за поддршка на растот на компаниите и унапредување на македонската економија. Планот предвидува, компаниите, независно дали се странски или домашни, да бидат корисници на помошта и мерките доколку, во просек, во последните 3 години покажале раст на приходите и не го намалуваат бројот на вработени. Мерките се поделени во три столба: 1) мерки за поддршка на нови инвестиции и за зголемување на конкурентноста на економските субјекти, 2) мерки за поддршка за извозот и 3) мерки за поддршка за малите и средни претпријатија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена

	одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; развивање на претприемништвото; вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем повраток на инвестицијата; зголемување и поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има и истите се предвидени во Буџетот на Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Спроведувањето на мерките се очекува да има големи ефекти во економијата, кои би се рефлектирале преку пораст на странски и домашни инвестиции, нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот, што ќе допринесе до повисок бруто-домашен производ, зголемени плати и подобрување на материјалната благосостојба на граѓаните.
Рок на доставување:	Квартално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

Б) Материјали

1. Информација за изградба на нов Ургентен хируршки центар при ЈЗУ Општа болница Куманово

Образложение:	Клучните причини за потреба од нов ургентен центар се недостаток на соодветен простор кој треба да биде во склад со важечката регулатива за овој тип објекти, потребата од нови простории за дијагностика, како и простории за кои се јавува потреба со појава на новите трендови во медицината и медицинската технологија. До сега итните медицински случаи се третираат во ургентен центар кој е во склоп на ЈЗУ Куманово, кој не ги задоволува критериумите и потребите на итните пациенти. Истиот не е функционален и не е во склад со важечката регулатива за овој тип објекти. За да се надмине овој проблем најсоодветно решение е изградба на нов објект во кој ќе биде сместен ургентниот хируршки центар, со што ќе се овозможи потребната комуникација и функционална поврзаност помеѓу ургентниот и дијагностичкиот центар**. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и приоритетни цели:** изградба на достапен, квалитетен и долгорочно-финансиски одржлив систем на здравствена заштита, кој ќе обезбеди нормални услови за работа на медицински кадар, поголеми шанси за нивна специјализација, повисоки плати, со цел да се спречи нивниот одлив во странство, ставање на граѓаните во центарот на здравствениот систем и зајакнато чувство и одговорност на поединецот за сопственото здравје и здравјето на другите **Финансиски импликации:** средствата се обезбедени од Буџет на Република Македонија, средства на Министерството за здравство, програма 1а
НПАА - поглавје и подрачје	***/***

Очекувани влијанија:	Со реализација на иницијативата ќе се подобрат условите за работа на медицинскиот кадар и ќе се подобри квалитетот на услугите за населението со што ќе се обезбеди квалитетна и достапна здравствена заштита на населението. Со подигнување на квалитетот на здравствените објекти согласно потребите за здравствена заштита на населението ќе се подобри нивната енергетска ефикасност, што ќе влијае врз намалување на трошоците за нивно одржување.
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (јуни и декември)
Предлагач:	**Министерство за здравство**

2. Информација за степенот на реализација на проектот „Возобновување на Св.Климентовиот универзитет на Плаошник – Охрид“

Образложение:	Во 2018 година треба да завршат сите градежни активности на проектот со што ќе се заокружат предвидените задачи дефинирани во проект. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, во рамките на определените износи предвидени со програмата на проектот 130.000.000,00 денари
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со завршувањето и комплетната реализација на градежните активности ќе се овозможи продолжување на преостанатите фази за завршување на проектот
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за култура** Управа за заштита на културното наследство

3. Информација за потребата од користење на европските сателитски навигациски системи за воздухопловни операции кои ќе бидат основа за процесот на имплементација на PBN во Република Македонија

Образложение:	Со оглед на поволната географска положба на Република Македонија, како и со оглед на тоа дека нејзината територија е веќе целосно покриена со EGNOS, во интерес на Република Македонија е користењето на EGNOS со цел да се овозможи користење на целите на PBN, како и Република Македонија да учествува во првата активност на Европа во областа на глобалниот навигациски сателитски систем (GNSS) кој ќе биде целосен глобален сателитски систем за навигација моментално во развој во Европа. Во тек на 2016 година завршена е коресподенцијата со Европската Комисија и добиени се насоките за понатамошно спроведување на постапката. Од страна на Европската комисија доставени се предлог – насоки за започнување со користењето на услугите на „EGNOS SoI“ за цивилно воздухопловство. На почетокот на 2017 година отпочнати се сите активности околу можностите и предизвиците од користењето на EGNOS сателитската навигација координирано помеѓу релевантните воздухопловни власти во Република Македонија. Формирана е работна група со претставници од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за цивилно воздухопловство и АД М-НАВ и одржани се четири состаноци. Релевантните воздухопловни власти на Република Македонија ќе продолжат со преземање на понатамошните чекори. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**

	зголемување на безбедноста на авиосообраќајот. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Нема, средствата не се предвидени од причина што активностите на Европскиот сателитски давател на услуги како давател на EGNOS услугите се платени од страна на Европската комисија
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Намалување на влијанието врз животната средина и трошоците, со овозможување поефикасни рути, време и заштеди на гориво и пониски емисии на CO2
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за транспорт и врски** АЦВ/М-НАВ

4. Предлог за започнување на нова постапка за доделување финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници

Образложение:	Постапките за доделување на финансиска поддршка овозможија многу дестинации за патувачката јавност во Република Македонија по достапни цени, како и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија. Со цел да се продолжи со развојот на воздушниот сообраќај во Република Македонија, Министерството за транспорт и врски предлага да се отпочне со нова постапка за доделување финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници. При тоа за потребите Владата на Република Македонија да донесе Програма за определување на средствата потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2018-2021 година и Уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка. По донесувањето на Програмата и Уредбата, потребно е Министерството за транспорт и врски да започне со постапка за изготвување на документација за барање за доделување на финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашнии странски превозници, како и постапка за селекција. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** побрз развој на цивилното воздухопловство во Република Македонија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** дополнително ќе биде донесена Програма во која ќе бидат определени средствата потребни за доделување финансиска поддршка на домашни и странски превозници за периодот од 2018-2021 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај во Република Македонија преку утврдување еднаков пристап, транспарентност во постапката за доделување финансиска поддршка, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите во воздушниот сообраќај.
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (прв квартал од 2018 година)
Предлагач:	**Министерство за транспорт и врски**

5. Информација за реализација на обврските од Договорот за финансиска поддршка помеѓу Владата на Република Македонија и Wizzair Hunhary ltd

Образложение:	На 8.1.2015 година потпишан е Договор за финансиска поддршка помеѓу Владата на Република Макеоднија, преку Министерството за транспорт и врски (како давател на финансиска поддршка) и Wizzair Hunhary ltd (како корисник на финанска поддршка). Финансиската поддршка се доделува за период од три години, сметано од 21.6.2015 година до 21.6.2018 година. Донесена е тригодишна Програма за определување на средства потребни за доделување финансиска поддршка. МТВ се грижи за спроведување на оваа Програма и врши постојан и редовен надзор за исполнување на правата и обврските на склучениот Договор. Согласно Договорот Wizzair започна со оперирање на нови пет дестинации од аеродромот „Александар Велики“ – Скопје и една линија од аеродромот „Св.Апостол Павле“-Охрид и тоа: Барселона (Шпанија), Сандефјорјд (Осло, Норвешка), Нирнберг (Германија), Лубек (Хамбург, Германија), Фридрихшхафен (Германија), Базел (Швајцарија). Wizzair продолжи да ги опслужува и постојаните дестинации најмалку двапати неделно во која било од ИАТА сезоните по однапред определен ред на летање за периодот за кој се доделува финансиската поддршка. Воспоставени се и нови директни линии од Скопје и тоа кон Братислава, Копернхаген од 28 март, Берлин од 21 март 2016 година и Хановер од 31 октомври 2016 година. Од 14 и 16 јули 2017 година со летниот ред на летање Wizzair воспостави нови дирекнти линии од Скопје и тоа кон Малта, Рим (Чампино) и Ваксјо (Шведска). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** побрз развој на цивилното воздухопловство во Република Македонија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** согласно Програмата за определување на средства потребни за доделување финансиска поддршка и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2015-2018 година („Службен весник на Република Македонија“ број 167/14) за 2018 година проектирани се средства во износ од 54.210.000,00 денари кои ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2018 година
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Побрз развој на цивилното воздухопловство во Република Македонија**;** Поттикнување и развој на воздушниот сообраќај и формирање поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за транспорт и врски**

6. Предлог проект „Ангажман на сениор експерти за развој на мали и средни претпријатија во Македонија“

Образложение:	Домашните компании се соочуваат со големи предизвици кои произлегуваат од недоволната екипираност, неделегирање на одговорностите, застарена технологија на производство, недиверзифицирани и недоволно развиени производи и услуги како и опрема за производство, недоволна размена на искуства и примена на европските стандарди во работењето (менаџмент, маркетинг и човечки ресурси). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** Поддршка на домашните претпријатија,

	пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој; поддршка на развојот и воведување нови чисти (зелени) технологии за индустрискиот сектор. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се обезбедени во рамки на Буџетот на Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Проектот придонесува за зголемување на конкурентноста на домашните компании, зголемување на продажбата на домашни и странски пазари, намалување на трошоците во работењето, а сето тоа резултира со креирање нови работни места
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

7. Информација за активностите на „Националниот совет за одржлив развој“

Образложение:	Националниот совет за одржлив развој ќе ги анализира можните сценарија и ќе даде насоки за прилагодување на климатските промени и промовирање на ефикасното користење на природните ресурси, намалување на емисиите на стаклени гасови, промовирање на енергетска ефикасност и зголемување на употребата на обновливи извори на енергија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива; заштита на природните ресурси; создавање функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации:**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемена конкурентност на македонските компании, обезбедување средства за истражување и развој, зголемена вработеност, подобрување на економијата, одржливо користење на ресурсите, а во исто време постигнување на економски развој, креирање можности за одржлив развој
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

8. Информација за проектот „Функционален национален совет за претприемништво и конкурентност на Република Македонија и успешна реализација на програмата на НСПК на Република Македонија“

Образложение:	НСПК на Република Македонија претставува тело кое промовира идеи и начела во насока на овозможување долгорочен и одржлив економски развој на

	Република Македонија. Воедно ова тело обезбедува платформа за трипартитен дијалог (бизнис-заедница, академска заедница, влада) што придонесува за подобрување на дијалогот со бизнис-заедницата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; развивање на претприемништвото; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; Вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем поврат на инвестицијата; зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Унапреден дијалог со бизнис-заедницата, доставени иницијативи, предлог-стратегии и предлог-пакет мерки од страна на НСПК на Република Македонија до Владата на Република Македонија
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

9. Информација за статусот на реализација на „Стратегијата за конкурентност на македонската економија и Акциски план за 2016-2020 година“

Образложение:	Цел на иницијативата е подобрување на конкурентност на Република Македонија, а со тоа и подобрување на Индексот на глобална конкурентност на Република Македонија во Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност; вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем поврат на инвестицијата; развивање на претприемништвото; активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, финансиските средства се предвидени во буџетот на ЗПВРМ задолжен за економски прашања и другите институции носители на мерките и активностите од Акцискиот план
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Успешно спроведени мерки за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија и подобрување на деловната клима и унапредување на можностите за функционална пазарна економија, што ќе доведе до подобрување на Индексот на глобална конкурентност на Република Македонија
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

10. Информација за проектот „Локална и регионална конкурентност во туризмот“

Образложение:	Во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската комисија за периодот 2014-2020 година, во Секторот конкурентност и иновации предвидена е реализација на активности дефинирани во Акцискиот документ за Локална и регионална конкурентност за 2014 година, со посебен акцент на проекти од областа на туризмот. Вредноста на ИПА средствата е околу 18 милиони евра, надополнети со национално кофинансирање од околу 3,1 милион евра (вкупно околу 21,1 милион евра). Опфатени се конкретни видливи проекти кои ќе придонесат за реализација на локални и регионални проекти чија цел е да го унапредат туризмот во Република Македонија, како на пример: локална инфраструктура, ревитализација на објекти од културно наследство, поддршка за развој на туристички услуги и понуда, поддршка на домашниот приватен сектор и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој; развивање на претприемништвото; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; ставање на европската финансиска поддршка во функција на европеизација на целата држава и овозможување на достапност на ИПА средствата и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции и за неформалните групи на граѓани со зголемена транспарентност во нивното раководење и искористување. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, финансиски средства се предвидени во Буџетот на Република Македонија во посебна наменска сметка
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Унапредување на конкурентноста на државата преку унапредување на конкурентноста на локално и регионално ниво, со посебен осврт на развој на туризмот, туристичките услуги и туристичката понуда
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

11. Информација за проектот „Функционалност на националниот совет за рамномерен регионален развој преку воспоставување Систем за воспоставување координација во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен регионален развој во Република Македонија“

Образложение:	Овој проект опфаќа активности во насока на креирање механизми за координација и усогласување на секторските политики и програми на хоризонтално (меѓу ресорните министерства) и вертикално ниво (меѓу национално и регионално ниво). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** зголемување на капацитетот на општините, нивната транспарентност и отчетност со почитување на принципот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните, подобрување на услугите и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија; зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се обезбедени во Буџетот на Република Македонија и од донатори
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зголемена функционалност и ефикасност при следењето на распределбата и дистрибуцијата на средства за рамномерен регионален развој од централниот буџет што ќе води кон подобрување на спроведувањето на политиката на рамномерен регионален развој.
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

12. Информација за „Координативните тела за зголемување на соработката на странските инвеститори со домашните компании, за анализа на мерките за привлекување странски инвестиции, анализа на состојбата и консолидирање на натамошните активности во полето на странски инвестиции и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија“

Образложение:	Усогласените економски политики и активности на министерствата и другите надлежни државни органи кои се задолжени да постапуваат во рамките на својата надлежност се потребни заради утврдување на единствени и поврзани предлог-решенија, а кои ќе придонесат за севкупно подобрување и зајакнување на економските состојби во Република Македонија, подобрување на деловната клима и слично. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија; создавање поволна деловна клима со политики на

	соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Усогласени економски политики и активности кои се однесуваат на зголемување на соработката на странските инвеститори, за анализа на мерките за привлекување странски инвестиции, утврдување на анализа на состојбата, консолидирање на нејзините натамошни активности во полето на странски инвестиции како и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Македонија
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

13. Информација за спроведении активности за изградба на фотонапонски и ветерни електрични централи

Образложение:	Со новиот Закон за енергетика, со кој се транспонира и Директивата 2009/28/ЕС за обновливи извори на енергија (ОИЕ), се пропишуваат пазарно-ориентирани механизми за поддршка за промовирање на ОИЕ и поедноставени постапки за изградба на нови централи на ОИЕ. Владата на Република Македонија ќе објави јавен повик за доделување на 3-4 локации за изградба на фотонапонски централи со капацитет 20-25 MW, при што ќе се обезбеди државно земјиште со уредена инфраструктура и приклучок до електроенергетската мрежа. Воедно Владата на Република Македонија ќе објави јавен повик за изградба на ветерни централи со моќност од 100 MW со користење на (feed-in premium), на локации за кои веќе постои утврден потенцијал за производство на енергија од ветар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се обезбедени од донатори
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 15: Енергетика**
Очекувани влијанија:	Преку реализација на иницијативата ќе се постигне диверзификација во снабдувањето, зголемување на конкуренцијата на пазарите на енергија, поголема искористеност на обновливите извори на енергија, зголемување на домашното производство на енергија, ќе се обезбеди сигурност и континуираност во снабдувањето со енергија на домаќинствата и компаниите во Република Македонија, намалување на емисиите на стаклени гасови и подобрување на општата состојба на животна средина.
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

14. Иницијатива за модернизација на ТЕЦ Осломеј

Образложение:	Согласно стратегиските определби, Владата на Република Македонија планира да изврши модернизација на ТЕ Осломеј со цел да се продолжи нејзиниот работен век. Проектот за модернизација (фазата на градба/реконструкција и оперативната фаза) би се реализирал на локацијата на веќе постојната инсталација, односно во близина на село Осломеј, општина Кичево. Проектот претставува инвестиција во нова опрема за замена на постојната која ќе овозможи согорување на висококалоричен битуменозен јаглен (кој би се набавувал од увоз) и евентуално комунален отпад, а во исто време ќе придонесе кон намалување на влијанието врз животната средина и усогласување на количините на емисии во атмосферата во рамки на дозволените согласно Директивите на ЕУ. Задоволувањето на потребите со јаглен на Термоелектраната Осломеј со инсталирана моќност од 125 MW, се вршеше со експлоатација од површинскиот коп Осломеј - исток и по 2002/2003 година и Осломеј – запад. Поради исцрпување на достапните резерви на јаглен, оперативноста на оваа централа се соочуваше и сè уште се соочува со прекини во работењето што како последица генерира висока цена на произведена електрична енергија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, планирани средства од АД ЕЛЕМ.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 15: Енергетика**
Очекувани влијанија:	Предлог-иницијативата се очекува да има долгорочни и позитивни влијанија од продолжување на работниот век на ТЕ Осломеј. ТЕ Осломеј учествуваше со 10% учество во домашното производство на електрична енергија и нејзиното продолжување со работа е суштинско за снабдувањето со електрична енергија во државата. Се очекува да има поволно влијание и врз вработувањето на локалното население
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

1. Предлог одлука за упатување припадници на Армијата на Република Македонија во мировна мисија „Одлучна поддршка во Авганистан“

Образложение:	Зголемувањето на придонесот на Република Македонија во меѓународните операции предводени од НАТО претставува конкретна потврда за цврстите стратегиски определби на Република Македонија за членство во Алијансата и потврда за подготвеноста за преземање на обврските како полноправна членка на НАТО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешки**

	приоритет на МО: активно учество во меѓународни операции предводени од НАТО **и приоритетна цел:** добивање полноправно членство во НАТО. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се обезбедени со Буџетот на МО
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Презентирање на Република Македонија како партнер од доверба во рамките на меѓународните зедници и НАТО, кој се залага за зачувување на заедничките вредности и споделување на обврските како и промовирање на заложбите за воспоставување мир на глобално и регионално ниво
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (прво полугодие во 2018 година)
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Предлог одлука за упатување припадници на Армијата на Република Македонија во мировната мисија операција на ООН „УНИФИЛ“ во Либан

Образложение:	Зголемување на придонесот на Република Македонија во мисиите предводени од ООН претставува потврдување на посветеноста на Република Македонија кон глобалниот мир и безбедност. Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, де факто се продлабочува билатералната соработка со Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешки приоритет на МО:** активно учество во меѓународни операции предводени од НАТО **и приоритетна цел:** стратегиско партнерство со Организацијата на Обединетите Нации; продлабочување на билатералната соработка со Република Италија**. Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се обезбедени со Буџетот на МО
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Презентирање на Република Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските. Продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (прво полугодие на 2018 година)
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

3. Предлог програма „Foreign Military Fund“

Образложение:	Програмата е дел од програмитеза соработка со САД и се одвива во континуитет. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** јакнење на капацитетите на Армијата на Република Македонија и подигање на степенот на нејзината опременост. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Влијанијата од имплементацијата на оваа програма се позитивни. Со нејзина употреба се овозможува набавка на опрема за потребите на АРМ која е компатибилна и интероперабилна со стандардите на НАТО. Опремување и модернизација на АРМ по пат на донација на материјални средства од САД
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

4. Предлог одлука за утврдување должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица во кои службата се врши под трупни услови

Образложение:	Со членот 76, став 1, точка 3 под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15 и 27/16) е пропишано донесувањње одлука за утврдување на должностите во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови. Согласно членот 243 од овој Закон, подзаконските акти чие донесување е предвидено со законот, требаше да бидат донесени во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на истиот. Во моментот во правниот промет егзистира Одлука за утврдување на должностите во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија “ број 32/09) донесува согласно член 94 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, која престана да важи со донесување на сега важечкиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, поради што престана да постои и правниот основ за промена на горенаведената Одлука, како акт донесен врз основа на закон кој престанал да важи. Поради тоа, како предлог-решение е следново: Одлуката да носи назив: „Одлука за утврдување должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команди во кои службата се врши под трупни услови“, кој назив соодвествува на новата структура на АРМ. Со Одлуката како должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и оодредени должности**. Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел. Иницијативата предизвикува фискални импликации:** за обезбедување на финансиските средства ќе се произнесе МО.
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Донесување одлука согласно член 76, став 1, точка 3 под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15 и 27/16), позитивно влијание е тоа што сите припадници на АРМ ќе имаат право на стаж на осигурување со зголемено траење. Негативно влијание нема
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

Б) Материјали

1. Информација за учество на припадници на Армијата на Република Македонија на меѓународни вежби во странство

Образложение:	Генералштабот на Армијата на Република Македонија секоја година подготвува план за вежби на кои учествуваат припадници на Армијата. Согласно планот за вежбовни активности 2018 година планирани се следните вежби: **јануари:** 1. MAPPLE ARCH; 2.MILEX; 3.MAUNTAINE WARFARE 18; 4. SEESEM 18; 5.ANAKONDA 18; 6.KFOR 25; **февруари:** KFOR 24 MRE (FTX); **март:** DYNAMIC FRONT III 18-1 (CAX/FTX); **април:** COMBINED RESOLVE X (CAX/FTX); VIKING 18; EFES 2018; **мај:** EAGLE VI(CAX/FTX), CWIX; BALKAN RESPONSE (CPX); TRIDENT JAGUAR (CAX/FTX); **јуни**: ADRIATIC STRIKE (FTX/VIVEX); CWIX; SABER STRIKE; **јули:** SABER JUNCTION (CPX CAX/LIVEX); TORPI (CPX) **септември:** COMBINED RESOLVE XI (CAX/FTX); SEVEN STARS (SEEBRIG); **октомври:** REGEX 18 (CPX); FOPUM B-9 (FTX/LIVEX); TOXIC TRIP _ CBRN; **ноември:** DYNAMIC FRONT III 18 – 2 (CAX/FTX). **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на министерството:** реформи во одбранбениот систем и зголемување на способностите и капацитетите на АРМ и учество во меѓународни мисии и предводени од НАТО, ЕУ и ООН **и приоритетна цел:** меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот. Секоја вежба поединечно е планирана во различен временски период и со различен број на учесници како што е прикажано во образложението за месецот за разгледување од страна на Владата на Република Македонија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Министерството за одбрана
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Подобрување на обученоста на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Договор за финансиско-воена соработка со Република Турција

Образложение:	Договорот се координира со Република Турција во континуитет. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел на МО:** опремување и модернизација на Армијата на Република Македонија по пат на донација на материјални средства од Република Турција произведени од турски компании за наменска индустрија. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Јакнење на капацитетите на Армијата на Република Македонија и подигнување на степенот на нејзината опременост. Влијанијата од имплементацијата на оваа програма се позитивни. Со нејзина употреба се овозможува набавка на опрема за потребите на Армијата на Република Македонија
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

3. Информации за статусот на подготовка на Стратегија за одбрана преглед

Образложение:	Во септември 2017 година, МО го рестартира процесот за подготовка на СОП со рок за негова изработка до средината на 2018 година. Целта е да се направи анализа и преглед на актуелната состојба во одбраната, да се дадат предлози за отстранување на воочените недостатоци и да се забрза спроведувањето на одбрандените реформи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** реформа на одбранбениот систем и зголемување на способностите и капацитетите на АРМ. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со изработката на СОП се очекува да се изработи нова функционална анализа на МО и ГШ на АРМ, да се дефинира структурата на силите односно утврдување на нова систематизација на МО и формација на АРМ, дефинирање на капацитетите и способностите на МО и АРМ и начин на решавање на недостатокот односно вишокот на капацитети
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (јануари-јуни)
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

4. Предлог проект „Спроведување на процесот на сукцесија на поранешната СФРЈ – Анекс Б“

Образложение:	Процесот на сукцесија е започнат уште во 2001 година со склучување на Договорот за прашања на сукцесијата – Анекс Б (дипломатско-конзуларен имот) и трае во континуитет, при што неговото финализирање е од посебен интерес за Р Македонија, како и за другите држави сукцесори. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации:** Има,во рамки на Буџетот на МНР, се очекува и прилив на буџетски средства кој во дадениот момент не може да се предвиди
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Во процесот на сукцесија на поранешна СФРЈ, Република Македонија се стекнува со сопственост на дипломатско-конзуларен имот или парични средства од заедничка продажба на таквиот имот
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

5. Предлог проект „Купување објекти на дипломатско-конзуларни претставништва“

Образложение:	Иницијативата за купување објекти за потреби на ДКП е приоритет во континуитет од воспоставување дипломатска мрежа на Република Македонија и со истата се овозможува заштеда на буџетски средства кои неповратно се плаќат за кирии за ДКП, а воедно се овозможува и поголема

	репрезентативност во претставувањето на Република Македонија во светот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, потребните средства ќе бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија и од продажба на имоти стекнати од сукцесија на СФРЈ и во согласност со буџетските приоритети
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Заштеда на буџетските средства и соодветно претставување на Република Македонија во меѓународната заедница
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

6. Предлог проект „Градба на објекти за дипломатско-конзуларни претставништва на Република Македонија“

Образложение:	Иницијативата за градба на објекти за потреби на ДКП е приоритет со оглед дека Република Македонија располага со градежно земјиште за градба на објекти на ДКП во Атина и Анкара. Во Атина плацот со постар конзуларен објект е добиен од сукцесија на СФРЈ, а на истиот може да се изгради поголем објект кој соодветно и трајно би го решил просторното сметсување на ДКП на Република Македонија во Атина. Во Анкара, Република Македонија располага со поголем плац добиен по пат на реципроцитет со Р Турција во 1996 година. Во 2018 г. се предвидува набавка на проект за градба на ДКП во Атина, а за Анкара набавка на проект за измени на проектот од 2010 година со цел на рационализација на предвидената градба, односно да се предвиди изградба на само еден објект во кој би се сместиле со Амбасада, резиденција и станови за вработени. Врз основа на овоие проектни измени би се процениле и потребните средства за градба на објектот. Инаку Р Турција на плацот во Скопје изгради резиденција. Со ваквите проекти се овозможува заштеда на буџетски средства кои неповратно се плаќат за кирии за ДКП, а воедно се овозможува и поголема репрезентативност во претставувањето на Република Македонија во светот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, потребните средства ќе бидат обезбедени од Буџет на Република Македонија и од продажба на имоти стекнати од сукцесија на СФРЈ и во согласност со буџетските приоритети
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Заштеда на буџетските средства и соодветно претставување на Република Македонија во меѓународната заедница
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

7. Предлог проект „Продажба на објекти во сопственост на Република Македонија добиени од Сукцесија на СФРЈ“

Образложение:	Иницијативата е отпочната уште пред две години, а се однесува на продажба на имоти стекнати од сукцесија на СФРЈ, кои од определени причини (неприоритетни позиции – градови каде Република Македонија нема интерес за отфарање ДКП, технички, урбанистички и други) не е соодветно за користење за потреби на ДКП на Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** се очекува и прилив на буџетски средства кој во дадениот момент не може да се предвиди
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со продажбата на имотите, ќе се овозможи прилив на буџетски средства кои согласно буџетските приоритети, можно е да се користат за купување на соодветни одбјекти за потреби на ДКП на Република Македонија во приоритетни позиции – градови-држави
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

8. Предлог проект „Натамошна имплементација на склучени договори за колокација на заеднички простории на ДКП меѓу Република Македонија и Црна Гора, Босна и Херцеговина и Република Србија, како и план за склучување нови договори со други држави“

Образложение:	Иницијативата е започната пред две години и резултира со конкретни резултати. Склучени се Договори за колокација на заеднички простории за потреби на ДКП меѓу Република Македонија и Црна Гора, Р Турција, БиХ и Р Србија, при што остварена е имплементација на Договорот со Црна Гора во Амбасада на Република Македонија во Париз, со Р Турција во Амбасада на Р Турција во Астана, а со БиХ се очекува натамошна имплементација. Се очекува склучување договори за колокација и со други држави. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** афирмација на местото и улогата на Република Македонија во меѓународната и регионалната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, во рамки на Буџетот на МНР
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Заштеди на буџетски средства на име кирии за простори на ДКП на Република Македонија подобро менаџирање со имотот кој го користат ДКП на Република Македонија и унапредување на билатерална соработка со државите. Заштеди на буџетски средства на име кирии за простори на ДКП на Република Македонија подобро менаџирање со имотот кој го користат ДКП на Република Македонија и унапредување на билатерална соработка со државите
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

9. Информација за спроведување на Проектот за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој

Образложение:	Во 2018 година ќе стане оперативна Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, која ќе се спроведува во соработка со Амбасадата на Швајцарија – Агенција меѓународна соработка и развој. Министерството за локална самоуправа на квартално ниво ќе ја информира Владата на Република Македонија за степенот на реализација на договорените активности и мерки во рамки на Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** потребните средства се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2018 година и од донација на Владата на Швајцарија
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при носењето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на Република Македонија. Натамошно намалување на разликите во степенот на развиеност помеѓу и во рамки на планските региони, со вклучување на заинтересираните страни во фазите на планирање на развојот на планските региони
Рок на доставување:	Јуни и декември во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за локална самоуправа**

10. Информација за активностите на новоетаблираниот центар за културна соработка помеѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа лоциран во Република Македонија

Образложение:	Иницијативата која предвидува засилена поддршка на активностите на новоетаблираниот центар за културна соработка меѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа. Согласно потпишаниот Меморандум за разбирање помеѓу министерствата за култура на НР Кина и на земјите од Централна и Источна Европа за востановување Координативен центар за културна соработка во Република Македонија, од 2018 година ќе започнат активностите кои треба да придонесат за интензивирање на меѓусебните релации меѓу 11 земји-членки на ЕУ и 5-те Балкански земји кои се дел од оваа платформа. Се предвидуваат активности како форуми за уметничка соработка, за заштита на нематеријалното културно наследство, за литература и библиотеки, културни индустрии итн. Во 2019 година во Република Македонија ќе се реализира и Четвртиот министерски форум за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од ЦИЕ, кој е уште една потврда за заложбите нашата држава да се позиционира како земја лидер на културната соработка во рамките на платформата 16+1. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел. Иницијативата предизвикува фискални импликации:** потребните финансиски средства во износ од 9.500.000,00 на годишно ниво, Министерството за култура ќе ги обезбеди по пат на

	прераспределба во рамките на буџетот за култура
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со оваа иницијатива ќе се продлабочи и унапреди соработката меѓу НР Кина и земјите од централна и Источна Европа и ќе се реализираат голем број на заеднички програми и проекти од областа на културата. Со Иницијативата која предвидува засилена поддршка на активностите на новоетаблираниот центар за културна соработка меѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа ќе се постигне следната приоритетна цел: унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за култура**

11. Предлог проект „Постигнување заштита на биолошката разновидност преку создавање ефикасно управување на заштитените подрачја и вклучување на прашањата за биолошката разновидност во планирање на намената на земјиштето“

Образложение:	Проширување на мрежата на заштитени подрачја во Република Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој**. Иницијативата не предизвикува фискални импликации**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Да се поддржи проширувањето на системот на национални заштитени предели и јакнење на капацитетите за ефективно управување и вклучување на заштитата на биолошката разновидност во планирање на намената на земјиштето
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (на 6 месеци, почнувајќи од 12 декември 2017 до 12 декември 2020)
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

12. Извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија

Образложение:	Обврската на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија-Секторот за стратегија, планирање и следење да подготвува полугодишен и годишен извештај за степенот на реализација на ГПРВ, со мониторинг индикатори е согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на ГПРВМ. („Службен весник на Република Македонија“ број 22/15). **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**

Очекувани влијанија:	Да се информира Владата на Република Македонија за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата
Рок на доставување:	Февруари и јули во текот на 2018 година
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

Б) Материјали

1. Информација за воспоставување централен електронски регистар на население

Образложение: Централниот електронски регистар на население се воспоставува со цел да се отстранат различните начини на водење на поединечните бази на податоци коишто содржат лични податоци за населението во Република Македонија, а коишто се во надлежност на различни надлежни органи. Преку воспоставувањето на централниот електронски регистар на население се воведува единствена база на податоци, врз основа на утврдени стандарди и процедури, која ги содржи последните измени во личните податоци за населението, а кои се потребни при спроведување на јавните услугите што треба да ги обезбедат надлежните органи на државната власт и државните органи за населението во Република Македонија. Преку овој проект, ќе се обезбедат услови за соодветно планирање на потребите на населението при креирањето на политики за обезбедување ефикасен и ефективен пристап до услугите. Централниот електронски регистар на население ќе користи изворни податоци од: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда – Управа за водење на матичните книги и Централен регистар. Сите надлежните органи при обезбедување јавни услуги ќе имаат пристап до податоците од централниот електронски регистар на население, а согласно нивните законски надлежности и потреби при обезбедување на јавните услуги. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Иницијативата предизвикува финансиски импликации. Инаку, оваа иницијативата е дел од компонентата 1 на ИПА проектот „Дигитално – Поддршка во реформата на јавна администрација и јакнење на капацитетите на МИОА“ (оригинал: “Go Digital - Public Administration reforms assistance and strengthening the capacities of MISA") финансиран преку ИПА2012 програмата за услуги, која се води под број EuropeAid/137521/IH/SER/MK, каде краен корисник е Министерството за информатичко општество и администрација и ИПА проектот “Supply of Equipment for the National Population Register in the Ministry of Information Society and Administration” финансиран преку ИПА2013 програмата за набавка, која се води под број EuropeAid/138620/IH/SUP/MK.

НПАА - поглавје и подрачје /

Очекувани влијанија:	Зголемување на ефективноста и ефикасноста на јавната администрација; Подобрување во планирањето и спроведувањето на јавните услуги
Рок на доставување:	Квартално известување во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

2. Информација за учество во Регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан“ (Western Balkan Enterprise Development and Innovation Facility – WB EDIF)

Образложение:	Учество во регионална платформа за поддршка на МСП, поддржана од Европската комисија, Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетните цели:** вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем повраток на инвестицијата; зголемување и поддршка за развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност; развивање на претприемништвото; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, обезбедени се во рамки на Буџетот на Република Македонија.
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Пристап до финансиски средства во износ од 140 милиони евра, зголемена конкурентност на македонските компании, зголемена вработеност, можност за регионална соработка, подобрување на економијата
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1. Предлог за склучување Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Република Чешка

Образложение:	Помеѓу Република Македонија и Република Чешка покрената е иницијатива за склучување билатерален договор за меѓусебна правна помош во граѓанската област. Се очекува натамошно продолжување на постапката за преговарање со цел да се склучи билатерален договор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата не предизвикува фискални**

	импликации.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со склучувањето Договор за меѓусебна правна помош меѓу двете држави се очекува одредени недостатоци во граѓанската област како што се врачување на акти, сослушување на лица, земање наследнички изјави, постапување на алиментациони побарувања, легализација на исправи, мислењата поврзани со реципроцитетот, признавање и извршвуање на странски судски одлуки и други односи да се надминат со склучувањето на овој договор
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

2. Информација за текот на постапката во врска со признавање и извршување на правосилната и извршна пресуда VI.ТС. бр. 1415/08 од 14.12.2010 година на Основниот суд Скопје II - Скопје пред надлежните органи во Република Србија

Образложение:	„ЕМО“ Охрид преку Основниот суд Скопје II – Скопје и Министерството за правда на Република Македонија поднесе барање за признавање и извршување на пресудата VI.ТС. бр. 1415/08 од 14.12.2010 година на Основниот суд Скопје II – Скопје. Постапката пред надлежниот суд во Белград е во тек и со заклучок на Владата МП заедно со другите институции се надлежни да ја следат постапката за исходот да ја известат Владата на Република Македонија со информација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	По правосилноста на пресудата пред надлежните органи во Република Србија, се очекува да се разреши проблемот настанат меѓу ЕМО Охрид, односно се очекува извршување на правосилната пресуда на Основниот суд Скопје II – Скопје
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

3. Предлог за склучување Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Руска Федерација

Образложение:	Република Македонија и Руска Федерација немаат склучено билатерален договор во областа на меѓусебна правна помош во граѓанско право. Досегашната соработка се одвива врз основа на Договорот помеѓу ФНРЈ и СССР за правна помош во граѓански кривични предмети од 24.2.1962 година. Покренатa е иницијатива за склучување нов билатерален договор. Се очекува натамошно продолжување на постапката за преговарање со цел да се склучи билатерален договор**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и

	воневропските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со склучувањето Договор за меѓусебна правна помош меѓу Република Македонија и Руска Федерација се очекува попрецизно регулирање на постапките за давање на меѓународна правна помош во граѓанската област, со што ќе се надминат одредени правни недостатоци пред сè во семејните, имотните и други граѓанско-правни односи меѓу двете држави
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

4. Предлог за склучување Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Словачка Република

Образложение:	Република Македонија и Словачка Република покрената е иницијатива за склучување билатерален договор во граѓанската област. Се очекува натамошно продолжување на постапката за преговарање со цел да се склучи билатерален договор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Со склучувањето на Договор за меѓусебна правна помош меѓу двете држави се очекува одредени недостатоци во граѓанската област како што севрачување акти, сослушување на лица, земање наследнички изјави, постапување на алиментациони побарувања, легализација на исправи, мислењата поврзани со реципроцитетот, признавање и извршвуање на странски судски одлуки и други односи да се надминат со склучувањето на овој договор
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

5. Билатерален договор за судска соработка помеѓу Република Македонија и Државата Катар

Образложение:	Република Македонија и Владата на Државата Катар досега немаат склучено билатерален договор од областа на правосудството. Помеѓу двете земји постојат тесни економски, политички и културни врски кои имаат за последица често движења на граѓаните од една во друга држава како истапување во правни односи кои ја наметнуваат потребата од воспоставување правна рамка за нивно регулирање. Од Владата на Државата Катар покрената е иницијатива за склучување билатерален договор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план

НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со склучувањето Договор за соработка во правосудството помеѓу Владата на Државата Катар и Република Македонија се очекува попрецизно регулирање на правните постапки и размена на искуства во областа на едукацијата на кадрите од областа на правосудството, ќе се олесни меѓународниот правен промет
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

6. Предлог за склучување Договор меѓу Република Македонија и Арапска Република Египет за меѓусебна правна помош и Договор меѓу Република Македонија и Арапска Република Египет за екстрадиција

Образложение:	Република Македонија и Арапска Република Египет досега немаат склучено билатерален договор од областа на меѓународната правна помош и екстрадиција. Од страна на Арапска Република Египет покренатa е иницијатива за склучување на горенаведените договори**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Со склучувањето Договор меѓу Република Македонија и Арапска Република Египет за меѓусебна правна помош и Договор меѓу Република Македонија и Арапска Република Египет за екстрадиција, се очекува попрецизно регулирање на постапките за давање меѓународна правна помош во кривичните предмети, имајќи предвид дека Арапска Република Египет не е потписник на конвенциите и на дополнителните протоколи кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја и Европската конвенција за екстрацидија
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

7. Предлог за склучување Договори меѓу Република Казахстан и Република Македонија за меѓусебна правна помош во кривични предмети, екстрадиција и трансфер на осудени лица

Образложение:	Република Македонија и Република Казахстан досега немаат склучено билатерален договор за меѓународната правна помош во кривичните предмети и екстрадиција и трансфер на осудени лица. Од страна на Република Казахстан покренатa е иницијатива за склучување билатерални договори. Постапката е во тек. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и воневропските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план
НПАА - поглавје и подрачје	/

Очекувани влијанија:	Со склучувањето Договор меѓу Република Македонија и Република Казахстан во областа на меѓусебна правна помош, екстрадиција и трансфер се очекува попрецизно регулирање на постапките за давање меѓународна правна помош во кривичните предмети, имајќи предвид дека Република Казахстан не е потписник на конвенциите и на дополнителните протоколи кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја и Европската конвенција за екстрацидија
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за правда**

8. Имплементација на стандарди и модели за управување со квалитет во институциите во Република Македонија

Образложение:	Иницијативата опфаќа имплементација на повеќе модели, алатки и методологии за управување со квалитет во јавниот сектор. Активностите опфаќаат: донесување и имплементација на Национален план (2018-2022 година) за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија; Имплементација на ЦАФ моделот во институциите во Република Македонија; Имплементација на ИСО стандардот во институциите во Република Македонија; Ревизија на Методологијата за оценување на квалитетот на институциите во Република Македонија; Имплементација на алатки за управување со квалитет; Градење на капацитетите на институциите за управување со квалитет во јавниот сектор; Воведувањето на признаени меѓународни методи за оценка и подобрување на квалитетот на работата и управувањето се исклучително важен чекор во административните реформи. Тие се дизајнирани на начин да им помогнат на организациите да обезбедат следливост на процесите, да учат од сопственото искуство, постојано да се подобруваат и да бидат успешни во обезбедувањето услуги кон граѓаните. Преку имплементацијата на овие мерки и активности Република Македонија ќе се приклучи кон иницијативите и стандардите на Европската Унија за модернизација на јавните служби. Воведувањето и постигнувањето норми на одлучност воедно ќе обезбеди поуспешна реализација на сите тековни реформски иницијативи, особено во процесот на европска интеграција за кои е потребен добро развиен капацитет, модерен и ефикасен менаџмент и навремено постигнување на зададените цели. Управувањето со квалитет во јавниот сектор исто така е област која се следи и оценува од СИГМА во рамки на нивната проценка на прогресот на Република Македонија во имплементацијата на Начелата во јавната администрација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** постојано унапредување на работењето и процесите во инситуциите, подобрување на мотивираноста на вработените и следење на перформансите. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** потребните средства за имплементација на иницијативата треба да се обезбедат во рамки на Буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација.
НПАА - поглавје и подрачје	**I. Политички критериуми, Реформа на јавната администрација** **IV. Јакнење на административните капацитети**
Очекувани влијанија:	Имплементацијата на стандарди за управување со квалитет во институциите во Република Македонија ќе изврши големо позитивно влијание врз целокупниот

	систем на јавна управа и ќе придонесат кон постигнувањето на модерна, ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните
Рок на доставување:	Април и ноември во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за информатичко општество и администрација**

ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет:

Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

1. Предлог уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската Комисија

Образложение:	Со донесувањето на Уредбата, Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската Унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните; воведување поголема праведност во даночниот систем, со цел праведена распределба на доходот и општественото богатство паралелно со обезбедување на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот Буџет. **Иницијативата предизвикува фискални импликации**: средствата ќе бидат планирани во Буџетот на Република Македонија
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.29 Царина**
Очекувани влијанија:	Усогласување на Комбинираната номенклатура со регулативите на Европската Унија
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (4 пати годишно)
Предлагач:	**Министерство за финансии**

Б) Материјали

1. Информација за работа на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем

Образложение:	Советот за следење на состојбите во пензискиот систем е формиран со Одлука на Владата на Република Македонија која е објавена во („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2017 од 21 јуни 2017 година). Во оваа одлука наведени се функциите на Советот и тоа: разгледува прашања поврзани со одржливоста на пензискиот систем, следи имплементација на реформата на пензискиот систем, иницира мерки за подобрување на состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување и за оообезбедување на

	одржливост на пензискиот систем на долг рок. Обврска на Советот е да доставува Информации до Владата на Република Македонија за донесените заклучоци и препораки и тоа на секои три месеци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Преку донесените заклучоци и препораки од Советот и информирањето до Владата на Република Македонија се влијае на соодветни мерки поврзани со одржливоста на пензискиот систем
Рок на доставување:	Квартално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

2. Информација за Ромските информативни центри

Образложение:	Од 2007 до 2017 година отворени се 12 РИЦ-ви кои претставуваат линк помеѓу институциите на национално и институциите на локално ниво, општините и ромската заедница. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** подобрување на состојбата на Ромите. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** средствата ќе се обезбедат од Буџетот на МТСП, но во овој момент не можат да се определат
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23.3 Фундаментални права,** **3.19 – Социјална политика и вработување и подрачје и** **1.02 -Човекови права**
Очекувани влијанија:	Да се подобри информираноста на Ромите за загарантираните човекови права со закон, со цел истите да можат подобро да ги користат од институциите на системот во Република Македонија.
Рок на доставување:	Јуни и декември во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

3. Информација за спроведување на акцијата за евидентирање на лицата без документи

Образложение:	Во текот на 2011 година започната е акцијата за решавање на проблемот со лица без документи. Досега на терен се евидентирани 500 лица Роми без лична документација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** подобрување на состојбата на Ромите; промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** средствата ќе се обезбедат од извори на буџетот на МТСП, но во овој момент не можат да се определат

НПАА - поглавје и подрачје	**3.23.3 Фундаментални права,** **3.19 – Социјална политика и вработување и подрачје и** **1.02 - човекови права**
Очекувани влијанија:	Решавање на проблемот за лицата без документи, создавање можности за нивно вклучување во системот на социјална, здравствена заштита, образование и вработување.
Рок на доставување:	Јуни и декември во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

4. Информација за работата на Национално координативно тело – НКТ

Образложение:	Национално координативно тело, го координира процесот на спроведување на мерките и активностите во ресорните министерства за главните области за подобрување на состојбата на Ромите согласно Стартегијата за вклучување на Ромите 2014-2020 година. Воедно целта на Национално координативно тело е да го подобрува тој процес и да ја информира Владата за текот и резултатите од спроведените мерки и активности. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** подобрување на состојбата на Ромите; промовирање хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**
НПАА - поглавје и подрачје	**3.23.3 - Фундаментални права,** **3.19 - Социјална политика и вработување и подрачје и** **1.02 -Човекови права**
Очекувани влијанија:	Подобрено функционирањето на институционалните механизми за состојбата на Ромите на локално и национално ниво. Секое ресорно министерство во рамки на своите надлежности преку одобрен Буџет од страна на Владата спроведува активности насочени кон подобрување на состојбата на Ромите согласно поставените мерки во Стратегијата за вклучување на Ромите 2014-2020 година
Рок на доставување:	Април, септември, декември во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за труд и социјална политика**

5. Информација за прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на станица за пречистување на отпадни води во Прилеп“

Образложение:	Владата на Република Македонија да се информира за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот „Изградба на станица за пречистување на отпадни води во град Прилеп“. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите наодржливиот развој. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**: Информацијата има

	за цел да ја запознае Владата на Република Македонија за спроведувањето на ИПА проектот и нема да предизвикува финансиски импликации
НПАА - поглавје и подрачје	**Информацијата е поврзана со ИПА Оперативната програма за регионален развој 2007-2013**
Очекувани влијанија:	Позитивни влијанија со тоа што ќе се запознае Владата на Република Македонија за прогресот на активностите за спроведувањето на проектот.
Рок на доставување:	Јануари и јули во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

6. Информација за активностите за користење на можностите за финансиска поддршка преку средствата од Зелениот Климатски Фонд (Green Climate Fund)

Образложение:	Иницијативата ќе послужи за обезбедување пристап до дополнителна финансиска, техничка и експертска помош преку искористување на можностите на Зелениот Климатски Фонд. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на јаглероден раст и развој; развивање на институционалните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот; обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој; следење, мониторинг и примена на мерки за унапредување на медиумите на животната средина, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има финансиски импликации кои ќе бидат обезбедени во рамките на одобрените проектни апликации од страна на Зелениот Климатски Фонд.
НПАА - поглавје и подрачје	**3.27 Животна средина и климатски промени**
Очекувани влијанија:	Ќе се унапредат капацитетите на националните институции и други засегнати чинители за климатски промени и одржлив развој и ќе се постигне повисоко ниво на заштита на животната средина, подобрување на координацијата на проектите за ублажување и адаптација кон климатските промени, особено во областите на земјоделството, водите, шумите, енергетската ефикасност, градските и руралните средини за живеење и сл.
Рок на доставување:	Квартално во текот на 2018 година
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

7. Информација во врска со проектот „Учиме од бизнис заедницата-сите циклуси на посети на компании“

Образложение:	Целта на предложената иницијатива е продолжување и унапредување на дијалогот со бизнис-заедницата преку непосреден контакт и разговори со

	деловни субјекти, разгледување на нивни барања, иницијативи и предлози и креирање мерки за спроведување стратешки решенија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цели:** создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, унапредување на концептот и практиките на општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; зголемување и поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика**
Очекувани влијанија:	Предложената иницијатива е во насока на подобрување на деловната клима преку разгледување на системски проблеми и пречки изнесени од страна на компаниите со цел Владата да креира системски мерки за нивна надминување
Рок на доставување:	Семестрално во текот на 2018 година (февруари и август)
Предлагач:	**Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори**

8. Шестмесечен извештај за работа на Агенцијата за катастар на недвижности

Образложение:	Обврската за доставување на шест месечен извештај за работа на АКН произлегува од член 15, став 2 од Законот за катастар на недвижности според кој „Директорот на Агенцијата е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата на АКН до Владата на Република Македонија“. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стартешкиот приоритет н Владата на РМ:** Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија и повеќе **приоритетни цели.Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Владата на Република Македонија да се информира за степенот на реализација за период од шест месеци на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на АКН за 2018 година
Рок на доставување:	Јули и декември во текот на 2018 година
Предлагач:	**Агенција за катастар на недвижности**

Приоритет:

Република Македонија – членка на НАТО и Европската Унија

Б) Материјали

1. Информација за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна безбедносна политика	
Образложение:	Информациите имаат за цел да дадат преглед на севкупното учество на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, дополнета со сите правни акти на ЕУ во рамките на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Унијата, кон кои Република Македонија се придружила. Информациите се однесуваат за периодот јануари-јуни и јули-декември 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** водење на сериозна и силна меѓународна активност со цел Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУ и носење клучни стратешки одлуки базирани врз препораките на Извештајот на Прибе и итните препораки на ЕУ, како и препораките од Претпристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Детално информирање на Владата на Република Македонија за моменталните состојби и активностите на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (јануари и јули)
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

2. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања	
Образложение:	Целта на оваа иницијатива е месечно да се информира Владата на Република Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа

Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

3. Договор помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка

Образложение:	**Иницијативата произлегува од НПАА 2018 година**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Договор помеѓу Република Македонија и Шведска за општите услови на развојната соработка
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Секретаријат за евроспки прашања**

4. Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувано од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за билатерална проектна соработка

Образложение:	**Иницијативата произлегува од НПАА 2018 година**
НПАА - поглавје и подрачје	**/**
Очекувани влијанија:	Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Кралството Норвешка за билатерална проектна соработка
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Секретаријат за евроспки прашања**

Приоритет:

Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија

Б) Материјали

1. Информација за сетот проекти и проектни иницијативи за македонското национално малцинство и македонската дијаспора во светот

Образложение:	Здруженијата и асоцијациите на Македонците во соседството и дијаспората ќе продолжат со реализирање на тематски проекти (организирање на курсеви по македонски јазик, театарски и фолклорни изведби на културни друштва, промоција на македонска литература, настава по македонски јазик преку курсеви, квизови и онлајн настава итн). За текот и реализацијата на проектите од интерес за македонските заедници во соседството и дијаспората, Министерството за надворешни работи ќе достави информација до Владата на Република Македонија во втората половина на 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** грижа за

	македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот и промоција и заштита на македонскиот национален идентитет во услови на национален диверзитет на нациите и културите**. Иницијативата предизвикува фискални импликации:** Има, во рамки на Буџетот на МНР (Ставка 30 - Иселеништво).
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Реализирање на човековите, малцинските и културните права на Македонците кои живеат надвор од Република Македонија преку соработка со невладините организации на македонските заедници во странство кои работат во оваа област
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за надворешни работи**

Приоритет:

Владеење на правото и изградба на независни институции

Б) Материјали

1.Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија“

Образложение:	Со Програмата на Владата на Република Македонија преку Министерство за правда-Управа за извршување на санкции се реализира проект за „Изградба и реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија“. Во ноември 2010 година потпишан е рамковен договор за заем од Банката за развој на Совет на Европа (ЦЕБ), во износ од 46 милиони евра. Активностите се одвиваат во согласност со роковите утврдени во Акциониот план за реализација, Извештајот за изводливост/одржливост на овој проект и временската рамка договорена со ЦЕБ и Министерство за финансии**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** промовирање на хумана популациона политика, унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**.
НПАА - поглавје и подрачје	/
Очекувани влијанија:	Основна цел на овој проект е унапредување на процесот на извршување на санкциите, преку остварување и унапредување на човековите права во однос на условите за сместување, хигиената, здравствената заштита, работните и слободните активности на осудените и притворените лица
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година (февруари, јуни и октомври 2018 година)
Предлагач:	**Министерство за правда**

ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Б) Материјали

1. Предлог-план за конверзија на несуштинскиот движен и недвижен имот на АРМ и Министерството за одбрана

Образложение:	Врз основа на доставени барања, а согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16), Министерството за одбрана врши дивестирање на несуштинскиот имот со кој располага. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** ослободување од несуштинскиот имот на МО. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.**
НПАА - поглавје и подрачје	***/***
Очекувани влијанија:	Од иницијативата се очекуваат позитивни влијанија за МО заради намалување на трошоците за одржување на несуштинскиот имот со кој располага. Континуитет во реализација на проект-планот за дивестирање на несуштинскиот имот на Министерството за одбрана
Рок на доставување:	Континуирано во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за одбрана**

2. Информација за квалитетот на воздухот во Република Македонија

Образложение:	Во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање е управувањето со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Македонија кој се состои од 17 автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух. Мониторинг станиците се поставени на следните мерни места: 5 станици во Скопје (Лисиче, Гази Баба, Ректорат, Карпош, Центар), 2 станици во Битола, 2 станици во Велес, 2 станици во општина Илинден и по една станица во Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци и с. Лазарополе. Дополнително до крајот на 2017 година во функција ќе биде ставена и една мобилна автоматска мониторинг станица. Во рамките на ДАМСКВ постојат и 10 уреди за земање примероци за следење на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и калибрациона лабораторија. Воспоставувањето на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Македонија е во согласност со барањата на ЕУ регулативите. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел. Иницијативата не предизвикува фискални импликации:** за состојбата со квалитетот на воздухот во Република Македонија континуирано месечно се изработува информација за квалитетот на воздухот во Република Македонија со податоците од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздухот. За изработката на месечните информации, не се потребни финасиски средства
НПАА - поглавје и подрачје	**НППА 2016 Ц4 -Одржување и надоградба на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентиот воздух**
Очекувани влијанија:	План за спроведување на Програмата за мониторинг: Заштита и унапредување на животната средина преку имплементација на стратегии, програми и

	планови; Постигнување на стандардите на ЕУ за квалитет на животна средина, природата и одржлив развој преку спроведување на законодавството; Развивање на институционалните и административните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот. Континуирано следење на квалитетот на сите медиуми на животната средина (воздух, вода, почва, вибрации) и негово унапредување и развој согласно препораките и методологиите на ЕУ и УНЕЦЕ. Следење мониторинг и примена на мерки за унапредување на медиумите на животната средина, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства; Редовното континуирано работење на овој систем овозможува идентификација на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на Република Македонија, со цел информирање на јавноста, научни и стручни институции, известување согласно барањата на меѓународните договори и институции и подготвување планови и програми за подобрување на квалитетот на воздухот
Рок на доставување:	Континуирано месечно известување во текот на 2018 година
Предлагач:	**Министерство за животна средина и просторно планирање**

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 44-8407/1-17

23 јануари 2018 година

Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев